# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


Службен гласник на Општина Ресен
-излегува по потреба
www.resen.gov.mk

04.09.2023 година

бр.13 година 58
Ресен

Уредува
Стручна служба
Тел. 047/551- 903
kabinet.gradonacalnik@resen.gov.mk


# АКТИ НА ОПШТИНА РЕСЕН

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за формирање на Верификациона комисија

Се објавува Одлука за формирање на Верификациона комисија, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/1 — Градоначалник
04.09.2023 година — Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 9 став 2 од Деловникот на Советот на Општина Ресен, Советот на Општина Ресен на првата конститутивна седница одржана на ден 29.08.2023 година, донесе

ОДЛУКА
За формирање на Верификациона комисија

1. Се формира Верификациона комисија на Советот на Општина Ресен, во состав:

- Ирена Стрезовска Кукуловска - Претседател
- Мемет Хоџа - член
- Живе Бурдум - член

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен’’.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1845/4 — Претседател
29.08.2023 година — Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ресен

Се објавува Одлука за верификација на мандат на член на Советот на Општина Ресен што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/2
04.09.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 13 став 1 од Деловникот на Советот на Општина Ресен, (“Службен гласник на Општина Ресен” бр. 4/2005) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 29.08.2023 година, донесе

О Д Л У К А

за верификација на мандатот на членот на Советот на Општина Ресен

Член 1

1. Се верифицира за остатокот на мандатот, мандатот на членот на Советот на Општина Ресен на :

- Моника Тасевска Димитриевска од с.Сопотско, Ресен.

Член 2

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1845/5
29.08.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**3.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување и за именување на член на Комисијата за статут и прописи

Се објавува Решението за разрешување и за именување на член на Комисијата за статут и прописи, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/3 Градоначалник
04.09.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на Член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата на Советот на Општина Ресен одржана на 29.08.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и за именување на член на Комисијата за статут и прописи

1. Од член на Комисијата за статут и прописи ,се разрешува лицето:

- Елена Тодоровска

2. За член на Комисијата за статут и прописи, се именува лицето :

- Моника Тасевска Димитриевска

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Ресен''.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1845/6 Претседател
29.08.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

**4.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен“ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување и за именување на член на Комисијата за јавни дејности

Се објавува Решението за разрешување и за именување на член на Комисијата за јавни дејности, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/4
04.09.2023година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на Член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата на Советот на Општина Ресен одржана на 29.08.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и за именување на член на Комисијата за јавни дејности

1. Од член на Комисијата за јавни дејности,се разрешува лицето:

- Елена Тодоровска

2. За член на Комисијата за јавни дејности, се именува лицето :

- Моника Тасевска Димитриевска

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1845/7
29.08.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**5.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решението за разрешување и за именување на член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите

Се објавува Решението за разрешување и за именување на член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/5
04.09.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на Член 23 став 1 точка 42 од Статутот на Општина Ресен (Службен Гласник на Општина Ресен бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата на Советот на Општина Ресен одржана на 29.08.2023 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

за разрешување и за именување на член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите

1. Од член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите,се разрешува лицето:

- Елена Тодоровска

2. За член на Комисијата за еднакви можности помеѓу жените и мажите, се именува лицето :

- Моника Тасевска Димитриевска

3. Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ресен''.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08- 1845/8
29.08.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**6.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Програма за измена и дополнување на Програмата за ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта ЈД0-изградба ,реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Ресен
во 2023 година

Се објавува Програма за измена и дополнување на Програмата за ЈД-Изградба и реконструкција на локални патишта ЈД0-изградба ,реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Ресен во 2023 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/6 Градоначалник
04.09.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на чл. 14 став( 4) од Законот за јавните патишта (,,Сл. Весник на Р.М” бр.52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13,39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 174/21), член 7 ст. (1) од Законот за комуналните дејности (,,Службен Весник на Р.М” бр. 163/13, 42/14, 44/15, 147/15, 31/16, 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 302/20), чл. 36 ст. (1), точка 15 од Законот за локална самоуправа ( ,,Сл. Весник на Р.М” бр. 05/02), чл.23 точка 11 од Статутот на Општина Ресен ( ,,Сл. Гласник на Општина Ресен” бр.7/10,13/13,8/15,11/15 и 10/21), Советот на Општина Ресен на седница одржана на ден 29.08.2023 год. ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
**ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**
**ЈД - За изградба и реконструкција на локалните патишта и улици**
**за 2023 година**

Со оваа Програма се врши измени и дополнување на ЈД - За изградба и реконструкција на локалните патишта и улици за 2023 година (,,Службен Гласник на Општина Ресен‘‘ бр.14/22).

Во делот 1.Асфалтирање на локални улици и патишта, 1.1 Планирани активности за изградба и одржување на локалните патишта и улици во 2023 година во град Ресен, се додава дополнителна алинеја:

- **Крак на ул. ,,Борис Кидрич‘‘(пристапна улица во градски гробишта)**
  *Изградба во должина од 110 метри*
  *Вредност 608.850 денари*

Во делот 1.3 Планирани градежни активности за изградба и одржување на улици и патишта во селата на територија на Општина Ресен, се додаваат следниве алинеи:

- **с.Езерени**
  *Реконструкција во должина од 120 метри*
  *Вредност 648.000 деанри*
- **с.Шурленци**
  *Реконструкција во должина од 140 метри*
  *Вредност 756.000 денари*
- **с.Грнчари**
  *Реконструкција во должина од 100 метри*
  *Вредност 540.000 денари*

Во делот 4. Реализација, износот ,,**185.841.340,00**‘‘ се заменува со износот ,,**188.394.190,00**‘‘

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен Гласник на Општина Ресен‘‘.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1845/9 Претседател
29.08.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

## 7.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишниот извештај за работата на СОУ “Цар Самоил“ Ресен за учебната 2022/2023 година

Се објавува Заклучокот по Годишен извештај за работата на СОУ “Цар Самоил“ Ресен за учебната 2022/2023 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/7 Градоначалник
04.09.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.08.2023година, откако го разгледа Годишниот извештај за работата на СОУ “Цар Самоил“ Ресен за учебната 2022/2023 година, го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Годишниот извештај за работата на СОУ “Цар Самоил“ Ресен за учебната 2022/2023 година, заведен под ахривски број 01-323/1 од 21.08.2023 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1845/10
29.08.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**Средно Општинско Училиште**

# „ЦАР САМОИЛ“

**Ресен**

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ*

**учебна 2022/2023година**

## БРОЈНА СОСТОЈБА И НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА

| | Бр.учен | Број на ученици и национална структура во 2022/23 | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Турци | | Албанци | | Роми | | Други (египк | |
| | | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **I 1** | **12** | 6 | 5 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **I 2** | **21** | 7 | 12 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 |
| **I 4** | **9** | 0 | 0 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **I 5** | **9** | 0 | 0 | 0 | 0 | 4 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **I 6** | **9** | 2 | 1 | 0 | 1 | 2 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | | 15 | 18 | 4 | 6 | 6 | 9 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| | **60** | **33** | | **10** | | **15** | | **2** | | **0** | |
| **II1** | **13** | 5 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **II 2** | **16** | 15 | 12 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **II 4** | **6** | 0 | 0 | 3 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **II 5** | **7** | 0 | 0 | 0 | 0 | 2 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **II 6** | **14** | 7 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| **II7** | **3** | 0 | 0 | 0 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 27 | 21 | 4 | 3 | 7 | 5 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| | **70** | **48** | | **7** | | **12** | | **3** | | **0** | |
| **III1** | **16** | 9 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **III2** | **16** | 7 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **III 3** | **9** | 5 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **III4** | **6** | 0 | 0 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **III5** | **5** | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **III6** | **8** | 3 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| **III7** | **2** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | 24 | 21 | 7 | 2 | 1 | 4 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| | **62** | **45** | | **9** | | **5** | | **3** | | **0** | |
| **IV1** | **22** | 13 | 9 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV2** | **17** | 6 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV3** | **11** | 0 | 10 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV4** | **6** | 0 | 0 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV5** | **10** | 0 | 0 | 0 | 0 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV6** | **8** | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 3 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **IV7** | **2** | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| | | **20** | **31** | **4** | **5** | **6** | **8** | **2** | **0** | **0** | **0** |
| | **76** | **51** | | **9** | | **14** | | **2** | | **0** | |
| | | | | | | | | **вкупно** | | **268** | |

| по етничка припадност | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Макед. | | Турци | | Албан. | | Роми | | Други | |
| | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж | М | Ж |
| **I** | 15 | 18 | 4 | 6 | 6 | 9 | 1 | 1 | 0 | 0 |
| **II** | 27 | 21 | 4 | 3 | 7 | 5 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| **III** | 24 | 21 | 7 | 2 | 1 | 4 | 2 | 1 | 0 | 0 |
| **IV** | 20 | 31 | 4 | 5 | 6 | 8 | 2 | 0 | 0 | 0 |
| **вк** | 86 | 91 | 19 | 16 | 20 | 26 | 7 | 3 | 0 | 0 |
| | **177** | | **35** | | **46** | | **10** | | **0** | |
| | **66%** | | **13%** | | **17%** | | **3%** | | **0** | |

| по наставен јазик | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Настав јазик** | I година | | II година | | III година | | IV година | | |
| | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | **ВКУП НО** |
| **Макед.** | 17 | 25 | 32 | 22 | 27 | 22 | 20 | 38 | **203** |
| **Албан** | 4 | 5 | 5 | 5 | 1 | 4 | 5 | 5 | **34** |
| **Турск** | 4 | 5 | 3 | 3 | 6 | 2 | 4 | 4 | **31** |

## *Број на паралелки по години и вид на образование*

- ***гимназиско образование на македонски наставен јазик***

| | ***Прва година*** | | ***Втора година*** | | ***Трета Година*** | | ***Четврта година*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Бр*** | ***пар*** | ***Бр*** | ***Пар*** | ***Бр*** | ***Пар*** | ***Бр*** | ***пар*** |
| ***Општествено хуманистичко*** | ***8*** | ***1*** | ***6*** | ***(комбиннира на со математ. Б)*** | ***10*** | ***(комбиннира на со математ. А)*** | ***22*** | ***1*** |
| ***Природно математичко комбинација А*** | ***21*** | ***1*** | ***27*** | ***1*** | ***22*** | ***1*** | ***17*** | ***1*** |
| ***Природно математичко комбинација Б*** | ***4*** | ***(комбинирана со општест хуман. А)*** | ***7*** | ***1*** | ***9*** | ***1*** | ***10*** | ***1*** |

- ***гимназиско образование на турски наставен јазик***

| | ***Прва година*** | | ***Втора година*** | | ***Трета година*** | | ***Четврта година*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Бр*** | ***пар*** | ***Бр*** | ***Пар*** | ***Бр*** | ***Пар*** | ***Бр*** | ***пар*** |
| ***Општествено хумнситичко*** | ***9*** | ***1*** | ***6*** | ***1*** | ***6*** | ***1*** | ***6*** | ***1*** |

- ***гимназиско образование на албански наставен јазик***

| | ***Прва година*** | | ***Втора година*** | | ***Трета година*** | | ***Четврта година*** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ***Бр*** | ***пар*** | ***Бр*** | ***Пар*** | ***Бр*** | ***Пар*** | ***Бр*** | ***пар*** |
| ***Општествено хумнситичко*** | ***9*** | ***1*** | ***7*** | ***1*** | ***5*** | ***1*** | ***10*** | ***1*** |

***- земјоделско ветеринарна струка***

***Сектор: земјоделство, рибарство и ветеринарство***

| **Образовен профил** | *Прва година* | | *Втора година* | | *Трета година* | | *Четврта година* | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број | Пар | Број | Пар | Број | Пар | Број | Пар |
| ***Агротехничар /техничар за фитомедицина*** | **9** на македонски н.ј**.** | **1** | **14** македонски н.ј.<br>**3** албански н.ј. | **2** | **9** македонски н.ј.<br>**2** турски н.ј. | **2** | **9** македонски н.ј.<br>**2** турски н.ј. | **2** |

***Во редовна настава беа вклучени вкупно 268 ученици во 25 паралелки. Четворица од редовните ученици се упатени на испит на година и истиот го завршиле двајца, двајца не се пријавиле за полагање со што 266 го завршиле образованието во соодветната година.***

## *Настава*

Согласно Календарот за учебна 2022/2023 година наставната година започна на **01.09.2022** година и настава се реализираше до 18.05.2022 год за учениците од завршните години, а до 09.06.2023 год. за учениците од I,II и III година.

Со измена на Календарот за организација на учебната 2022/23 год. наместо на 18 јануари второто полугодие започна на 23 јануари 2023г.

Наставата се реализираше комбинирано во 26 кабинети и 5 училници. Опремата и наставната техничка опременост на училиштето е подобрена со набавка на ТВ приемници во најголем дел од кабинетите или ЛЦД-проектори со што училниците се комплетно технички опремени за современа настава.

Паралелките се формираа согласно изборот на учениците за насоката во рамки на гимназиското образование и профилот во стручните паралелки при уписот во прва година .

Распоредот на часовите за задолжителната настава се изготви пред почетокот на учебната година и во текот на полугодието претрпи мали измени. Распоредот за додатна, дополнителна настава, проектни активности и Содржини програмирани од училиштето (за стручните паралелки) како и распоред за консултации со родители се изготви до 15 септември во тековната учебна година.

Наставата се реализираше низ разни типови на наставни часови со траење на наставниот час од 45 минути. Се користеа различни форми и методи, писмени и контролни вежби, тестови се користени скоро по сите предмети, со што учениците навремено и објективно беа оценувани.

Навремено се известени учениците од завршните години и нивните родители за начинот и роковите за пријавување и полагање на матурските испити. Со учениците беа извршени повеќе консултативни индивидуални и групни средби со цел да се информираат за потребните изборни предмети за проодност на посакуваниот факултет од

страна на наставниците и стручната служба на училиштето и беа навремено пријавени во базата на податоци за полагање на Државна матура и завршен испит.

Реализирани се 177 наставни дена за I, II, III година во паралелките на македонски, 178 за турски и албански наставен јазик и 163 наставни дена во паралелките од завршните години на македонски наставен јазик и 164 за турски и албански наставен јазик .

## *Воспитно образовен процес*

Воспитно образовниот процес во оваа учебна година го реализираат 48 наставници од кои 8 наставници од други училишта кои дополнуваат часови заради потребите на наставата. Еден наставник не одговара по нормативите за завршено соодветно образование со завршено Вишо образование (Виша педагошка школа) како наставник по албански јазик.

Стручната служба е застапена и функционира со 1(еден) *психолог* со цело работно време и еден *библиотекар* со цело работно време. Поради пензионирање работното место библиотекар беше пополнето со двајца наставници заради функционалност на библиотеката во текот на наставната година.

## *Хигиенско – техничка служба и обезбедување*

Хигиенско-техничката служба и обезбедување на училиштето ја извршуваа својата функција успешно во текот на летниот период и учебната година така што училиштето спремно ја отпочна новата учебна 2022/2023 година. Дезинфекцијата продолжи редовно да се извршува на сите простории и ходниците.

Засилени беа дежурствата од страна на наставниците и хигиеничарите со нивно присуство на сите влезови на училиштето заради безбедност на учениците и сите лица кои престојуваа во зградата.

Поради чести анонимни дојави за поставени експлозивни направи во училишта во неколку градови во Македонија беше реализирана показна вежба за евакуација на учениците и сите вработени по изготвен план за евакуација.

После одреден и настани во училиште во соседна Србија во кои беа изгубени животи на ученици, согласно препораки на МОН се изготви План за активности за заштита и превенција на физичкото и менталното здравје на учениците и вработените.

За хигиената во училиштето се грижат 5 (пет) *хигиеничари*, а чуварската служба ја извршуваат две лица.

**Техничката служба** се состои од:

1 (еден) *домакин- економ*

1 (еден) *мајстор за одржување*

*1(еден) општ работник*

**Административен кадар**:

1 (еден) *секретар*
1 (еден) *Технички секретар* кој врши благајнички работи
1 (еден) раководител –*Директор*

*Загревањето на просториите се извршуваше во текот на грејната сезона и дополнително заради неповолните временски услови.*

Се изврши и технички преглед на *громобранската инсталација*, како и на *ПП-апаратите.*

## *Проектни активности*

Проектните активности се реализираат согласно анкетата на учениците извршена на почетокот на учебната година од следниве подрачја:

- *природни науки-хемија*
- *природни науки- географија*
- *урбана култура*
- *граѓанска култура*
- *литературни клубови и драмски секции*
- *култура на здраво живеење*
- *иновации и претприемништво*
- *активности од областа на музиката*

Содржини програмирани од училиштето со учениците од земјоделско – ветеринарна струка се реализираат согласно програмите од ЦССО во сите четири години на образование од областа бизнис.

## *Слободни ученички активности- секции*

Слободните ученички активности-секции, се формирани на почетокот од учебната година и се реализираа според зацртани програми од подрачјата:

- *Новинарска секција*
- *Драмска секција*
- *Рецитаторска секција*
- *Музичка секција*
- *Младина на Црвен крст*
- *Еколошка секција*
- *Историска секција*
- *Ликовна секција*
- *Училишно друштво за спорт*

## *Дополнителна и додатна настава*

Дополнителната настава се изведуваше по сите предмети при што наставниците водеа соодветна евиденција за редовноста на учениците согласно законски одредби. Согласно претходно изготвениот распоред учениците се подготвуваа по предметите по кои покажаа слаби резултати во текот на учебната година.

Додатна настава се реализираше во првото и поинтензивно во второто полугодие од учебната година со што учениците се подготвуваа за натпревари.

Дополнително се одржуваа часови за додатана и консултативна настава за подготовка на учениците за полагање на матурските испити .

## *Постигања на учениците со учество на натпревари*

Во учебната 2022/23 год. учениците учествуваа на повеќе натпревари и постигнати беа завидни резултати во различни научни области.

Во текот *на првото полугодие* освоени беа повеќе награди од повеќе области на образование:

- Освоена прва награда за костимографија, трето место од публика и две номинации за најдобри улоги на драмски аматерски фестивал со претставата „Солунски патрдии" во Славонски брод, Хрватска на драмскката група „Самоилци"
    - Спортски натпревари : Освоено второ место на нашата екипа на Зонски натпревар во **Футсал** во Битола и Учество на Државно првенство во **Шах и** Учество на Зонски натпревар во **Ракомет**

Во текот *на второто полугодие* учениците постигнаа завидни резултати во натпреварите од повеќе области:

1. Натпревар **по математика**

*Општински:* 7 втори, 9 трети места и 5 пофалници *Регионален* : пофалница

2. Натпревар **по биологија** *Регионален*:6 ученици освоиле второ место во различни наставни години, 7 ученици освоиле трето место и една пофалница

*Државен:*еден оучени освоил второ место и еден трето место

*2.* Натпревар **по хемија** *Општински :* учествувале 11 ученици

*Регионален :* 8 ученици се вратиле со пофалница

4. Натпревар **во спорт и спортски активности**

- учество на еден ученик на државен натпревар во тенис

5. Натпревари во повеќе области на училиштата од **земјоделско ветеринарната** струка Државен тракторски натпревар – повеќе освоени пофалници за учество

6. Натпревари во повеќе области од **Народна техника**

- фототехника- една прва награда
- Применета географија - една прва награда
- веб-дизајн –освоено трето место
- фармација- учество

7. Бизнис и претприемништво - Ученичка компанија – учество

- Бизнис концепт Зелени иновации – трето место
- Бизнис модел регионален натпревар – прво место

7. Музичка уметност - музички бенд Регионален натпревар – прво место

Државен натпревар прво место Соло пеење – прво место на регионален и државен натпревар

8. Француски јазик- регионален натпревар прво, второ и трето местои учество на државен

9. Прва помош регионален натпревар три трети местаи учество на државен натпревар
10. Латински јазик – три трети места на регионален и учество на државен натпревар

## *Состаноци со родителите*

Во текот на учебната година се вршеше редовно информирање на родителите преку Родителски состаноци (вкупно четири) и голем број индивидуални средби со родителите за време на термините за консултации.

Родителите преку Електронскиот дневник континуирано беа информирани за наставата, успехот, поведението и отсуствата на своето дете.

Се одржаа и советувања на родителите на учениците со слаб успех, над 100 оправдани и над 10 неоправдани изостаноци како и учениците кои покажале недолично, асоцијално или антисоцијално однесување. Се одржаа групни советувања со учениците од прва година со насоки за полесна адаптација, советодавни разговори за проблемите и правилата за однесување за време на часовите. Состаноците се изведуваа по претходно постигнат договор во соработка со раководителите на паралелки. Се одржуваа континуирано и советувања на учениците кои беа испратени на советодавно-консултативни разговори кај психологот на училиштето по истиот основ како и родителите. Реализирани се советодавни разговори со ученици од семејства под ризик и ученици со емоционални потешкотии во насока на превенција на менталното здравје и социјална добросостојба на учениците.

### *Одржани советувања на родители*

| | |
|---|---|
| а) Поради намален успех во учењето | 8 |
| б) Нередовно посетување на наставата | 19 |
| в) Несоодветно однесување во училиштето | 12 |
| г) Број на ученици кои се испратени на советување во ЦСР (Центарот за социјална работа) | / |
| ***Одржани советувања на ученици*** | |
| | **Број** |
| Ученици кај кои е зголемено отсутвото од училиште односно нередовно посетување на настава | 19 |
| ученици кај кои е намален успехот | 8 |
| Реализирани се 6 групни работилници со сите ученици од прва година на тема „ Сајбер и меѓуврсничко насилство“ | |

## *Педагошки мерки*

*-писмена опомена од раководителот на паралелката----------------15*
*-писмена опомена од Наставничкиот совет пред исклучување ---- /*
*- Опомена од Директорот на училиштето --------------------------- /*
*- Писмена опомена од совет на паралелка---------------------------- /*
*-исклучени ученици-----------------------------------------------------------/*
*Вкупно со **педагошки мерки** во СОУ „Цар Самоил“ Ресен се **15** ученици*

## *Практична настава, феријална пракса, учење преку работа кај работодавач*

Практичната настава, феријалната пракса се реализира согласно планот за реализација на праксата за учениците од земјоделско ветеринарна струка.

Се реализира берба на јаболка и други активности за одржување на овошниот насад со учениците и наставниците од стручните предмети и со поддршка од останатиот наставен кадар.

Во текот на второто полугодие се изврши резидба на овошниот насад и мулчирање, отварање на заштитни градобијни мрежи од страна на договорни лица вклучени во обработка на насадот. Феријалната пракса со учениците се состоеше од подготовка на површините за наводнување со проверка на системот за наводнување, мулчирање на тревата и хемиско третирање на овошните насади.

Практичната настава се реализира во текот на годината со активности за одржување на следниве овошни насади:

- Демонстративен интензивен насад од јаболка на површина од еден хектар;
- Демонстративен насад од круша на површина од 1 хектар;
- Демонстративен насад од цреша на површина од 4000 $m^2$;
- класичен насад со јаболка на површина од 1 хектар
- Насад од еден хектар арборетрум - стари автохтони сорти на јаболка.
- Интензивен насад од цреши – 5,5 хектари

Најзначајни активности при реализација на феријалната практика главно се нега на насадите, одржување и негување на истите, посета на земјоделски аптеки, посета на организации со цел учениците теоретските знаења да ги поврзат со практична примена. Учениците практиката ја изведуваат предводени од своите професори по години и во помали групи, практиката трае од 10 до 20 работни денови. Учење преку работа кај работодавач како наставен предмет се реализира во дуалните паралелки од кои дел од часовите во компании со кои училиштето има склучено договори согласно насоките од МОН. Компаниите редовно ги прифаќаа групите ученици каде практично ги збогатуваа знаењата и вештините во ДООЕЛ Јаболчело, ДООЕЛ Румко и Агромото трејд во соработка со наставниците од стручните предмети.

## *Испити*

Во текот на годината се реализира полагање на испити согласно потребите на наставата.

Во текот на целата година се реализираа полагања за вонредните ученици од кои активно во текот на сесиите полагал еден вонреден ученик.

Ученици упатени на поправен испит на крајот на учебната година немаше, а ученици кои се упатени на испит на година има еден од прва година земјоделско ветеринарна струка, двајца ученици од втора и еден ученик од четврта година. Двајца успешно ги завршија полагањата , а двајца од прва и втора година во стручни паралелки кои не се пријавија за полагање не ја завршија годината.

Полагањето на матурските испити се реализираше во јунска и августовска испитна сесија. Во текот на месец декември учениците беа пријавени во база на податоци на ДИЦ и реализираа подготвителна настава со предметните професори за реализација на избраните предмети.

Полагањето се реализираше согласно Концепцијата за матура и Календарот за термини за што учениците редовно беа известувани.

Во јунската испитна сесија се пријавија :

- 51 ученик Државна матура на македонски наставен јазик (50 од гимназиски, 1 од стручни паралелки) и сите ученици положиле.
- 8 ученици Државна матура на турски наставен јазик од кои 6 од гимназиски паралелки и 2 ученици пријавиле Државна матура од земјоделско ветеринарна струка. Од нив положиле 4 од гимназиски и 1 од стручна паралелка
- 9 ученици Државна матура на албански наставен јазик и сите положиле
- 7 ученици од стручните паралелки пријавиле и сите положиле Завршен испит
- Еден ученик од гимназиските паралелки пријавил Училишна матура на албански наставен јазик и истата успешно ја завршил.
- Еден вонреден ученик пријавил училишна матура но не се јавил на полагање на испитите.

Во августовски испитен рок пријавен е еден ученик од стручните паралелки по англиски јазик (екстерен испит)кој не го положил. Два ученици од гимназиска паралелка пријавиле турски јазик и литература и истите успешно ги завршиле. Еден ученик кој беше упатен на испит на година пријавил завршен испит и истиот успешно го завршил.

## *Посетени семинари и обуки*

- Во текот на учебната 2022/23 година беа проследени повеќе семинари и обуки од страна на наставниците и стручната служба во училиштето:

- Дијана Георгиевска, Валмира Незири, Орхан Зејнел - Обука за проект за „Зелени бизниси“за претприемништво
- Елизабета Волкановска и Шенер Далиповски – обука за секретари за Државна матура,
- Елизабета Волкановска- „Унапредување на менталното здравје на учениците“- Работни средби во рамки на програмата за ментално здравје од МОН.

- Динче Кочевска и член од локална самоуправа за образование – Обука за Средни стручни училишта
- Дијана Георгиевска – Обука за програма Зелени иновации – финансиски дел
- Дијана Георгиевска- обука за програма за ученичка компанија

Жанета Стрезоска – обука за развој на наставниците по англиски јазик
- Сузи Симоновска и Даниела Стерјовска и тим на ученици – обука : Искуствено учење за повторна употреба на биоотпад во биотехнолошка лабараторија
- Елизабета Волкановска – обука за психолози : Превенција и заштита на менталното и физичкото здравје на учениците и вработените;
- Елена Ѓоргиевска – Летен регионален универзитет за наставници по француски јазик;

## *Материјално техничко опремување*

Во текот на учебната 2022/23г. училиштето беше опремено со голем дел материјално технички средства за унапредување на наставата и тоа:

Во текот на првото полугодие училиштето беше опремено со голем дел материјално технички средства за унапредување на наставата и тоа:

- Обновени се внатрешните (врати) од училниците и помошните простории
- Поставени се бележници на вратите со име на предмет и име на наставник по кабинет/просторија
- Се заврши санацијата на влезот на улилиштето и се поставија механизми за затворање на сите влезни врати
- Се санираа сите дефекти на дограмата
- Се изврши чистење на сифоните во вецињата и надворешните шахти
- Се санира дел од електричната инсталација
- Се набавија bagin-box- ови за пакување на сокови произведени од јаболката од училишната економија

Од техничката опрема за потебите на наставата и нејзина успешна реализација набавени се

- еден Лаптоп компјутер
- 22 Смарт телевизори кои се поставени во училниците
- два печатачи со скенер и копир
- еден проектор
- Smart табла
- Збогатен е книжниот фонд на библиотеката со литература од повеќе области

Во текот на второто полугодие

- Целосно е реновиран и опремен еден од санитарните јазли во централниот дел на првиот кат
- Набавени се помошни елементи и машина за миење садови за просторијата за пауза за наставници
- Целосно чистење на одводната мрежа на училиштето и санација на дефекти на водоводната мрежа
- Од сработеното во текот на минатата година посебно важно се издвојува ангажманот на еден општ работник кој изврши целосно средување на архивските материјали по години од 1949 год до 2001 год. и издвојување на делот на материјали кои се предадени во Архив на РМ .

- Двајца вработени наставници кои дополнуваа часови во библиотеката извршија уредување и пребројување на книжниот фонд и учебниците, замена на старите неупотребливи учебници со нови, издвојување на неупотребливите учебници за рециклирање. Со тоа се доби комлетна евиденција за материјалите со кои располага библиотеката.
- Извршена е поправка на системот за греење во дел од училниците и канцелариите
- Поправка на оштетен под/паркет во една училница
- Молерисување на простории во училиштето
- Премачкување на клупите за ученици во училишните ходници

## *Проекти*

Училиштето е вклучено и активно учествува во следниве проекти:

- *Проект за Изведба на демонстративен овошен насад со поддршка на УНДП*
- *ЕКО - училиште*
- *Проект за Мултиетничка интеграција во образованието*
- *Проект за Енергетска ефикасност– со поддршка на УНДП*
- *Аплицирање и активности за ангажман на наставници и ученици за неколку проекти на ЕРАЗМУС +*
- *Проект „ Преда“- инсталирање на Акцелератор во простории на училиштето и отстапување на користење за наши потреби*
- *РЦФ 3- Регионален фонд за предизвици за стручно образование и обука кои спроведуваат настава во дуални паралелки*

## *Поддржани и организирани акции, предавања и манифестации*

Учениците во текот на целата учебна година беа дел од голем број манифестации и активности поддржани од Општината, од институции и организации со кои училиштето има соработка или организирани од самите активи и тимови на ученици.

| ***МАНИФЕСТАЦИЈА / АКЦИЈА*** | ***ПОДДР ЖАНА/ ОРГАНИЗИРАНА ОД*** |
|---|---|
| Преспански јаболкобер | Општина Ресен |
| Работилница на тема Младите во акција | Здружение ЛАГ –Преспа за ЕРАЗМУС + проект |

| | |
|---|---|
| Одбележан патронен празник | Сите вработени |
| Историски час на тема 23.Октомври ден на македонската револуционерна борба | Предавање на класен час |
| ПП Езерани и мониторинг станица на Преспанското езеро (посета од група ученици) | На јавната свест кај младите за животната средина |
| Презентација на студиските програми кои ги нуди универзитетот | АСПИРА – Сплит – универзитет од Хрватска |
| Одбележување со презентација за ликот и делото на СВ. Климент Охридски | Актив по македонски јазик |
| Посета на Градоначалникот за разгледување на идеи и предлози од учениците за креирање на буџетот на општината | Општина Ресен |
| Влажни ливади во Преспа-природен филтер од загадување на преспанското езеро од вештачки ѓубрива | Невладина организација „Македонско еколошко друштво“ – програма за поддршка на млади еколози |
| Предновогодишна прослава | СОУЦар Самоил – Ресен |
| Програма за Денот на жената 8 ми март | Сите активи со Ученичка младинска организација |
| Меѓународен ден на математиката и Ден на бројот $\pi$ | Актив по математика |
| Ден на пролетта- мартинки | Наставници од турски и албански наставен јазик |
| Попоуларизација на воена професија кај младите | Презентација од Министерство за одбрана и гарнизон во Прилеп |
| Планирајте ги парите- засадете ја иднината, активност за презентација на<br>Работење на Народна банка и Квиз на пари | Наставници по Економски предмети |
| Одбележување на Денот на екологијата | Актив по природни науки/биологија.хемија и географија |
| Светски ден на поезијата одбележан во училишната библиотека | Актив по мајчин јазици |
| Поезијата во дијалог со музиката, поетско – музичка вечер | Актив по мајчин јазик<br>И Дом на културата |
| Франкофонска пролет во нашето училиште Програма за промовирање на јазикот и вредностите на франкофонијата | Актив по странски јазици/Француски јазик |
| Велигденски хепенинг | Наставници од сите активи во соработка со Локална самоуправа |
| Меѓународен ден на планетата земја | Актив по природни науки/географија и биологија |

| | |
|---|---|
| UPSHIFT – камп за социјални иновации и еколошки решенија | Актив по природни науки /физика |
| Едукативна посета на 35 ти меѓународен саем на книгата | Актив по мајчин јазик |
| Голема пролетна акција за чистење и селектирање на отпад „Генералка викенд“ | Во соработка со Локална самоуправа |
| „Биотехнологијата во мојот свет “ – регионална работилница – Програма за искуствено учење | Актив по природни науки/ биологија и Центар за ресурси и животна средина и УНИЦЕФ |

***Во рамки на програмата за здравствена заштита на учениците и зачувување на менталното и физичкото здравје беа реализирани повеќе активности***

| | |
|---|---|
| Недела на млади „Биди причина за нечија насмевка“ – активности на теми: ментално здравје, прва помош – симулациска вежба, креативна инклузија, Жива библиотека... | ООЦрвен крст - младинска организација – Ресен |
| Светски месец за борба против рак на дојка | Презентација од ученички од IV 5 |
| Сексуално преносливи болести | Завод за јавно здравје – Битола |
| Работилница за подигнување на свесноста за лицата со ретки болести | Психолог со ученици членови на Црвен крст |
| Училиште без насилство – Меѓуврсничко и сајбер насилство – работилница со учениците од прва година | Психолог |
| Болести на зависност<br>Предавање од волонтери членови на Црвен Крст | ООМладина на Црвен Крст |
| Систематски преглед на ученици од прва и четврта година | ЈЗУ Здравствен дом |
| Петардите ги уништуваат празниците | Кампања на универзитетската клиника за пластична хирургија |
| Општински натпревар по прва помош | ООЦрвен крст Ресен |

## *Санитарни и систематски прегледи*

Санитарни прегледи се извршени на **сите** вработени во училиштето.

*Успех на учениците по паралелки, по пол и национална припадност*

## ПРВА ГОДИНА

| Клас I | Одлични | | мн.добри | | добри | | Доволни | | со 1 недов | | со 2 недов | | со 3 недов | | со 4 и пов | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | Ж | М | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | М | Ж | м | ж |
| 1 | 2 | 2 | 1 | 3 | 3 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | 5 | 12 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | 1 | 5 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | 0 | 2 | 3 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно по пол | 8 | 21 | 8 | 7 | 5 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **29** | | **15** | | **7** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | |

## ВТОРА ГОДИНА

| Клас II | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | со 1 недов | | со 2 недов | | со 3 недов | | со 4 и пов | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| 1 | 1 | 6 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | 7 | 11 | 6 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | 0 | 2 | 2 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | 0 | 3 | 1 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно по пол | **8** | **22** | **13** | **7** | **3** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **вкупно** | **30** | | **20** | | **3** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | |

## ТРЕТА ГОДИНА

| Клас III | одлични | | мн.добри | | добри | | доволни | | со 1 недов | | со 2 недов | | со 3 недов | | со 4 и пов | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| 1 | 2 | 4 | 3 | 1 | 4 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | 6 | 8 | 1 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | 3 | 3 | 0 | 1 | 2 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | 1 | 2 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | 1 | 1 | 0 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно по пол | **13** | **18** | **7** | **6** | **6** | **2** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |
| **вкупно** | **31** | | **13** | | **8** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | |

## ЧЕТВРТА ГОДИНА

| Клас IV | одлични | | мн.добри | | добри | | Доволни | | со 1 недов | | со 2 недов | | со 3 недов | | со 4 и пов | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | м | ж | М | ж | м | ж | м | Ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| 1 | 6 | 7 | 3 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | 6 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | 0 | 11 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 4 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 5 | 5 | 5 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| вкупно по пол | 19 | 38 | 3 | 2 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **вкупно** | **57** | | **5** | | **4** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | | **0** | |

## ВКУПНО УСПЕХ ЗА ГИМНАЗИСКО

| КЛАС | одлични | мн.добри | добри | доволни | со1 | со 2 | со 3 | со 4 и |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | слаба | слаби | слаби | пов |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 29 | 15 | 7 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **II** | 30 | 20 | 3 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **III** | 31 | 13 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV** | 57 | 5 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **вкупно во сите години** | **147** | **53** | **22** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** |

**ВКУПНО УСПЕХ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКО-ВЕТЕРИНАРНА СТРУКА**

| година | одлични | мн.добри | добри | доволни | со 1 сл | со 2 слаби | со 3 слаби | со 4 сл |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | 1 | 1 | 5 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **II** | 3 | 4 | 8 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **III** | 1 | 3 | 6 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **IV** | 0 | 5 | 4 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **вкупно** | **5** | **13** | **23** | **1** | **0** | **0** | **0** | **0** |

## *Среден успех во гимназиски и стручни паралелки*

***Гимназиски паралелки***

| | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | *просек на година* |
|---|---|---|---|---|---|---|
| *I* | 3.[illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| *II* | 4[illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] | [illegible] |
| *III* | 4.07 | 4.83 | 4.40 | 4.40 | 4.28 | 4.40 |
| *IV* | 4.31 | 5.00 | 4.98 | 4.83 | 4.88 | 4.80 |
| ***Просек на успех на крајот на учебната 2022/23*** | | | | | | 4.48 |

| Гимназиско образование | Стручно образование | Просечен успех |
|---|---|---|
| 4,48 | 3,36 | 3,92 |

| ***стручни паралелки*** | |
|---|---|
| I 6 | 3.33 |
| [illegible]6 | 3.54 |
| [illegible]7 | 3.20 |
| [illegible]6 | 3.42 |
| III 7 | 2.85 |
| IV 6 | 3.35 |
| IV 7 | 3.81 |
| *СРЕДЕН УСПЕХ* | 3.36 |

***Средниот успех на СОУ Цар Самоил на крај на учебната 2022/23 изнесува 3,92.***

## *Поведение на учениците во гимназиско образование и стручно образование*

| Година | ПРИМЕРНО | ДОБРО | НЕЗАДОВОЛИТЕЛНО |
|---|---|---|---|
| *I* | 66 | 2 | 0 |
| *II* | 58 | 8 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ***III*** | 71 | 6 | 0 |
| ***IV*** | 79 | 20 | 0 |
| ***Вкупно*** | **274** | **36** | **0** |

## *Отсуствувања во текот на учебната година на учениците*

*-изостанувања во гимназиски паралелки*
*на македонски наставен јазик*

| година | паралелка 1 | | | ***по ученик*** | паралелка 2 | | | ***по ученик*** | паралелка 3 | | | ***по ученик*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | О | Н | Вк | | О | Н | Вк | | О | Н | Вк | |
| ***I*** | 390 | 5 | 395 | ***32*** | 786 | 6 | 792 | ***37*** | | | | |
| ***II*** | 277 | 6 | 283 | ***21*** | 1184 | 76 | 1260 | ***47*** | | | | |
| ***III*** | 596 | 49 | 645 | ***40*** | 630 | 15 | 645 | ***40*** | 693 | 37 | 730 | ***81*** |
| ***IV*** | 1044 | 64 | 1108 | ***50*** | 257 | 24 | 281 | ***17*** | 151 | 11 | 162 | ***15*** |
| | 2307 | 124 | 2431 | | 2857 | 121 | 2978 | | 844 | 48 | 892 | |

| Вкупно | на турски наст.јазик | | | | на албански наст.јазик | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | паралелка 4 | | | ***по ученик*** | паралелка 5 | | | ***по ученик*** |
| | О | Н | Вк | | О | Н | Вк | |
| I | 341 | 0 | 341 | ***37*** | 164 | 18 | 182 | ***20*** |
| II | 212 | 15 | 227 | ***37*** | 277 | 12 | 289 | ***41*** |
| III | 342 | 9 | 351 | ***59*** | 176 | 7 | 183 | ***37*** |
| IV | 175 | 29 | 186 | ***31*** | 157 | 0 | 157 | ***16*** |
| | 1070 | 53 | 1105 | | 774 | 37 | 811 | |

## *Вкупно изостанувања по години*

| **Год** | **Гимназиско по години** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **О** | **Н** | **Вк** | ***по ученик*** |
| I | 1681 | 29 | **1710** | *29* |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| II | 1950 | 109 | **2059** | *29* |
| III | 2437 | 117 | **2554** | *41* |
| IV | 1784 | 128 | **1894** | *25* |
| Вк | **7852** | **383** | **8217** | ***37*** |

| | **Земјоделско-ветеринарна** | | | ***по ученик*** |
|---|---|---|---|---|
| | **О** | **Н** | **Вк** | |
| ***I6*** | 1110 | 39 | 1149 | ***127*** |
| ***II6*** | 1079 | 69 | 1148 | ***82*** |
| ***II7*** | 443 | 18 | 461 | ***153*** |
| ***III6*** | 653 | 50 | 703 | ***88*** |
| ***III7*** | 282 | 17 | 299 | ***150*** |
| ***IV6*** | 1216 | 23 | 1239 | ***155*** |
| ***IV7*** | 162 | 13 | 175 | ***88*** |
| ***Вк*** | **4945** | **229** | **5174** | |

| | *Оправдани* | *Неоправдани* | *Вкупно* |
|---|---|---|---|
| Гимназиско образование | **7852** | **383** | **8217** |
| Земјоделско ветеринарна струка | **4945** | **229** | **5174** |
| Вкупно | ***12797*** | ***612*** | ***13391*** |

*Вкупно изостаноци во гимназиско и стручно*

*Вкупно изостаноци по ученик*

| **Изостаноци по ученик** | ***оправдани*** | ***неоправдани*** | ***вкупно*** |
|---|---|---|---|
| ***гимназиско*** | *35* | *2* | *37* |
| ***стручно*** | *108* | *5* | *112* |
| ***вкупно*** | *48* | *2* | *50* |

*Просек по предмети и години – гимназиско образование*

| Предмет | I (прва) | II (втора) | III (трета) | IV (четврта) | Среден успех |
|---|---|---|---|---|---|
| Македонски јазик и литература | 4.43 | 4.15 | 4.26 | 4.68 | **4.38** |
| Турски јазик | 5.00 | 4.50 | 4.67 | 5.00 | **4.79** |
| Албански јазик | 4.78 | 4.71 | 5 | 5.00 | **4.87** |
| Македонски јазик (ученици од другите заедници) | 3.95 | 3.45 | 3.8 | 4.42 | **3.91** |
| Англиски јазик | 4.37 | 4.46 | 4.63 | 4.83 | **4.57** |
| Француски јазик | 3.98 | 4.07 | 4.15 | 4.57 | **4.19** |
| Математика | 4.00 | 4.02 | 3.95 | 4.66 | **4.16** |
| Физика | 4.14 | 4.21 | 4.05 | 5.00 | **4.35** |
| Хемија | 3.93 | 4.02 | 4.04 | 5.00 | **4.25** |
| Биологија | 3.96 | 3.98 | 4.19 | 5.00 | **4.28** |
| Географија | 4.36 | 4.19 | 4.56 | | **4.37** |
| Информатика | 4.75 | | | | **4.75** |
| Историја | 4.46 | 4.83 | 4.51 | 4.76 | **4.64** |
| Социологија | | 4.32 | 4.47 | | **4.40** |
| Филозофија | | | | 4.88 | **4.88** |
| Бизнис и претприемништво | | | | 4.85 | **4.85** |
| Спорт и сп. Активности | 4.86 | 4.83 | 5 | 5.00 | **4.92** |
| Ликовна уметност | 4.95 | 5.00 | | | **4.98** |
| Музичка уметност | 4.47 | 4.65 | | | **4.56** |
| Вовед во право | | | 4.87 | | **4.87** |
| Латински јазик | | | 3.83 | | **3.83** |
| Економија | | | | 4.73 | **4.73** |
| Менаџмент | | | | 4.70 | **4.70** |
| Логика | | | | 4.80 | **4.80** |
| Лин. Алгебра и геом. | | | 4.79 | | **4.79** |
| Алгебра | | | 4.76 | | **4.76** |
| Програмски јазици | | | 4.93 | 5.00 | **4.97** |
| Математичка анализа | | | | 5.00 | **5.00** |
| Инф. Технологија | | 4.97 | | | **4.97** |
| Говорење и пишување | | 4.15 | | | **4.15** |
| ВКУПНО | **4.36** | **4.36** | **4.39** | **4.80** | **4.48** |

*Просек по предмети и години во земјоделско ветеринарна струка*

| ПРЕДМЕТИ | I6 | II6 | II7 | III6 | III7 | IV6 | IV7 | **Среден успех** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **4.** | **Уксел Шерифи** | **II 5** |
| **5.** | **Васко Јовановски** | **II 6** |
| | | |
| **ТРЕТА** | | |
| **6.** | **Даниела Стерјовска** | **III 1** |
| **7.** | **Славица Стојановска** | **III 2** |
| **8.** | **Муамер Ибраимовски** | **III 4** |
| **9.** | **Нијар Зулали** | **III 5** |
| **10.** | **Јорданчо Георгиевски** | **III 6** |
| **11.** | **Дијана Георгиевска, Уксел Шерифи** | **III 7** |
| **ЧЕТВРТА** | | |
| **12.** | **Ана Ридо, Динче Кочевска** | **IV 1** |
| **13.** | **Мирјана Христовска** | **IV 2** |
| **14.** | **Славица Божинова** | **IV 3** |
| **15.** | **Елиф Асановска** | **IV 4** |
| **16.** | **Дитар Сабриу** | **IV 5** |
| **17.** | **Наумче Тосковски** | **IV 6** |
| **26.** | **Методи Карапалевски, Џанан Муфти** | **IV 7** |

## ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА

Дополнителната настава се организира за ученици од I до IV година кои што имаат потешкотии во учењето и прилично заостануваат по поедини наставни содржини и предмети од задолжителната настава. Значењето и целта на застапеноста на оваа настава е во насока на обезбедување квантум на знаење и умеење кои ќе овозможат да

напредуваат и оние ученици кои имаат потешкотии во совладувањето на некои наставни содржини и предмети од задолжителна настава.

Согласно законските одредби секој наставник организира часови и задолжително реализира согласно претходно изготвен распоред. Законски утврдениот минимум на часови како и редовноста и отсуствата на учениците од додатната настава секој ги води во пишана форма.

Учениците кои што ќе ја посетуваат оваа настава, распоредот како и содржините и подрачјата што ќе бидат опфатени ги одредува предметниот наставник од задолжителна настава. Реализацијата на оваа настава е после часовите од задолжителна настава, а содржината на дополнителната настава се определува според видот на заостанувањето на знаењата на учениците. Вклучувањето и исклучувањето во дополнителната настава е поврзано со темпото на напредувањето и индивидуалните способности на поедини ученици во оваа и во задолжителната настава. Овој вид настава ќе трае во текот на целата учебна година и определени денови пред полагање на поправните испити во месец мај, јуни и август.

Обврски на непосредните носители на задачите се:

- идентификација на учениците
- планирање, организација и реализација на наставата

Ефектите што ги очекува училиштето се во насока на стекнување на основен квантум на знаење што ке му овозможи на учениците вклучување во понатамошното школување и во животот.

## ДОДАТНА НАСТАВА

Додатна настава се организира за учениците што имаат посебни способности и интереси за определени научни и наставни содржини .

Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените и талентираните ученици според индивидуалните интереси.

Значењето и целта на застапеноста на оваа настава е во насока на развивање на интелектуалните способности за стекнување продлабочени знаења од оние што ги стекнале по одредени предмети во текот на задолжителната настава.

Учениците, како и содржините и подрачјата што ќе бидат опфатени ги одредува предметниот наставник, а ја верифицира активот на наставници од соодветниот предмет.

Ефектите што ги очекува училиштето се во насока на продлабочување на знаењата кај учениците, развивање на нивните интелектуални способности, учество на сите локални, регионални и републички натпревари.

Сите наставници ќе работаат интензивно според изготвените програми за додатна настава и ќе ги ангажираат своите ученици на натпревари по соодветните предмети.

## КОНСУЛТАТИВНА НАСТАВА

Консултативната настава се изведува за укажување на помош на ученици пред поправни испити, вонредните, испити на година и пред полагање на државната матура, училишната и завршните испити. Ваква консултативна настава освен за редовните ученици ќе се изведува и за вонредните ученици кои во процесот на самообразование не се во состојба или пак тешко можат да го совладат наставното градиво. Ваква

настава ќе се одржува секогаш кога за тоа ќе се укаже потреба од страна на учениците а согласно термините за консултации кои ги објавува наставникот секоја година на огласна табла.

## ИЗБОРНА НАСТАВА

Постапката за избор на подрачјата и предметите за трета година се спроведува на упис на учениците во прва година. Гимназиското образование е збогатено со изборни предмети, со цел усвојување на знаења на повисоко ниво кои водат кон определени студии. Учениците имаат можност да се определат за изборни предмети во следните подрачја:

- општествено-хуманистичко подрачје;
  - комбинација А
  - комбинација Б
- јазично – уметничко подрачје;
  - комбинација А
  - комбинација Б
- природно-математичко подрачје
  - комбинација А
  - комбинација Б

Од трите подрачја на учениците им беа понудени соодветните изборни предмети.

За учениците од втора година гимназиско образование им се понудени следниве три изборни предмети:

- Информатичка технологија
- Говорење и пишување
- Елементарна алгребра
- Класичен јазик (латински/старогрчки)

Наставните планови и профилот за земјоделско – ветеринарната струка уписот во прва година се изврши согласно Конкурсот на МОН во два профили и тоа:

- агротехничар
- техничар за фитомедицина

Наставата според овие профили започна во учебната 2019/20 година. Во прва,втора и трета година наставата ќе се реализира во дуална паралелка со поголем број часови за практична настава во партнер компанија а по програма за агротехничар. За трета и четврта година учениците избираат од понудени предмети од Изборен пакет согласно наставниот план.

Според изборот на учениците при упис и 2023/24 година наставата ќе се реализира во следните подрачја со изборни предмети за гимназиско образование:

- За учениците кои избрале ***општествено-хуманистичко подрачје комбинација А*** изборните предмети кои ги следат по години се следниве :

| **Трета година** | **Четврта година** |
|---|---|
| **Социологија** | Историја |
| **Вовед во право** | Економија |
| **Латински јазик** | Логика |
| | Менаџмент |

- За учениците кои избрале ***природно-математичкото подрачје-комбинација А*** изборните предмети кои ги следат по години се следниве :

| Трета година | Четврта година |
|---|---|
| **Линеарна алгебра и анал. Геометрија** | Математичка анализа |
| **Програмски јазици** | Физика |
| **Алгебра** | Програмски јазици |

- За учениците кои избрале ***природно-математичкото подрачје Комбинација Б*** изборните предмети кои ги следат по години се следниве

| Трета година | Четврта година |
|---|---|
| **Програмски јазици** | Биологија |
| **Географија** | Хемија |
| **Латински јазик** | Физика |

## ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ И СЛОБОДНИ ЧАСОВИ НА УЧИЛИШТЕТО

Проектните активности претставуваат посебно подрачје во структурата на наставниот план на гимназиското образование. Овој сегмент претставува отворање адекватен простор во воспитно-образовната работа со иновирање на стручната и дидактичко-методската работа, каде учениците имаат можност да ги искажат своите знаења, способности, умееља и креативност преку реализација на одделни проекти.

Преку проектните активности учениците се стекнуваат со продлабочени знаења по одделни предмети како истражување по одделни содржини за кои учениците се посебно заинтересирани.

Проектните активности ќе се реализираат во рамките на училиштето и институциите на Општината.

***Проектните активности*** секој ученик ги избира преку анкетирање во текот на првиот месец од наставната година (септември) во зависност од неговите интереси, а училиштето ги нуди следните подрачја:

| **Подрачја- проектни активности** |
|---|
| **иновации и претприемништво** |
| **урбана култура** |
| **граѓанска култура** |
| **активности од областа на музиката** |
| **Ликовно творечки уметност** |
| **литературни клубови и драмски секции** |
| **култура на здраво живеење** |
| **природни науки** |
| **спортски активности** |
| **странски јазици** |

***Слободните часови на училиштето*** се дефинирани како посебно подрачје во наставните планови за четиригодишното стручно образование. Тие се облик на образовна дејност со кои сеовозможува задоволување на образовните потреби на учениците кои сакаат и можат да изучуваат и други содржини надвор од

задолжителниот дел или да реализираат други активности.  Во рамките на слободните часови на училиштето можат да се реализираат  од подрачјето - Активности од областа на струката или според изготвени програми од Центар за средно стручно образование

## ПРАКТИЧНА НАСТАВА

Практичната настава како посебен предмет или како практични вежби во одделно стручни теоретски предмети се реализира паралелно со стручно-теоретска настава и има функција на оспособување на учениците за извршување на определени работи и работни задачи.

Практичната настава и дел од часовите за вежби – учење преку работа и учење преку работа кај работодавач во паралелките од сите години  ќе се реализира кај партнер компанијата АГРОМОТО ТРЕЈД – Ресен, Јаболчело Ресен и Румко Реализацијата на истата ќе се одвива согласно програмите за работа за што наставниците и координаторите за соработка со компанијата  посетуваа обуки и добиваат насоки од БРО.

## ПРОГРАМА ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ФЕРИЈАЛНА ПРАКСА ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКАТА СТРУКА ВО УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **1.** Берба | Училишна економија | Јули - Август | **1.** Берба | Училишна економија |
| **2.** Посета на фабрика за производство на сокови | „Вита Рес” – Ресен | Јуни | **2.** Посета на фабрика за производство на сокови | „Вита Рес” – Ресен |
| **3.** Посета на земјоделски аптеки и запознавање со палетата на пестициди | Земјоделски аптеки - Ресен | Јули | **3.** Посета на земјодел ски аптеки и запознавање со палетата на пестициди | Земјоделски аптеки - Ресен |
| **4.** Наводнување и површинска обработка во овошниот насад | Училишна економија | Јули | **4.** Наводнување и површинска обработка во овошниот насад | Училишна економија |
| **5.** Берба на овошникултури | Училишна економија | Јули-Август | **1.** Берба на овошните култури | Училишна економија |
| **6.** Посети на организации со цел учениците теоретските знаења да ги поврзат со практичната примена и зголемување на самодовербата како и со здобивање на работно искуство и работни вештини | | Август | **6.** Посети на организации со цел учениците теоретските знаења да ги поврзат со практичната примена и зголемување на самодовербата како и со здобивање на работно искуство и работни вештини | |
| **7.** **О**држување на овошниот насад | Училишна економија | Јуни - Август | Одржување на овошниот насад | Училишна економија |

## ИНДИВИДУАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ

Една од активностите на раководителите на паралелките и предметните наставници од прва до четврта година ќе биде скенирање на паралелката со цел детектирање на видот и степенот на надареност на учениците. Начинот на кој ќе се врши таа постапка се изведува согласно програма за работа со надарени и талентирани ученици.

За таа цел, секој наставник - раководител ќе добие листи со помош на кои го извршил скенирањето на паралелката. Со помош на психологот ги селектира и дава усна препорака на предметниот наставник или активот (доколку се работи за повеќе сродни предмети) со што препорачува индивидуализирана или групна работа со талентираниот ученик. Следењето на работата и детектирањето треба да биде завршено најдоцна до крајот на првиот класификационен период (до крајот на ноември).

Во рамки на програмата се дадени општи упатства за наставниците и насоки како да ги детектираат и кои се важни показатели на одреден тип на надареност. Секој наставник понатаму изготвува своја програма по соодветниот предмет која е основа за работа со талентираните ученици.

Исто така, со цел поттикнување на ученикот за надоградување и развивање на талентот, во текот на учебната година, за време на одредени прослави и други значајни настани предметниот наставник ќе се грижи за соодветна промоција како позитивна поткрепа на негувањето на талентот на ученикот.

## ИНДИВИДУАЛИЗИРАНИ ПРОГРАМИ ЗА УЧЕНИЦИ СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ

Инклузивното образование има за цел создавање системи кои се флексибилни и нудат доволно поддршка за да се задоволат потребите на различни ученици со различни способности и различно потекло во редовните училишта.

Во поширока смисла, инклузивноста претставува процес на зголемено учество и намалена исклученост, каде што учеството значи признавање, прифаќање и почит, и вклученост во процесот на учење и социјалните активности на начин кој на поединецот му овозможува да развие чувство на припадност во група. Инклузивното образование овозможува пристап со кој се задоволуваат потребите за учење на сите ученици во еден образовен систем. Неговите начела се базираат врз основните принципи на Конвенцијата на правата на детето .

Програмата се темели на ставот дека инклузијата е за различноста и еднаквоста, за толеранцијата и демократијата, за правото на квалитетно образование за сите. Целта ни е во училиштето да овозможиме квалитетно образование, кое на учениците (без разлика на личните способности, потеклото или социјално-економската состојба), ќе им даде еднакви можности за вработувањето, а со тоа ќе ги поттикне на самостојност, личен развој и активен живот во сите области. Основната намена на Програмата е да

понуди стратегии односно насоки за работа на наставниците со ученици со посебни образовни потреби (ПОП) кои се запишуваат во нашето училиште.

Во прилог на оваа Годишна програма ќе биде и Програмата за работа на Инклузивниот тим на нашето училиште.

## ПОВРЗУВАЊЕ НА ЕКОЛОШКАТА ПРОГРАМА СО РЕДОВНАТА НАСТАВА

Нашето училиште е дел од мрежата на Еко – училишта. За таа цел се збогатуваат постоечките наставни содржини со содржини за заштита на животната средина и развој на еколошката свест кај учениците. Секој наставник врши интеграција на еко стандарди во наставните единици каде тие соодветствуваат да се вметнат со што ќе се збогатат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина. Секој наставник си изготвува календар на кој час ќе ја воведе одредена точка на акција со цел развој на еколошката свест на учениците.

Работата се изведува согласно програмата изговена од Еко одборот на Училиштето и планот за интеграција на еколошката едукација.

## УПОТРЕБА НА ИКТ ВО НАСТАВАТА

Согласно законските одреби секој наставник е задолжен да имплементира 30% од вкупниот фонд часови ИКТ во наставата. За таа цел во прилог на годишните глобални планови секој наставник ќе достави календар каде ќе биде наведено на кои наставни единици ќе биде применета ИКТ во наставата. Исто така треба да бидат планирани и наведени web страници или други извори кои ќе се користат за време на наставата.

Наставниците кои немаат кабинети опремени со компјутери или ТВ приемници наставата ќе ја планираат во договор со другите наставници за отстапување или замена на кабинети.

## ОЦЕНУВАЊЕ

Следењето и оценувањето на успехот и унапредувањето на учениците во текот на целата година ќе биде третирано како мошне значајна компонента во воспитно-образовниот процес што ќе придонесе за постигнување на посолидни воспитно-образовни резултати, кај секој ученик посебно. Преку овој процес секој наставник ќе оствари увид во остварувањето на поставените задачи и цели на наставните планови и програми.

Учениците се оценуваат по сите наставни предмети со бројки. Бројчаното оценување се врши со бројките: Одличен (5), Мн. Добар (4), Добар (3), Доволен (2), Недоволен (1) која е негативна, а сите останати се позитивни. Во текот на едно полугодие секој ученик мора да добие по најмалку две оценки.

Оценувањето е континуиран процес во текот на целата година и се врши јавно. Во текот на наставата се изградуваат критериуми за вреднување на резултатите од учењето

со кои се настојува што повеќе да се објективизира оценувањето. За таа цел покрај усното се применуваат и други методи, техники, инструменти (писмени работи, наставни ливчиња, тестови, шеми, дијаграми, табели, програмирани тестови).

Од оваа година активен ќе биде Тимот за следење и поддршка на состојбата и постигнатите резултати на професорите, поддршка на професорите кои постигнуваат слаби резултати (слаб просечен успех по предметот). План за писмено оценување ќе се запишува во Дневниците за работа на паралелката имајќи ги во предвид законските ограничувања за писмено оценување (дневно најмногу едно, а седмично по две писмени работи). Секој наставник е должен оценувањето да го врши согласно стандардите во оценувањето дадени од БРО и МОН.

## ТИМ ЗА СЛЕДЕЊЕ, АНАЛИЗА И ПОДДРШКА

Во склоп на оценувањето претходно формираниот **Тим за следење и проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди** изготви процедура за поплаки и жалби по добиени оцени, за начинот на информирање на родителите и учениците за овие прашања. Тимот за следење, анализа и поддршка е составен од: стручната служба *Елизабета Волкановска* - за следење на постигањата, редовноста и дисциплината по паралелки и по класификациони периоди за учениците , *Аланка Спировска и Даниела Стерјовска* - за анализа на состојбата на постигнатите резултати на професорите, план за поддршка на професорите кои покажуваат слаби резултати од работењето, поддршка за професорите кои се иноватори и креатори на развојот на квалитетното оценување, планирање на споделување на добра пракса во рамки на училиштето.

## САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

Самоевалвацијата на училиштето се врши на секои две години и нејзината изработка ја координира тим од наставници кои посетиле обука за работа на истата. – Карапалевски Методи и Стрезоска Жанета. Самоевалуацијата ќе се изработи оваа учебна година и ќе биде усвоена од Училишниот одбор. Развојниот план е усвоен претходната учебна година и е со важност од три години.

## ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Ова подрачје од дејноста на Училиштето има мошне широка содржина како и форми и патишта за вклучување на учениците од прва до четврта година. Самата организација на воннаставните активности има суштинско значење во воспитно-образовната дејност на Училиштето.

Воннаставните активности ги опфаќаат:

- Училишен спорт
- слободните ученички активности;
- екскурзиите;
- општествено корисна работа;
- заштита и унапредување на здравјето на учениците и култура на живеењето;

• општествено културна дејност;

• следење и унапредување на воспитно-образовната работа и општествена дејност.

## УЧИЛИШЕН СПОРТ

Оваа област опфаќа активности преку кои учениците имаат можност да го развијат спортскиот афинитет кон некои дисциплини.Дополнително е потребен и план за превоз на ученици, кога е во прашање државен натпревар или афирмација на училиштето надвор од општината.

Обврски на наставниците реализатори се:

- планирање, програмирање и реализирање на програмите
- учество на учениците на општинските, регионалните и државните натпревари
- учество во одбележување на разни датуми од интерес на училиштето и локалната средина
- афирмација преку медиуми

Во нашето училиште функционира Училишно друштво за спорт кое ги опфаќа следниве области за кои се задолжени одговорни професори: **Карапалевски Методи, Митревски Митко и Георгиевски Јорданчо.**

- Фудбал
- Аеробик
- Кошарка
- Ракомет
- Планинарење
- Шах
- Атлетика
- Скијање
- Џудо
- Пинг – понг
- Тенис

Конкретни месечни распределенија за активностите се дадени во програмата за работа на Стручниот актив за Спорт и спортски активности.

## СЕКЦИИ И СЛОБОДНИ УЧЕНИЧКИ АКТИВНОСТИ

Се планираат како слободни активности за проширување на знаењата по одделни предмети, слободни културно-уметнички активности, работно-производствени активности и слободно спортски активности. Значењето и целта на застапеноста е поттикнување на креативниот дух на учениците според нивните способности, културно издигнување на личноста како и презентирање на нивните успеси и афирмација на училиштето.

Структурата на слободните ученички активности опфаќа повеќе воспитно-образовни подрачја, а во зависност од содржините и начинот на реализирање се врши групирање на активностите.

Подрачјето слободни културно- уметнички активности опфаќа секции преку кои учениците можат да го развијат својот уметничко креативен дух преку убавиот пишан збор, сликањето, песната, драмата, новинарството и слично.

Содржински истите се формираат на ниво на училиште и покриваат одредена област или се организираат како слободно културно-уметнички содржини. Истите имаат за цел да ги прошируваат и продлабочуваат знаењата и способностите стекнати низ редовната настава. Во текот на учебната 2023/24 година ќе се организираат следниве слободни активности:

| | Назив на секцијата | Број на групи | Наставници кои ќе работат со секциите- групите |
|---|---|---|---|
| **1** | Новинарска | 1 | Стефановска Лика и Стерјовска Даниела |
| **2** | Драмска | 1 | Ридо Ана и Динче Кочевска |
| **3** | Рецитаторска | 1 | Стојановска Марина |
| **4** | Еколошка | 1 | Симоновска Сузи |
| **5** | Историска | 1 | Тански Зоран<br>Мале Ставри |
| **6** | Младина на Црвен Крст | 1 | Славица Божинова |
| **7** | Музичка | 1 | Јосифовска Марија |
| **8** | Ликовна | 1 | Далиповски Шенер |
| **9** | Училишно друштво за спорт (Ракомет, фудбал, аеробик,<br>кошарка, планинарска, велосипедизам, пинг-понг, шах, тенис) | 5 | Карапалевски Методи<br>Митревски Митко<br>Георгиевски Јорданчо |
| | | | |

Програмите за работа на овие активности ќе ги изработат одговорните наставници а ќе ги усвојат стручните активи.

## ОПШТЕСТВЕНО КУЛТУРНА И ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Општествено културна дејност се развива со цел да се поттикнат врвни достигнувања во сите сфери на воспитно-образовната дејност и во пригодни моменти истите да се презентираат во општествената средина, со кое ќе се придонесе за поцелосна афирмација на училиштето и развивање на општествениот живот и подигање на општата култура на средината. Општествено културна дејност ќе се реализира во рамките на Училиштето и институциите на Општината.

Задачи на општествено-културната дејност се:

- училиштето да се афирмира како културен и просветен центар на општествената средина,
- да им се овозможи на учениците да ги запознаат јавните и културните инсититуции во општествената средина,
- воспитно-образовните резултати во училиштето да бидат достапни за средината,
- во текот на годината да бидат одбележани и со историски часови повеќе историски датуми.

- Хуманитарни активности се планирани со цел развивање на позитивни човечки вредности, учење на различности и нивно прифаќање како и создавање на здрав и цврст карактер и емпатичност, хуманост и алтруизам.

Општествено хуманитарните активности кои што ги поддржува Училиштето времето на реализација и задолжените наставници се дадени во прилог Програмата за општествено хуманитарната работа.

## ЕКО- ПАТРОЛИ

Еко патролата на Училиштето е составено од по двајца ученици од секоја паралалека, која е со променлив состав и членуваат дежурните ученици задолжени за таа работна недела. Истите патролираат за време на часот на раководител на паралелка во школскиот двор и ходниците на Училиштето ја констатираат состојбата и го чистат училишниот двор од отпадоци.

## ПОДДРШКА НА УЧЕНИЦИ

Учениците со помош и поддршка од наставниците учествуваат во различни манифестации, натпревар и постигнуваат високи резултати во различни области што се организираат на локално, национално или на меѓународно ниво. Се користат средства за афирмирање на вонннаставните активности и на продуктите од нив. Тука се истакнува соработката на локалната средина како партнер во реализација и спроведување на воннаставните активности и афирмација на учениците и училиштето.

Придобивките од воннаставните активности се афирмација на училиштето, афирмација на личноста на учениците, проширување на знаењата, организација на слободното време на учениците, развивање на способностите и самодовербата на учениците и развивање на свест за постигнување и натпреварувачки дух**.**

## ПОСТИГНУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

Во програмата за работа на психологот на Училиштетео е зацртана анализа на постигањата на учениците по квартали.

На табелата е прикажан општиот успех во училиштето на **крајот од првото полугодие** – споредбена анализа од претходните години од 2014/15 до 2022/23.

| ***<u>Полугодие</u>*** *Среден успех* | *2014/15* | *2015/16* | *2016/17* | *2017/18* | *2018/19* | *2019/20* | *2020/21* | *2021/22* | *2022/23* |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Гимназиско*** | 3,46 | 3.48 | 3.75 | 3,79 | 3,94 | 4,06 | 4,26 | 4,19 | 4.17 |
| ***Земјоделско-ветеринарна*** | 2,32 | 2.31 | 2.32 | 2,36 | 2,73 | 2,75 | 2,75 | 2,90 | 2.94 |
| ***Вкупно*** | 2,89 | 2.9 | 3.04 | 3,07 | 3,34 | 3,41 | 3,50 | 3,55 | 3.55 |

Следнава табела ја прикажува споредбената анализа за успех – просек на училиштето на **крај на година** во претходните години од 2014/15до 2022/23 год.

| ***Крај на година*** *Среден успех* | **2014/15** | **2015/16** | **2016/17** | **2017/18** | **2018/19** | **2019/20** | **2020/21** | **2021/22** | **2022/23** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ***Гимназиско*** | 3,89 | 3.97 | 4.21 | 4,35 | 4,39 | 4,46 | 4,59 | 4,61 | 4,48 |
| ***Земјоделско-ветеринарна*** | 2,56 | 2.68 | 2.6 | 2,94 | 3,07 | 3,14 | 3,13 | 3,35 | 3,36 |
| ***Вкупно*** | 3,26 | 3.33 | 3.41 | 3,65 | 3,73 | 3,80 | 3,86 | 3,98 | 3,92 |

Со цел подобрување на прикажаните резултати во текот на оваа учебна година со соодветни активности дадени во прилог на Годишната програма ќе се работи на професионалното усовршување на наставниците за користење на различни форми и методи за постигнување и мотивација на учениците.

## ДРЖАВНА, УЧИЛИШНА МАТУРА И ЗАВРШЕН ИСПИТ ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД IV ГОДИНА

Средното образование согласно Законот за средно образование се заокружува со: државна матура или училишна матура, четиригодишното стручно образование со државна матура или со завршен испит.

Учениците кои сакаат да го продолжат своето образование на факултет треба да полагаат државна матура, додека оние ученици кои нема да продолжат на факултет може да полагаат училишна матура или завршен испит.

Термините за полагање на матурските испити секоја учебна година се во согласност со Календарот за работа на училиштата за учебната година.

***Државната матура во гимназиското образование се состои од:**

I. **Екстерно полагање**

- Задолжителен предмет – мајчин јазик;
- Прв изборен предмет – странски јазик или математика;

**II. Интерно полагање –** два изборни наставни предмети; (од листа на наставни предмети за полагање на државна матура дадени во Концепцијата за полагање матурски испити)

**III. Проектна задача** од еден наставен предмет или од една образовна област.

Кандидатот, покрај два екстерни наставни предмети и два на интерно ниво може да избере да полага и уште најмногу други два наставни предмети од листата на предмети за изборен дел.

**Државната матура во средното стручно образование се состои од:**

**I. Екстерно полагање**

- Задолжителен предмет – мајчин јазик;
- Прв изборен екстерен предмет - странски јазик или математика;

**II. Интерно полагање -** еден изборен стручен предмет од соодветна струка (од листа на предмети од Концепцијата за соодветната струка) и еден општообразовен предмет кој е изучуван најмалку две години

**III. Проектна задача-** од еден наставен предмет или од една образовна област.

Кандидатот, покрај трите наставни предмети, може да избере да полага и уште најмногу други два наставни предмети на интерно ниво од листата на предмети за изборен дел.

**Проверувањето** на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето по наставните предмети од задолжителниот и од изборниот дел се изведува екстерно, а третиот и четвртиот изборен предмет и проектната задача ќе се врши интерно.

**Училишна матура во гимназиското образование се состои од:**

I. Задолжителен дел – еден наставен предмет( мајчин јазик)
II. Изборен дел – еден наставен предмет (од листа на предмети за гимназиско образование дадени во Концепцијата)
III. Проектна задача од еден наставен предмет или од една образовна област.

**Завршен испит во четиригодишното средно стручно образование:**

I. Задолжителен дел – еден наставен предмет;( мајчин јазик)
II. Изборен дел – еден наставен предмет; (од листа на стручни предмети карактеристични за образовниот профил)
III. Проектна задача има за цел да ја провери теоретската и практичната оспособеност на ученикот за вршење на работи од областа на образовниот профил.

**Проверувањето** на знаењата, умеењата и способностите на кандидатите и оценувањето по наставните предмети од задолжителниот и од изборниот дел се изведува интерно.

***Доколку се донесе нова Концепција за полагање на Државната матура во гимназиското и средното стручно образование полагањето ќе биде прилагодено согласно истата.**

## ИСПИТИ

Во текот на годината ќе бидат изведувани: поправни, дополнителни, испит на година и вонредни испити како и испитите од државната матура, училишната матура во гимназиското образование, завршен испит во земјоделско – ветеринарна струка.

-Поправните испити за учениците од прва, втора и трета година ќе се изведуваат во два испитни рокови –јунски и августовски.

-Подготвителна настава, консултации и други форми на помош за учениците кои се упатени на поправни, дополнителни испити или испит на година, вонредните испити како и пријавувањето и распоредите за полагање на истите ќе се организира согласно Календарот за работа на Средните училишта усвоен од МОН.

Спроведувањето на испитите се реализира пред тричлена комисија составена од наставници од соодветните или сродни предмети.

-Спроведувањето на матурските испити се организира согласно насоките од Државен испитен центар и од **Училишна матурска комисија** составена од :

1. Претседател
2. Заменик на претседателот
3. Секретар
4. Секретар за албанска и турска паралелка
5. Член
6. Член

Оваа комисија по потреба може да се зголеми за уште два члена заради изведување на настава на македонски, турски и албански наставен јазик.

## ПЕДАГОШКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Заради систематското и постојано следење, анализирање и вреднување на воспитно - образовната работа што ќе се остварува во текот на годината, во сите делови на процесот на училиштето, задолжително се води педагошка документација предвидена со законските прописи.

На тој начин ќе се обезбеди користење на фактографски материјали за проучување на прашањата и проблемите кои се содржани во истите. Најважни се следните документи:

1. Годишна програма за работа на училиштето;
2. Годишен и полугодишен извештај
3. Глобални и оперативни планови за работа на наставниците;
4. електронски дневник (и печатените делови од е- дневникот)
5. записници за работата на стручните органи и органи на управување на училиштето, записници од совети на паеалелката
6. записници од испитите;
7. ученички книшки;
8. Главна книга за учениците;
9. Главна книга за државна, училишна матура и завршен испит;
10. Книга за дежурство на наставниците;
11. индивидуални планови за работа на секој изврштел

Раководителите на паралелката се грижат за:

- издавање на ученички книшки, кои мора да му бидат издадени на секој ученик до 20-ти октомври;
- водење книга за работа на паралелката ( електронски дневник на паралелката) чие глобално оформување треба да заврши до 30-ти септември;
- главна книга на учениците од паралелката која треба да се оформи до 20-ти декември, во која податоците се внесуваат од изводот на матичната книга на родените и свидетелството за претходно завршена година и одделение;
- главна книга за државна, училишна матура и завршен испит која треба да се оформи по завршувањето на полагањето на матурските испити;
- записници од испитите и внесување на оценките во сведителствата и главните книги;
- записници од одржаните седници на совет на паралелката и од средбите на родителите;
- записници од одржаните седници на училишниот одбор, советите на родителите.
- издавање на свидетелства за завршена година и дипломи.

Секретарот на училиштето ги чува главните книги, записниците од сите видови испити, записниците од работата на стручните и управните органи, записниците од завршните испити.

## ПОЗИТИВНА СОЦИО-ЕМОЦИОНАЛНА КЛИМА

Грижата на училиштето за здрав и културен живот на учениците и другите учесници во наставно-воспитниот процес ќе продолжи во текот на целата учебна година.

Редовно ќе се вршат лекарски и санитарни прегледи како и вакцинирање на учениците.

Во време на пандемија посебно внимание се планира да се обрне на зачувување на менталното здравје на учениците, здрава социјална клима која ќе ги анулира негативните влијанија на интернет-техниката и социјалната изолација. Активностите се дадени во Програмата за работа на психологот на училиштето, Програма за грижа за здравјето на учениците, Младинската организација на училиштето и програмите за работа по предметите од хуманистичка природа.

Посебно внимание ќе се посвети на естетскиот изглед и условите во внатрешните простории во училиштето : ходници, училници, и кабинтетски простор, училишниот двор кој оваа година се уредува од тим наставници и ученици

Одговорни носители на задачата се класните раководители во соработка со дежурните наставници, психологот, домаќинот со помошниот персонал.

Целта на здравствената и физичката култура е изградување на здрава личност (психички, физички и социјално) способна да се грижи за своето здравје и за здравјето на своето семејство, поблиската околина и заедница. За таа цел се вклучуваат и надворешни институции како Завод за јавно здравје, Црвен крст, невладини организации и сл.

***<u>Задачи на здравствената и физичката култура се:</u>***

- да ја развива и формира свеста кај учениците за здравјето како основен извор на среќата кај човекот,
- да го сознаваат штетното дејство на разните агенси врз здравјето и да се оспособуваат за активно учество во борбата за унапредување на здравјето,
- да се формираат работни навики и позитивен систем на вредности како услов за зачувување на менталното здравје преку постојано афирмирање на работата,
- да ја развива свеста на поврзаноста на интелектуалната и физичката работа и значењето на нивното содејство за зачувување на здравјето,
- да се обезбедат оптимални услови во училиштето за развивање на здравствената и физичката култура и да се унапредува здравјето и психофизичкиот развој на учениците,
- да се формираат позитивни здравствено-хигиенски навики кај учениците,
- да се превземат мерки за подобра здравствена заштита кај учениците
- да се сочува и зајакне менталното здравје со што младата личност ќе биде оспособена за соочување со предизвици

## ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО

Грижата за здравјето на децата е приоритет не само заради самото здравје, туку и од гледна точка на самиот образовен систем – за да можат децата да учат треба да се здрави. Тргнувјќи од оваа констатација, заштитата и унапредувањето на здравјето на

учениците е обврска на сите во училиштето, во непосредна соработка со родителите, здравствената служба и пошироката заедница. Со оглед на комплексноста и екстензивноста на категоријата здравје, глобално содржините во рамките на училишната здравствена политика во програмата се групирани во три подрачја:

-унапредување на здравјето во физичка смисла;

-унапредување на менталното здравје;

-социјално здравје

Училиштето има тим од наставници кои посетиле обука за Прва помош и се обучени да дејствуваат во ситуациите кога е потребно.

Тимот, но и сите наставници и вработени во училиштето се запознати со Процедурата на реагирање на немил настан која е прифатена од Наставничкиот Совет а одобрена од Училишен одбор и содржи :

1. При ситуација-настан во кој ќе се забележи потреба од интервенција дежурниот наставник во ходникот (за време на одмор) или предметниот наставник (за време на час) е должен за го извести доколку е можно и да ги повика најмалку еден од членовите на тимот за пружање прва помош.

2. При ситуација – настан во кој ќе се забележи прекршување на куќниот ред и кодексот на однесување на учениците се повикува психологот на училиштето со цел разрешување на конфликтната ситуација, доколку настанот се случува во Училишниот двор дојавата треба да биде проследена од дежурниот наставник во ходникот и хигиеничарот кој е на смена, до стручната служба и Директорот.

Доколку се утврди за потребно психологот го информира Секретарот кој известува до соодветна институција (Брза Помош, Центар за социјална работа, Полиција и сл)

## ХИГИЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО

Техничкиот персонал континуирано ќе се грижи за хигиената во училиштето. Дезинфекцијата редовно се извршува во текот на годината.

За одржување на хигиената и другите технички работи се грижат вработени во техничката служба прикажан во следнава табела:

| Име и презиме | Образование | Работно место |
|---|---|---|
| **Жаклина Стојковска** | Средно образование | Хигиеничар |
| **Љубица Горгиевска** | Средно образование | Хигиеничар |
| **Илче Радевски** | Основно образование | Хигиеничар |
| **Лидија Роцевска** | Основно образование | Хигиеничар |
| **Благојче Темелковски** | Средно образование | Хигиеничар |
| **Филип Евтимовски** | Средно образование | Хаус мајстор |
| **Рахела Транталовска** | Средно образование | Одржувач на учил. економија |

Во училиштето се води грижа за хигиената, особено за тоалетите кои ги користат учениците. Истите секојдневно се дезинфицираат како и санитариите во нив. Хигиената е на високо ниво како во училниците така и во ходниците, по скалите и во сите други простории во училиштето. Прозорците, вратите и другиот инвентар генерално се чистат по два пати во секое полугодие. Училишниот двор и сите земјени и тревни површини редовно се одржуваат од страна на учениците од земјоделско ветеринарната струка со одговорните наставници и од учениците од сите паралелки кои имаат определен дел кои сами го чистат еднаш неделно.

Тимот од биолози заедно со психологот на училиштето е задолжен за изработка на Програма за грижа за здравјето на учениците која опфаќа конкретни активности во текот на целата наставна година и задолжени наставници.

Континуирано ќе се вршат систематските прегледи и вакцинацијата на учениците и вработените согласно календарот за вакцинација.

Низ разни форми на презентации и едукативни предавања ќе се врши едукација за здравата исхрана и унапредување на здравјето на учениците како и зачувување на менталното и психичкото здравје кај адолесцентите, градење на здрави и прифатливи животни навики и остварување на личните потенцијали.

Доколку е потребно планираните активности ќе бидат надополнети со предавања кои не се предвидени во дадениот план во прилог.

Работилници, советодавни разговори и едукација ќе спроведува психологот на училиштето со индивидуални или групни средби со учениците со цел зачувување и унапредување на социоемоционалниот развој на учениците.

# УЧИЛИШНА КЛИМА И ОДНОСИ ВО УЧИЛИШТЕТО

## ДИСЦИПЛИНА

Во поглед на одржување на редот и дисциплината во Училиштето постојат Кодекс на однесување на учениците и наставниците и Куќен ред на училиштето со кој учениците се запознаваат на почеток од наставната година. (прилог Куќен ред и Кодекс на однесување) .

За одржување на редот и дисциплината во училиштето континуирано се грижат сите наставници, а секојдневно се определени одговорни – дежурни наставници на секој кат–кои ги контролираат ходниците, а еден од дежурните наставници води и писмена евиденција за тековните збиднувања. За оваа учебна година распоредот за дежурства по ходници ќе биде истакнат на огласна табла со почетокот на наставната година после изработката на распоредот за настава . Со тоа секој наставник ќе добие задолжение и ќе биде вклучен во одржувањето на дисциплината и редот во училиштето.
За редот и дисциплината и безбедноста после завршувањето на наставата се грижи чуварска служба.

| Име и презиме | Образование | Работно место |
|---|---|---|
| **Стерјовски Тони** | Средно образование | Чувар |
| **Сековски Ристе** | Средно образование | Чувар |

За отварањето на зградата се грижи хигиеничарот кој е од прва смена. Првата смена во Училиштето започнува од 6 часот, од затворањето на зградата после 16 часот се грижи хигиеничарот кој е во втора смена.

# ЕСТЕТСКО И ФУНКЦИОНАЛНО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО УЧИЛИШТЕТО

За естетското и функционалното уредување на просторот во Училиштето и училишниот двор се грижат тројца агрономи заедно со учениците од земјоделско ветеринарната струка, членовите на еколошката секција и на Младинската заедница.

Ликовната секција во училиштето заедно со задолжениот наставник во соработка со младинската организација на Училиштето вршат естетско уредување на ходниците на зградата по повод одредени празници (Парониот празник на училиштето, Нова Година, Велигден, Бајрам и сл).

Дел од активностите за естетско уредување на дворот на училиштето ќе бидат реализирани со средства од грантови и проекти на кои ќе се аплицира.

## ЕТИЧКИ КОДЕКСИ

• Секоја година се врши иновирање на текстот на етичкиот кодекс на ученици, професори, родители, други вработени. Сите кодекси за однесување на учениците, наставниците, родителите и другите вработени ќе бидат дадени во прилог на оваа програма. За иновирање на текстот на кодексите е задолжен тимот во кој членуваат секретрот и наставници.

• Еко-кодекс- ја дефинира целата мисија на училиштето и претставува заеднички став односно правилник на однесување на сите вклучени во еколошката програма. На јасен и декларативен начин се покажува посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи. Еко-кодексот се истакнува на видно место во училиштето.

## МУЛТИ- КУЛТУРАЛИЗАМ

Во нашето Училиште од 2008 година наставата се изведува на три јазици, македонски, албански и турски јазик. Во текот на годината активностите предвидени во акционите планови задолжително вклучуваат заеднички активности со цел запознавање и почитување на различностите. Одговорен тим за оваа компонента и изготвување на акционен план за реализација на мултикултурните активности во редовната и во воннаставните активности се: Директорот - Динче Кочевска, психологот- Елизабета Волкановска и професори од различните националности и со координатор Благоја Кочовски. Веќе неколку години училиштето е вклучено во рамки на проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција во образованието во соработка со МОН и БРО. Улогата на тимот е да раководи со активностите за меѓуетничка интеграција во текот на целата учебна година, кои би имале за цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка помегу сите структури во училиштето. Се одржа и успешна десеминација на сите наставници која придонесе да се реализираат голем број на активности со мултиетнички и мултикултурен карактер кои станаа пример во Општината како се гради соживот кои беа прикажан и на дел од медиумите и социјалните мрежи. Годишната програма за МИО активностите е дадена во делот со Прилози.

# ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВНИОТ КАДАР

## ДЕТЕКТИРАЊЕ НА ПОТРЕБИТЕ И ПРИОРИТЕТИТЕ

Директорот, наставникот и стручниот соработник во училиштето во текот на својата работа се должни професионално да се усовршуваат, согласно законот и прописот на Министерот.

За професионалното усовршување и оспособување на секој наставник и стручен соработник во училиштето се води професионално досие каде формата, содржината и начинот на водењето на професионалното досие е пропишано од министерот на предлог на Бирото и Центарот за стручно образование и обука.

Наставникот и стручниот соработник кои за прв пат се вработуваат во училиште се со звање наставник-приправник и стручен соработник- приправник.

## АКТИВНОСТИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Во рамки на самоевалуацијата преку анкетирање на наставниците се врши определба на приоритети за обуки со цел усовршуванње на наставниот кадар за усовршување на наставниот кадар . Во текот на учебната година доколку БРО и МОН планираат реализација на одредени проекти лицето задолжено за контакт- секретарот на училиштето ги известува наставниците за понудените обуки. Директорот врши избор на соодветни наставници кои ќе ја следат обуката/проектот. Истите се должни после враќањето да извршат дисеминација од проектот на сите наставници во училиштето.

## ЛИЧЕН ПРОФЕСИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Личниот развој на наставникот и нивното напредување се следи преку континуирано водење на досие на вработениот од страна на психологот во Училиштето.

Во текот на септември секој наставник доставува Личен план за професионален развој каде што ги заведува обуките и подрачјата каде планира да се надоградува. Тимот за професионален развој на основа на извештаи од активите кои го сочинуваат сите претседатели на активи, прави заеднички План за професионален развој на кадарот.

Во досието за наставник се евидентира посетата на семинари и обуки, учество на конференции, регионални средби пишани статии и сл, со цел мотивација на наставниците за понатамошно напредување Директорот на секој наставнички совет го информира колегиумот за постигањата на натпреварите и посетеноста на обуките со што врши јавна афирмација на наставникот**.**

## ХОРИЗОНТАЛНО УЧЕЊЕ

Професионалниот развој во училиштето оди преку хоризонтални учење (наставниците учат едни од други) и вклучува различни форми на организиран и планиран трансфер на знаење и размена на професионалните искуства во рамки на

училиштето или помеѓу училиштата. Истражувањето т.е практиката покажува дека најдобри резултати, во однос на професионалниот развој се постигнува со примена на различни форми на хоризонтални учења.

За спроведување на хоризонтално учење важна е тимската работа. Ова придонесува за подобра реализација на професионалниот развој на вработените во институцијата, под услов тие да се спроведуваат во согласност со начелата кои обезбедуваат меѓусебната компатибилност и продуктивноста. Тимска работа обезбедува можности да креираат и развиваат нови идеи, како и значително поголема ефикасност во споредба со поединецот.

Активности кои ќе придонесат за поуспешно хоризонтално учење и размена на искуства се следниве:

1. Собирање и разгледување на информации за можностите за професионален развој на национално ниво
2. Совети / поддршка на наставниците по барање или врз основа на набљудувања во училиште
3. Групи на интерес/ може да се формираат со користење на различни области во кои постои заеднички интерес
4. Состаноци во училиштето, кои можат да бидат организирани како трибини, дебати, семинари во училиште односно имплементација на различни програми за обука во согласност со проценката на потребите и приоритетни прашања во однос на професионалниот развој на училишно ниво.
5. Отворена (пилот и реномирана) настава може да се организира на ниво на субјектот и наставниците во училница, како и во рамките на професијата
6. Акции- истражувања
7. Менторство
8. Поддршка на индивидуалното учење

## ТИМСКА РАБОТА И УЧИЛИШНА КЛИМА

Тимската работа е многу значајна за подобра реализација на професионалниот развој на вработените, под услов тие да се спроведуваат во согласност со начелата кои обезбедуваат меѓусебната компатибилност и продуктивноста. Тимска работа обезбедува можности да креираат и развиваат нови идеи, како и значително поголема ефикасност.

На почеток на учебната година директорот со наставничкиот совет врши формирање на комисии водејќи сметка за етничка и полова застапеност. Комисиите се формираат за различни потреби и тоа:

1. Комисија за реализирање на државна матура УМК
2. Комисија за јавни набавки
3. Комисија за прием на ученици
4. Комисија за рангирање
5. Комисија за прием и распределба на учебници
6. Комисија за прием на нови наставници по оглас
7. Комисија за спреведување на екскурзии
8. Комисија за организација на матурската прослава и фотографирање
9. Училишни предметни комисии за полагање на поправните, вонредните и интерните испити

10. Комисија за попис
11. Комисија за архивско работење
12. Тим за изработка на презентации и брошури
13. Тим за презентирање на училиштето
14. Тимови за изработка на Годишната програма

По потреба во текот на наставата ќе бидат формирани и други комисии во зависност од потребите и динамиката на работа.

Тимската работа е основа за креирање на позитивна клима на соработка која овозможува подобрување на резултатите од работењето, ефективни состаноци, взаемно почитување и доверба, конструктивност, критичност и самокритичност. Директорот како раководен орган постојано, зависно од барањата на задачите, планирањето на активностите ќе го врши преку барања за тимска работа.

# СТРУЧНИ АКТИВИ ЗА УЧЕБНАТА 2023/24 ГОДИНА

| ***Претседатели на стручни активи*** | |
|---|---|
| **Македонски јазик и литература** | *Даниела Стерјовска* |
| **Турски јазик и литература** | *Џанан Муфти* |
| **Албански јазик и литература** | *Уксел Шерифи* |
| **Странски јазици** | *Жанета Стрезоска* |
| **Математика, информатика, физика** | *Благојче Кочовски* |
| **Биологија, хемија, географија** | *Кате Настевска* |
| **Општествени предмети и уметности** | *Шенер Далиповски* |
| **Спорт и спортски активности** | *Јорданчо Георгиевски* |
| **Земјоделско-ветеринарна струка** | *Васко Јовановски* |

# ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВАТА ВО УЧИЛИШТЕТО

## 1. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ЖИВОТОТ И РАБОТАТА НА УЧИЛИШТЕТО

Ова структурално подрачје ќе се остварува на следнива начини:

1. Соработка со семејството, особено со родителите и учениците;

2. Соработка со локалната самоуправа и воспитно – образовни установи, институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации заради збогатување на воспитно – образовната работа со учениците;

3. Организирање разновидни оптшествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалната средина;

4. Информирање на поширoката јавност за резултатите и постигнувањата на училиштето;

5. Вклучување на училиштето во други културни и образовни активности, во рамките на локалната самоуправа;

Вклученоста на родителите во процесот на учење се манифестира најдобро преку Советот на родители кој ги врши следните работи:

-разгледува прашања од животот и работата на училиштето и дава мислење за подобрување на воспитно-образовната работа;

-го разгледува успехот и поведението на учениците и дава мислење за подобрување на истиот;

-ја следи редовноста на учениците и дава мислење за нејзино подобрување;

-соработува со наставничкиот совет;

-именува свои претставници за членови на Училишниот одбор;

-се грижи за обезбедување на материјални средства преку спозорства за осовременување на наставата, изведување на екскурзии со учениците, награди на учениците, посети и подобрување на условите за работа;

-се грижи за обезбедување на средства на ученици – социјални случаи;

-врши и други работи од интерес на унапредување на дејноста во училиштето.

Согласно распоредот на наставниците секој наставник е должен да истакне на огласна табла термин за прием и консултации со родители.

## 2. ВКЛУЧЕНОСТ НА СЕМЕЈСТВОТО ВО ПРОЦЕСОТ НА УЧЕЊЕ

Соработката со родителите ќе се одвива преку заеднички и индивидуални родителски средби, разговори со можност за вклучување на родителите во реализација на воспитно – образовни задачи, а особено во делот на подобрување на условите за непречно одвивање на наставата, естетско обликување и уредување на училниците при изведување на културно забавни програми во училиштето и локалната средина, при изведување спортски натпревари, помош во изведување на екскурзии, излети и сл. Родителите ќе се вклучат во реализација и на други активности, во зависност од потребите на учениците и училиштето.

Подготовката што ја организира училиштето за учениците за избор на понатамошно образование по завршување на средно образование опфаќа широк спектар на добро структурирани пристапи: на пр. самооценување на вештините, интересите и знаењата на учениците, редовно информирање на родителите и учениците за помошта што може да ја добијат во училиштето преку пишани и усни соопштенија од страна на раководителот на паралелка и психологот.

Индивидуалните разговори ќе се одвиваат по потреба, иницирани од раководителите на паралелка и психологот. Согласно Законот за средно овразование и Правилник за советување на ученици и родители, психологот врши и советување на родителите, чии деца покажуват слаб успех, неоправдано отсуство од настава и неприлагодено однесување. Процедурата за вршење на психолошките советувања ја иницира раководителот на паралелката кој е задолжен да ги повика родителите со писмена покана согласно календар за работа изготвен од психологот на училиштето. На првата родителска средба родителите се известуваат за законските одредби и обврските на родителите за присуствата на советувањата како и казнените одредби доколку не присуствуваат на истите. После секоја средба раководителот е должен да провери кај психологот на училиштето дали родителот се јавил на поканата.

### 3.ВО АКТИВНОСТИТЕ ВО УЧИЛИШТЕТО

Во активностите од училиштето родителите се вклучени во организација на сите воннаставни активности,  натпревари, екскурзии, приредби, манифестации, промоции.

Според правилниците за поуспешна реализација на организирањето екскурзии, фотографирање на матуранти, и сл. неизбежен член кој е обврзан да присуствува на сите состаноци е и член од одборот на родителите на годината.

### 4.ВО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ

Во училиштето кога има потреба се даваат прашалници за утврдување на професионалните интереси на учениците и се применуваат тестови за општи и специфични способности кои помагаат во професионалното ориентирање на учениците. Секое спроведување на истражување од било каков вид се реализира со согласност од родителите.Се вреднува вклученоста и партиципацијата на родителите во давање на идеи, предлози и донесување на одлуки, преку совет на родители, училишна заедница, училишен одбор.

### 5. ЕДУКАЦИЈА НА СЕМЕЈСТВОТО

Се планира да се организираат едукативни работилници за родители, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, флаери, плакати, брошури, училишни весници, ВЕБ страната на училиштето. Советодавно-консултативни работилници –индивидуални и групни, посета на семејства и др.

## ИЗРАБОТКА НА БРОШУРА ЗА РОДИТЕЛИ

Тимот за подготовка на брошура за Училиштето организиран од информатичката секција, им се нуди на родителите повеќепати годишно во писмена форма (на разни манифестации во градот – пр. Јаболкобер, Велигденски хепенинг - кога Училиштето има штандови, кога училиштето прави промоција) и го има континуирано во електронска форма на ВЕБ страницата на Училиштето. Брошурата се печати со помош на финансиски средства од Училиштето и спонзорства.

## КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА И ПРОМОЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

### ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

Нашето училиште комуникацијата со локалната заедница ја врши секојдневно преку користење на електронска пошта, писмено – доколку има потреба.  Во прилог на годишната програма е дадена *програма за одржување комуникација со јавноста* каде детално е објаснато видот а активности и носителите на истите.

## ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

На сите културни настани, изложби, хепенинзи, манифестации и сл. училиштето зема учество како единствено средно училиште во општината. Преку наставните и воннаставните активности учениците во текот на целата година се подготвуваат интензивно со цел да ги презентираат и афирмираат своите знаења и вештини. Покрај тоа согласно *Прилог – програмата за екскурзии* учениците секоја година ги посетуваат на еднодневни екскурзии културно историските знаменитости во општината и надвор од неа и тоа: драмски изведби, спомениците во Скопје, Музејот во Скопје, кино – претстава и театарска претстава и сл., како и институции од областа на културата кои се надвор од нашата држава.

## ИНСТИТУЦИИ ОД ОБЛАСТА НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Воспитно – образовната дејност се изведува согласно законските прописи што налага континуирана соработка со МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, ЦССО и други институции чија што дејност е поврзана со работа со деца, нивниот развој и воспитување. Комуникацијата најчесто се изведува по електронски пат или по пошта. Сите задолженија кои пристигнуваат до Директорот, Секретарот на училиштето и психологот се проследуваат до соодветниот наставник или актив, со нагласување на рокот до кој треба да биде сработено. Посебно внимание се обрнува на водење и администрирање на збирката податоци за ученици и родители како и наставници (ЕМИС и ХРМ) со цел поусшешно водење на електронскиот дневник. Дневникот се води согласно одредбите од законот за средно образование и служи за 24 часовно следење на успехот на ученикот и поуспешна комуникација наставник-родител и обратно.

Соработката со Основните училишта во Општината се изведува преку планирање на активностите. Во програмата за работа на психологот се планира размена на податоци на почетокот на учебната година со цел континуирано следење на успехот на учениците кои го продолжуваат своето образование во нашето училиште. Тековно, се врши консултација и соработка со тимовите задолжени за одредени програми, настани, хепенинзи во кои се зема заедничко учество со основните училишта. На крајот на учебната година училиштето ја презентира својата програма преку тим за презентација кој има изготвено презентација и флаери за училиштето кои имаат за цел да привлечат поголем број на ученици во прва година.

## ПОЛИЊА НА СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ

Соработката со Невладини организации, Спортски друштва, Здравствени организации и Медиуми се неизбежни во работата на училиштето во текот на оваа учебна година и ќе се изведуваат по посебни програми и акциски планови кои имаат за цел подобрување и афирмација на воспитно образовната работа на училиштето**.**

# ПРИЛОЗИ

**Педагошка инструктивна работа**

Во текот на учебната 2023/24 година ќе биде застапена педагошка инструктивна работа од страна на Директорот на училиштето.

**Цел:** Подобрување на методско-педагошката работа на наставниот кадар. Ќе бидат направени посети на наставни часови во текот на првото и посети во второто полугодие.

Распоредот на посетите ќе биде подготвен месечно и благовремено најавен.

**Нормативна работа**

Директорот ќе се ангажира за изготвување на потребните нормативни акти:

- Програма за работа на Училиштето
- Изработка на Функционална анализа
- Изработка на нов Правилник за внатрешна организација на СОУ Цар Самоил
- Изработка на нов Правилник за систематизација на работни места на СОУ Цар Самоил
- Изработка на Развоен план на училиштето

**Работа со управните органи**

Директорот ќе се ангажира за успешна работа на органите на управување пред се на училишниот одбор за подготвување на дневниот ред и материјал на седниците. Ќе се обезбеди претходна расправа на материјалите кои ќе бидат на дневниот ред на состаноците на училишниот одбор. Ќе се залага да се создадат услови за поголема активност на културно-забавниот живот во училиштето преку: драмската, рецитаторската новинарската, музичките бендови и други секции. Посебно прилог ќе се дава за подобрување на успехот на учениците преку благовремено поставување на седниците на наставничкиот колегиум.

**Стручни органи**

Директорот непосредно ќе биде одговорен за работата на наставничкиот колегиум, ќе свикува и ќе раководи со седниците. Притоа, посебно ќе биде организацијата на работата во новата учебна година. Успехот, редовноста и поведението од тромесечјата и на крајот на првото и второто полугодие.

Пред наставничкиот колегиум покрај другите ќе бидат разработувани и прашањата:

- Методско педагошка припрема на наставникот и примена на нови техники и методи во наставата.
- Разработка на новите наставни планови и програми во рамките на стручното и гимназиско образование.

**Материјално -финансиско работење**

Покрај другото директорот е одговорен за материјално-финансиското работење во училиштето.

- Во почетокот на годината ќе биде направен преглед на обемот на работата за таа учебна година;

- Ќе се грижи за нормален прилив на средства за нормална работа и редовно исплаќање на личните доходи;
- Ќе се грижи за исплата на добиените фактури;
- Набавка на нагледни средства и опрема за работа;
- Ќе се грижи за обезбедување средства за подобрување на воспитно-образовниот процес;

**Педагошка администрација**

- Уредно водење на класни книги;
- Уредно водење на матични книги;
- Уредно водење на записници од поправни испити;
- Преглед и потпис на ученички документи-книшки и сведителства;
- Следење на проектните активности;

**Август**

- Увид во просторноста за редовно одвивање и отпочнување за работа;
- Организарање на поправните и завршните испити;
- подготовка за годишниот извештај за успехот, редовноста и поведението на учениците, подготовка на годишната програма за учебна 2023/24 година;
- Решавање на кадровското прашање пред почетокот на учебната година;
- Изготвување на календар за работа во учебната 2023/24 година. Избор на класни раководители, носители на слободни активности, разговор со младите наставници за запознавање со работата на училиштето.
- Одржување на Наставничкиот совет и усвојување на Извештај за работа на Училиштето за текот на учебната 2022/23 година, како и усвојување на Годишната програма за работа на учебната 2023/24 година.

**Септември**

- Преглед на состојбата на фондот за нагледни средства;
- Припрема и организирање на родителски средби со родители од прва до четврта година;
- Одржување на Наставничкиот совет;

**Октомври**

Директорот прави осврт на почетокот на учебната година, се формираат повремени комисии-помошни тела на наставничкиот колегиум;

- Прослава на Патрониот празник на Училиштето - 6 Октомври;
- Одбележување на Денот на востанието на македонскиот народ - 11 Октомври и 23 Октомври – Ден на македонската револуционерна борба;
- Распоред за полагање вонредни испити;
- Одржување на Наставничкиот совет;

**Ноември**

- Подготовка за закажување и одржување совети на родители и родителски средби, утврдување на дејноста на Училиштето за наредната учебна година.
- Посета на часови (инструктивно-педагошка работа) и увид во педагошката евиденција.
- Припрема и одржување на совети на годините;
- Одредување комисии за државна, училишна матура и завршниот испит;
- Одржување на Наставничкиот совет;

**Декември**

- Подготовка и инвентаризација на имовината;
- Анализа на одржаните совети на годината и родителски средби;
- Распоред за полагање вонредни испити;
- Посета на часови;
- Увид во изготвување на финансиски план за 2024 година;
- Преглед на дневниците и увид во оценувањето и работата на стручните активи;
- Одржување на Наставничкиот совет;

**Јануари**

- Изготвување на полугодишниот извештај за успехот, поведението и редовноста на учениците и подготовка за второто полугодие;
- Увид на целокупната педагошка администрација;
- Разгледување на успехот и поведението на учениците од првото полугодие преку статистички податоци;
- Увид во подготовка за завршната сметка во училиштето;
- Одржување на Наставничкиот совет;

**Февруари**

- Одржување на Наставничкиот совет за успехот, поведението и редовноста на учениците во првото полугодие;
- Организирање на родителски средби;
- Презентирање на полугодишниот извештај пред училишниот одбор;
- Усвојување на завршната сметка;
- Информација за активностите и финансиите за извршената завршна сметка;
- Распоред за полагање вонредни испити;

**Март**

- Посета на часови;
- Обележување на Денот на екологијата;
- Одржување на Наставничкиот совет;

**Април**

- Одржување на класни совети за успехот, поведението и редовноста на учениците во третото тромесечје;
- Организирање на родителски средби;
- Распоред за полагање вонредни испити;
- Одржување на Наставничкиот совет за успехот, поведението и редовноста на учениците од третото тромесечие;
- Посета на часови;

**Мај**

- Подготовка за завршувањето на наставната година;
- Календар и распоред за полагање на поправни и завршни испити во јунската испитна сесија;
- Прослава на денот на просветните работници 24 Мај со организирање на заедничко дружење со просветни работници;
- Организирање пролетни ученички екскурзии;
- Одржување на Наставничкиот совет;

**Јуни**

- Пополнување, комплетирање на педагошката евиденција и изведување на феријална пракса, глобален план за наставниците во идната наставна година и притоа ќе се изведат завршните испити;
- Организирање на спроведувањето на: државната, училишната матура и завршниот испит;
- Распоред за изведување на продолжителна настава;
- Подготовка за упис на ученици во прва година;
- Информација за фондот на часовите по предмети;
- Распоред за полагање на поправни и вонредни испити;
- Одржување на Наставничкиот совет;
- Подготовка за манифестацијата „ Најдобар од најдобрите “.

**Директор**

**Динче Кочевска**

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТАТА НА УЧИЛИШНИОТ ПСИХОЛОГ

Во глобалниот план за работата на психологот ќе бидат прикажани работните задачи и глобалните насоки на дејствување. Истите ќе бидат остварувани во склад со нормативните акти и описот на работното место, но со доволно простор за оставање на личен печат, избор на приоритети, методи и форми за нивна реализација.

Основна цел и задача на психолошката служба во училиштето е унапредување и усовршување на воспитно-образовната дејност и воспоставување и негување на врската ученик – родител –училиште која е пресудна во успешното воспитание и остварување на наставните цели. Приоритет се дава на здрав и хуман развој на младата личност и нејзин развој во насока на стабилна и здрава иднина со широки погледи на секое поле од животот.

Задачи и подрачја на делување на училишниот психолог:

- програмирање, следење и унапредување на воспитно – образовната работа;
- советодавна, инструктивна соработка со наставниците, учениците и нивните родители;
- анализирање и проучување актуелни проблеми во наставата и воннаставните форми на работата со учениците;
- преземање превентивни мерки за отстранување на негативното влијание на пошироката општествена средина врз младите и отстранување изразени тешкотии, негативни појави и слично;
- тимска работа со наставниците и други соработници за одделни проблеми на воспитно – образовниот процес;
- Аналитичко-студиска и истражувачка работа во подрачјата настава (оценување,редовност и др.)и воннаставни активности;
- Општо стручно усовршување на наставничкиот кадар;
- Водење и следење на педагошката евиденција и документација;

**Содржина на работата за месец:**

**СЕПТЕМВРИ**

- Следење на работата и учество во комисијата за формирање на паралелките за прва година;
- Подготовка на евиденцијата за следење на успехот и редовноста на учениците од прва година;
- Советодавна работа со учениците и нивните родители кои манифестираат адаптациони проблеми;
- Соработка со предметните наставници и нивно информирање за ученици од кои се очекува потешко прилагодување и напредок (соц. статус, повторувачи, доселени,семејна состојба и сл.);
- Посета на часови и соработка со наставничкиот кадар со цел прифаќање на современи методи на работа;
- Приспособување на наставните програми на учениците со посебни образовни потреби во соработка со стручните активи;
- Запознавање и анкетирање на учениците за изборот на проектни активности;

**ОКТОМВРИ**

- Следење и документирање на неоправданите отсуства со цел навремено известување на родителите;
- Советодавно-консултативна работа со ученикот заради слаби резултати или отсуства од часови;
- Соработка со стручните активи за изработка на тестови на знаење;
- Разговори со родители;
- Помош на учениците кои имаат потешкотии во совладувањето на наст. содржини или социјализацијата;
- Соработка со институциите надвор од училиштето ( Центар за социјална работа, Црвен крст, Здравствен дом, Центар за деца со посебни потреби, други основни и средни училишта);
- Следење на стручна литература;
- Следење на постигањата, отсуствата на учениците во првиот квалификационен период во зависност од полот, етничката припадност и наставните предмети;

**НОЕМВРИ**

- Советодавна работа со ученици кои имаат 3 и повеќе слаби оценки;
- Разговори со учениците со над 10 и повеќе неоправдани изостаноци;
- Посета на часови со цел следење на ученици издвоени за недисциплина;
- Консултативна работа со наставниците и анализа на можните причини за неоправданите отсуства и слабиот успех на поединци;
- Работа со поединци или групи на ученици со цел- решавање на конфликти;
- Аналитичко-студиска и истражувачка работа на актуелна тема ;

**ДЕКЕМВРИ**

- Средби со родители и деца кои покажуваат изразито слаб успех;
- Средби со родители и деца кои покажуваат адаптациони и проблеми во социјализацијата;

- Изготвување на прегледи и извештаи за полугодишната работа на психологот;
- Статистичка и психилошка анализа на успехот на учениците и можните причинители за варијации (пад на успехот);
- Учество во изготвувањето на полугодишниот извештај за работата во првото полугодие;
- Следење на постигањата, отсуствата на учениците на крајот на вториот квалификационен период (полугодие) во зависност од полот, етничката припадност и наставните предмети;
- Соработка со локалната заедница и деловниот сектор;
- Работа со учениците од завршните години на полето на професионалната орјентација ( тестирање, обработка на податоците и повратна информација);

**ЈАНУАРИ**

- Завршување на полугодишните извештаи;
- Средби со родителите по барање на класните професори или наша иницијатива за анализи и помош на деца со слаб успех или асоцијални;
- Соработка со центарот за социјална работа и матичните лекари на одредени ученици;
- Посета на семинари и средби со психолози од други средни училишта;
- Полугодишна анализа на изостанувањата и причините за изостанувања;
- Барања и прием на тимови за презентација на Високообразовните установи со цел професионално орјентирање на учениците од завршните години;

**ФЕВРУАРИ**

- Советодавно-консултативна работа со ученици на кои во првото полугодие им се изречени педагошки мерки;
- Советодавно-конс. работа со ученици со слаб успех ,асоцијално однесување, семејни, здравствени и психолошки проблеми;
- Соработка со стручните активи за анализа на применливоста и корисноста на новите методи на работа;
- Продолжување и иницирање на понатамошна соработка со родителите;
- Соработка со членовите на Училишната матурска комисија за информирање на учениците за претстојните матурски испити, избор на предмети и начин на полагање;

**МАРТ**

- Интензивна работа со деца со потешкотии во совладување на наставните содржини заедно со предметните професори;
- Анализа на ефектот од досега изречените педагошки мерки ;
- Анализа на соработката во и помеѓу стручните активи и подобрување на работната атмосфера во колективот (заеднички средби и дружење надвор од работа);
- Подготовка на анкетни листови за професионална ориентација на учениците од четврта година;
- Превентивна ментално-хигиенска работа;
- Средби со соработници од други институции кои се во врска со физичкото и психичкото здравје на децата и изработка на заеднички проекти за овие области;
- Соработка со невладиниот сектор за истражувања по предложени подрачја;

**АПРИЛ**

- Продолжување на соработката со деца и родители преку индивидуални или заеднички средби за решавање на тековните проблеми;
- Спроведување на тестирањето за професионална ориентација и анализа на резултати;
- Решавање на конфликти преку консултативно – советодавни средби ;
- Учество во спроведување на додатна и дополнителна настава за учениците;
- Разговори со ученици од понизок социјален статус, слаб успех или посебни психолошки проблеми;
- Соработка со центар за социјална работа;

**МАЈ**

- Известувања до учениците за спроведеното тестирање за професионална орјентација на учениците од завршните години;
- Контрола и анализа на педагошката евиденција;
- Соработка со високообразовните институции за нивна промоција кај завршните години;
- Посета на часови заради следење на однесувањето на посочени проблематични деца;
- Средби со класните раководители со цел изнаоѓање на соодветни начини за испрашување и тестирање на децата со различни способности, знаења и вештини;
- помагање во спроведување на матурските испити;
- организирање на канцеларија за информирање на учениците за се во врска со матурата;

**ЈУНИ**

- консултативна работа со учениците упатени на дополнителна настава;
- средување на педагошко-психолошките извештаи и документација;
- анализа на извештаите за успех и поведение;
- годишен извештај за работата на психологот;
- Изготвување програма за работа на психологот за наредната учебна година;
- Учество во изготвување на годишната програма за работа во училиштето за наредната учебна година;

Согласно законските измени ке се изведуваат и групни советувања на родители на ученици со слаби оценки, над 10 неоправдани и над 100 оправдани изостаноци. Советувањата ке се вршат по претходно изготвен распоред по групи родители кои ќе бидат поканети од раководителите на паралелките. За присуството на родителите ке се води посебна евиденција со цел запазување на законската обврска родителот задолжително да се јави на советување после најмногу две испратени покани. Сите раководители на паралеки континуирано ке се запознаваат со текот и присутноста на родителите на Советодавните разговори.

По завршувањето на учебната година активностите се засноваат на учество во изработка, реализација и анализи на резултати од: испити на година, поправни и матурски испити.

Во договор со стручниот тим и директорот тековно ќе се изготвуваат и реализираат советодавни предавања, трибини и работилници чија цел ќе биде превентивно делување и ментална хигиена. Темите на кои ќе се реализираат предавања и работилници ќе бидат дополнително избрани во зависност од актуелноста или

потребата. Во нивна реализација ќе бидат вклучени тимови од МВР, Здравствен дом, Служба за социјални работи, Невладини организации и др.

***Психолог***
***Елизабета Волкановска***

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН БИБЛИОТЕКАР

***Септември***

1. Запознавање и прием на нови членови во библиотеката
2. Избор на списанија кои ќе се пласираат на учениците
3. Упис на нови членови во библиотеката и запознавање на новите членови со начинот на пополнување на читачките картони
4. Информации на учениците, прибирање на одредена литература во училиштата и други библиотеки
5. Секојдневно примање и издавање книги од училишната библиотека

***Октомври***

1. Подредување на нови книги по инвентарен број во библиотеката, набавени по повид месецот на книгата од издавачките куќи во Скопје
2. Заведување на набавени книги
3. Внесување на набавени книги во инвентарна книга
4. Меѓубиблиотечна соработка во општината по повод распишаниот конкурс на тема „Книгата – прозорец кон светот“
5. Развивањње на читателските и креативните способности на учениците
6. Секојдневно примање и издавање книги од училишната библиотека

***Ноември***

1. Оспособување на учениците за користење на разни методи за самостојно учење, работа со текст и др. материјали
2. Испитување, размислување и насочување на интересот на учениците за книгата во склад со нивните желби, склоности и потреби
3. Посета на културна – научна манифестација
4. Секојдневно примање и издавање книги од училишната библиотека

***Декември***

1. Прибирање на книгите во библиотеката
2. Запознавање на учениците со значењето и функцијата на авторот на книгата
3. Изградување и развивање критички став на вредноста на делото
4. Промоции на книги
5. Бирање на најдобри читатели
6. Соработка со училишни идруги библиотеки

***Јануари***

1. Соработка со родителите и нивно информирање
2. Вреднување на работата на учениците во училишната библиотека
3. Доделување пофалница за најдобар читател во првото полугодие
4. Соработка со училишниот одбор
5. Следење интересот на читателите корисници и редовно писмено известување за набавка соодветна стручна и др. литература

6. Секојдневно примање и издавање книги од училишната библиотека

***Февруари***

1. Упатување на учениците во размена и позајмување на литература од др. Библиотеки, институции и поединци
2. Читање и анализа на стихозбирки издадени од наши ученици и др.училишта
3. Во посета на училишните библиотеки на други училишта во Ресен
4. Спроведување анкета меѓу учениците на тема „Моја омилена книга“
5. Секојдневно примање и издавање книги од училишната библиотека

***Март***

1.Разговор за дела од жени писатели и истакнување на улогата на жената мајка, борец, работник во општеството

2.Подготвување, заедно со литературната секција, мала програма по повод 8–ми март

3.Информирање на наставниците по македонски јазик за читањето на учениците

4.Секојдневно примање и издавање книги од училишната библиотека

***Април***

1.Програма за учење и настава на комјутер поврзано со примена на наставата по информатика

2.Информација од активноста на учениците со постојана рабоат во библиотеката

3.Припрема за натпревари по македонски јазик и литература

4.Ревизија и заштита на книжниот фонд

5.Секојдневно примање и издавање книги од училишната библиотека

***Мај***

1. Средување и лепење на искинатите книги

2. Разговор со членовите за улогата и значењето на првите македонски просветители браќата Кирил и Методиј

3. Евиденција на издадени и вратени книги од училишната библиотека

4. Организација за настап на млади поети со читање на лични творби како од поети така и од учениците

5. Примање на книги од читателите во библиотеката

***Јуни***

1. Доделување награда за најдобар читател во текот на учебната година

**Одговорен библиотекар**

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА УЧИЛИШЕН ОДБОР

Училишниот одбор во текот на годината посебно внимание ќе посвети на следните прашања:

- усвојување на годишниот извештај за работа на училиштето во учебната 2022/2023 година;
- усвојување на годишната програма за работа за учебна 2023/24 година
- организација на работата во училиштето;

- разгледување на кадровски прашања;
- разгледување на концептот за полагање на државна и училишна матура во средното образование;
- разгледување на условите за работа и можности за нивно подобрување, со одлуки за набавки;
- разгледување на годишната сметка за финансиското работење на училиштето;
- разгледување на дејноста на училиштето во учебната 2023/2024 година;
- донесување одлука за формирање комисии;
- донесување одлуки за распишување на тендери;

Во текот на годината *училишниот одбор ќе одржи 11 седници* со следните содржини и термини:

**План за работа на Училишен одбор за учебна 2023/24**

| *Месец* | *Содржина на работа* | *Носител* |
|---|---|---|
| **Септември** | 1.Усвојување на записник од претходна седница;<br>2.Донесување Одлука за формирање на комисија за прибирање на понуди за организирање на екскурзии во учебната 2023/24 година;<br>3. Донесување Одлука за формирање на стручен тим за подготовка на програмата за училишни екскурзии за учебната 2023/24 година;<br>4.Информација за организирање на Патрониот празник на училиштето и врачување на јубилејни награди на вработени ;<br>5.Информација за потребата од распишување на тендер за јавна набавка на масло за греење за сезоната 2023/2024 година;<br>6. Тековни проблеми и активности во училиштето.<br>7. Разно | **Директорот**<br>**одговорни наставници**<br>**кл. раководители**<br>**стручна и административна служба** |
| **Октомври** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Извештај од реализацијата на Патрониот празник на училиштето;<br>3. Информација за тековни активности и проблеми во училиштето;<br>4. Информација од спроведената постапка за продажба на јаболковите производи од берба 2023 година;<br>5. Тековни проблеми и активности во училиштето;<br>6. Разно. | **Директорот**<br>**наставници**<br>**стручна и административна служба** |
| **Ноември** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Донесување на предлог финансиски план;<br>3.Информација за распишување на оглас за прием на вработени за учебна 2023/24 година;<br>4. Тековни проблеми и активности во училиштето; | **Директорот**<br>**финансиска служба** |

| | | |
|---|---|---|
| | 5. Разно. | |
| **Декември** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Информација за Одлука за редовен попис за 2023/24година;<br>3. Информација за отпочнување на постапка за реализација на повеќедневна научно – рекреативна екскурзија со учениците од трета година;<br>4. Тековни проблеми и активности во училиштето;<br>5. Разно | **Директорот**<br>**одговорни наставници**<br>**кл. раководители**<br>**стручна и административна служба** |
| **Јануари** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Донесување на план за јавни набавки за 2024 година;<br>3. Усвојување на полугодишен Извештај за работата на училиштето во учебна 2023/24 година;<br>4. Приговори по оглас;<br>5. Тековни проблеми и активн0сти во училиштето;<br>6. Разно. | **Директорот**<br>**финансиска служба**<br>**стручна и административна служба** |
| **Февруари** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Усвојување на Завршна сметка од 2023 и Извештај за попис за 2023 година;<br>3. Информација за усвојување на предлог дејноста на училиштето во учебната 2024/2025, со предлог за број на паралелки;<br>4. Извештај за отпочнување на процедура по Правилник за фотографирање на учениците и матурска прослава за учениците од IV година;<br>5. Тековни проблеми и активности во училиштето;<br>6. Разно. | **Директорот**<br>**одговорни наставници**<br>**кл. раководители**<br>**стручна и административна служба**<br>**финансиска служба** |
| **Март** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Информација за распишување на интерен оглас за упис на ученици за учебната 2024/2025 година;<br>3. Одлука за плаќање на концесија за земјоделското земјиште за 2023 година;<br>4. Тековни проблеми и активности во училиштето;<br>5. Разно. | **Директорот**<br>**стручна и административна служба** |
| **Април** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Тековни проблеми и активности во училиштето; | **Директорот** |

| | | |
|---|---|---|
| | 3. Разно. | |
| **Мај** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Информација за отпочнување на постапка за избор на Првенец на генерација;<br>3. Тековни проблеми и активности во училиштето;<br>4. Разно. | **Директорот** |
| **Јуни** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Одлука за техничка подготовка на училиштето за учебна 2024/2025 година;<br>3. Информација за начинот на реализација на манифестација „ Најдобри од најдобрите “ , наградување на Првенец на генерација и доделување на Пофалници за ученици кои дале посебен допринос во афирмација на училиштето;<br>4. Информација за поени за упис на ученици за учебна 2024/2025 година во втор уписен рок;<br>5. Информација за постигнатиот успех од спроведените испити во јунскиот испитен рок;<br>6. Тековни проблеми и активности во училиштето;<br>7. Разно. | **Директорот**<br>**технички персонал**<br>**стручна и административна служба** |
| **Август** | 1. Усвојување на записник од претходна седница;<br>2. Усвојување на Годишен извештај за работа на училиштето за учебна 2023/24 година;<br>3. Усвојување на Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2024/25 година;<br>4. Информација за тековни работи во училиштето и планирање на наставата во учебна 2024/25 година;<br>5. Информација за техничката подготовка на училиштето за учебна 2024/25 година;<br>6.Информација од реализацијата на манифестацијата „ Најдобар од најдобрите “;<br>7. Информација за спроведените матурски и други испити во учебната 2023/24 година;<br>8. Информација за спроведениот упис на ученици и бројот на запишани ученици по паралелки и подрачја за учебната 2024/25 година;<br>8. Тековни проблеми и активности;<br>9. Разно. | **Директорот**<br>**УМК**<br>**технички персонал**<br>**стручна и административна служба** |

Во текот на годината училишниот одбор ќе одржи вонредни седници во зависност од проблемите во текот на годината што ќе се јавуваат како актуелни и овој дневен ред за работа може да претрпи измени, односно некои активности можат да се додадат или изостават во зависност од потребата.

| Активности | Месец | Носители |
|---|---|---|
| - Избор на претседател на Совет на родители<br>- Разгледување на извештајот за работа на училиштето за 2022/2023 година<br>-Разгледување- усвојување на Годишната програма за учебната 2023/24 година<br>- Разгледување на прашањата во врска со почетокот на учебната година<br>- Разно | **Септември** | **Директор;**<br>**Претседател на Совет на родители** |
| -Разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците во првото тромесечие<br>-Тековни проблеми<br>-Разно | **Ноември** | **Директор;**<br>**Претседател на Совет на родители** |
| -Разгледување на извештајот за работа на училиштето во првото полугодие од учебната година<br>-Организирање и користење на слободното време на учениците<br>- Информација за број на паралелки за учебната 2024-2025 година<br>- Информација во врска со изборот на релација за реализирање на научно рекреативна екскурзија со учениците од трета година<br>- Информација за прослава на матурска вечер и изработка на табло за учениците од четврта година<br>-Запознавање со Правилникот за полагање на Државна и училишна матура и завршен испит<br>-Разно | **Јануари**<br>**Февруари** | **Директор;**<br>**Претседател на Совет на родители**<br>**Училишен психолог** |
| - Разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците во третото тромесечие<br>-Извештај за процесот на полагањето на проектната задача од Државната и училишната матура и завршен испит и пријавени кандидати<br>-Информација за тековните активности за изведување на научно рекреативна екскурзија со учениците од трета година<br>-Информаија во врска со одржаните средби со родителите согласно правилникот за советување на родители.<br>-Анализа и соработка на училиштето со родителите и семејствата, предлози за подобрување<br>-Разно | **Април**<br>**Мај** | **Директор;**<br>**Претседател на Совет на родители**<br>**Училишен психолог** |
| - Разгледување на успехот, редовноста и поведението на учениците на крајот на учебната | **Јуни/** | **Директор;** |

| | | |
|---|---|---|
| година<br>-Тековни прашања во врска со започнувањето на подготовката за наредната учебна година<br>-Информација за техничка подготовка на Училиштето за учебната 2024/2025 год<br>-Инфромација за организирање на мнифестацијата Најдобри од најдобрите, наградувани ученици, пофалници<br>-Информација од уписот на ученици за прва година<br>-Информација за одржани испити во јунски исптитен рок<br>-Разно | **Јули** | **Претседател на Совет на родители** |

Во текот на годината советот на родители ќе одржи вонредни седници во зависност од проблемите во текот на годината што ќе се јавуваат како актуелни и овој дневен ред за работа може да претрпи измени, односно некои активности можат да се додадат или изостават во зависност од потребата.

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА НАСТАВНИЧКИ СОВЕТ ЗА УЧЕБНА 2023/24

Во текот на за учебна годината 2023/24 наставничкиот совет ќе одржи седници со следните содржини и термини:

| *МЕСЕЦ* | *СОДРЖИНА НА РАБОТАТА* | *НОСИТЕЛ* |
|---|---|---|
| **Септември** | 1.Одлука за формирање на УМК за учебна 2023/24 година;<br>2.Усвојување програма за прослава на патрониот празник на училиштето и одредување на одговорни наставници;<br>3. Информација по избор на претседатели на години;<br>4. Одлука за отпочнување постапка за утврдување ученици за работа со разгласната станица во училиштето за учебната 2023/24 година;<br>5. Одлука за утврдување на „ Отворен ден “ - термин за консултации со родители;<br>6. Одлука за изведување на воннаставни активности надвор од градот предложени во Годишната програма;<br>7. Анализа на снабденоста на учениците со учебници;<br>8. Тековни проблеми и активности во училиштето. | **директорот**<br>**одговорни наставници**<br>**кл. раководители** |
| **Октомври** | 1. Информација за формирање на групи за проектни активности;<br>2. Назначување на ментори на новоработени наставници;<br>3. Формирање на секции;<br>4. Педагошки мерки;<br>5. Тековни проблеми и активности во училиштето. | **Директор кл. Раководители наставници**<br>**стручна служба** |
| **Ноември** | 1. Информации од одржаните седници на советите на паралелките;<br>2. Информации од одржаните родителски средби;<br>3. Одлука за формирање на комисии за спроведување на државна матура, училишна матура и завршен испит во Училиштето и Информација за изборот на учениците од IV година за тема на проектната задача за полагање на државната матура;<br>4. Анализа на изостанувањата кај учениците, педагошки опомени;<br>5. Информација за одржани советувања на родители и ученици;<br>6. Тековни проблеми. | **Директор**<br>**кл. раководители**<br>**стручна служба** |
| **Декември** | 1. Информации од одржаните седници на советите на паралелките; | **кл.раководители**<br>**совети на година** |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Утврдување на полугодишни оценки;<br>3.Информација за реализација на научно – рекреативната екскурзија со учениците од трета година согласно правилникот;<br>4.Тековни проблеми и активности во училиштето. | **стручна служба** |
| **Јануари** | 1.Полугодишен извештај за работата на училиштето;<br>2. Информација од одржаните родителски средби;<br>3. Формирање на тимови и комисии со мандат од една година;<br>4. Усвојување предлог дејноста на училиштето во учебната 2024/2025 година, со предлог за број на паралелки;<br>5.Усвојување план за реализација на научно – рекреативната екскурзија со учениците од трета година;<br>6.Информација за пријавени ученици за полагање на државна, училишна матура и завршен испит по број на ученици и избор на предмети;<br>7. Тековни проблеми и активности во училиштето. | **Директор**<br>**кл.раководители**<br>**стручна служба** |
| **Февруари** | 1. Информација за отпочнување на процедура по Правилник за фотографирање на учениците и матурска прослава за учениците од IV година;<br>2. Тековни проблеми и активности во училиштето. | **Директор**<br>**Совет на годината** |
| **Март** | 1. Информација за објавен Конкурс за упис на ученици во прва година за учебната 2024/25 година;<br>2.Информација за реализација на вонnаставните активности;<br>3.Видувања и предлози за понатамошно унапредување на реформираното гимназиско и стручно образование;<br>4. Тековни проблеми и активности во училиштето. | **Директор**<br>**кл.раководители**<br>**наставници** |
| **Април** | 1.Информација за одржаните седници на советот на паралелките;<br>2. Информација од одржаните родителски средби;<br>3. Информација за објавен интерен оглас за упис на ученици во прва година за учебната 2024/25 година;<br>4. Изрекување на педагошки мерки;<br>5. Одлука за отпочнување на постапка на комисијата за избор на првенец на генерација;<br>6. Тековни проблеми и активности во училиштето. | **Директор**<br>**кл.раководители** |
| **Мај** | 1. Информации од одржаните седници на советите на паралелките за четврта година на образование;<br>2. Разгледување на приговори по оценки од учениците од четврта година;<br>3.Утврдување на годишните оценки за учениците во IVгодина;<br>4.Формирање комисии за спроведување на уписот на учениците;<br>5.Информација за организирање на манифестацијата „ | **Директор**<br>**кл.раководители**<br>**комисија за избор на Првенец на генерација**<br>**стручна служба** |

| | | |
|---|---|---|
| | Најдобри од најдобрите " и одредување одговорни наставници;<br>6. Одлука за запишување на ученици во втора, трета и четврта година за учебна 2024/25 година;<br>7. Информација за одржани советувања на родители и ученици;<br>8. Тековни проблеми и активности во училиштето. | |
| **Јуни** | 1. Информации од одржаните седници на советите на паралелките за прва, втора и трета година;<br>2. Разгледување на приговори по оценки од учениците од прва, втора и трета година;<br>3. Утврдување на годишните оценки за учениците од прва втора и трета година;<br>4. Информација за резултатите од интерните испити од државна матура, училишна матура и завршен испит во Училиштето;<br>5. Утврдување на оценки од матурските интерни испити за учениците од четврта година;<br>6. Информација за резултатите од поправните и испити на година во Јунски испитен рок;.<br>7. Утврдување на годишните оценки за учениците од прва втора и трета година упатени на поправни и други испити;<br>8. Информација за резултатите од уписот за прва година во првиот уписен рок за учебна 2024/25 година;<br>9. Информација од работата на Комисијата за изборот на Првенец на генерацијата;<br>10. Одлука за избор на ученик на генерација и наградени ученици за посебни постигнувања во работата на училиштето;<br>11 Одлука за запишување на ученици од втора трета и четврта година за учебна 2024/2025 година;<br>12. Тековни проблеми и активности во училиштето. | **директорот**<br>**кл.раководители**<br>**предметни наставници**<br>**стручна служба**<br>**Комисија за избор на ученик на генерација** |
| **Август** | 1. Информација за резултатите од државна матура, училишна матура и завршен испит во Училиштето;<br>2. Утврдување на оценки од матурските интерни испити за учениците од четврта година;<br>3. Информација за резултатите од поправните и испити на година во Августовски испитен рок;<br>4. Утврдување на годишните оценки за учениците од прва втора и трета година упатени на поравни и други испити;<br>5. Информација за резултатите од уписот за прва година после вториот уписен рок;<br>6. Разгледување на Годишен извештај за учебната 2023/2024 година;<br>7. Разгледување на Годишна програма за работа на училиштето за учебна 2024/25 година; | **директорот**<br>**кл.раководители**<br>**предметни наставници**<br>**стручна служба** |

8. Планирање на наставата во учебна 2024/2025 година и формирање на паралелките;
9. Формирање на комисии за полагање на испити за учебна 2024/25 година;
10. Тековни проблеми и активности во училиштето.

Во текот на годината наставничкиот совет ќе одржи вонредни седници во зависност од проблемите во текот на годината што ќе се јавуваат како актуелни и овој дневен ред за работа може да претрпи измени, односно некои активности можат да се додадат или изостават во зависност од потребата.

## ПЛАН ЗА РАБОТА НА УЧЕНИЧКА ЗАЕДНИЦА

**носител на задачата:** ***Волкановска Елизабета- ПСИХОЛОГ***

| *Ред. Број* | *Вид на активност* | *Место* | *Време* | *број на часови* |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Конструирање потесно раководство од редот на претседателството на ученичките заедници (на паралелките) претседател, потпретседател | Училница | Септември | 1 |
| 2 | Избор на комисија за културно-забавен живот:<br>-комисија за успех<br>-комисија за дисциплина и по потреба и др. Тела<br>- Формирање тим за граѓанска иницијатива | Училница | Септември | 2 |
| 3 | Избор на записничар; водење на записници од заклучоците | Училница | Септември | 1 |
| 4 | Преземање мерки и активности за поуспешно учество на учениците во воспитно-образовната работа и постигање што подобри резултати на тој план | Училница | Октомври | 1 |
| 5 | Разгледување на тромесечниот извештај на училиштето од I до IV година | Кабинет | Ноември | 2 |
| 6 | Организирање на културно-забавен живот во училиштето | Спортска сала | Ноември | 1 |
| 7 | Согледување можности за подобрување на ученичкиот стандард (во соработка со социјални партнери, директор, психолог и стручни тела во Училиштето | Училница | Ноември | 1 |
| 8 | Запознавање на Правилникот за полагање на Државната и училишната матура и завршен испит | Училница | Декември | 1 |
| 9 | Организирање на Новогодишна забава | Училница | Декември | 3 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Спортска сала<br>Кабинет | Јануари | |
| 10 | Разгледување на полугодишниот<br>Извештај | Училница | Јануари | 1 |
| 11 | Предлог мерки за подобрување на успехот, редовноста и јавна расправа по изречените педагошки мерки и можност за нивно подобрување | Училница | Февруари | 2 |
| 12 | Организирање забава по повод 8ми Март | Спортска сала | Март | 2 |
| 13 | Разговор за естетскиот изглед на внатрешниот ентерирер на Училиштето и одржување на училишните простории | Училишни простории | Март | 2 |
| 14 | Разгледување на успехот и редовноста на крајот од третото тромесечие<br>-предлог мерки | Училница | Април | 2 |
| 15 | Разгледување на годишен извештај на училиштето и предлог мерки | Училница | Јуни | 2 |
| 16 | Предлог мислење за доделување на признанија, пофалби и награди на учениците | Училница | Јуни | 1 |

# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СТРУЧНИОТ АКТИВ ПО МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК И ЛИТЕРАТУРА ЗА УЧЕБНАТА 2023/24

Стручниот актив по македонски јазик и литература планира да одржи 10 состаноци и да ги исполни следниве задачи:

ПРВИОТ СОСТАНОК ЌЕ СЕ ОДРЖИ НА ПОЧЕТОКОТ НА МЕСЕЦ СЕПТЕМВРИ СО СЛЕДЕН :ДНЕВЕН РЕД

АВГУСТ 2023

1. Договор околу изработката на годишните, тематските и дневно-оперативните планови;

СЕПТЕМВРИ 2023

1.Разгледување на годишните глобални планови за работа и усогласување на истите;
- план за подготовка на наставна тема / целина
- подготовка и планирање за наставен час

2.Усогласување на принципите за формулирање на наслови на писмените работи со професорите од турските и албанските паралелки

3.Договор за примена на различни стратегии од проектот во наставата (по потреба од наставникот и наставниот материјал) , ИКТ и Еко стандарди во наставата

4.Договор за прослава на „Преспански јаболкобер“ и Патрониот празник на училиштето;

-подготовка на драмски текст
-рецитал
-соработка со локалната самоуправа во текот на целата година
-учество на ученици на „Преспански јаболкобер“

5.Објавување конкурс на литературни творби за Патрониот празник на училиштето;

6. План за реализација на проектната и слободната активност Литературни клубови и драмски секции – во зависност од поканите што ќе ги добива драмската секција во временскиот период 2023/24г. Според условите и можностите ќе учествува во Македонија, Европските и прекуокеанските држави.

ОКТОМВРИ 2023

1.Активности поврзани со месецот на книгата

1.Одредување на теми за изработка на проектна задача,за училишна и државна матура

2.Утврдување на наставни активности што ќе се реализираат во училиштето од областа на државната матура

3.Планирање на писмените форми-есеј кои ќе им користи на учениците во наставата и надвор од неа.

4.Планирање на додатни,слободни и проектни активности

НОЕМВРИ 2023

1.Сумирање на резултатите од од првото тримесечје со посебен осврт за учениците од прва година;

2. Организирање на додатна и дополнителна настава на ниво на паралелка;

3. Посета на (кино) театар со учениците од I,II,III,IV год. – Битола, Прилеп ,

Велес, Скопје, Струмица во зависност од репертоарот што го нудат театрите од наведените градови. Превозниците да ги вратат учениците до местото на живеење;

4. Подготовка за одбележување на денот на основоположникот на Охридската книжевна школа;

ДЕКЕМВРИ 2023

1.Одбележување на денот на основоположникот на Охридската книжевна школа;

2.Посета на градската библиотека при домот на култура „Драги Тозија"-Ресен ;

3.Подготовка и учество за Новогодишна програма.

ЈАНУАРИ 2024 г.

1.Консултации во врска со проектната задача за државна матура;

2.Разгледување на текот на наставата и постигнатиот успех во првото полугодие на учебната 2023/24 год. и предлог мерки за подобрување на истиот;

3. Подготовка и одржуваање на училишен натпревар и државен натпревар по македонски јазик и литература со учениците од втора и трета година.

ФЕВРУАРИ 2024 г.

1.Разгледување на проектната задача на ниво на активот;

2.Составување на прашања за училишна матура, завршен дел и критериумите за оценување;

3. Одбележување на меѓународниот ден на мајчиниот јазик.

МАРТ 2024 г.

1. Консултации со учениците од IV година за одржување на дополнителна и додатна настава за државната и интерната матура;
2. Одбележување на светскиот ден на поезијата;
3. Тековни проблеми.

АПРИЛ 2024 г.

1.Одредување на термини за консултации и дополнителна настава за учениците кои ќе полагаат државна,училишна матура и завршен дел

2.Посета на саем на книгата во Скопје со сите ученици од училиштето .

МАЈ 2024 г.

1. Предлози за еднодневна екскурзија со учениците од прва година и едно ноќевање со учениците од втора година релација – Македонија со напомена за задолжтелно враќање на учениците до своите населени места;
2. Одбележување на денот на Сесловенските просветители и на македонската азбука.

ЈУНИ 2024 г.

1.Разгледување на текот на наставата и постигнатиот успех во текот на учебната 2023/24г;.

2.Разгледување на планот и програмата за наредната учебна година;

3.Извештај од изведената екскурзија со учениците од прва и втора година;

*Напомена: Програмата која следува во прилог претставува само содржина за главни насоки во детекцијата на учениците и изработка на програмите кои секој наставник индивидуално треба да ги изработи.*

Надареноста може да се определи како поврзана со одредени способности, но многу често се поврзува со склопот на цртите на личноста. Надареноста треба да се гледа во контекст на нејзината мултидимензионална условеност во која се испреплетени наследната основа, условите на средината во која живее и се развива поединецот, неговата активност и личните карактеристики.

Надарените и талентирани деца обично се истакнуваат во една област или образовно подрачје, но се случува да се поуспешни при совладувањето на наставните програми од повеќе подрачја. Може да се каже дека надареноста се базира на три психолошки особини: натпросечна способност, креативност и мотивација.

- *Глобалните цели* на оваа програма можат да се структурираат како:

- детектирање, препознавање и развој на талентираните и надарени ученици, степенот и и областа на надареност;
- насоки и обука на наставниците за користење на посебни методи на работа со надарени ученици
- организирање на додатна настава за реализација на нивните потенцијали;
- информирање и овозможување на побрзо напредување во средното образование;

- *Препознавање и развој*

За да се препознаат надареноста или талентот неопходно е секој наставник во соработка со психологот во училиштето да ги познава поединечно карактеристиките или категориите на надареност:

- *Надареност на општите интелектуални способности* – богатство на речник, богат фонд со информации, логичко размислување, стремеж кон истражување, интерес кон нови идеи, брзо и точно забележување како и добро помнење и лесно учење.;
- *Во творечките способности* – независност во мислењето, досетливост и острина на мислите, позитивна самоувереност;
- *Во специфични училишни активности* со специфичен интереси за определени предмети( биологија, математика, физика....)
- *Во специјални раководни способности* – умешност во раководење прилагодливост, организаторски способности, говорништво, тенденција за доминација над другите;
- *Во уметнички способности* – имаат имагинација, творештво
- *Во психомоторни способности* – остри и прецизни движења,добра координација, манипулативни способности, високо ниво на телесна енергија и сл. и најчесто се добри спортисти.

Во идентификувањето на овие ученици наставникот и психологот во училиштето треба да ги регистрираат, покрај способностите и некои *личносни особини на надарените ученици.* Тука спаѓаат:

- Развиена позитивна слика за себе
- Високо ниво на аспирација

- Разновидност на интереси
- Активно применување на креативни вештини како што се оригиналност, флуентност на идеи, редефинирање, елаборација, креативна генерализација и др.
- Надминување на емотивните и перцептивните блокади во мислењето;
- Добро предвремено планирање на своите активности
- Поставување и решавање на разни видови , со различен степен на сложеност, проблемски задачи, преку изразување на својата методолошка оригиналност;
- Развиена емпатиска компетентност;

- *Педагошко водење и методи на работа*

Надарените и талентирани ученици поради брзината на совладувањето на школските лекции неретко брзо губат интерес за време на часот. Последица на тоа може да биде појава на досада и слаб интерес за работа ( веќе го совладале она што другите поспоро го разбираат), што во краен случај може да доведе до невнимание, недисциплина и сл. Неопходно е секој наставник во соработка со психологот во училиштето, да користи посебни методи на работа со кои ке го ангажира ваквиот ученик.

*Се препорачуваат неколку методски постапки* кои наставникот ќе ги избира во зависност од видот, нивото, областа на талентираност како и личносните карактеристики на детето. Овде посебно треба да се нагласат моделите на креативно учењекои имплицираат мултидимензионалност на начини, принципи, насоки, патишта за поттикнување и стимулирање на надарените ученици.

- Пишување на раскази со различни завршетоци
- Составување на математички проблеми и оспособеност на различни начини да се приоѓа во решавањето на проблемските ситуации во воспитно – образовнат работа;
- Конструирање на реченици врз основа на дадени зборови и изготвување на материјали со кои ќе се поттикнува развојот на имагинацијата на надарените деца,
- Истражување на различни можности на примена на информациите (охрабување преку позитивни поттикнувачи, инструкции и принципи кои стимулираат нови модели)
- Елаборација на идеите, нивна експлорација, учење и систематско тестирање на секоја идеја, охрабрување да ја бележат или на друг начин регистрираат секоја своја идеја
- Формирање на флексибилни модели на учење кај учениците за разбирање на вредностите на сопственото креативно мислење
- Развивање на толеранција кон туѓи и нови идеи и поттикнување различното да го посматраат, анализираат и почитуваат
- Развивање на креативна и работна атмосфера во класот и ослободување на учениците од конформизмот и автоританоста;
- Развој на учење преку сопствено истражување на проблем- ситуации, изработка на проекти;
- Развој на креативно учење (чувствителност за проблеми, истражување на нови релации, разработка и асимилирање на информациите од различни аспекти, репродукција на читани текстови со додавање на свои идеи и надополнување со имагинација);

Познати во пракса се *уште неколку методи* за работа со талентирани ученици за чија примена е важно наставникот добро да ги познава карактеристиките на надарените деца и да има добра психолошко – педагошка подготвеност. Погодни за практична примена во наставата како методи на работа со овие ученици се следниве:

-Самостојна подготовка на ученикот за метакогниција - знаење за знаење, сознание за сопственото знаење или самосвест. Како резултат на тоа се јавува самокритичност за сопствените можности, способности, навики што за талентираните ученици делува со засилување на внатрешната мотивација за работа.

-Користење на постапки на слободни асоцијации за развој на креативните вештини:оригиналност, флуентност, редефинирање, осетливост на проблеми, флексибилност, творечка фантазија, креативна генерализација и активно користење на мисловните операции анализа-синтеза, индукција-дедукција, апстракција-генерализација, споредување, конкретизација, аналогија и сл.

-Самостојна евалуација – самопроценување;

За користење на овие *постапки* наставникот треба најпрво добро да ги *одреди нивоата на надареност и талентираност на ученикот* и притоа е препорачливо да изврши процена преку набљудување во различни ситуации или преку анализа на конкретните продукти создадени од самите ученици (самостојни изведби и творби, ликовни и музички интерпретации, литературни творби, проекти и сл.).

За одредени подрачја на надареност применливи се и методите на тестирање преку различни типови на тестови. Тестот е добар за потврда и мерење на некои особини, но е стандардизиран и може да се користи само од страна на стручни соработници или надворешни лица обучени за негова примена. Тие го мерат *генералниот Г – фактор* и многуте специфични способности (фактори), базирани на психичките процеси: мислење, помнење и заборавање, внимание и забележување и др. неопходни за развој на интелигенцијата.

Збогатувањето на образовно – воспитните содржини за работа со талентирани и надарени ученици подразбира опфаќање на широк дијапазон на различни едукативни програми со кои се задоволуваат различните потреби на овие деца. Изготвувањето и реализацијата на наставните програми за работа со талентираните ученици се препорачува да биде тимска работа која ќе се реализира на часовите по додатна настава или индивидуално со ученикот со цел остварување на неговите потенцијали и високо ниво на самоактуализација.

## ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНИТЕЛНА НАСТАВА И РАБОТА СО ДЕЦА СО ПОТЕШКОТИИ

*Напомена: Програмата која следува во прилог претставува само содржина за главни насоки во детекцијата на учениците и изработка на програмите кои секој наставник индивидуално треба да ги изработи.*

*Наставниците* имаат голема улога во развојот на детето и со своето лично искуство како ученици, но и работата со деца знаат дека децата обрнуваат големо внимание на се што наставникот прави, како се однесува како изгледа и зборува. Во детали запомнат се, но едно нешто што се смета за пресудно е личноста на наставникот. Тоа посебно влијание има врз децата кои манифестираат емоционални проблеми или потешкотии во совладувањето на наставните програми.

Децата кои работаат со наставник кој не покажува разбирање и не се труди да им помогне да успеат во совладување на наставата многу брзо ке ја забележат крутоста на ваквиот наставник и неговата неетичност. Ваквите деца најчесто не реагираат туку манифестираат пасивна агресија – стануваат повлечени, мрзеливи и изгледа на прв поглед како да не сакаат да работат, но во суштина се засрамени и исплашени бидејќи наставникот со своето однесување им покажал дека не се доволно добри и паметни за и тоа е слика која и понатаму ја градат за себе. *Важно е да се нагласи* дека при работата на наставникот покрај неговото знаење и разбирање за состојбите и возраста на секој ученик, треба да постои можност за флексибилност при реализацијата на наставните програми и нивна адаптација за децата со вакви проблеми.

*Цели* на оваа програма е да се овозможи активно учество на овие ученици и избор на вистински методи за работа со нив за да се развие целокупниот потенцијал на детето, а при тоа да се води сметка за работата и со децата кои не спаѓаат во оваа категорија.

*Методите* за работа со овие ученици ќе бидат прикажани како насоки, а секој наставник во соработка со психологот во училиштето треба да избере начин на кој ќе работи согласно степенот и можностите на ученикот индивидуално, притоа да внимава на препораките и барањата на програмата дадена од БРО.

Реализацијата на овие методи и упатства за работа со учениците кои имаат емоционални проблеми и потешкотии во учењето ќе се изведува преку соработка со психологот во училиштето и раководителот на паралелка .

Секој наставник кој предава во паралелката каде има ученици од овој тип неопходно е да посвети дел од работата со овој ученик или ученици (ако има повеќе) индивидуално најчесто преку задавање на одредена активност која е во склад со неговите можности и способност. Препорачливо е таа да се изработи на ниво на секој предмет или како активност на стручен актив во соработка со психологот. Ќе бидат дадени само неколку практични совети за работа кои може да се користат во зависност од случајот и се разбира покрај индивидуалната работа на ученикот со психологот во училиштето.

*Методи на работа:*

1.Визуелизација на лекцијата: користете дидактички помагала или други средства со кои ќе ја поткрепите теоријата односно кажаното за време на часот. Ваквите ученици размислуваат без конкретизација на на своите мисли и самите им е тешко вербално да се изразуваат. Доколку го поврзете кажаното со визуелен приказ полесно ке ве разберат и запомнат.

2. Барајте од нив и самите да користат цртежи или други визуелни помагала како средство за изразување при испрашувањето; да користат компјутер или шеми кои сами ќе ги нацртаат; да користат писмено изразување каде во неколку реченици ќе ви опишат што разбрале посебно кај учениците со емоционални проблеми каде изразувањето и вербалната комуникација во група е отежната.

3. При пишување на табла користете различни бои со кои ќе го означите најважното од лекцијата со поинаква боја. Учениците со потешкотии подобро помнат визуелно отколку аудитивно. Боите ќе им помогнат да се присетат на менталната слика од таблата.

4. Користете видео материјали или компјутерски симулации; на тој начин ќе им овозможите да добијат комплетна слика за некој процес или појава;

5. Никогаш не ги ставајте под притисок. Учениците со емоционални проблеми, учениците со потешкотии во учењето кои свесно ја доживуваат својата состојба или се доживуваат себеси како недоволно добри НАЈЧЕСТО чувствуваат анксиозност или страв кој не можат да го надминат. Заради тоа не функционираат добро кога ги ставате под притисок. Дајте им доволно време да ја реализираат задачата која сте ја дале, мотивирајте ги со пофалби и убав збор, овозможете им да ја зголемат својата самодоверба и да ја променат сликата за себе.

6. Хиперактивните деца (деца со вишок енергија) се посебна категорија ученици на кои треба да се обрне внимание; Доколку постои приложена потврда или мислење од стручно лице за нивната состојба или самите сте процениле дека детето спаѓа во оваа категорија, дозволете им повремено да потрошат дел од својата енергија така што ќе им дадете некоја активност. На пример: станал немирен и почнува да ја губи концентрацијата која кај нив е краткотрајна така што поради нивото на вигилноста на нивното внимание отава впечаток дека не може да ве следи, испратете го да го натопи сунгерот или да донесе креда или едноставно пуштете го само во ходникот на 5 минути.

Така ќе ја потроши вишокот на енергија и ќе може подобро да ја следи наставата. Со тоа му олеснувате и на ученикот и себе си.

7. Доколку сте во можност подгответе им веќе напишан текст со основните факти кои треба да ги научи: нека биде читко, со големи букви и истакнати поими.

8. Дозволете им да ја зголемат својата самодоверба со тоа што ќе се почувствуваат успешни. Убавиот збор, пофалбата за нешто што сте сработиле заедно, на наједноставен начин ќе делуваат мотивирачки на ваквите деца.

9. *Кажете им што ќе испрашате* (нагласете им - во нивните тетратки или учебници она што е важно и треба да го кажат придржувајќи се САМО на најважната содржина).

10. *Дајте им прилика за некаква обврска кон другите*, кон класот, кон вас, кон некој друг вработен во училиштето, која ќе биде редовна, ако не секојдневна тогаш барем секоја недела.

11.На предметите на кои постои можност *дајте им прилика да ја развиваат нивната фантазија.* Каде што има фантазија има и емоции кои ги зголемуваат можностите на овие деца. Затоа овозможете им да го нацртаат или пишуваат она што го сакаат.

12. *Оценувањето треба да биде резултат од нивната целокупност* и во склад со она што претходно сте го работеле со нив, затоа:

Не ги оценувајте според нивните надворешни симптоми бидејќи тоа ќе ви даде погрешна слика за нив. Доколку работат или се занимаваат со некое хоби или некаква додатна активнист надвор од училиштето, побарајте тоа да ви го донесат или да ви раскажат и на основа на тоа пофалете ги.

Посебно обрнете внимамие на нивните добри страни. Со негативен став, критика и негативни емоции нема да ги отстраните „проблемите во наставата“ ниту во нашето школство. Обидете се човечки и хумано да им помогнете и да ги прифатите онакви какви што се, зошто во тоа ќе ве следат и другите ученици, а и самото дете ќе ја прифати позитивно својата состојба.

## ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ НА РАБОТА СО ДЕЦА СО СЛАБ УСПЕХ КАКО ПОСЛЕДИЦА НА ПОТЕШКОТИИ СО КОНЦЕНТРАЦИЈАТА И ВНИМАНИЕТО

### 1. *Непосредна повратна информација и последици*

Кога сакате да ги промените одредени облици на однесување неопходно е јасно и конкретно да им посочите што не е, а што е прифатливо за време на часот. При тоа наградете го посакуваното, а искритикувајте го непожелното однесување со позитивна и продуктивна критика, без осуда на личноста на детето. Повратната информација давајте ја колку можете почесто. Овие деца имаат потреба од побрзи и почести повратни информации и последици отколку другите деца. На пр. наместо да почекате детето да заврши со решавањето на задачите, за да го пофалите, му давате награден бод за секоја решена задача или дел од задачата.

**2.** *Користете последици за кои сте сигурни дека ќе се доволно силни за да постигнат ефект.* Природата на овие деца бара последиците од некое непосакувано однесување да ги сноси лично ученикот и да бидат значајни дури и материјални за да се одржи и развие позитивното внимание на ова дете.

***3.*** *Користете повеќе поттикнувања наместо казни*. За нив посебни важи правилото позитивното пред негативното. Нагласете и дадете алтернатива кое негативно со кои од понудените позитивни однесувања детето само да избере.

**4.** *Настојувајте да бидете доследни*, секогаш реагирајте на ист начин на одредено однесување или ситуација.

*5. Имајте ја во предвид природата и особините на овие деца секогаш кога реагирате на нивните однесувања, дела, задачи...*

**6.** *Обидете се да се дистанцирате од ситуацијата* . Не дозволувајте вашето чувство на вредност да стане врзано со тоа дали сте успеале или не да победите некое однесување. Кога ситуацијата ќе излезе од контрола или не заврши онака како што сте предвиделе , никако немојте да заклучите дека сте лош наставник или лоша личност.

*7. Вежбајте простување*

Простувањето е премногу важен принцип во воспитувањето на детето, но честопати е тешко да се спроведува во секојдневниот живот. Вежбањето простување значи да се размисли за „детските престапи“(кои и сами сте ги направиле), да се прости и да се остави да помине лутината, разочарувањето и замерувањето, повреденоста и најпосле простете си и самите себе си за грешките кои сте ги направиле во обидот да се справите со овие деца и добронамерниот обид да ги научите и воспитате.

## ПРОГРАМА ЗА ОПШТЕСТВЕНО ХУМАНИТАРНА РАБОТА

Според годишниот план и според одбележувањето на празниците од календарот на годишната програма се организираат општествено – хуманитарни работи кои ги организира и подржува училиштето, со цел да се поттикнат и разиваат човечките вредности, ставови, норми и одговорности за да се допринесе за поцелосна афирмација на училиштето, а истовремено се подигнува општото културно ниво на средината. Општествено – хуманитарните работи се остваруваат преку повеќе форми со различни содржини.

Нашиот крај е познат по убавото и квалитетно јаболко. За таа цел на 27 Септември традиционално се организира манифестацијата „Преспански јаболкобер“ во која манифестација со штандови учествуваат ученици од нашето училиште со производи кои се резултат на успешната професионална пракса од учениците и наставниците од земјоделско- ветеринарната струка. Исто така на оваа манифестација е изложена и целата механизација која ја поседува училиштето. Исто така учество земаат и учениците од гимназиските паралелки со музички и ликовни творби. Одговорни наставници се: Васко Јовановски и наставници по музичка и ликовна уметност.

Во месец Октомври нашето училиште го слави својот патронен празник и за таа цел се приготвува културно – уметничка програма и спортски натпревари приготвени од одговорни наставници и талентирани ученици.

Други манифестации кои ги одбележува нашето училиште се: Недела за борба против СИДА во која се вклучени предавања од здравствени работници, невладини организации, и програма која приготвена од ученици и одговорни наставници. За новогодишните празници во соработка со локалната самоуправа, домот на културата и нашето училиште се приготвува Новогодишен хепенинг. По повод Велигденските празници исто така училиштето со група ученици и одговорни наставници учествува на Велигденскиот хепенинг со свои штандови кој традиционално се организира на градскиот плоштад.

Во текот на целата школска година учениците кои што се членови на секцијата - Ѕиден весник ги објавуваат сите настани во училиштето и надвор од училиштето, исто така објавуваат лични творби, есеи, различни артефакти во зависност од настаните кои се поврзани со годишниот календар. Покрај ѕидниот весник во училиштето се

изработува и Училишен весник кој го приготвува група ученици со одговорен наставник. Весникот се приготвува преку целата година, се собираат материјали, се вршат интервјуа, анкети, се промовира училиштето, се избира насловна страна, се избира издавачка куќа и на крај се селектира материјалот, се печати и се дистрибуира.

Во училиштето сите активи си имаат свои активности поврзани со наставната план и програма. Во месец Април, редовна посета на Саем на книгата, а истовремено и посета на културно- историските споменици во Скопје со средства од учениците. Посета на театар во месец Ноември и Март,  со самофинансирање на учениците- актив по македонски јазик и летаратура.

Со учениците од четврта година се организира посета на Агенцијата за претприемништво во Скопје во месец Октомври и посета на Берза на РМ во Скопје во месец Ноември со одговорен наставник Дијана Ѓеоргиевска. Посета на ПМФ предвидено во месец Април е од страна на предметните наставници по хемија, математика и информатика. Од страна на активот по спорт и спортски активности планирана е посета во месец Март на Олимпискиот базен и сите други спортски објекти во Скопје, исто така во месец Април и месец Мај се организира велосипедска и планинарска тура со ученици од прва до четврта година.

Исто така и со учениците од трета година се планира посета на Собрание на РСМакедонија и основен Суд во Ресен.

## ПЛАН ЗА АКЦИЈА ЗА ОПШТЕСТВЕНО ХУМАНИТАРНА РАБОТА

| **Активност** | Временска рамка и место на реализација | Одговорно лице | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| Учество на манифестација за јаболкобер | Септември | Васко Јовановски, наст. по ликовна и музичка уметност | Ученици, наставници | Успешна реализација |
| Патронен празник на училиштето | Септември - Октомври | Марина Стојановска, Лика Стефановска, Даниела Стерјовска, Ана Ридо, Шенер Далиповски | Ученици, сопствени средства | Успешна реализација |
| Ѕиден весник | Во текот на цела школска година | Лика Стефановска, наст. по македонски јазик и литература | Одговорни ученици | Успешна реализација |
| Училишен весник | Декември - Мај | Марина Стојановска | Одговорни ученици | Успешна реализација |
| Посета на Саем на книгата | Април<br>Мај<br>релација Ресен-Скопје-Ресен<br>(задолжително пренесување на учениците до нивното место на живеење) | Марина Стојановска,Лика Стефановска ,Даниела Стерјовска Ана Ридо | Средства од учениците од I, II, III, и IV год. | Успешна реализација |
| Посета на театар | Октомври Ноември Март Релација: Ресен-Скопје-Ресен или Ресен-Прилеп-Ресен<br>(задолжително пренесување на учениците до нивното | Актив по мајчини јазици | Средства од учениците I, II, III, и IV год | Успешна реализација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | место на живеење) | | | |
| Активности за „Св. Кирил и Методиј“<br><br>Посета на Планетариум<br><br>Посета на термоцентрала | 24 Мај<br><br>Септември, Октомври Ресен- Скопје,<br><br>Април, Мај Ресен-Битола | Митко Митревски, Методиј Карапалевски,Јорданчо Ѓоргиевски<br><br>Наставници по Географија<br><br>Наставници по Географија | Ученици<br><br>Ученици<br><br>Ученици | Успешна реализација<br><br>Успешна реализација<br><br>Успешна реализација |
| Манифестација „Најдобар од најдобрите“ | јули-август | Класни раководители и наставник по македонски јазик | Ученици | Успешна реализација |
| Учество на манифестацијата „Велигденски хепенинг“ | Април – Мај | Наст. по ликовна уметност, музичка уметност, македонски јазик и литер. | Ученици, наставници | Успешна реализација |
| „Недела за борба против СИДА“ | Ноември - Декемри | Лика Стефановска, Даниела Стерјовска | Ученици, наставници | Успешна реализација |
| Манифестација за Новогодишните празници | Декември | Марина Стојановска, Лика Стефановска, Марија Јосифовска | Ученици, наставници | Успешна реализација |
| Крводарителска акција | Двапати во текот на школската година | Класни раководители од IV година | Ученици, наставници | Успешна акција |
| Хуманитарна собирна акција | Најмалку два пати во годината | Славица Божинова | Ученици, наставници | Успешна акција |
| Посета на агенција за претприемништво во Скопје | Октомври | Дијана Ѓеоргиевска | Ученици од IV година | Успешна реализација |
| Посета на Берза на РСМ во Скопје | Ноември | Дијана Ѓеоргиевска | Ученици од IV година | Успешна реализација |
| Посета на ПМФ-Скопје илифакултети сродни на Природно - математичката струка комб.А | Ноември, Март-илиАприл-Ресен-Скопје-Ресен(задолжително пренесување на учениците до нивното место на живеење) | Благојче Кочовски, Аланка Спировска,Розета К.Кољовчевска, | Ученици од природно математичко подрачје – комбинација А | Успешна реализација |
| Посета на ПМФ – Хемија; Биологија | Ноември, Март-Април-Ресен-Скопје-Ресен(задолжително пренесување на учениците до нивното место на живеење) | Кате Настевска Славица Божинова | Ученици | Успешна реализација |
| Посета на Олимписки базен, | Март, Април, Мај релација Ресен- Скопје-Ресен, Битола,Охрид(учениците да се превезат до местото | Методиј Карапалевски, Митко Митревски, Јорданчо Георгиевски | Ученици од сите години, наставници. Со сопствени | Успешно реализирана активност |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Реализација на планинарска тура<br><br><br>Посета на музички настан | на живеење).<br><br>Септември, Мај, Јуни. Релација (во рамките на општина Ресен)<br><br>Април, Мај,Јуни ,Септември Ресен, Битола<br><br><br>Фихармонија,опера,концерт на класична музика-април,мај Скопје ,Битола | Методиј Карапалевски, Митко Митревски, Јорданчо Георгиевски<br><br><br>м-р Марија Јосифовска | средства за превоз и влезница.<br><br>Ученици од сите години, наставници. Со сопствени средства за превоз и влезница.<br><br>Ученици од прва, втора, трета и четврта година | Успешно реализирана активност<br><br><br>Успешно реализирана активност |
| Посета на собрание на Република Македонија | Посета на собрание-ноември,март,-Скопје и основен Суд во Ресен | Проф Ташко Каранфиловски | Ученици од трета година | Успешно реализирана активност |

Еколошките акции се организирани од Влада на РС Македонија е поддржана и од нашето училиште, во неа земаат учество група на ученици заедно со класните раководители.

Нашето училиште во соработка со Здравствениот дом  два пати во текот на годината  организира крводарителска акција за наставници и ученици од четврта година.

Црвен крст и одговорниот наставник заедно со ученици членови на Црвен крст спроведуваат хуманитарна собирна акција на собирање: храна, облека, финансиски средства и истите се донираат во Дом за деца без родители – Битола и социјално загрозени семејства. Оваа акција се спроведува два пати во текот на школската година.

Централната манифестација за учениците од четврта година (матуранти) - Најдобри од најдобрите се одржува во месец јули-август  на која се доделуваат дипломи за завршено средно образование, пофалници за најдобри ученици и се прогласува Првенец  на генерација. На ученикот кој е избран за најдобар од најдобрите, локалната самоуправа- градоначалникот на нашата општина му ја доделува главната награда. Настанот е збогатен со културно- уметничка програма поддржана од голем број на родители, ученици, наставници, претставници од локална самоуправа и сограѓани на нашата општина.

Тим на изработка:
Марина Стојановска
Лика Стефановска
Елена Ѓоргиевска
Уксел Шериф

# ПРОГРАМА ЗА СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА СРЕДИНА И ЛОКАЛНА ЗАЕДНИЦА

Поаѓајќи од фактот дека работата на нашето училиште е под надлежност на Локалната самоуправа што впрочем носи наслов и Средно општинско училиште и сите воспитно образовни и други активности што се реализираат во училиштето мора да се во координација со Локалната самоуправа.

Во изминатите години обостраната соработка се реализираше на завидно ниво, секоја институција го реализираше својот дел од соработката, и истиот беше со позитивни резултати. А таа соработка најмногу се рефлектира во делот на организација и соработка на манифестации и активности од различен вид како на пример: голем број на културно- уметнички проекти , забавно спортски активности, а посебно во делот на земјоделско – ветеринарната струка нејзината работа , организација и економскиот дел .

Имајќи го во предвид фактот на погоре кажаното идната соработка на училиштето со Локалната самоупреава би требало да биде на поголемо ниво, подобрена организација се со цел заемен и заеднички напредок на дејностите што ги реализираат двете институции , а таа нивна взаемна интеракција на училиштето со локалната самоуправа останува да се реализира на повеќе нивоа и структури и тоа :

- Соработка со раководителот на училиштето - директорот ;
- Соработка со Училишниот одбор во кој локалната самоуправа има и свој претставник ;
- Соработката со активот по земјоделие ;
- Соработка со други стручни активи кои имаат потреба од соработка со локалната самоуправа за подобра реализација на нивните стручни програми;
- Соработка со учениците за реализација на училишните и младинските активности во склоп на наставната програма и надвор од нејзините рамки;
- Соработка со синдикатот.

Клучен приоритет на СОУ„ Цар Самоил “ како воспитно-образовна установа е афирмација на училиштето во областите во кои партиципира заедно со наставниот кадар, учениците и Локалната самоуправа.

Соработката со Локалната самоуправа секогаш треба да биде стручна и квалитетна се со цел за што подобра организација на воспитно -образовниот процес во училиштето , а со тоа подобрување на условите за работа во него , а посебно со воведувње на настава со учење на далечина .

Како позначајни цели и задачи во соработката на училиштето и Локалната самоуправа би ги издвоиле :

- Реализација на поквалитетна настава;
- Реализација на поквалитетна настава со учење од далечина;
- Одржување на училишната инфраструктура, објекти;
- Ангажирање на стручен кадар ;
- Организација и реализација на манифестации и активности по повод различни настани;

- Заедничко и поквалитетно претставување на училиштето надвор од Општината и надвор од државата;
- Помош на учениците и наставниот кадар во напредокот на нивното професионално доусовршување ;

- Посредување и соработка во Земјоделско - ветеринарната насока во правец на подобрување на условите за работа и нејзин развој како крајна цел комерцијализација од земјоделските активности и добивање на квалитетен кадар;
- Помош и посредство во остварување на контакти и соработка со други воспитно образовни институции во нашава држава како и надвор од неа како и други институции од земјоделското подрачје ;
- Посредство во соработка со бизнис секторот во нашава општина надвор од неа , а и надвор од државата.

Покрај овие се разбира дека има и други цели кои се остваруваат во заедничка комуникација и соработка на училиштето со структурите и одделенијата на Локалната самоуправа, и тоа се со цел за поквалитетно општинско средношколско образование и воспитание и унапредување и усовршување на наставата и наставниот кадар , а се со цел да создадеме квалитетен ученички кадар кој во иднина ќе биде огледало на училиштето и општината.

Соработката треба да биде континуирана и секогаш поставена на долгорочна основа поддржана од двете страни и пред се стручна за таа соработка секогаш да е во насока на поквалитетен образовен процес.

Соработката треба да се базира и да ги следи промените и новитетите што се случуваат во образованието , локалната самоуправа и другата државна легислатива.

| *Цел: Во рамките на оваа подрачје ќе се спроведат следните активности :* | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Задачи, активности | Извршители | Временска рамка | Одговорно лице | Ресурси | Средства, извори, забелешка |
| Преспански јаболкобер | Училиштето и Локалната самоуправа | Септември | Директорот и Стручни активи | Училишен инвентар | Буџет на општина |
| Еколошки акции | Директорот ,наставен кадар, ученици,локална самоуправа | Во текот на учебната година | Директорот ,Насатвници Еколошки здруженија | Земјоделски алатки | Буџет на општина во соработка со Влада на РМ |
| Програма по повод ,, Недела за борба против сидата,, | Унија на средношколци | Декември | Директорот,наставнички кадар и ученици | Директор,наставен кадар,струч-ни служби и ученици | Спонзорстав а и буџет на општина Ресен |
| Новогодишна програма | Директор ,ученици, актив , локална самоуправа | Декември | Директорот, претсавник од локалната | Наставен кадар ,ученици, наставен и училишен инвентар | Буџет на општина |
| Едукација на тема ,, Безбедност за време на новогодишните празници,, | МВР -Ресен, Училиштето | Декември | Стручни лица од МВР Ресен, наставници и др. Стручни лица | Ученици | МВР-Ресен |
| Априлијада | Локална самоуправа | Април | Претставник од локална, | Ученици,наставен кадар | Општина- Ресен |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Матурско дефиле | Директор,ученици, наставен кадар,локална самоуправа | Мај | Директор, наставен кадар,претстав-ник од лакална самоуправа | Ученици,локал на самоуправа,на ставен кадар | Општина - Ресен |
| Ученички екскурзии | Директор,наставен кадар,родители, совет на родители,училишен одбор | Мај - Јуни | Директтор,наста-вен кадар,Туристи-чка агенција | ученици | родители |
| Манифестација „најдобар од најдобрите“ | Директор,наставен кадар,совет на родители,родители, ученици,локална самоуправа | Јули - август | Претставник од локална , директор, наставен кадар , ученици | Претставник од локална , директор, наставен кадар, ученици и училишен инвентар и општински простории | Општина Ресен |
| Подигнување и одржување на земјоделско-овоштарски насади | Директор, Актив на Земјоделско ветеринарна-струка,ученици и други стручни лица и спонзори | Годишни активности | Директорот , Земјоделски актив | Обработлива површина , ученици , наставен кадар, стручни лица од други институции, земјоделска механизација и алатки | Буџет на Општина , Буџет на училиште и финансиски средства од донатори и спонзори |
| Училишен спорт | Актив по спорт , ученици | Годишни активности | Професори по спорт , Раководител на спортски објекти-спортска сала | Наставници , ученици | Општина Ресен и гимназија ,, Цар Самоил,, |
| Крводарителски акции | Црвен крст Ресен | Годишни активности | Директор, Наставници | Ученици | „Црвен крст“ |
| Организирање на училишни и друг вид регионални и државни натпревари | Училиштето, со катедрите од посебните нучни институции и министерства | Годишни активности | Директор, претставник од локална , други стручни лица | Ученици , општински и училишни простории | Училишен ,Општински и катедри на посебните науки |
| Одржување и користење на содржините од реновираниот и новодоградениот Спортско-рекреативен центар | Директор,чуварска служба, наставниот актив по спорт и локална самоуправа | Во текот на цела учебна година | Директор,локалн а | Директор,чува рска служба, наставен кадар и служби од локална | Општина Ресен, Училиште и финанскии средства од донатори спонзори |

Тим за работа: Даниела Стерјовска
Кате Настевска
Ана Ридо

## ПРОГРАМА ЗА ГРИЖА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ

Цел на програмата за грижа за здравјето е унапредување на целокупното здравје на учениците преку превентивни програми,едукација и акции кои допринесуваат за формирање на ставови,навики и однесување кои значат здрав начин на живот. Со програмата се опфатени следните содржини:

- Предавања
- Превенција од пренесување и ширење на заразни болести
- Превенција од болести на зависност
- Здрава исхрана
- Посебни и систематски прегледи
- Физички активности

Во поглед на грижата за здравјето, училиштето има формирано **тим** чија задача е следење на општата здравствена состојба на вработените преку посебен план и активности. Во соработка со здравствените домови се извршуваат здравствени прегледи на вработените во училиштето.

Како посебна популациона група во училиштето се учениците за кои што исто така се предвидени активности кои би придонеле за позитивна здравствена состојба и полесно совладување на физичките, социјалните и психолошки промени кои се појавуваат во периодот на развој кај нив. Во таа смисла, училиштето има обврски соодветно да ги информира учениците во врска со актуелнте состојби и превентивни активности во врска со физичкото, социјалното и психичкото здравје.

Останатите планирани активности на кои ќе се заснова грижата за здравјето на учениците опфаќаат*: систематски прегледи, обезбедување на високо хигиенски услови во училиштето, вакцинации, спортски активности и активности за промовирање на здравата храна, грижа за менталното здравје на учениците.*

Хигиената претставува важен фактор за постоење на здрава училишна средина каде учениците поминуваат голем дел од денот. Поради тоа, училиштето презема активности кои придонесуваат за одржување на високото ниво на хигиенски услови кои ги обезбедува персоналот и учениците, а тоа подразбира: бришење на прашината на работните површини и на надворешен дел од мебелот, бришење и миење на тврди подни површини, вшмукување на меки подни површини ( тепих ... ), собирање на пајажина, бришење на рамки на прозорци, на влезни и внатрешни врати, бришење и миење на стаклени површини, бришење на санитарен простор, метење пред влезните врати. Училиштето обезбедува доволна количина на средства за одржување на општа и лична хигиена, средства за дезинфекција на вработените,учениците и просторот. За хигиената во училиштето се задолжени техничкиот персонал составен од 5 хигиеничари. Но за да се оддржува хигиената на задоволително ниво придонесуваат сите вработени и ученици преку разни акции за чистење или едукативни работилници.

Лекарски прегледи на учениците како и досега согласно Законот за средно образование ќе се вршат на учениците од прва и од четврта година, во соработка со Здравствениот дом во Ресен.
За време на редовниот систематски преглед за учениците од четврта година обврска е да се изврши и вакцинирање според календарот за редовни вакцини. Вакцинирањето е составен дел од грижата за учениците и тоа се спроведува во различни периоди од воспитно образовниот процес на учениците зацртани во календарот за имунизација. Водење на постојана грижа за здравјето се врши и преку здравата исхрана и чистата околина. Одделни содржини за едукација за здрава исхрана се опфатени и ќе се реализираат со програмите на некои наставни предмети како што се биологија, физичко воспитание, психологија, како и на часовите на раководител на паралелка од подрачјето Животни вештини со организирани работилници. Ќе се организираат предавања на повеќе теми од областа на здравствената заштита, за здрав начин на живеење на учениците, заштита на здравјето, изградување на свест за заштита од опасност што произлегува од ширење и употреба на дрога, никотин, алхохолизам, сида и други болести.Тоа се планира да се направи преку предавања од стручни лица и работилници. Посебно внимание ќе се посвети на естетскиот изглед и на хигиенските услови во внатрешните простории на училиштето и училишниот двор.
Повеќето активности кои придонесуваат за развој на физичкото и психичкото здравје на учениците ќе бидат реализирани со програмите на наставните предмети како и со реализација на вонаставните активности- акции и предавања во класовите,преку работата на училишните секции (еколошка секција, Училишно друштво за спорт,секцијата Младина на Црвен Крст) и друго.

Во областа на здравствената превенција ќе се работи на градење на физички, психички и социјално здрави и зрели личности. Притоа треба да се има во предвид фактот што училиштето е само еден од многубројните фактори кои придонесуваат во развојот на личноста на учениците.

Училиштето ќе ја реализира оваа цел преку следните активности:

- Вклучување на учениците во здравствено-воспитни акции,стекнување на знаења за зачувување на здравјето,за болестите и можностите за лечење;
- Развивање на свест и одговорност на поединецот за сопственото здравје,за значењето на личната хигиена,хигиената на исхраната и хигиенски начин на живот;
- Подигнување на здравствената култура на учениците така што грижата за здравјето ќе биде составен дел од секојдневните навики,потреби и однесување;
- Учество на учениците во унапредување на животната средина и хигиено-естетската заштита на училиштето;
- Грижа за сопственото ментално здравје, регистрирање на суптилните знаци на нарушување и барање на соодветна поддршка и помош во или вон училиштето

| Цел: Заштита и унапредување на здравјето на учениците | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Задачи, активности | Реализатор | Временска рамка | Одговорно лице | Ресурси | Средства, извори, забелешка |
| Дезинфекција, | Завод за | Август – | Директор, | Училишна | Училишен буџет |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| десинсекција и дератизација | здравствена заштита – Битола | Јануари | Домаќин на училиштето | зграда | |
| Уредување на училишниот двор и одржување на чиста животна средина | Хигиеничари, Одговорни наставници и ученици, Хаус- мајстор | Мај – Јуни Септември – Во тек на цела учебна година | Директор, Одговорни наставници Хигиеничар и | Училишна зграда Училишен двор | Училишен буџет |
| Санитетски прегледи на наставниот кадар и останатите вработени во училиштето | Завод за здравствена заштита – Битола | Септември – Октомври | Директор, Секретар на училиштето | Наставен кадар и останатите вработени во службите од училиштето | Училишен буџет |
| Систематски прегледи на наставниот кадар и останатите вработени во училиштето(на секои две години) | Лиценцирана медицинска установа | Септември – Октомври | Директор, Секретар на училиштето | Наставен кадар и останатите вработени во службите од училиштето | Училишен буџет |
| Систематски прегледи на учениците во прва и четврта завршна година | ЈЗУ - Здравствен дом - Ресен | Според планот на лекарската служба | Стручна служба – Класен раководител на паралелка | Сите ученици од: I и IV година | Програма на министерството |
| Вакцинација – тетанус за четврта завршна година | ЈЗУ – Здравствен дом Ресен – оддел за вакцинација | Според календар на имунизација | Стручна служба – Класен раководител на паралелка | Сите ученици од IVгодина | Програма на министерството |
| Вакцинација на ученичките за заштита од папилома вирус | ЈЗУ – Здравствен дом Ресен – оддел за вакцинација | Според календар на имунизација | Стручна служба | Ученички од прва до четврта година | Програма на министерство |
| Предавање на теми за: Заштитни мерки за спречување на внесување и ширење вируси Здрава исхрана, | Училишен психолог, одговорни Инстиуции и стручни лица за соодветната област | Октомври – Мај | Класен раководител на паралелка и психолошка служба | Ученици од Iи IV година | Институции задолжени за грижа за здравјето на учениците(Завод за јавно здравје,ЈЗУ Здравстевен дом Ресен, Полициска |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| полово заразни заболувања, Несакана бременост и последиците од абортусот, Контрацептивни средства – позитивни и негативни средства | | | | | станица Ресен,Противпожарна служба, Невладини организации ) |
| Работилници на тема: Наркоманија, пушење и алкохолизам кај младите, сексуално преносливи инфекции и СИДА | Училишен психолог, одговорни Инстиуции и стручни лица за соодветната област | По програма | Директор психолог | Ученици од Iи IV година | Институции задолжени за грижа за здравјето на учениците(Завод за јавно здравје,ЈЗУ Здравстевен дом Ресен, Полициска станица Ресен,Противпожарна служба, Невладини организации ) |
| Теми за актуелни проблеми на младите луѓе | Училишен психолог | По потреба | Класен раководител на паралелка и психолошка служба | Ученици од Iи IV година | / |
| Обука за давање на Прва помош | Црвен Крст – Ресен | По програма | Директор – Секретар на училиштето | Вработени наставници | Училишен буџет |
| Активности на Црвен Крст – Ресен | Црвен Крст – Ресен, Одговорен предметен наставник со ученици | По програма | Одговорен предметен наставник | Ученици од Iи IV година | Црвен Крст – Ресен |
| Крводарителство | Медицински центар – Битола – Оддел за трансфузиологија | Есен – Пролет | Директор, психолошка служба, Касен раководител на паралелка | Ученици од IV година | Медицински центар – Битола – Оддел за трансфузиологија |
| Показна вежба за прва помош | Црвен Крст – Ресен, | Септември | Директор, психолошка | Сите ученици од | Црвен Крст – Ресен, |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| и заштита | Противпожарна служба, Полициска станица | | служба, Касен раководител на паралелка | Iдо IV година | Противпожарна служба, Полициска станица |
| Интеграција на заштитата на животната средина | Наставен кадар | По програма | Директор, психолошка служба, Касен раководител на паралелка | Сите ученици од Iдо IV година | / |
| Превенција и препознавање на ментални растројства, емоционални проблеми | Психолог | По програма | психолог | Сите ученици | / |
| Работилници со теми за одбележување на посебни денови(ден на аутизам, даунов синдром и сл.) | Психолог | По програма | психолог | Сите ученици | / |

## ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА МИО АКТИВНОСТИ НА НАСТАВНИЦИТЕ 2023/2024 ГОДИНА.

Основна цел на имплементирањето на МИО содржини во наставата е подобрување на односите меѓу учениците, односите меѓу наставниците и подобрување на квалитетот во наставата.

Дел од активностите се реализираат со физичко присуство на наставниците и учениците ,а дел online со примена на конференциски апликации.

За оваа учебна 2023/2024година планирани се следниве активности :

-Краткотрајни наставни активности

Секој наставник ке одржи по 3 ОЖВ работилници во текот на учебната година и по еден наставен час во полугодие со мешани етнички групи на ученици со наставници од друга етничка припадност.

Долготрајни наставни активности

-Дополнителната и додатната настава ке се изведува на ниво на години со мешани групи согласно МИО критериумите.

-Проектните активности ке се реализираат со мешани етнички групи.

Краткотрајни вонннаставни активности

Секој наставник ке реализира минимум 1 МИО активност од предвидените со годишната програма на училиштето:

- Посета на Саем на книга и компјутери ,факултети,театарски и кино претстави,базен,планинарење ,излети ,презентации на факултети,посета на културно-историски споменици,музички концерти ...
- Прослава на патронатот на училиштето .
- Посета на музеи ,научни институции,хидроцентрали, во рамките на Еднодневните екскурзии со учениците од прва и втора година.
- Учество во еколошка акција-Ден на дрвото
- Учество во манифестацијата-Недела за борба против сидата.
- Учество во манифестацијата-Преспански јаболкобер.

Долготрајни воннаставни активности

-Секој наставник ке реализира минимум 1 активност како проект,секција или мултикултурна работилница.

- - Повекедневна научно-рекреативна екскурзија со учениците од трета година и Матурската прослава ке се реализираат согласно МИО стандардите.

Професионална соработка мегу наставниците ке се реализира преку стручни средби за професионален развој заеднички стручни активи,заеднички обуки за професионален развој,заедничко планирање на часови,размена на матерјали,меѓусебни посети за наблудување на часови,заедничка поготовка на тестови и размена на опрема.

Претседател на СИТ Тимот на МИО
Кочовски Благојче

## ПРОГРАМА ЗА ЈАВНА И КУЛТУРНА ДЕЈНОСТ НА УЧИЛИШТЕТО

Со цел да се промовираат сите активности и достигнувања на училиштето и работата на учениците и наставниците, училиштето има добра соработка со институциите од областа на културата, образованието, невладините организации и медиумте. Во текот на годината се учествува на одредени објавени конкурси и натпревари од областа на литературата и ликовната уметност, се посетуваат изложби на локално ниво и пошироко, посета на културно историски споменици и музеи во државата, библиотеки, театар и други културни настани. Подетални информации за наведените настани од областа на културата и уметноста се наоѓаат во програмта за екскурзии и натпревари.

За постигање на подобри резултати во воспитно-образновната дејност се остваруваат постојани соработки со следните институции: МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, овластен општински инспектор, детски градинки, други основни и средни училишта и факултети. Поконкретни информации од областа на обарзованието се дадени во Програмата за воспитно-образовниот процес.

Исто така училиштето зема учество во голем број на манифестации организирани од НВО секторот. Соработката со невладините организации се остварува тековно во годината зависно од потребите на различните организации и настани кои ги организираат истите. Соработката се остварува во зависност од областа, видот и потребата на проектот и од тоа зависи кои активи, наставници и ученици, и стручната

служба ќе бидат вклучени во соработката.

Нашето училиште СОУ „*Цар Самоил“,* сите успеси, учества на натпревари, манифестации и други активности ги промовира преку различите средстава за јавно информирање:

- Фан – страна на Facebook за која се одговорни група ученици и професор
- Веб страна на училиштето;
- Училишен весник кој го изработуваат ученици координирани од професори
- Промотивни флаери кои ги изработуваат група ученици координирани со наставник по ликовна уметност или информатика;

Преку сите наведени средства за комуникација со јавноста – Медиуми, училиштето ја запознава јавноста со Годишната програма за работа на училиштето, учеството и постигањата на учениците на натпреварите и учество на други манифестации и активности („Преспански јаболкобер“, Патронен празниик на училиштето, еколошка акција, Промоција на хумани вредности, крводарителска акција, предавање за борба против трговија со луѓе, активноста за недела на стари лица - собир на акција од хуманитарен карактер, „Недела за борба против СИДАТА“, едукација за „Безбедно за новогодишните празници“, вежба за противпожарна заштита, Новогодишна програма во соработка со Локалната самоуправа и Домот на културата „Драги Тозија“ - Ресен и манифестацијата „Најдобар од најдобрите“ - избор на ученик на генерација).

Флаерите кои ги изработуваат група ученици со наставникот по ликовна уметност го промовираат нашето училиште и неговата воспитно – образовна дејност. Флаерот содржи информации за стручноста на наставниот кадар, техничките услови за работа, програмските подрачја и ја потенцира земјоделско – ветеринарната струка и нејзиниот прв показен интензивен насад на ниво на држава. За прмоција и презентација на училиштето се задолжени следниве наставници: Константин Сековски, Кате Настевска, Васко Јовановски и Елизабета Волкановска.

Училишниот весник кој го изработуваат ученици координирани од наставник задолжен за секцијата кои целата година собираат податоци, вршат интервју со Градоначалникот, Директорот , наставниците и со свои соученици и ги презентираат активностите во училиштето и надвор од него во текот на целата учебна година. Весникот излегува од печат во месец мај во соработка со некоја од локалните печатници и се дистрибуира до Локалната самоуправа, директорот на училиштето и други јавни институции, спонзори, наставници и ученици.

На крајот од учебната година во месец јули, се организира Годишно утро на кое се соопштува успехот и поведението на учениците од I, II, и III година, а за учениците од IV година се организира доделување на дипломите и избор на ученик на генерација – манифестација *„Најдобар од најдобрите“*

*Тим за изработка:*
Даниела Стерјовска
Марина Стојановска
Шенер Далиповски
Зоран Тански
Уксел Шерифи

| **Активност** | Временска рамка | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|
| **Институции од областа на културата** | | | | |
| **Литературни конкурси** | Во текот на целата школска година | Актив за македонски јазик и литература | Конкурс | Успешна реализација |
| **Ликовни конкурси** | Во текот на целата школска година | Актив за уметности | Конкурс | Успешна реализација |
| **Посети на:**<br>**- Дом на Култура** ***Драги Тозија***<br>**- изложби**<br>**-Културно историски споменици и музеи**<br>**- библиотека**<br>**- Театар**<br>**- на литературно читање**<br>**- промоција на книга** | Во текот на целата школска година | Актив за македонски јазик и литература, Актив за уметности и Актив од оштествено хуманистичка област | Ексурзии | Успешна реализација |
| **Институции од областа на образование** | | | | |
| **Соработка со МОН** | Во текот на целата школска година | Директор и стручната служба | Состаноци | Соработка |
| **Соработка со БРО** | Во текот на целата школска година | Директор и стручната служба | Состаноци | Соработка |
| **Соработка со ДПИ** | Во текот на целата школска година | Директор и стручната служба | Состаноци | Соработка |
| **Соработка со ДИЦ** | Во текот на целата школска година | Директор и стручната служба | Состаноци | Соработка |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Соработка со ЕЛС -сектор - ССО и др.** | Во текот на целата школска година | Директор и стручната служба | Состаноци | Соработка |
| **Соработка со Невладини организации** | Во текот на целата школска година | Директор и стручната служба и активи | Состаноци | Соработка |
| **МЕДИУМИ** | | | | |
| **Веб страна на училиштето** | Во текот на целата школска година | Мирјана Христовска | Интернет | Соработка |
| **Фан страна на Facebook** | Во текот на целата школска година | | Интернет | Соработка |
| **Изработка на флаери** | Во текот на целата школска година | Учениците | Компјутерск а изработка | Соработка |
| **Училишен весник** | Во текот на школската година | Марина Стојановска и ученици | Собирање информаци и, селектирањ е и печатење | Соработка |
| **Соработка со локални веб портали и примање на е-пошта** | Во текот на целата школска година | Благица Волкановска Елизабета Волкановска Мирјана Христовска | Интернет | Соработка |
| **Презентација на училиштето** | Мај | Константин Сековски, Кате Настевска, Елизабета Волкановска и Васко Јовановски | Флаери, ЛЦД проектор и компјутер | Успешна презентација |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Промоција на успехот на учениците** | Јуни – Август | Класните раководители и дирнкторот | Училишна свечена просторија, Кино сала или др. | Успешна реализација |

Тим за изработка

Марина Стојановска
Шенер Далиповски
Зоран Тански
Даниела Стерјовска
Уксел Шерифи

## ПРОГРАМА НА ИНКЛУЗИВЕН ТИМ ВО ОБРАЗОВАНИЕ

**Ученици со посебни образовни потреби** се оние ученици кои имаат потешкотии во учењето или кои имаат попреченост што им го прави потешко учењето и пристапот до образование, за разлика од повеќето лица на иста возраст. Во македонскиот модел на инклузивно образование, а според тоа и во нашето училиште, во групата ученици со посебни образовни потреби влегуваат: **ученици со пречки во психичкиот развој; слепи и слабовидни ученици; глуви и наглуви ученици; ученици со пречки во говорот; ученици со телесна инвалидност; хронично болни ученици; ученици со асоцијално однесување; ученици со тешкотии во учењето; ученици со емоционални проблеми; ученици без родители; ученици од семејства со нарушени семејни односи; ученици од културно-деприивирани семејства; ученици кои не го познаваат јазикот на кој се изведува воспитно-образовната работа; ученици на бегалци и на раселени лица; надарени ученици.** Секоја од наведените групи има свои специфичности, но и секој ученик со посебни образовни потреби има лични, индивидуални, само нему својствени карактеристики што го прават еден и единствен.

**Принципи** на кои ќе се темели инклузивното образование во нашето училиште: **1. Принцип на социјална прифатеност и поддршка 2. Принцип на рана интервенција и рехабилитација 3. Принцип на функционално развивање на способноста 4. Принцип на стимулација и компензација.**
Училиштето ќе преземе мерки за подобрување на пристапноста до процесот на реализација на наставата за ученици со ПОП, како за нивната социјална прифатеност и поддршка, индивидуализација и стимулација.

**Планирани се следните активности:**
-идентификување, намалување и елиминација на препреките за партиципација во учењето (достапна средина),

- подобрување на квалитет на подучувањето
- обезбедување најоптимални ресурси во контекст на посебни дидактички средства и помагала
- зајакнување на капацитетите на училиштето преку обуки на наставниците и стручната служба,
- едукација на учениците за прифаќање на учениците кои се различни од нив (намалување на стереотипи и предрасуди), со цел остварување позитивна клима и атмосфера во училиштето;
- Формирање инклузивен тим кои ќе води грижа за идентификување, регистрација и следење ученици со посебни образовни потреби во процесот на апсолвирање на наставниот материјал и ќе даваат поддршка на наставниците за работа со нив;
- Обезбедување соработка со родителите и соработка со локалната заедница;
- Обезбедување техничко-материјални услови (архитектонски интервенции) со кои уениците со посебни образовни потреби ќе имаат можност да користат асистивна технологија според потребите.

Наставниците како клучен фактор во реализацијата на наставниот процес, ќе се фокусираат на следните активности:
- соработка со тимот за училишна инклузија, како и со другите наставници со цел пренесување на искуствата и напредокот на ученици со посебни образовни потреби;
- соработка со родителите која ќе игра голема улога во постигнувањето на зацртаните цели со учениците со посебни образовни потреби;
- реализација на диференцирана настава, доколку во одделението има ученици со посебни образовни потреби;
- изработка на индивидуален образовен план според видот на попреченост и нивото на претходно постигнување.

**Активности на Директорот:**
- континуирано охрабрување на своите вработени за прифаќање на концептот за инклузивно образование;
- иницирање и поддржување новитети од обласга на инклузивно образование;
- креирање позитивна работна атмосфера во училиштето, односно подигнување на свеста за прифаќање на сличностите и почитување на разликите кај учениците;
- поттикнување на наставниците да имаат добра меѓусебна соработка, добра комуникација со учениците и со родителите, да користат соодветни наставни средства и помагала, различни модели на учење, како и да применат диференцирана или индивидуализирана настава;
- обезбедување услови успешно да функционира и успешно да работи инклузивниот тим, координиран од координаторот на тимот;
- Индивидуализација на наставата - се планира и се воведува во воспитно-образовниот систем како поддршка на учениците кои не можат да го постигнат оптимумот, кој се очекува поради одредена попреченост. Тоа ќе овозможи мотивирање и напредување во образовниот процес;
- училиштето ќе се залага за пристапност и прилагодување на просторните услови, кое се однесува на обезбедување просторни услови за индивидуалните потреби, според видот на попреченост на ученикот (поставување рампи, повеќе простор за движење на

колички, лифт, опремување на училиштата со потребните дидактички и рехабилитациски средства и помагала, набавка на асистивна технологија според укажувањето на тимот за инклузија и сл.).
- Училиштето ќе ја интензивира соработката со локалната самоуправа, односно ќе иницира активно вклучување на локалната самоуправа во планирањето, во реализацијата и во финансирањето на образованието на учениците со посебни образовни потреби, како и обезбедување различни облици на поддршка.

**Идентификација на учениците со ПОП**

Идентификување на учениците со посебни образовни потреби и нивна проценка која ќе започне од денот на запишувањето во училиштето. Идентификацијата ќе се врши врз основ на документ издаден од Заводот за ментално здравје или посебна Комисија (здравствената и социјалната служба) при упис во редовното средно образование. Ученикот со пречки во развојот треба да приложи соодветен документ.

За сите ученици со посебни образовни потреби кои се со пречки во развојот или потешкотии во учењето, ќе се врши опис на образовната ситуација, а потоа ќе се изработува педагошки профил на ученик. Во процесот на идентификација и проценка секогаш ќе се земаат предвид постигнувањата и искуствата од основно образование, а особено ќе се обрнува внимание на насоките кои се дадени од страна на родителот.

**Инклузивен тим и задачи на инклузивниот тим**

Со цел да им се помогне на учениците со посебни образовни потреби, во рамките на училиштето ќе се формира инклузивен образовен тим. Инклузивниот образовен тим на ниво на училиштето се состои од Елизабета Волкановска – психолог, Даниела Поповска Ангеловска - наставник, Аланка Спировска – наставник, Валмира Незири –наставник, Јорданчо Георгиевски – наставник .

Психологот ќе биде назначен како координатор за посебни образовни потреби, а по потреба ќе се вклучуваат класни раководители, предметните наставници и родителите. Инклузивниот тим на ниво на училиштето има водечка улога во развојот на процесот на сеопфатност. За ефикасна реализација на поставените задачи кои во својата основа како резултат ќе имаат потполна инклузија, училишниот инклузивен тим:

- учествува во **идентификација на ученици со ПОП** со примена на соодветни психолошки, дефектолошки и педагошки инструменти
- изработува **профил** на ученикот
- **изработува ИОП** (индивидуална образовна програма за ученици со ПОП)
- обезбедува **услови за подобра реализација на образовниот процес** кој ќе одговара на потребите на сите ученици;
- учествува во **адаптацијата на училишната средина** на соодветен начин во задоволување на посебните образовни потреби;
- **соработува со инклузивните тимови од основните училишта** во насока на прибирање податоци и информации за учениците кои се запишуваат во нашето училиште;
- **ги објавува** пропишаните информации кои се однесуваат на работата и обезбедувањето услови за учениците со посебни образовни потреби;
- **води досие** за учениците со посебни образовни потреби;

- дава широк спектар на **поддршка на наставниците** при работа со ученици со посебни образовни потреби кои генерално се однесуваат на: **организирање обуки** за наставниците кои работат со ученици со посебни образовни потреби; обезбедување **помош на наставниците за подобрување на условите** за непречена работа со учениците со посебни образовни потреби; **помагање при изработка на индивидуална образовна програма** и ги следи ефектите од индивидуалната образовна програма; учество **во решавање на сите проблемски ситуации со наставниците**; **обезбедување помош** на наставниците и учениците со посебни образовни потреби **при реализацијата на практичната настава во училиштето и надвор од него**;
- **соработува со стручни институции**, со здруженија, со локалната заедница и со локалната самоуправа;
- Инклузивниот образовен тим е предводен од координатор на инклузивниот тим кој ја организира и насочува работата на тимот и претставува врска со родителите и со другите надворешни служби. Директорот на училиштето е одговорен за работата на инклузивниот образовен тим. Тој е во континуирана координација со координаторот на инклузивниот образовен тим.

## ПЛАН ЗА РАБОТА НА ИНКЛУЗИВНИОТ ТИМ

| Цели | Содржини | Носители | Ресурси | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Идентификација на ученици кои имаат потреба од посебен пристап во работата | Разговори со деца и родители, опсервација, користење на психолошки тестови и др. инструменти за идентификација на учениците | Кл.раководители и предм. наставници,стручни соработници од училиш. и по потреба стручни лица од соодветни институции; | Стручна литература, сознанија од обуки и семинари, психолошки наоди, формулари за идентификација за наставник, наоди и мислења од Комисија за категоризац., наод и мислење од лекар забелешки од опсервација. | Идентифицирани ученици со дефиниран статус |
| Евидентирање на учениците според откриените причини за попреченост и потешкотии во учењето; | Изготвување на соодветна евиденција за учениците со ПОП согласно нивните потешкотии | Наставници, родители, стр.соработници, стручни лица од соодветни установи; | Стручна литература | Соодветно евидентирани ученици според видот на попреченост и потешкотија; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување на соодветен план и програма за секој ученик поодделно; | Изготвување на ИОП и програма за работа за децата со посебни потреби и потешкотии во учењето | Наставници, родители, стручни соработници, стручни лица од соодветни установи (лекари, дефектолози, логопеди,соц.работници); | Стручна литература | Добро и соодветно изготвени ИОП за секој ученик поодделно зависно од видот на попреченост и потешкотијата што ја има; |
| Подобрување на успехот на учениците со примена на соодветни методи и техники во наставниот процес | Користење на соодветни форми, методи и техники за работа согласно способностите и можностите на учениците | Наставници, родители, стручнисоработници | Стручна литература, сознанија од обуки, семинари; | Подобро напредување на учениците во наставниот процес и совладување на предвидениот материјал; |
| Следење на индивидуалните постигањата на учениците со потешкотии; | Пополнување на индивидуални чек-листи за следење на ученикот во воспитно- образовниот процес | Наставници; | Стручна литература и интернет | Подобрување и стекнување на знаења и вештини согласно сопствените индивидуални способности и можности |
| Едуцирање на децата и возрасните за почитување на меѓусебните разлики | Работилници од „Животни вештини“ и други прирачници | Стручни соработници, обучени наставници и ученици | Прирачник за „Животни вештини“ и др.прирачници | Подобро прифаќање и помагање на децата со потешкотии и посебни потреби |
| Размена на искуства со вработените и запознавање со центрите и активностите на децата во дневните центри | Средби и размена на мислења,искуства,вклучувања во обуки и семинари,посета на Дневен центар За деца со посебни потреби | Ученици, наставници и родители | Брошури, стручен материјал и др.; | Оспособување и проширување на знаења и вештини на наставници за работа, вклучување на децата со посебни потреби во организирани секојдневни активности |
| Информирање на сите заинтересирани субјекти за работата и напредокот на учениците со | Индивидуални и групни состаноци со родители и претставници од локалната самоуправа и други заинтересирани(презент. Дискусии,разменамислења и сл.) | Предметни наставници и класни раководители | ЛЦД проектор, различни пишани материјали и др. | Подобро информирање на сите заинтересирани субјекти за ефектите од ваквата работа со |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| посебни потреби | | | | овие деца |

Изготвиле: Училишен тим за инклузија

Елизабета Волкановска
Даниела Поповска Ангеловска
Аланка Спировска
Валмира Незири
Јорданчо Георгиевски

# ПЛАН ЗА РАБОТА НА ТИМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ЕКО - ОДБОРОТ

Цел на Програмата: Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем е подигање на нивото на еколошката свест кај учениците и создавање на здрава животна средина на локално и глобално ниво.

Во текот на 2011 година училиштето се вклучи во програмата„Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем„ што ја спроведуваат здружението на граѓани ОХО, Швајцарската агенција за развој и Министерството за образование и наука на Р.Македонија.

Еко-училишта се училишта кои ја усвоиле заштитата на животната средина како една од основните вредности за управување и раководење. Воспитно-образовната институција покрај тоа што ги воспитува и едуцира учениците на темата заштита на животната средина,ги едуцира и сите вработени во институцијата и пошироката заедница. Еко-училиштата теоретското знаење го применуваат во пракса и при управувањето и раководењето ја земаат предвид состојбата и иднината на животната средина.

Образовната институција реализацијата на програмата „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем" ја остварува преку методологија на седум чекори еко менаџмент,со што се овозможува поврзување на теоријата со праксата.Тие седум чекори на еко менаџмент се:

- Формирање на еко-одбор
- Анализа на состојбата на животната средина
- План на активности
- Следење и евалуација на напредокот
- Поврзување со наставната и воспитна програма
- Информирање и вклучување на целото училиште и пошироката јавност
- Еко-кодекс

Овие седум чекори може да се реализираат во два дела:теоретски и практичен.Теоретскиот дел ги опфаќа активностите за формирање на еко-одбор,поврзување со наставната и воспитната програма и Еко-кодекс а во практичниот дел се останатите четири чекори.

Во СОУ„Цар Самоил“ Ресен, формиран е Еко-одбор во кој членуваат наставници, ученици, претставници од техничкиот персонал,претставници од локалната заедница,од педагошко-психолошката служба,од бизнис секторот.

Претседател на Еко одборот е: Жанета Стрезоска а членови од редот на наставниците се: Славица Божинова, Кате Настевска

Во учебната 2023/24 наставниците имаат обврска индивидуално да интегрираат содржини со точки на акции од четирите еко стандарди (во постоечките наставни предмети и број на часови,без промена на наставните планови):

- Заштеда на енергија
- Заштеда на вода
- Одржување на зградата и здрава животна средина
- Уреден еколошки двор

Координаторот на програмата заедно со учениците од еко-секцијата ќе изработат еко кодекс односно правилник за однесување на сите кои работат,учат,престојуваат и ги користат просториите и дворот на училиштето.Еко кодексот ќе се постави на видливо место во училиштето и со тоа ќе се потврди посветеноста на училиштето за подобрување на условите во кои се учи и работи.

Анализата на состојбата на животната средина е изработена за да се утврди во каква состојба се наоѓа училиштето. Со анализа се добиени податоци и информации за тоа колку отпад се произведува,колку вода се троши,какви средства за чистење се употребуваат,каква е состојбата во училишниот двор,колкав е степенот на свесноста за заштита на животната средина и какви активности презема училиштето во однос на тоа. Анализата помага за воспоставување на приоритети за активностите кои ќе се превземат а со тоа се изработува план на активност.

Планот на активности се прави врз основа на изработената Анализа на состојбата и точките на акција од четирите еко-стандарди.Планот ги содржи целите за реализација,времето и начинот на реализација,одговорните лица и планираните потребни средства. Поставените цели ќе водат кон подобрување на животната средина во училиштето.

Еколошката програма се поврзува со редовната настава преку Интегрирање на еколошките содржини од деветте еколошки теми во предметите, наставните содржини и часовите по соодветната година. Со тоа се збогатуваат постоечките предмети со еколошки содржини и содржини за заштита на животната средина.
Учениците, децата, вработените и пошироката заедница добиваат знаења за конкретните акции кои ги презема училиштето за заштитата на животната средина и реализацијата на Програмата. Дирекната вклученост на учениците во реализацијата на предвидените активности е преку формирањето на Еко-патролите кои подготвуваат извештаи и листи за следење на реализацијата на точките на акција од воспоставените еко-стандарди.
-Еколошки акции и кампањи се организираат како дел од еколошката програма со цел да се промовираат еколошките активности во пошироката заедница, да се подигне свеста и да се вклучат поголем број на ученици, деца, вработени, родители, медиуми и сл.

-Се реализираат активности од кампањата „Здрава храна “ со цел едукација на учениците за здравата исхрана, подигање на свеста, подигање на училишниот активизам, промоција и вклучување на родителите.
-Се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка.

# ЕКО СТАНДАРД 1

## Заштита на енергија

**Полиса:** Рационално користење на електричната и топлинската енергија

**Цели:** Намалување на потрошувачката електрична Е за 10 % во период од 01.09 - 10.06 во споредба со претходната година

**Точка за акција :** Истакнување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енергија

План за активност

| Активност | Одговорни лица | Временски период | Како | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| 1. Одлука за намалување на потрошувачката на електрична енер. и топлинска енер. | Еко одборот | 1 недела IX | На состанок на еко одбор со записник | / |
| 2. Анализа (согледување ) на фактичката состојба за потрошувачка на електрична енер.(Елаборат за потрошена електрична енер. и колку би можело да се заштеди ) | Секретар ( увид во сметките од електрична енер.)<br>- директор<br>-наставници<br>-ученици | 2 недела IX | Констатирање на фактичка состојба со анализа на сметки од електричана енер. | / |
| 3. Проверка на иправноста на сите уреди на електрична енер. | Технички персонал (ХАУС мајстор ) | 4 недела IX | Со увид на исправност | / |
| 4. Одлука за истакнување на упатства за рационално користење на електрична и топлинска енер. | Еко одбор<br>Директор | 1 недела X | Записник | / |
| 5.Распишување на конкурс за составување правила и упатства, цртежи предупредувачки пораки за рационално користење на електрична енергија и штедење | Еко одбор , наставник координатор | 2 недела X | Со оглас на огласна табла и прочитано соопштение во секое одделение | / |
| 6. Поставување на упаства за рационално коритење енер. на сите места каде има електрични уреди, по ходник и училници | Членови од еко одбор ученици од еко тимови | 3 недела X | Лепење упатства, правила, слики | |
| 7. Формирање на еко патроли (група ученици) | еко одбор, одделенски раководители | 3 недела X | Одделнески час со избирање , на состанок на еко одборот со предлози од одделенски раководители | / |
| 8. Анализа на потрошувачката на електрична енергија по превземените мерки | Наставник координатор и ученици | 4 недела V | Преку увид во сметките за струја и споредба | |
| 9. Промоција на планот | Координатор на еко проектот, директорот (мала изјава) | 2 недела VI | Web презентација, дневен весник | |
| 10. Поднесување на извештај | Координатор | Крај на школска година | Извештај | |

# ЕКО СТАНДАРД 2

## Заштита на вода

**Полиса:**Рационално користење на водата во училиштата и градинките

**Цели:** Намалување на потрошувачката на вода за 10 % во период од 01.09 - 10.06 во споредба со претходната година

**Точка за акција**

План за активност

| Активност | Одговорни лица | Временски период | Како | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| 1. Анализа на состојбата на водоводната инсталација ( славини, казанчиња, цевки) | - технички персонал<br>- еко патрола | 2 недела IX | увид на водоводна инсталација | / |
| 2. Анализа на фактичката состојба на потрошувачката на вода во училиштето во изминатата година | секретар, директор, ученици од еко одбор | 3 недела IX | преку анализа на сметкиза потрошени и платени сметки во период од 01.09 - 10.06 | |
| 3. Одлука за рационално користење на водата | еко одбор | 3 недела IX | на состанок на еко одбор со записник | |
| 4. Истакнување на упатства за рационално користење на водата | -членови на еко тимови<br>- наставници | 4 недела IX | лепење на слики и предупредувачки пораки и упатства | |
| 5. Формирање еко патроли (групи ученици) вклучени во реализацијата на точките на акција, кои ќе го следат, надгледуваат и контролираат процесот на имплементација на овие активности | наставник координатор, одделенски раководители, ученици од еко одбор | 1 недела X | избор на членови и оформување на групите | |
| 6. Анализа на состојбата на потрошена вода на крајот на учебната година 01.09 - 10.06 и споредба со изминатата година | еко одбор, ученици еко патрола | 10.VI | увид на сметка за потрошен м3 вода до 10.VI по превземените мерки | |
| 7. Промоција на планот | наставник координатор, одделенски раководители, ученици од еко одбор | 2 недела IV | web презентација | |
| 8. Поднесување на извештај | наставник координатор | 2 недела IV | писмен извештај | |

# ЕКО СТАНДАРД 3

## Одржување на зградата и здравата средина во училиштето

**Полиса:** Здрава и чиста внатрешна средина за учење и работење

**Цели:** Обезбедување на здрави услови за работење и престој во училиштето и градинката.

ПЛАН НА АКТИВНОСТ

| Активност | Одговорни лица | Временски период | Како | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| 1. Чистење на ходници, канцеларии, училници, фискултурни сали со еколошки или нетоксични средства | технички персонал | преку цела година | со набавка на еколошки средства | |
| 2. Одлука за разубавување на ходниците, канцелариите и училниците со цвеќиња | еко одбор | 1 недела IX | со записник | |
| 3. Поставување и одржување на саксиски цвеќиња по училници и ходници. | ученици, наставници, технички персонал | 3 недела IX | поставување, полевање и чистење | |
| 4. Истакнување на упатства за одржување на зградата на училиштето и здрава средина во училитето | членови на еко одбор, наставник координатор, ученици од тимовите | 1 недела X | со поставување на предупредувачки натписи, цртежи, знаци | |
| 5. Означување на одговорни лица согласно бројот на паралелки за спроведување на горенаведените точки на акција | Наставник координатор | 2 недела X | Со избирање на одговорни ученици од секоја паралелка | |
| 6. Формирање на еко патроли вклучени во реализација на точките на акција кои ќе го следат, надгледуваат и ќе го контролираат процесот на имплементација на овие активности | Координатор, наставници, еко одбор | 2 недела X | Со назначување на одговорни лица | |
| 7. Промоција на планот | Наставник координатор | 2 недела VI | Презентација во Power Point | |
| 8. Поднесување на извештај | Координатор | 2 недела VI | Писмен извештај | |

# ЕКО СТАНДАРД 4

## Уреден и еколошки двор

**Полиса:** Уреден и функционален двор која е во согласност со потребите за заштита на животната средина

**Цели:** Функционално уреден двор според сите еколошки параметри на начин на кој максимално ќе користи за потребите на сите кои претстојуваат во училиштето

### ПЛАН НА АКТИВНОСТ

| Активност | Одговорни лица | Временски период | Како | Буџет |
|---|---|---|---|---|
| 1. Отстранување на непотребни и нефункционални предмети и растенија од дворот (искршени цвеќиња, дрвја, скршени корпи) | Еко тимови | месец IX | Со копање , чистење | |
| 2. Одлука за садење на локални цвеќиња | Еко одбор | 1 недела X | На состанок на еко одбор | |
| 3. Редовно чистење на дворот | Координатор, ученици, технички персонал | Секој прв петок во месецот | Со нараквици и посебни алатки | |
| 4. Одлука за набавка на посебни корпи за хартија и за пластика и органско ѓубре | Еко одбор, директор, „Пролетер„ Ресен | 2 недела X | На сосанок на еко одбор со записник, од комунално претпријатие | Спонзорство донација Пролетер општина |
| 5. Поставување и означување на корпите во училишниот двор и училиштето | Координатор, еко одбор, ученици од еко тимови, помошен персонал | 3 недела X | Со поставување и одбележување | |
| 6. Истакнување на упатства за одржување на дворот и зградата | Координатор, наставници, ученици, помошен персонал | 4 недела X | Копање, полевање, со лепење и ставање на натписи, пароли на дрво | |
| 7. Промоција на планот | Наставник координатор | 1 недела VI | Снимање видео пред и потоа, Power Point презентација, дневен весник | |
| 8. Поднесување извештај | Координатор | 2 недела VI | Писмен извештај | |

# ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ОРЈЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИ

Образовната институција во задачите и целите кои систематски и организирано ги реализира во текот на воспитно – образовната работа задолжително треба да обрне внимание на помош и поддршка на учениците, покрај целите зацртани во годишните програми и на изборот на идната професија посебно кај учениците во завршните години.

Во текот на своето школување учениците континуирано се запознаваат со изборот на предмети во прва година, со изборните пакети за трета и четврта година кои се доставуваат и до нивните родители преку родителските средби.

- *Организација на консултации и информирање на учениците од завршните години*

Во нашето училиште согласно програмата пред завршувањето на крајните рокови за пријавување на матурските испити и изборот на екстерни и интерни предмети се организираат неколку активности во насока на професионална ориентација.

Голем дел од учениците и покрај тоа што со изборот на одредено подрачје се веќе делумно определени, но и ограничени, во изборот на предмети со правилата за избор на предмети дадени во Концепцијата за матура, сепак имаат прилично голем избор кој можат да го направат. Во стручните земјоделски паралелки се врши конкретизирање на подрачјата за полагање во зависност од избраните предмети во втора година наведени како предмети во прилог на Државната матура, така што изборот е прилично ограничен.

Психологот на училиштето започнува со континуирана работа со учениците на почетокот на октомври со организирање на:

*Информирање на родителите* преку родителските средби за бројот и типот на предмети (екстерни и интерни) проектна задача, за термини на полагањето и целосната организација за полагањето на Државната, училишната матура и завршниот испит.

*Целта* на оваа активност е комплетно запознавање на родителите со текот, термините организацијата и крајните рокови кои се одредени од Државниот испитен центар;

*Информирањето на учениците* - првично го врши Раководителот на паралелка, преку усна информација или соопштение изготвено од психологот во училиштето ; Секој ученик детално се запознава со бројот на испитите и типот на испити , кои се условите кои треба да бидат исполнети за да еден предмет биде избран.

*Целта* е учениците да се запознаат со организацијата, термините, начините на пријавување, начините на полагање и посебно за условите за избор на еден предмет како интерен или екстерен ( години на изучување, број на часови годишно и сл.)

Во периодот на ноември и декември се организира *ТЕСТИРАЊА И ИНФОРМИРАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ*;

Се врши групно тестирање на учениците од завршните години со помош на тест за Мултипла интелигенција на Хауард Гарднер – тест на самопроцена. Со овој тест се врши самопроцена на развиеноста на седумте типа на интелигенција. После тестирањето учениците добиваат толкување на резултатите на основа на клуч на одговори базиран на истражувања на авторот според кои се добива информација во

која професија би била најуспешна личноста ако проценила за себе дека има најразвиен одреден тип на интелигенција. После извршеното тестирање учениците вршат консултации кај психологот на училиштето за добиените резултати. Тестирањето е организирано по паралелки од страна на психологот на училиштето . Толкувањето на резултатите е индивидуално за секој ученик од листа за толкување во прилог на тестот и се врши веднаш после тестирањето.

- *ОТВОРЕН ДЕН за консултации на матурантите со психологот и лица од различни професии*

Целта на организирањето на отворен ден за матурантите е да се конкретизираат или дополнат информациите за избор на одредени предмети за интерно, екстерно полагање или проектна задача. Стручната служба врши кратки презентации по барање на учениците користејќи флаери или информации од ВЕБ – страните на универзитетите за обезбедување на одговори за сите прашања во врска со условите на факултетите за запишување на студенти.;

При тоа се користат флаерите од претходни презентации кои факултетите ги реализирале во текот на изминатите години, ЦД – ија или презентации. Со секој ученик по негова иницијатива се врши анализа и запознавање со студиските програми поставени на ВЕБ – страните на сите достапни факултети за кои постои интерес.

Доколку постои бројност се испраќаат барања до одредени факултети за изведување на презентации во училиштето кои редовно се вршат во текот на април и мај, но поради навремено информирање може да се реализираат порано.

Во текот на февруари и март се изведуваат консултации со стручните активи во училиштето

Се бара од секој претставник од активот кој предава во завршните години, да одржи по еден или повеќе часови на кои ќе обрне внимание на својата област презентирајки ги пред учениците предностите и недостатоците во работата во подрачјето кое го изучувал. При тоа наставникот треба да даде проширен осврт на можностите кои ги нуди областа презентирајќи глобални насоки од типот каде би работеле и какви се институции можат да го вклучат таков кадар во својата систематизација. Посочено е да се дава и глобална слика за одредено работно место преку работните задачи за истото.

Април и мај се изведуваат презентации од факултети за условите , можностите и перспективите кои ги нудат. Во зависност од епидемиолошката состојба презентациите може да се реализираат и онлајн во договор со претставниците од факултетот.

Се организираат после часовите или за време на големиот одмор, при што во зависност од заинтересираноста на учениците може и дополнително да се поканат да изведат презентација некој од факултетите (по барање на учениците) за кој постои зголемен интерес.

Во училиштето ќе се организира систематско следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа со ангажман на Директорот, психологот и тим од наставници. Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната работа опфаќа:

1. Следење на планирањето, програмирањето и подготовката на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.

2. Планирање и подготовка на наставниците за изведување на настава.

3. Водење на портфолио за наставниците

4. Планирање, програмирање и реализација на активностите психолошката служба во училиштето.

5. Следење, проверување и вреднување на успехот што го постигнуваат учениците и наставниците во наставата и воннаставните активности.

6. Успехот на учениците ќе се следи континуирано од страна на сите релевантни субјекти, и ќе се настојува да се постигне што пообјективно оценување.

7. Перманентно стручно усовршување на директорот, наставниците, психологот и библиотекарот

8. Воспитно-образовниот кадар перманентно стручно ќе се усовршува низ различни форми:

- преку обработка на теми на Наставнички совети и Стручни активи
- преку учество на семинари и советувања организирани од страна на БРО и интерно стручно усовршување
- преку следење на стручна литература и периодика;
- преку учество во работата на стручни активи.

9. Водење на педагошка евиденција и документација во рамките на сите подрачја што ја сочинуваат дејноста на училиштето.

## СЛЕДЕЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и оценувањето на успехот и унапредувањето на учениците во текот на целата година ќе биде третирано како мошне значајна компонента во воспитно-образовниот процес што ќе придонесе за постигнување на посолидни оспитно-образовни резултати, кај секој ученик посебно. Преку овој процес секој наставник ќе оствари увид во остварувањето на поставените задачи и цели на наставните планови и програми. Ова пратење ќе биде разгледувано и разработувано и на стручните активи.

Учениците се оценуваат по сите наставни предмети со бројки. Бројчаното оценување се врши со бројките: Одличен (5) , Мн.Добар (4), Добар (3), Доволен (2), Недоволен (1) која е негативна, а сите останати се позитивни. Во текот на едно полугодие секој ученик мора да добие по најмалку две оценки.

Оценувањето е континуиран процес во текот на целата година и се врши јавно. Во текот на наставата се изградуваат критериуми за вреднување на резултатите од учењето со кои се настојува што повеќе да се објективизира оценувањето. За таа цел покрај усното се применуваат и други методи, техники, инструменти (писмени работи, наставни ливчиња, тестови, шеми, дијаграми, табели, програмирани тестови)

Писмените работи кои се вршат од страна на наставниците се планирани во е - дневникот на паралелката планирана за истите. (македонски јазик и литература, математика, англиски јазик, француски јазик и по други предмети каде што има потреба). Тестовите по предмети се внесени во тематските планови насекој наставник.

Добиените резултати од различните форми на оценување самите предметни наставници ќе ги анализираат со цел да видат до каде стигнале и што треба да се направи за да се подобри успехот, односно да се постигне поголема ефикасност.

При предлагањето и утврдувањето на оценките по конкретниот предмет, како основни критериуми се имаат предвид: степенот на усвоеноста на потребните знаења со програмата; умешноста за применување на здобиените знаења во практика;(домашни задачи и писмени работи); степен на усвоеноста на воспитанието и општествените вредности (ставови, интереси, постапки).

Заради следењето на успехот на учениците наставничкиот колегиум на паралелките во текот на годината ќе одржат по најмалку четири седници. На седниците ќе биде анализиран текот на наставата во изминатиот период, редовноста на учениците во наставата, постигнатиот успех во изминатиот период.

Училиштето секогаш се стреми за одржување на квалитетна настава и преку тоа да се подобрат резултатите и постигнувањата на учениците. Училиштето тоа го прави низ повеќе педагошко-воспитни активности. Во наставата се практикуваат разни форми на работа во кои се користат наставни нагледни средства коишто ги поседува училиштето и има услови за нив, се одржуваат вонннаставни активности во рамките на можностите на училиштето, за послабите ученици се организира дополнителна настава, за подобрите се организира додатна настава, се со цел да се подобрат постигањата и на едните и на другите ученици.

Кај психологот се вршат советодавни разговори се со цел да се мотивираат учениците. Родителот секогаш е присутен во подобрување на постигањата на учениците преку родителски средби, разговори со предметни наставници, психолог, директор. Се работаат проектни активности со учениците со цел да се зголеми креативноста на учениците и да се поттикне нивната ангажираност. Секогаш и редовно се следи од страна на класниот раководител и предметните наставници нивниот успех, редовност и поведение. Наставниците во наставата применуваат нови, современи форми на настава. Учениците во училиштето секојдневно на секој час имаат можност за разгледување податоци и црпење нови информации преку интернет. Училиштето за да ги спореди знаењата и постигањата на нашите ученици учествува на разни натпревари по одделни предмети, спортски натпревари, земјоделско-практични натпревари на кои учениците постигнуваат значајни резултати и се истакнуваат со своите знаења и вештини.

Во училиштето постои процедура ученикот кој не е задоволен од утврдената оценка/и по одделен/и предмет/и да може да поднесе жалба до службите во училиштето, односно приговор до наставничкиот совет кој пак целосно, доследно и правилно решава по истата. Одлуката на наставничкиот совет е писмено доставена до ученикот од страна на правната служба на училиштето.

Раководителот на паралелката е должен за постигнатиот успех на учениците да ги известува родителите во текот на учебната година преку родителски средби. Преку е-дневникот, родителот може континуирано да го следи успехот и редовноста на своето дете.

## ВРЕДНУВАЊЕ НА РАБОТАТА НА НАСТАВНИКОТ

Секоја година акцентот се става на следење и вреднување на планирањето и подготовката на наставата. Сите предметни наставници се должни да ги достават новите годишни глобални и тематски планови пред почетокот на наставната година. Исто така секој од нив треба да поседува дневна подготовка за реализација на наставниот час која ќе биде предмет на систематско анализирање и вреднување. Ќе се следи и евидентира секоја забелешка во поглед на потешкотиите и слабостите особено во новите наставни планови и програми со цел истите да се надминат.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците и стручните соработници ќе го вршат директорот, психологот (преку редовни посети на часови), советници од Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат.

Следењето и вреднувањето на работата на наставниците ќе го опфаќа следното:

- Настава и други видиви организирана работа со учениците;
- Следење и оценување на учениците;
- Планирање на наставата и избор на форми, методи и средства за нејзино реализирање;
- Подготовка на дидактички помагала;
- Соработка со родителите;
- Вршење на задачи на одделенски раководител;
- Учество во интерно проверување на учениците;
- Водење на педагошка евиденција и документација;
- Уредување на кабинети, збирки, училишни работилници, вежбални, игралишта, насади и сл.
- Оргнизирање на културни, спортски и други општокорисни активности со учениците;
- Водење на слободни ученички активности и работа на проекти и истражувања со учениците;
- Подготвување и водење екскурзии, излети, натпревари и сл;
- Вршење на други работи предвидени со годишната програма;

Стручната служба и директорот континуирано водат и Професионално досие за наставници и стручни соработници. Секој наставник води сопствено наставничко портфолио.

Се планира поединечното следењето и напредувањето на професорите, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на професорите за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, вреднување, следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др.

Се планира активно учество на наставнците и вработените на понудени обуки од еколошката програма.

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаењата или размена на професионално искуство, преку професионалните активи, организирање на отворени часови, работилници.

Училиштето континуирано ја следи и оценува работата на наставниците преку повеќе различни форми и активности: преку следење на реализацијата на тематските и дневните планирања, преку посета на часови од страна на директорот заедно со стручната служба , подрачните образовни инспектори, стручни советници следење на оценувањето со увид на дневникот на паралелката при што се следи успехот, редовноста и дисциплината, преку реализирање на предвидени активности на стручни активи, реализација на проекти (вонnаставни активности), преку следење на реализација на земјоделската пракса – професионална и феријална во училиштето и локалната средина.

Од оценетата работа на наставниците, добиените резултати од ова оценување училиштето преку соодветните органи ги корегира недостатоците во реализацијата на наставната програма од страна на предметниот наставник, а ги утврдува позитивните активности во работата на предметниот наставник, и врз основа на таквите резултати се реализираат потребни стручни советувања, советодавни разговори, разни работилници и други активности се со цел за подобрување и професионален развој на наставниците.

За навремена и квалитетна реализација на планираните активности во овој плански документ неопходно е потребна навремена контрола, евиденција и анализа како основа за целокупната реализација во воспитно образовната дејност во училиштето.

Зачестената контрола и анализа ни претставува добар показател за тоа што е направено и како и кои се нашите јаки и слаби страни. Исто така ни помага во изнаоѓање патишта за надминување на слабостите и целокупните резултати.

Затоа во училиштето се планира анализа на извршените активности според квартали која ќе се врши на секои три месеци,се во фунција на развојот на училиштето.

Реализацијата на Годишната програма за работа се следи низ следните форми на евалуација:

- Следење на годишното, тематското и дневното планирање на наставниицте и стручните оработници (септември, и по потреба во текот на учебната година-психолог, директор)
- Следење на реализацијата на наставните и вонннаставните активности (по класификациони периоди-одделенски совет, психолог, директор)
- Следење на начинот на водење на педагошката евиденција и документација (по класификациони периоди-психолог, директор, комисија)
- Изготвување на тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведениото на учениците како и за реализацијата на наставниот материјал (класни раководители, психолог)
- Организирање училишни натпревари во знаење (стручни активи)
- Анкетирање на наставници и ученици (тим)
- Самоевалуација на наставниците

За процесот на следењето на реализацијата на годишната програма за работа се води соодветна педагошка евиденција.

На крајот на учебната година ќе биде подготвен и извештај за реализацијата на годишната програма и истиот ќе биде презентиран на стручните и управните органи и тела во училиштето и доставен до соодветните надлежни институции.

# СЛЕДЕЊЕ, ВРЕДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНАТА РАБОТА

**АКЦИОНЕН ПЛАН**

***Година 2023/24***

| *Задача* | Активност | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати | Следење<br>Одговорно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| *План за поддршка на наставници кои покажуваат слаби резултаи* | Консултации во рамки на активот, на Совет на паралелка | квартално | Тим за следење Стручна служба Директор | извештаиза успехот по предмети (квартално -посета на | извештаи | Подобрување на работата на наставникот | Тим за следење Стручна служба Директор |

133

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | часови и извештаи од посета на часови | | | |
| *Проверка на усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди* | Консултации со стручната служба од посетени часови | Континуирано (цела година) | Тим за следење Стручна служба Директор | -посета на час -анализа на успехот -анкетни листови | извештаи -тестови од ученици | -Оценување според стандардите | Тим за следење Стручна служба Директор |
| | Процедури за поплаки и жалби по добиени оценки | Континуирано (цела година) | Предм.наставник Раководител на паралелк -стручна служба -секретар Наставнички совет | поднесен писмен приговор | Писмен приговор | Прифакање ,одбивање или упатување на комисиско проверување на знаењето | -Наставнички совет |
| *Поддршка за развојот на квалитетното оценување* | Консултации во рамки на активот, на Совет на паралелка | Континуирано (цела година) | Тим за следење Стручна служба Директор | -Чек листи -анкетни листи од ученици | -Чек листи -анкетни листи од ученици | Континуиран напредок на наставникот | Тим за следење Стручна служба Директор |

ТИМ ЗА ИЗРАБОТКА

Розета Кољовчевска Карапалевска
Славица Стојановска
Неар Зулали
Кате Биркова

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА РАЗГЛАСНАТА СТАНИЦА НА УЧИЛИШТЕТО

Разгласната станица во училиштето има голема улога во развојот на личноста на учениците. Ја развива креативноста, грижата еден за друг, дружење, размена на знаења и вештини помеѓу учениците, толеранцијата, ги намалува предрасудите, меѓуетничките релации ги подобрува и т. н. Учениците се одговорни за просторијата и техниката со која располага разгласната станица во координација со одговорниот професор.

Разгласната станица работи секој учебен ден. Се пушта музика на големиот одмор со однапред одредена програма по денови, а може и во други исклучителни денови.

Понеделник – македонска поп музика;
Вторник – странска поп музика;
Среда – музика со фолклорни елементи;
Четврток – рок музика;

Петок – по избор на учениците.

Ќе има одговорни ученици од прва, втора, трета и четврта година Изборот за одговорни ученици го прави одговорниот наставник заедно со класните раководители и прават примопредавање на просторот и предметите во него, со Директорот на училиштето.

Изборот на песните ќе биде на учениците во координација со одговорниот професор за музиката и ќе се обновува во текот на годината без промени на глобалниот распоред по денови за жанр.

Професорот редовно ќе организира средби со учениците на кои ќе се дускутира на актуелни теми и потенцијални проблени и слабости.

Преку разгласната станица учениците ќе читаат и соопштенија до сите наставници и ученици.

Одговорен наставник
Науме Шентевски

## ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ ЕКСКУРЗИИ

Училишните екскурзии претставуваат облик на воспитно –образовна работа кој се остварува преку различни активности надвор од училиштето во согласност со одредени цели и задачи од наставните програми и подрачја ,за развивање и отсварувањена различни интереси на учениците.

Училишните екскурзии може да бидат:

-Екскурзии поврзани со содржини од наставните програми- кои се задолжителни и кои опфаќаат посети на театарски претстави,опера ,балет, саем на книгата,базен и музеи и археолошки локалитети на Р.Македонија.

-Завршни екскурзии-кои опфаќаат активности запознавање на културни и естетски вредности на Македонија или друга држава.

-Стручно- истражувачки екскурзии-опфаќаат активност за постигнување цели од интерес на струката,проектните активности или слободните часови во училиштето.

-Спортско-рекреативните екскурзии опфаќаат. летување, зимување, кампување,излети кои се изведуваат надвор од школото за градење на спортска култура и навики за здрав живот и социјализирачки цели.

Училишните екскурзии на учениците имаат за цел усвојување и проширување на знаења,примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите,односите во природната и општествената средина,културно- историските знаменитости ,индустриските и земјоделските капацитети,во согласност со воспитно-образовната работа на училиштето.

Задачите на училишните екскурзии се:

-развивање на позитивен однос кон националните,уметничките,научните и културните вредности на Р. Македонија.

-запознавање на различни култури и знаменитости во други земји

-развивање интерес и грижа за природата и еколошката свест.

-запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви

-развивање чуство на патриотизам,толеранција и соживот

-развивање на националните,интернационалните,културните и естетските вредности

-поттикнување на позитивни емоции,другарување и солидарност.

-формирање на демократски ставови,социјализација иколективна заштита

-остварување на потребите за спортски активности,рекреација и создавање на култура за здраво живеење.

За оваа програма одделно мислење даваат Советот на родители и Бирото за развој на образованието , освен за екскурзиите поврзани со теми и содржини од програмите кои се задолжителни и поврзани со наставните планови по одделни предмети.

Техничката организација се однесува на начинот на изведување на екскурзиите, а тоа се поврзува со спроведување на постапка за прибирање на понуди со објавување на јавен оглас преку Комисија формирана со Одлука на Училишен одбор во состав од три членови на Советот на родители и два члена од редот на наставниците. Целата постапка е транспарентна и во согласност со интерните правила на училиштето.

Финансирањето на екскурзиите е со средства од учениците , освен во исклучителни ситуации кога од економски причини дел од учениците не можат да учествуваат на одредена екскурзија , директорот може да обезбеди поволности што ги нуди агенцијата или од сопствени извори на училиштето , како од и од донации или спонзорства кио се допстапни на училиштето.

## Акциски план за реализација на ученичките екскурзии 2023/24

| Екскурзии (назив) | Место на реализациј а | Активност | Временска рамка (месец) | Учебна 2023/24<br>Носител | Начин на спроведу вање ресурси | Очек уван и резу лтат и | Одгово рно лице |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Завршна екскурзија со учениците од III и/или IV година | Странска /и Држава/и | Запознавање на културни и естетски вредности на државите што се посетуваат | Март/ Април/ Мај Септември /Октомври | Класни раководители Учениците Совет на родители | Прибира ње на понуди- транспар ентно и согласно интернит е правила во училишт ето | Успешна реализација | Класен раководител од III и/или IV година година назначен од Директорот |
| Еднодневни екскурзии со учениците од I и со едно ноќевање со учениците од II година | Република Македониј а | Развивање позитивен однос на уметничките и културните вредности во Р Македонија | Мај | Класните раководители Учениците | Транспар ентно согласно интернит е правила во училишт ето | Успешна реализација | Класните раководители на I и II година |
| Саем на книгата Ученици од I,II, III и IV година | Скопје | Развивање на интерес и љубов кон книгата | Април | Стручни активи по македонски јазик и литература и странски јазици | Транспар ентно согласно интернит е правила во училишт ето | Успешна реализација | Даниела Стерјовска |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на театар со ученици од I-IV година | Република Македонија | Развивање на културните и естетските вредности | Ноември | Стручен актив по македонски јазик и литература | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Даниела стерјовска |
| Посета на музички настан | Република Македонија | Развивање на културните и уметничките вредности | Април/ мај | Стручен актив по музичка и ликовна уметност | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Марија Јосифовска |
| Посета на АППР со ученици од IV година | Скопје | Развивање на претприемачки от дух кај учениците | октомври | Стручен актив по оштествена група предмети | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Дијана Ѓоргиевска |
| Посета на Хераклеа - | Битола | Развивање на културните и естетските вредности | октомври | Стручен актив по оштествена група предмети | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Професор по латински јазик |
| Посета на Берза на Р Македонија со ученици од IV година Посета на Народна банка на РМ | Скопје | Запознавање со работата на берза Запознавање со работата на Народна банка | Октомври/ ноември Март | Стручен актив по оштествена група предмети | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Дијана Ѓоргиевска |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на Споменикот на Преспанскот о советувањес о ученици од III и IV<br><br>Посета на историско-културни знаменитост и: Црква СВ.Спас ( гробот на Гоце Делчев), Музеј на македонска револуционе рна борба, Музеј на мајка Тереза, слободни активностии р4азглед на градот Скопје. У7ченици од I, II, III и IV година. | Отешево<br><br>Скопје | Разгледување и запознавање со настанот<br><br>Рзагледување и запознавање на учениците со историските обележја на државата | Мај<br><br>Април/ мај | Стручен актив по оштествена група предмети<br><br>Стручен актив по Историја | Транспар ентно согласно интернит е правила во училишт ето | Успешна реализација | Зоран Тански и Ставри Мале |
| Посета на Саем на компјутерис о ученици што учат изборни предмети | Скопје | Запознавање со напреднатата информатичка технологија | ноември | Стручен актив по информатика, математика и физика | Транспар ентно согласно интернит е правила во училишт ето | Успешна реализација | Мирјана Христовска |
| Посета на ПМФ со ученици од III и IV год. | Скопје | Запознавање со студиите по математика,ин форматика и физика | Април | Стручен актив по информатика, математика и физика | Транспар ентно согласно интернит е правила во училишт ето | Успешна реализација | Розета Кољовчевска-Карапалевска |
| Посета на Хидрометео ролошка станица со ученици од II г. | Скопје | Запознавање со работата на станицата | Мај | Стручен актив по информатика, математика и физика | Транспар ентно согласно интернит е правила во училишт ето | Успешна реализација | Наставник по физика |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посетана ПМФ – хемија | Скопје | Запознавање со студиите по Хемија при ПМФ | Ноември-април | Стручен актив по Хемија, Биологија и Географија | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Кате Настевска |
| Посета на саем | Нови Сад Скопје Пловдив – Бугарија | Запознавање со земјоделски препарати и експонати | Октомври | Стручен актив по земјоделски предмети | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Васко Јовановски |
| Еднодневна ексурзија со посета на винарија | Македонија | Запознавање со лозови насади со сорти и производствен процес за добивање на вино | Октомври – Јуни 2023 | Стручен актив по земјоделски предмети | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Васко Јовановски |
| Посета на базен (вонnаставна активност) | Скопје | Спортско рекреативни активности, посета на базен и спортско рекретивен центар | Март | Стручен актив по спорт | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Актив по спорт и спортски активности |
| Планинарење (вонnаставна активност) | Општина Ресен | Спортско рекреативни активности | Септември Мај јуни | Стручен актив по спорт | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Актив по спорт и спорт акт. |
| Велосипедизам (вонnаставна активност) | Општина Ресен | Спортско рекреативни активности | Септември Мај/ јуни | Стручен актив по спорт | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Актив по спорт и спорт акт. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Посета на ПМФ – Скопје и ЕТФ Битола со ученици од I до IV год. од природно математичко подрачје А | Скопје Битола | Запознавање со студиите по математика,информатика и физика- едукативно информативна посета | Септември /Април | Стручен актив по информатика, математика и физика | Транспарентно согласно интерните правила во училиштето | Успешна реализација | Стручен актив по математика информатика и физика |

Ученичките екскурзии, вонnаставните активности и сите видови на настава кои се предвидени со прогармата или во соработка со локалната и други институции ќе се реализираат вон настава во неработни денови, а доколку наставата или активноста – екскурзијата не може да се организира во неработни ќе се реализира во работни денови.

**Тим за изработка**
Даниела Стерјовска
Благојче Кочовски
Розета Коловчевска
Карапалевска

## НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ

Неработни денови ќе бидат одредени Согласно календарот од МТСП како верски или државни празници или денови во кои ке се изведува настава со посебни програми. Планот за неработни денови е во согласност со Календарот за реализација на наставата во средните училишта во учебната 2023/24 година

**М. П.**

**Датум :**

**Директор: Динче Кочевска** ______________________

**Претседател на УО: Шенер Далиповски**________________

**9.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ’’ бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен’’ бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во СОУ„ Цар Самоил “ Ресен
за учебната 2023/2024 година

Се објавува Одлуката за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 25 ученици во СОУ„ Цар Самоил “ Ресен за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/9
04.09.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 28 став 3 од Законот за средното образование „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20) и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен” бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015, 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 29.08.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За давање согласност за формирање паралелки
со помалку од 25 ученици во СОУ„ Цар Самоил“ Ресен
за учебната 2023/2024 година

Член 1

Со ова одлука се дава согласност за формирање паралелки од прва до четврта година со помалку од 25 ученици за учебната 2023/2024 година во С.О.У “ЦАР САМОИЛ” –РЕСЕН и тоа:

1. Една комбинирана паралелка од **прва година** – гимназиско образование на македонски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со природно-математичко подрачје комбинација Б и природно-математичко подрачје комбинација А со вкупно 17 ученици.
2. Една комбинирана паралелка од **прва година** – гимназиско образование на македонски наставен јазик природно-математичко подрачје комбинација Б со природно-математичко подрачје комбинација А со вкупно 18 ученици.
3. Една паралелка од **прва година** – гимназиско образование на албански наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 5 ученици.
4. Една паралелка од **прва година** – гимназиско образование на турски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 4 ученици.
5. Една паралелка од **прва година –** стручно образование, земјоделско - ветеринарна струка, сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил – агротехничар/техничар за фитомедицина на македонски наставен јазик со 12 ученици.
6. Една паралелка од **прва година –** земјоделско образование, земјоделско ветеринарна струка, сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил – агротехничар/техничар за фитомедицина на турски наставен јазик со 2 ученици.
7. Една паралелка од **прва година –** земјоделско образование, земјоделско ветеринарна струка, сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил – агротехничар/техничар за фитомедицина на албански наставен јазик со 3 ученици.
8. Една комбинирана паралелка од **втора година** – гимназиско образование на македонски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со природно-математичко подрачје комбинација Б со вкупно 12 ученици.
9. Една паралелка од **втора година** – гимназиско образование на македонски наставен јазик природно-математичко подрачје комбинација А со вкупно 21 ученик.
10. Една паралелка од **втора година** – гимназиско образование на албански наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 9 ученици.
11. Една паралелка од **втора година** – гимназиско образование на турски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 9 ученици.
12. Една паралелка од **втора година –** стручно образование, земјоделско ветеринарна струка, , сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил – агротехничар/ техничар за фитомедицина на македонски наставен јазик со 9 ученици.
13. Една комбинирана паралелка од **трета година** – гимназиско образование на македонски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со природно-математичко подрачје комбинација Б со вкупно 13 ученици.
14. Една паралелка од **трета година** – гимназиско образование на македонски наставен јазик природно-математичко подрачје комбинација А со вкупно 27 ученици.

15. Една паралелка од **трета година** – гимназиско образование на албански наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 7 ученици.
16. Една паралелка од **трета година** – гимназиско образование на турски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 6 ученици.
17. Една паралелка од **трета година** – стручно образование, земјоделско ветеринарна струка, сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил – агротехничар/техничар за фитомедицина на македонски наставен јазик со 14 ученици.
18. Една паралелка од **трета година** – стручно образование, земјоделско ветеринарна струка, сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил– агротехничар/ техничар за фитомедицина на албански наставен јазик со 3 ученици.
19. Една комбинирана паралелка од **четврта година –** гимназиско образование на македонски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со природно-математичко подрачје комбинација А со 16 ученици.
20. Една паралелка од **четврта година –** гимназиско образование на македонски наставен јазик природно-математичко подрачје комбинација А со 16 ученици.
21. Една паралелка од **четврта година –** гимназиско образование на македонски наставен јазик природно-математичко подрачје комбинација Б со 9 ученици.
22. Една паралелка од **четврта година** – гимназиско образование на албански наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 5 ученици.
23. Една паралелка од **четврта година** – гимназиско образование на турски наставен јазик општествено-хуманистичко подрачје комбинација А со 6 ученици.
24. Една паралелка од **четврта година** – стручно образование, земјоделско ветеринарна струка, сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил – агротехничар/техничар за фитомедицина на македонски наставен јазик со 8 ученици.
25. Една паралелка од **четврта година** – стручно образование, земјоделско ветеринарна струка, сектор - земјоделство, рибарство и ветеринарство, профил– агротехничар/техничар за фитомедицина на турски наставен јазик со 2 ученици.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Ресен’’

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1845/12
29.08.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**10.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишна програма за работата на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен за учебната 2023/2024 година

Се објавува Заклучокот по Годишна програма за работата на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/10
04.09.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.08.2023 година, откако ја разгледа Годишната програма за работата на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен за учебната 2023/2024 година., го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Годишната програма за работата на ОУ ,,Гоце Делчев'' – Ресен за учебната 2023/2024 година, заведена под ахривски број 02-225/1 од 15.08.2023 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1845/13
29.08.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

ОУ„Гоце Делчев“ Ресен




# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

на ОУ “**ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ**’’

(име на основното училиште)

во **Ресен, Ресен**

(место и општина)

за учебната 2023/2024 година

**Датум**

**Август, 2023 година**

# Преамбула

Основното образование е задолжително и достапно за сите и треба да се темели врз начелата на демократичност, автономност и еднакви можности. Основното образование треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и чувството на неговото достоинство, како и кон јакнење на почитта за човековите права и слободи. Образованието треба да го унапреди разбирањето кај младите генерации, трпеливоста и пријателството меѓу сите нации и етнички и верски заедници.

Во согласност со законската регулатива (ЗОО, ЗРО, ЗЈН, Статутот на училиштето, Етички кодекс, Деловници за работа на органите на училиштето, Правилник за работа на комисии, Правилник за дежурства на наставници, Правилник за работно време, Правилник за надоместок на штета, Правилник за изрекување на дисциплински мерки на вработени, Концепција за деветгодишно основно образование, Извештајот од самоевалуацијата на училиштето, Програма за развој на училиштето), тимот за подготовка на Годишната програма за работа на училиштето предлага Годишна програма до Наставничкиот совет за понатамошна процедура. Училишниот одбор на седницата ја донесе предлог Годишната програма и ја достави до Советот на општината, БРО и ДПИ.
Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните насок и правци по кои треба да се движи училиштето во текот на учебната ***2023-2024 година*** а кои преставуваат севкупна целина на целиот воспитно образовен процес.
Изготвувањето на новата годишната програма за работа на училиштето е во согласност со **член 49 став 7 од Законот за основно образование (Службен. Весник бр.161/19 на РСМ)** со овај правилник се пропишува формата и содржината на годишната програма на основното училиште а врз основа на член 49 став 7,8,9,10 од споменатиот закон, врз основа на кој Училишниот одбор ја доставува Годишната програма за работа до основачот до 15 август , а основачот ја донесува до 31 август.

# Содржина

**Преамбула** ..... 2

**Вовед** ..... 6

**1. Општи податоци за основното училиште** ..... 7

1.1. Табела со општи податоци ..... 7

1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште ..... 8

**2. Податоци за условите за работа на основното училиште** ..... 9

2.1. Мапа на основното училиште ..... 9

2.2. Податоци за училишниот простор ..... 9

2.3. Простор ..... 11

2.4. Опрема и наставни средства согласно “Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства” ..... 12

2.5. Податоци за училишната библиотека ..... 13

2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година ..... 14

**3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште** ..... 15

3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа ..... 15

3.2. Податоци за раководните лица ..... 18

3.3. Податоци за воспитувачите ..... 18

3.4. Податоци за вработените административни службеници ..... 18

3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица ..... 19

3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори ..... 19

3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар ..... 20

3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените ..... 20

3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените ..... 21

3.10. Податоци за учениците во основното училиште ..... 21

**4. Материјално-Финансиско работење на основното училиште** ..... 22

**5. Мисија и Визија** ..... 22

**6. LESSONS LEAMED – Веќе научено/стекнати искуства** ..... 24

**7. Подрачја на промени, приоритети и цели** ..... 25

7.1. План за евалуација на акциските планови ..... 29

**8. Програми и организација на работата во основното училиште** ..... 31

8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште ..... 31

8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите ..... 33

8.3. Работа во смени ... 36
8.4. Јазик/јазици на кој/ и се изведува наставата ... 36
8.5. Проширена програма ... 36
8.6. Комбинирани паралелки ... 41
8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште ... 41
8.8. Реализација на физичко и здраствено образование со учениците од прво до петто одделение ... 42
8.9. Изборна настава ... 42
8.10. Дополнителна настава ... 43
8.11. Додатна настава ... 43
8.12. Работа со надарени и талентирани ученици ... 44
8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби ... 44
8.14. Туторска поддршка на учениците ... 47
8.15. План на образовниот медијатор ... 47
**9. Вонннаставни активности** ... 47
9.1. Училишни спортски клубови ... 47
9.2. Секции/клубови ... 48
9.3. Акции ... 50
**10. Ученичко организирање и учество** ... 53
**11. Вон училишни активности** ... 54
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа ... 54
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вон училишни активности ... 55
**12. Натпревари за учениците** ... 55
**13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција** ... 56
**14. Проекти што се реализираат во основното училиште** ... 60
**15. Поддршка на учениците** ... 62
15.1. Постигнување на учениците ... 64
15.2. Работа за професионална ориентација на учениците ... 65
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација ... 66
**16. Оценување** ... 68
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето ... 69
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка ... 70

16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар ..... 71
16.4. Самоевалуација на училиштето ..... 73
**17. Безбедност во училиштето** ..... 74
**18. Грижа за здравјето** ..... 75
18.1. Хигиена во училиштето ..... 76
18.2. Систематски прегледи ..... 76
18.3. Вакцинирање ..... 77
18.4. Едукација за здрава исхрана ..... 78
**19. Училишна клима** ..... 79
19.1. Дисциплина ..... 80
19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето ..... 82
19.3. Етички кодекси ..... 83
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето ..... 83
**20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар** ..... 83
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите ..... 84
20.2. Активности за професионален развој ..... 84
20.3. Личен професионален развој ..... 85
20.4. Хоризонтално учење ..... 86
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар ..... 87
**21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите** ..... 88
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето ..... 89
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности ..... 90
21.3. Едукација на родителите/старателите ..... 91
**22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште** ..... 92
**23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште** ..... 94
**24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште** ..... 96
**25. Заклучок** ..... 96
**26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште** ..... 97
**27. Користена литература** ..... 98

# Вовед

Годишната програма претставува најзначаен документ за работата на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните правци по кои треба да се „движи“ училиштето во текот на учебната 2023-2024 година. Тука се конкретизирани активностите на ниво на училиште, носителите на тие активности, термините за нивна реализација, одговорностите на училишните субјекти како и очекуваните исходи и ефекти од нивното остварување. Годишната програма за работа на училиштето по својата структура се базира на : Планот за развој на училиштето, Законот за основно образование, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Законот за организација и работа на органите на државната управа и други закони, Наставните планови и програми донесени од БРО, Концепцијата за деветогодишно образование, Статутот на училиштето, Програмата за работа на училиштето од претходната година, извештаи: Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година и извештаи за финансиско работење на училиштето и записници.

Основното училиште ОУ„Гоце Делчев“ Ресен како дел од државниот воспитно образовен систем со кој се уредува дејноста на основното училиште е институција од јавен интерес.  Истото преку Годишната програма ќе ги реализира целите и задачите во воспитанието и образованието на Република Северна Македонија зацртани во Законот за основно образование.

# 1. Општи податоци за основното училиште

## 1.1. Табела со општи податоци

| Податоци | |
|---|---|
| Име на основното училиште | ОУ„Гоце Делечв“ Ресен |
| Адреса, место, општина | Ул.„Мите Трповски“ бр.30 |
| Телефон | 047 451 816 |
| Факс | |
| Веб - страница | ougocedelcev.com |
| Е-маил | ou-gocedelchev-resen@schools.mk<br>ou.gocedelcevresen@yahoo.com |
| Основано од .. | Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија |
| Верификација- Број на актот | 03-2840/1 од 1986 год. |
| Година на изградба | 1958 год. |
| Тип на градба | Тврда |
| Внатрешна површина на училиштето (м2) | 3840 m2 |
| Училишен двор (м2) | 6900 m2 |
| Површина на спортски терени и игралишта | 1400 m2 |
| Начин на загревање на училиштето | Со парно греење |
| Училиштето работи во смени | 1 |
| Број на паралелки | 21 |
| Број на комбинирани паралелки | 1 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | не |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | не |
| Во основното училиште има ресурсен центар | не |
| Други податоци карактеристични за основното училиште | не |

| ПУ | Внатрешен простор | Надворешен простор | Греење |
|---|---|---|---|
| ПУ с. Сопотско | 135 м2 | 210 м2 | дрва |
| ПУ с. Избишта | 85 м2 | 240 м2 | дрва |

## 1.2. Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште

| | |
|---|---|
| Членови на училишен одбор (име и презиме) | 1. Ивана Гегараковска-претседател<br>2. Емилија Арнаудовска-родител<br>3. Весна Стојчевска-родител<br>4. Марија Груевска-наставник<br>5. Сашка Танска-наставник<br>6. Јована Д.Ристевска-наставник<br>7. Јаким Стојчевски-член од основачот-Општина Ресен<br>8. Се избира нов-ученички парламент<br>9. Се избира нов-ученички парламент |
| Членови на советот на родители (име и презиме) | *ЌЕ СЕ ИЗБЕРАТ НОВИ НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА |
| Стручни активи (видови) | – Одделенски актив<br>– Природно математички актив<br>– Актив на јазичари<br>– Актив на општествена група<br>– Актив на вештини |
| Одделенски совети(број на наставници) | 1. Одделенски совет на одделенска настава: 12<br>2. Одделенски совет на предметна настава на македонски наставен јазик: 18 |
| Заедница на паралелките (број на ученици) | 269 |
| Членови на ученичкиот парламент (број на ученици, име и презиме на претседателот на ученичкиот парламент) | 11 членови<br>Претседател:<br>*ЌЕ СЕ ИЗБЕРЕ НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА |
| Ученички правобранител | *ЌЕ СЕ ИЗБЕРЕ НА ПОЧЕТОКОТ НА УЧЕБНАТА ГОДИНА |

# 2. Податоци за условите за работа на основното училиште

## 2.1. Мапа на основното училиште

ОУ „Гоце Делчев“ е воспитно образовна институција лоцирано во Ресен-општина Ресен.

Составен дел на ОУ „Гоце Делчев“ се и двете подрачни училишта во с. Избишта и с. Сопотско.




*Слика 1 - Местоположба на училиштето*

## 2.2. Податоци за училишниот простор

Училиштето располага со вкупен простор од11860.00 м2 и опфаќа училници, канцаларии, спотска сала со соблекувална и дворно место. Наставата се реализира во училници. Во училиштето има доволен број на клупи и столчиња за сите ученици за кои се обезбедени финансиски средства во финансискиот план за набавка и обновување на училишниот мебел.

Училниците во кои се реализира настава ги задоволуваат просторните услови како во централното така и во подрачното училиште.

Училиштата се осигурани од основачот – Општина Ресен.




*Слика 2 - Скица на просторот на училиштето*

| | |
|---|---|
| Вкупен број на училишни згради | 1 |
| Број на подрачни училишта | 2 |
| Бруто површина | 4380 m2 |
| Нето површина | 3840 m2 |
| Број на спортски терени | 2 |
| Број на катови | 1+2 |
| Број на училници | 24 |
| Број на помошни простории | 8 |
| Училишна библиотека, медијатека | 2 |
| Начин на загревање на училиштето | Парно греење |

## 2.3. Простор

| Просторија | Вкупен број | Површина (m2) | Состојба (се оценува од 1 до 5, согласно Нормативот од 2019 година) | Забелешка (се наведува потребата од дополнителни простории, реконструкции и сл.) |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 10 | 6oo m² | 4 | под |
| Кабинети | 17 | 940m2 | 4 | под |
| Библиотека | 2 | 40m2 | 4 | |
| Медијатека | | | | |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 2 | 155 m2 +900 m2 | 3+5 | |
| Канцеларии | 5 | 125m2 | 4 | |
| Училишен двор | 2 | 6000 m2 | 4+2 | Делумно Оградување на училишен двор |
| Заеднички простори за прослави | / | / | | |
| Кујна | | | | |
| Трпезарија | | | | |
| Друго<br>Простории за чување на архива | 10 | 1080m² | 3 | |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно “Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства”

| Наставен предмет (одделенска и предметна настава) | Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|---|
| Техничко образование | Кућиште, 6 монитори, 1 проектор, дотраени алати за обработка на материјали | Лаптоп, принтер, алати за обработка на хартија и картон и др. материјали |
| Биологија | Компјутери, постери, микроскоп Постери и модели, епрувети, мензури, лабораториски чаши и инки | Реагенси,апаратура |
| Македонски јазик | Учебници, лектири, Компјутери | Лектири,енциклопедии,проектор,стручна литература |
| Историја | Компјутери, карти, атлас, постери, учебници, проектор | Интерактивен панел, |
| ФЗО | Душеци, справи за гимнастика, топки, 3 ѓулиња, 4 штафетни палки | Кошарка, одбојка, ракомет, 15 јажиња, чуњеви, табла за пинг понг, рекети за пинг понг, рекети и топчиња за тенис |
| Природни науки – одд.настава | Глобус, компас, термометар, колекција карпи, Призма за спектар на бои, динамометар, комплет за струјно коло, магнети, | Проектор,смарт табла |
| Математика – одд.настава | Линијари, метро, штоперица, геометриски форми и букварка, ленири, | Магнетна табла, компкети од литература по одделенија, кантар, дигитална вага, |
| ФЗО – одд.настава | Топки, јажиња, хулахопи, душеци, греда | Шведска греда,јарец,разбој,кошеви |
| Општество – одд.настава | Карта на РМ | |
| Музичко – одд.настава | Блутут звучник | ЦД,инструменти, ЛЦД ТВ |
| ТО – одд.настава | | Проектор, лаптоп |
| Физика | Мензура, тегови, Прибор за мерење на маса, густина и волумен, прибор за струјни кола, термометри, штоперица, метро, шублер, микрометарски винт, | Смарт табла |
| Информатика | 4 кућишта, 15 монитори – во дотраена состојба | Нови компјутери, проектор |
| Математика | Геометриски справи, жичани модели и обични модели на геометриски тела | |
| Географија | Карти, глобус, компјутер, Карти, глобус | ЛЦД ТВ |

| | | |
|---|---|---|
| Хемија | 3 шкафови, 6 умивалници,работна маса,столчина,апаратура,инструменти | |
| Одделенска настава | лаптопи, таблети, 2 LCD телевизори | Лаптопи,таблети,LCDтелевизори,смарт табли |

## 2.5. Податоци за училишната библиотека

Просторот на училишната библиотека делумно ги задоволува потребите бидејќи училиштето е развиено на едно централно и две подрачни училишта, истиот е мал и нема читална. Библиотеката располага со фонд од околу 5000 книги од различен жанр. Евиденцијата за користење на книгите од училишната библиотека се води во електронска форма и пишана. Училиштето има план за набавка на книги според новата листа за лектири, но во рамките на своите можности се набавуваат нови лектирни изданија.

| Ред. број | Библиотечен Фонд | Количество |
|---|---|---|
| 1. | Учебници | 5000 |
| 2. | Лектири | 170 |
| 3. | Стручна литература за наставници и стручни соработници | 3830 |
| 4. | Сериски публикации | 20 |
| 5. | Англиски лектири | 200 |

## 2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

| **Што се преуредува или обновува** | **Површина во m2** | **Намена** |
|---|---|---|
| Санација и реконструкција на дел од тоалетите | 550м2 | Здравствено хигиенска потреба |
| Еден кабинет | 35м2 | Потреба од простор за кабинет |
| Молерисување | 520м2 | Хигиена |
| Стружење паркет | 360м2 | Хигиена |
| Оградување и хортикултурно уредување на двор | 600м2 | Хигиена и безбедност |
| Уредување на спортското игралиште | 150м2 | ФЗО |
| Набавка на клупи | 12клупи | За училишен двор |
| ИКТ опрема на кабинетот по информатика | Компјутери и смарт табли | Модернизирање на воспитно образовниот процес |
| Набавка на нагледни средства | По потреба | Подобрување на воспитно образовниот процес |

## 3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште

### 3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/советник | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Таше Соколевски | 1960 | Професор по географија | ВСС | Наставник по географија | | 33 |
| 2 | Марина Ѓалевска | 1966 | Професор по математика | ВСС | Наставник по математика | | 22 |
| 3 | Маре Соколевска | 1964 | Наставник по техничко образование | ВШС | Наставник по техничко образование | | 31 |
| 4 | Снежана Јанчевска | 1962 | Наставник по англиски јазик | ВШС | Наставник по англиски јазик | | 35 |
| 5 | Ефгена Џуровска | 1965 | Наставник по одделенска настава | ВШС | Наставник во одделенска настава | | 34 |
| 6 | Кристина Џуровска Фузевска | 1974 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 17 |
| 7 | Снежана Тозиевска | 1964 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 35 |
| 8 | Лилјана Мицалевска | 1972 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 29 |
| 9 | Весна Здравеска | 1974 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 25 |
| 10 | Александар Котевски | 1971 | Професор по физика | ВСС | Наставник по физика | ментор | 21 |
| 11 | Ирена Мацаровска | 1983 | Професор по англиски јазик | ВСС | Наставник по англиски јазик | | 14 |
| 12 | Катерина Ивановска | 1981 | Професор по математика | ВСС | Наставник по | | 17 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | математика | | |
| 13 | Весна Тозиевска | 1984 | Професор по информатика | ВСС | Наставник по информатика | | 15 |
| 14 | Митко Евтимовски | 1980 | Професор по физичко образование | ВСС | Наставник по ФЗО | | 11 |
| 15 | Марија Груевска | 1985 | Професор по англиски јазик | ВСС | Наставник по англиски јазик | | 11 |
| 16 | Сашка Танска | 1975 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 12 |
| 17 | Марија Тански | 1987 | Професор по француски јазик | ВСС | Наставник по француски јазик | | 4 |
| 18 | Ивона Горгиевска | 1987 | Професор по биологија | ВСС | Наставник по биологија | | 6 |
| 19 | Ангелина Лабачевска | 1979 | Професор по македонски јазк и книжевност | ВСС | Наставник по македонски јазик | | 16 |
| 20 | Јована Денесовска Ристевска | 1989 | Професор по македонски јазк и книжевност | ВСС | Наставник по македонски јазик | | 8 |
| 21 | Александра Недановска | 1985 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 8 |
| 22 | Мерал Шабединовска | 1984 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 6 |
| 23 | Јасмина Монавчева | 1991 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 3 |
| 24 | Димитар Тасевски | 1991 | Професор по физичко образование | ВСС | Наставник по физичко | | 5 |
| 25 | Албина Манчевска | 1965 | социолог | ВСС | социолог | | 25 |
| 26 | Александар Ѓорѓиевски | 1992 | психолог | ВСС | Психолог | | 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27 | Оливера Парталоска | 1977 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 6 |
| 28 | Наташа Детиќ | 1983 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 6 |
| 29 | Оливер Ромевски | 1985 | Професор по физичко образование | ВСС | Наставник по физичко | | 11 |
| 30 | Марија Трајчевска Котларовска | 1986 | Професор по одделенска настава | ВСС | Наставник во одделенска настава | | 1 |
| 31 | Крсте Мешуревски | 1995 | Професор по историја | ВСС | Наставник по историја | | 4 |
| 32 | Марио Печенковски | 1992 | Професор по англиски јазик | ВСС | Наставник по англиски јазик | | 2 |
| 33 | Ирена Икономовска | 1983 | Дипл.Филозоф. | ВСС | наст.по етика | надополнува | 7 |
| 34 | Христијан Башевски | 1977 | Професор по музичко | ВСС | Наставник по музичко | ООУ „ Мите Богоевски“ - Ресен-надополнува | 8 |
| 35 | Надица Трајчевска | 1962 | Професор по ликовна уметност | ВСС | Наставник по линковно | ООУ „ Мите Богоевски“ - Ресен-надополнува | 30 |
| 36 | Аница Симоновска | 1961 | Професор по хемија | ВСС | Наставник по хемија | ООУ „ Мите Богоевски“ - Ресен-надополнува | 31 |

## 3.2.Податоци за раководните лица

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/советник | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Елизабета Нанчовска | 1965 | Педагог | ВСС | Директор | | 34 |

## 3.3. Податоци за воспитувачите

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Ментор/советник | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |

Оваа табела останува празна бидејќи немаме вработени лица, воспитувачи кои не се вработиле согласно одредбите од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

## 3.4. Податоци за вработените административни службеници

| Ред. бр. | Име и презиме | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Работно место | Години стаж |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | | | Технички секретар | средно | Технички секретар | |
| 2 | Вера Стојановска | 1961 | Дипломиран менаџер по осигурување | ВШС | книговодител | 37 |

Оваа табела останува празна бидејќи немаме вработени лица, кои не се вработиле согласно одредбите од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта.

### 3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица

| **Ред. бр.** | **Име и презиме** | **Година на раѓање** | **Звање** | **Степен на образование** | **Работно место** | **Години стаж** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Науме Наумовски | 1963 | | ОО | хаус мајстор | 36 |
| 2 | Северџан Абдуловска | 1982 | | ОО | хигиеничар | 3 |
| 3 | Силвана Рајчановска | 1976 | | ОО | хигиеничар | 12 |
| 4 | Кристијан Крстановски | 1991 | | СО | хигиеничар | 5 |
| 5 | Ирена Димовска | 1970 | | СО | хигиеничар | 22 |
| 6 | Ангела Рајчановска | 1994 | | СО | хигиеничар | 4 |

### 3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори

| Ред. бр. | Име и презиме на образовниот медијатор | Година на раѓање | Звање | Степен на образование | Години стаж | Временски период за кој е ангажиран образовниот медијатор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | |

Оваа табела останува празна бидејќи немаме ангажирани образовни медијатори кои се ангажираат за учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства и/или се подолго време надвор од образовниот систем.

## 3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар

| Кадар | Вкупно | Етничка и полова структура на вработените | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| Број на вработени | 44 | 11 | 31 | | | | 2 | | | | | | |
| Број на наставен кадар | 34 | 8 | 25 | | | | 1 | | | | | | |
| Број на воспитувачи | | | | | | | | | | | | | |
| Број на стручни соработници | 2 | 1 | 1 | | | | | | | | | | |
| Административни работници | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошно технички кадар | 6 | 2 | 3 | | | | 1 | | | | | | |
| Директор | 1 | | 1 | | | | | | | | | | |
| Помошник директор | | | | | | | | | | | | | |
| Образовни медијатори (доколку се ангажирани во училиштето) | | | | | | | | | | | | | |

## 3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените

| Образование | Број на вработени |
|---|---|
| Последипломски студии – втор циклус | 1 |
| Високо образование | 33 |
| Виша стручна спрема | 4 |
| Средно образование | 3 |
| Основно образование | 3 |

## 3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените

| Години | Број на вработени |
|---|---|
| 20-30 | 4 |
| 31-40 | 14 |
| 41-50 | 13 |
| 51-60 | 8 |
| 61-пензија | 5 |

## 3.10. Податоци за учениците во основното училиште

| Одд. | Број на паралелки | Број на ученици | Етничка и полова структура на учениците | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Срби | | Роми | | други | |
| | | | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж | м | ж |
| I | 2 | 35 | 19 | 11 | 1 | 2 | 1 | | | | | | 1 | |
| II | 2 | 26 | 9 | 11 | | 1 | | | | | 1 | | 4 | |
| III | 2 | 28 | 12 | 10 | | 1 | | | | | | | | 5 |
| **I-III** | **6** | **89** | **40** | **32** | **1** | **4** | **1** | | | | | | **5** | **5** |
| IV | 2 | 34 | 14 | 14 | | | 1 | | | | 2 | 3 | | |
| V | 2 | 21 | 8 | 9 | | | | | | | 3 | 1 | | |
| **IV-V** | **4** | **55** | **22** | **23** | | | **1** | | | | **5** | **4** | | |
| VI | 2 | 31 | 14 | 12 | | | | | | | 2 | 3 | | |
| VII | 3 | 38 | 19 | 12 | 3 | 2 | 1 | 1 | | | | | | |
| **VI-VII** | **5** | **69** | **33** | **24** | **3** | **2** | **1** | **1** | | | **2** | **3** | | |
| VIII | 2 | 33 | 12 | 16 | | | | | | | 1 | 4 | | |
| **VII-VIII** | **5** | **71** | **31** | **28** | **3** | **2** | **1** | **1** | | | **1** | **4** | | |
| IX | 2 | 23 | 9 | 8 | | 1 | | | | | 3 | 2 | | |
| **VIII-IX** | **4** | **56** | **21** | **24** | | **1** | | | | | **4** | **6** | | |
| **VI-IX** | **9** | **125** | **54** | **48** | **3** | **3** | **1** | **1** | | | **6** | **19** | | |
| **I-IX** | **19** | **269** | **116** | **103** | **4** | **7** | **3** | **1** | | | **7** | **13** | | **5** |
| ПУ.с. Сопо. I,IV,V | **1комб.** | **4** | **2** | **2** | | | | | | | | | | |
| ПУ.с. Избиш. | **1** | **1** | | **1** | | | | | | | | | | |

## 4. Материјално-Финансиско работење на основното училиште

Средствата за финансирање на дејноста на основното образование се обезбедуваат од Буџетот , на начин и постапка утврдени со Законот за буџетите, Законот за извршување на Буџетот и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Средствата се распределуваат на општините по пат на блок донации и наменски донации согласно уредбата за методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотациите и уредбата за методологијата за распределба на капиталните и наменските дотации утврдени во Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.

Општината средствата ги распределува на основните училишта на своето подрачје за обезбедување на реализација на воспитно образовниот процес, во согласност со утврдените стандарди и норми.

Општината може да ја дополни блок дотацијата, односно наменската дотација за образование со средства од сопствени извори.

Средствата за финансирање на дејноста на основното образование можат да се обезбедуваат и од други извори а се користат наменски за развој на воспитно образовната дејност.

## 5. Мисија и Визија

**<u>МИСИЈА НА УЧИЛИШТЕТО</u>**

Училиштето и сите кои се вклучени во воспитно-образовниот процес, веруваат и ги негуваат вредностите - мир, еднаквост и правда. Училиштето превзема активности зголемување на Меѓуетничката Интеграција во образованието преку воспоставување парнтерски однос со друго училиште на друг наставен јазик. Внесува новини преку проекти и користење современи форми на работа, користејќи ја современата технологија со современи и флексибилни наставни програми и содржини, се со цел за развој на училиштето, зголемување на соработката на учениците од различни етнички заедници и создавање на квалитетен кадар кој успешно ќе се носи со предизвиците на иднината. Етички се однесуваме не затоа што така ни налага законот, не затоа што некој тоа го очекува од нас, туку затоа што веруваме.

## ИЗЈАВА НА МИСИЈАТА

Училиштето е од чисти детски души кои пловат низ немирните води, носени од вредностите на просветителите, осветлени со знаења за светла иднина.

## МОТО

**Училиштето е клуч кој ја отвара вратата кон иднината**

## СЛОГАНИ

Со учењето вложуваш во својата иднина

Спортувај и развиј го телото и духот

Знаењето е сила знаењето е моќ

Само образованите луге се слободни.

### ВИЗИЈА НА УЧИЛИШТЕТО

(Клуч кој ја отвара вратата кон иднината)

Добро организирано училиште, кадровски стручно екипирано, добро опремено со нагледни средства и со пријатни услови за работа.

Фокусот ќе се стави на негување на слободата на мислење и говор. Да развиваме свест за правата и одговорностите и да не создаваме етички или било какви бариери, а особено не бариери врз основа на етничката припадност на учениците.

- Да се запре насилството во училиштето (ако постои) и особено да се обрати внимание на спречување на насилството на етничка основа;
- Да се чувствува секое дете сигурно за време на неговиот престој во училиштето;
- Да се почитува мислењето на родителот, а посредник да биде наставникот;
- Да се гради соработка на наставниците, учениците и родителите од различни етнички групи преку воведување активности за Меѓуетничка интеграција во образованието.

Ѕвезда водилка да ни биде силата на правдата, хуманоста и вистината за доброто на нашите ученици. Училиште во кое секој ученик, без разлика на неговата етничка припадност, ќе пронајде топла, безбедна и дисциплинирана средина.

## 6. LESSONS LEAMED – Веќе научено/стекнати искуства

Наставниот план и програма во учебната 2023/2024 година во целост се реализирани од страна на сите наставници без никакви отстапувања од истата. Во реализацијата на наставната програма беше видлива примената на активни методи, многубројни идејни решенија и стратегии, зголемената динамика и мотивацијата на учениците, како и јасно дефинираните очекувани исходи.

Учениците да се центар на нашето внимание; со многу посети, набљуденија, спортски, вонннаставни и слободни активности, учествувавме на многу натпревари, соработувавме со родителите, локалната средина, медиумите и други организации. Организиравме многубројни хуманитарни акции развивајќи ја хуманоста кај нашите ученици во соработка со ЦК на РСМ. Учениците се запознаваа со сопствената но и со другите светски култури и традиции, ја развиваа сопствената креативност, учеа за демократија детски права и одговорности, ја развиваа еколошката свест, стекнуваа едукативни знаења за органска храна. Сето тоа беше реализирано преку истражувачка активност во духот на пријателството и дружењето.

Воспоставените критериуми и етички кодекси на оценувањето се применуваа во сите области на оценувањето. Наставниците од одделенска и предметна настава проследија неколку групни, индивидуални обуки, и извршија десиминизација и на стручните активи во училиштето.

- Се разви слободата на мислењето и говорот (зголемена комуникација наставник-ученик-родител-стручна служба);

Учениците од нашето училиште учествуваат во повеќе вонучилишни активности како што се: курсеви за изучување на јазици, во фолклорни и играорни активности, во различни спортски активности како што се џудо, фудбал, тенис, ракомет, ликовни работилници и друго.

## 12. Натпревари за учениците

Ученичките натпревари се составен дел од воннаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, , да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Нашето училиште учествува на:

- училиштни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира, во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот. Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари на

знаења по предмети. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот. Некои од натреварите се само со ревијален карактер, особено каде што се вклучени ученици од одделенска настава. Некои од натпреварите се опционални, во зависност од тоа дали натпреварувачите ќе се квалификуваат на повисоко ниво на натпреварување.

На натпреварите на кои организаторите имаат акредитации од Министерството за образование и наука, наградите на учениците подлежат и на државна евалуација. Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно кое препознава дека целото е богато со многу составни делови. Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и албански јазик и најбројни се албанците. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички заедници од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот. Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето учествува во модел училишта на Проектот за меѓуетничка

интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Училиштето соработува со партнер во кое наставата се одвива на македонски и турски(ООУ Мите Богоевски-Ресен). Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Во училиштето се реализираат разни видови тематски приредби, екскурзии, претстави, маскембали и забави преку кои учениците ќе осознаат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници.

Ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари.

Членовите на формираниот тим за училишна интеграција се:

- училишен психолог
- одделенски наставник
- наставник по македонски јазик
- одделенски наставник
- одделенски наставник
- – наставник по англиски јазик

Активности и временска рамка

- <u>Септември-Октомври 2023година</u>

21.09.2023 – Меѓународен ден на мирот (VIII-IX) Крсте Мешуревски

3.10.2023- Меѓународен ден на децата (правата на децата) -работилница (VI)Александар Георгиевски

15.10.2023- Меѓународен ден на пешачење (IX) Митко Ефтимовски, Оливер Ромевски, Димитар Трајчевски

30.10.2023- Ден на длабење тиква- Марија Груевска

11.10.2023- Ден на народното востание- Крсте Мешуревски

23.10.2023- Ден на револуционерната борба во Македонија Крсте Мешуревски

27.09.2023- Преспански јаболкобер учество на ученици од (I-VI) продажен штанд со храна.

Цел: Заедничко дружење храна од различни култури, различни а исти.

- Ноември 2023 година

07.11.2023- Едукација за болести на зависност (црвен крст – Ресен)

09.11.2023-Меѓународен ден на рециклирање (еколошка секција)

19.11.2023-Светски ден на хигиената (I- IX) чистење на училници и двор

20.11.2023-Светски ден на детето – стоп за насилство врз децата (класен час- одделенски раководител)

30.11.2023-Ден на безбедно работење на компјутери-Весна Тозиевска

- Декември 2023 година

01.12.2023 – Светски ден на борба против Сида – Албина Манчевска (IX)

04.12.2023-Ден на списокот на Дедо Мраз – одделенска настава, Александар Георгиевски

07.12.2023-Историски час по повод Св.Климент Охридски, Крсте Мешуревски

09.12.2023-Ден на пишување на Новогодишна честиттка (одделенска настава)

12.12.2023-Меѓународен ден на Божикното цвеќе (работилница по ликовно)

28.12.2023- Новогодишна забава и лотарија (IX – Стручна Служба)

- Март 2024 година

05.03.2024 - Ден на „Што значи твоето име“ (одделенски наставници)

07-08.03.2024-Ден на албанскиот наставник приредба / Ден на жената (работилница)

12.03.2024 - Ден на засадување на растение (Ивона Радевска со еко патрола)

20.03.2024-Меѓународен ден на среќата - „Што ме прави среќен“ - (анкета Стручна служба)

21.03.2024-Светски ден на шумата – прошетки по природа (Митко Ефтимовски)

23.03.2024-Светски ден на Метеорологијата

27.03.2024-Светски ден на театрите – посета на филмска претстава во Битола и ЗОО со учениците од одделенска настава

30.03.2024-Ден на докторите (посета на лекар, заболекар и Градоначалник)-одд. Наставниците

- <u>Април 2024 година</u>

01.04.2024-Светски ден на шегата (I-V)  учество на Априлијада во Ресен

04.04.2024-Ден на училишната библиотека (Ангелина Лабачевска)

09.04.2024-Ден во кој избирам име по сопствена желба (Александар Георгиевски)

16.04.2024-Ден на библиотекарите (Ангелина Лабачевска)

18.04.2024-Светски ден на културното наслетство (сите наставници)

22.04.2024-Ден на планетата земја (Ивона Радевска ) - чистење на училињниот двор

23.04.2024-Светски ден на книгата (Јована Денесовска, Ангелина Лабачевска, Марија Груевска, Марија Танска) – конкурс проза и поезија.

- <u>Мај 2024 година</u>

08.05.2024-Светски ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина Ивона Радевска)

13.05.2024-Ден на Лалето (одделенска настава)

16.05.2024-Меѓународен ден на возење велосипеди (Оливер Ромевски)

18.05.2024- Меѓународен ден на музеите (посета на етнолошки музеј – одделенска настава)

23.05.2024-Меѓународен ден на власите- проект за власите

24.05.2024-„Св.Кирил и Методиј“ (Јована Денесовска)

30.05.2024-Ден на наводнување на цвеќето (Ивона Радевска)

- <u>Јуни 2024 година</u>

05.06.2024-Светски ден на животната средина (Ивона Радевска)- одделенска настава, класни и еко акција.

10.06.2024-Крај на учебната година

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

(Се претставуваат сите проекти поединечно кои се реализираат со институциите со чија подршка и помош се реализираат истите.Покрај името на проектот, која е целта и исходите од реализацијата на проектот вклучените наставници или стручни соработници, време на реализација на проектот, средства за реализација на проектот и од каде се податоците кои Основното училиште смета дека се потребни за реализација)

| Реден број | Проекти | Име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници | Временска рамка во која се реализира проектот | Средства за реализација на проектот и од каде се обезбедуваат |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Проектни активности поврзани со невладиниот сектор и локалната средина; | Стручна служба Елизабета Нанчовска Марија Груевска | Континуирано | Општина МОН Невладини Органиции |
| 2 | Еколошко воспитание; | Ивона Радевска Мерал Шабединовска | Континуирано | Буџет |
| 3 | Превенција од конфликти (УНИЦЕФ во соработка со БРО); | Албина Манчевска Александар Георгиевски | Континуирано | УНИЦЕФ МОН |
| 4 | Проект за Меѓуетничка интеграција во образованието | Албина Манчевска Александар Георгиевски Мерал Шабединовска | Континуирано | УСАИД |

Во учебната 2023/2024 ќе се реализираат следните проекти:

Ќе се реализираат повеќе активности предвидени со програмата како и седумте чекори за здобивање на статус на еко училиште.

- Мегуетничка интеграција на младите во образованието- МИМО.- Активности за подобрување на меѓуетничките односи и интегрирање на ученици од различни етнички групикои следат настава на различен наставен јазик. Ке се реализираат следните активности: изготвување на акциски план за реализирање на предвидените активности согласно препораките од МОН, информативни средби со колеги наставници од училипшта во кои се изведува настава на друг наставен јазик, селекција на пет задолжителни работилници од програмата за животни вештини, изготвување на апликација за мал грант во рамките на МИМО, неформални средби со партнер училиштето „Мите Богоевски" од Ресен, истражувачки работилници и изготвување план за истражување за дебата и квиз. Ке се организира квиз и евалвација на

спроведената дебата и квиз, финална изложба во рамките на активностите. Време на реализација – тековно. Носители: тим за МИМО, одделенски наставници, класни раководители од VI-XI, ученици, родители.

-Проект „Зелените енергетски клубови” ( проект на ЕВН Македонија). Зелените енергетски клубови функционираат како енергетска патрола на ученици чија задача е развување на конктретни мерки за енергетска ефикасност во училиштето, потикнување на свсеста за значењето на енергетската ефикасност во нашата средина, изворите на енергија и употребата на енергетската енергија кај учениците, наставниците, семејствата, заедницата. Ќе бидат вклучени ученици од IV, V и VI одд. претставник на овој проект е едукаторот Билјана Митревска.

Оваа учебна година во нашето училиште ќе се реализира интерен проект „Антикорупциска едукација” со цел да воспостави вредносен систем кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Преку согледување на лошите примери, навики и пораки и нивно заменување со соодветно примерно однесување, ученикот опфатен во овој проект, уште од најмала возраст ќе може да ја препознае корупцијата, да се заштити од истата и да допринесе за нејзино сузбивање.

Општи цели кои треба да се постигнат преку оваа едукација се:
- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок“;
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата иначинот наспречување и заштита одистата;
- да ги препознава механизмите за спречување накорупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата воопштеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување накорупција во Република Северна Македонија и механизмите преку кои тааделува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на којначин може да се спречиистата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукацијаи
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојот на Република Северна Македонија

**Поими**

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

a) Носечка реченица: Ајде заедно да ја разобличиме КОРУПЦИЈАТА.
b) Други реченици посветени на корупцијата:
   - Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.

- Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои! Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.
- Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.
- Со корупција сите плаќаат двојно.

## 15. Поддршка на учениците

**Протокол за поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**

- УИТ изготвува училишна политика за поддршка на учениците со телесни пречки. За да овозможи пристапност во училиштето (рампа на влез; лифт; ограда на скали и долж ходниците; соодветен тоалет) соработува со локалната самоуправа, Советот на родители, невладини и други организации.
- Инклузивниот тим за ученик овозможува врсничка поддршка за движењето во училишната зграда и училишниот двор
- Инклузивниот тим внимава на распоредот на часови (движењето од една во друга училница да биде по најсоодветен пат) и внимава на непреченото движење во училница
- Стручните соработници ги запознаваат наставниците со состојбата на ученикот за да можат да излезат во пресрет на потребите на ученикот
- За помошта која учениците можат да ја добијат од стручните соработници, училиштето ги информира учениците и родителите преку одделенските раководители и тоа:
    - на родителските средби;
    - на индивидуалните средби со родителите;
    - на одделенските часови
    - преку писмено известување доколку се појави проблем
    - преку групно советување на родители и ученици.
- За учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, инклузивниот тим предлага процедури за поддршка во учењето. По потреба и во договор со семејството на ученикот, тимот организира посета и поучување на ученикот од страна на соученици.
- УИТ прибира податоци за учениците со емоционални потешкотии, без оглед на причината – семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми.
- УИТ во соработка со родителите и релевантните институции – здравствените установи, центрите за социјална работа, полицијата, пронаоѓа решенија, нуди соодветна помош и поддршка за справување со предизвиците.

**Протокол за поддршка на учениците со здравствени и емоционални проблеми**

Стручните соработници преку одделенските раководители и предметните наставници ги добива потребните сознанија во однос на ученици со физички и ментални здравствени проблеми, како и оние со образовни потреби или пост□конфликтни трауми, а во соработка со родителите. Како резултат на овие сознанија се преземаат:

- Индивидуални разговори со ученикот, доколку се идентификува проблем или се чувствуваат одредени промени во неговото однесување, најпрво со одделенскиот раководител, некој од предметните наставници во кои ученикот има доверба или со стручните соработници;
- Индивидуални разговори со родители;
- Соработка со одделенските заедници;
- Во одредени случаи се советува ученикот да побара стручна помош во соодветни институции.
- На почетокот на секоја учебна година преку одделенските раководители се известуваат учениците и родителите доколку сметаат дека има потреба да информираат за здравствената состојба на ученикот да достават известување и документ за емоционалната и здравствената состојба до одделенскиот раководител или стручните соработници.
- За учениците кај кои се утврдило дека имаат одредени здравствени проблеми, одделенскиот раководител или стручните соработници ги известуваат наставниците и другите ученици (доколку за тоа има потреба), со цел да им се даваат работни задачи и задолженија кои одговараат на нивните способности и можности.
- Доколку учениците имаат зддравствени проблеми кои подразбираат подолготрајно отсуство, учениците и родителите се упатуваат на разговор кај стручните соработници и врз основа на состојбата се регулира случајот според постојната законска регулатива.

**Протокол за поддршка на учениците од социјално загрозени семејства**

Во училиштето превзема активности за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности, што бараат вложување дополнителни средства. На овие ученици им се обезбедува училишен прибор, им се партиципира трошокот за екскурзии (целосно или делумно), се обезбедуваат други средства, притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и деловната заедница. Исто така во сето тоа се вклопуваат Програмата за подмладок на црвен крст, Програмата за работа на ученичката заедница и Акцискиот план за оштествено - корисна и хуманитарна работа кои во своите активности планираат и реализираат хуманитарни акции за собирање материјални средства (храна, облека, обувки).

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години station наназад. Постигањата според полот се следат врз основа на позитивни / негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни и ученици со слаби оцени, што е прикажано во следната табела:

Наставниот кадар и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Континуирано, стручната служба и наставниците прават анализи, (а се согледуваат и потребите направени со самоевалвацијата) за потребите на учениците, но и на наставниците, кои имаат за цел подобрување и унапредување на наставата. Посебно внимание се посветува на идентификацијата и утврдувањето на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби, за што треба да се изработат посебни програми, коишто вклучуваат активности и систем за следење на напредокот на овие ученици.

Стручните активи во своите програми планираат нагледни часови со користење на методи на активна настава и изготвување на ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.

Постигнувањата на учениците се промовираат во самото училиште (огласна табла) и надвор од училиштето (на web страната на училиштето).

## 15.2. Работа за професионална ориентација на учениците

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Целна група | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување анкета за интересите и афинитетите на учениците од IX одделение | Февруари и март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Проценка на интересите на учениците |
| Испитување на општи и специфични способности на учениците од IX одделение | Февруари и март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Проценки на способностите на учениците |
| Организирање индивидуални и групни разговори со ученици и родители | Март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение и родители | Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување |
| Индивидуална работа со ученици | Март, април и мај | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување |
| Информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми | Април и мај | Државни и приватни средни училишта | Ученици од IX одделение | Презентирање пропаганден материјал од средните училишта, организирање средби со преставници на приватни и државни средни училишта |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Посета на саем на образование | Април | Одговорни наставници | Ученици од IX одделение | Запознавање со најразлични професии |
| Примена на тестови за професионална и кариерна ориентација на учениците | Мај | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Запознавање на учениците со нивните професионални интереси |

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

### Превентивни програми

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се: МВР; Центарот за социјална работа; Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со родителите како и преку соработка со релевантни институции во поблиската и пошироката околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Училиштето учествува во проектните активности на МВР. Училиштето соработува и со Центарот за социјална работи, Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето (грип, заразни болести...)

Во соработка со здравствените установи училиштето води грижа за навремено вакцинирање на учениците, согласно календарот за имунизација, како и за грижа за оралната хигиена.

Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини. Значајно внимание

ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството.

Превентивните програмите ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час –програма за животни вештини, изборната настава како и вон наставни активности.

## Безбедност во училиштето

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста).За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа,тим за против пожарна заштита и одржување,тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација.

Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така ќе биде дел од овие програми кои ќе се реализираат во соработка со надлежните институции. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено ***План за заштита и спасување*** кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

## Позитивна социо-емоционална клима

Промените што се случуваат во општеството и брзиот развој на технологијата влијаат врз начинот на живеење и се рефлектираат во семејството како основна клетка на социјалниот живот. Таквите промени се особено стресни и се одразуваат на сите и на најмалите членови - децата. Децата своите и проблемите на семејството ги носат во училиштето што влијае на интеракцијата и комуникацијата наставник- ученик како и ученик-ученик. Сите наставници не умеаат да се справат со одредено однесување на учениците што погрешно се толкува и создава вознемиреност и кај наставникот и кај ученикот, што се одразува на личноста на ученикот, на училишната клима и воспитно образовниот процес. За учениците кои покажуваат промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава,

намалување на успехот) училишниот психолог ќе реализира индивидуални разговори и работилници, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците и наставниците.

## 16. Оценување

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Оценувањето во училиштето е континуирано и се следи од страна на раководниот тим на училиштето и стручната служба. Нашето училиште има усогласена и писмено дефинирана политика за оценување која е базирана на прифатените определби на ниво на државата во врска со оценувањето, анализата на состојбите со оценувањето и постигањата во училиштето и е основа за планирање на оценувањето.

**Предмет** на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно - образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно - образовни активности, утврдени со планот и оваа програма. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците.

При определување на оценката ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, ќе се испитуваат способностите, интересите, ставовите и убедувањата. Оценувањето, пред се ќе има за цел да го подобри учењето и постигнувањето научениците.

Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за критериумите на оценување. Информирањето на учениците и родителите ќе биде навремено, јасно и точно на почетокот на учебната година за секој наставен предмет. Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење на повеќе различни методи и техники. Наставниците водат портфолио за секој ученик и портфолио за наставник. Во ученичкото портфолио се евидентираат постигнувањата на учениците и содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оцена. Наставничкото портфолио содржи репрезентативни примероци од изработки на учениците, инструментите со кои се следат учениците,

план за реализација на наставни и вонннаставни активности, план за професионален развој на наставникот, докази за постигањата на сите натпревари и посетени обуки и семинари. При учење од далечина наставниците изготвуваат електронско портфолио заучениците. На почетокот на учебната година секој наставник изготвува индивидуален план за примена на формативното и сумативното оценување, почитувајќи ги стандардите за оценување по секој наставен предмет. Писмените проверки за постигнувањата на учениците се евидентираат во дневникот на паралелката на почетокот на учебната година. Се користат најразлични форми, методи и примена на различни инструменти за следење на постигнувањата на учениците (чек листи, аналитички листи, холистички листи, листи за самооценување и др).

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и споредбени анализи на одделенските и наставничките совети на крајот од секој квартал.

Според законот за основно образование, учениците ќе се оценуваат описно и бројчано. Оценувањето ќе се изведува на следниов начин:

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

Оценување се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчано.

Во првиот период ( I - IV одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI ) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат бројчано, по класификационите периоди – тромесечија и полугодие е описно, а на крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период ( VII – IX ) се оценуваат бројчано со оценки од еден ( 1 ) до пет ( 5 ). Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5).

По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања (дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи).

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото.

Оценување на учениците со попреченост согласно Член 139 од Законот за основно образование. Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент.
Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен континуирано во текот на учебната година да го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

## 16.2. Тим за следење, анализа и поддршка

Согласно прописите, во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оцените. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано да ваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени. Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници.

1. Александар Ѓоргиевски-психолог
2. Манчевска Албина-социолог
3. Груевска Марија-предметен наставник
4. Ивановска Катерина-предметен наставник
5. Тозиевска Снежана-одделенски наставник

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на директорот, стручната служба како и од страна на Бирото за рајвој на образованието. Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

Во училиштето постојано се следи работат на воспитно- образовниот кадар преку посети од страна на директорот и стручната служба најмалку два пати во едно полугодие по претходно изготвен план и програма и со користење на посебни инструменти за оценување.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на часови од редовна настава во паралелките од прво до петто одделение во Централното Училиште | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Директор Стручна служба Наставници Ученици | Октомври – Ноември Март - Април | Стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и Тематските Планирања |
| Посета на | Да се увиди | Директор | Ноември | Стекнување |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| часови од редовна ( настава во паралелките од прво до петто одделение во ПУ с. Избишта и ПУ с. Сопотско | степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Стручна служба Наставници Ученици | Април | на нови знаења, умеења и навикина учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и тематски ефекти |
| Анализа на посетени часови со акцент на очекувани исходи на час | Утврдување на недостатоци во реализација на активности | Директор Стручна служба Наставници Ученици | Октомври ноември март април | Презентација на добиени сознанија на наставнички совет и облективни сознанија за наставниот процес |
| Посета на часови од редовна настава во паралелките од предметна настава кај секој предметен наставник | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и употребата на современи наставни форми и методи и средства за работа | Директор и Стручните соработници Наставници од предметна настава | Октомври – Ноември Март - Април | Примена на наставните содржини од Глобалните и Тематските Планирања и стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Според Законот за Основно образование член 129 на секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

- подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
- фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди, се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
- фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од областа на просветната инспекција. Комисијата изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на восипитнообразовната работа кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Училишниот одбор и директорот треба да ги имаат предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на годишна програма за работа на училиштето и развојна програма. Бирото преку советодавни посети дава упатства, стручни совети и поддршка во процесот на спроведување на самоевалуацијата. Објавување на резултати од самоевалуација. Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата. На крајот од наставната 2023/2024 во период јуни- септември се изврши самоевалвација на училиштето.

Тимот за самоевалуација се состои од :

- Директор
- Стручен соработник
- Дефектолог
- Предметни наставници

- Одделенски наставник
- Претседател на училишен одбор
- Стручен соработник

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста). За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа, тим за против пожарна заштита и одржување, тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација.

Училиштето се грижи за безбедноста на учениците во училиштето и за таа цел се изготвува ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди при што се организираат обуки на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода со цел да се избегнува и намалува бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените. Училиштето има изработено план за заштита и спасување.

Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.
Поставени се и знаци за излез на повеќе локации кои јасно ја покажуваат насоката за движење за најлесно и најбрзо да се напушти училишната зграда, како и поставено е сандаче за прва помош во училишната зграда.

### Позитивна социо – емоционална клима

Промените што се случуваат во општеството и брзиот развој на технологијата влијаат врз начинот на живеење и се рефлектираат во семејството како основна клетка на социјалниот живот. Таквите промени се особено стресни и се одразуваат на сите и на најмалите членови - децата. Децата своите и проблемите на семејството ги носат во училиштето што влијае на интеракцијата и комуникацијата наставник- ученик како и ученик-ученик. Сите наставници не умеаат да се справат со одредено однесување на учениците што погрешно се толкува и создава вознемиреност и кај наставникот и кај

ученикот, што се одразува на личноста на ученикот, на училишната клима и воспитно образовниот процес.

За учениците кои покажуваат промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) училишниот психолог ќе реализира индивидуални разговори и работилници, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците и наставниците.

## 18. Грижа за здравјето

Здравственото образование на децата во училиштето треба да биде приоритет и обврска на сите во училиштето. Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата по предметот физичко и здравствено образование како и другите предмети, на часовите на одделенскиот час, во рамките на слободните ученички активности и други форми. Предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручните соработници, одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за заштита на здравјето и воспитание и образование за здрав начин на живеење. Особено внимание ќе се посвети на правилна и здрава исхрана и физичка активност на учениците.

Годишната програма за грижа за здравје на учениците со сите поточки е планирана преку строго утврдени програмски содржини, преку време на реализација со однапред предвидени реализатори, преку различни форми за работа, пред или за кого е реализирана и кои се очекуваните ефекти и цели.

**Училиштето води грижа за здравјето на учениците на три нивоа:**

- **физичко** здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;
- **ментално** здравје го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;
- **социјалното** здравје ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност икомуникација.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Со редовното одржување на хигиената во училиштето, училниците, ходниците и училишниот двор овозможува одржување на хигиената на високо ниво. Редовно се врши дезинфекција, дезинсекција и дератизација на училишните простории најмалку два пати во годината, пред почетокот на учебната година и за време на зимскиот распуст а по потреба и повеке. Покрај техничкиот персонал, за хигиената во училистето за грижат и другите вработени во училиштето, како и учениците се со цел да се обезбеди здрава –хигиенска средина за работа. Во секоја училница има поставено водоводна мрежа (умивалници)за одржување на личната хигиена и хигиената во училниците.

## 18.2. Систематски прегледи

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на 'рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). -Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во Ресен со одд. раководител или предметен наставник При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоци

Во соработка со Здравствен Дом-Ресен во текот на учебната 2023/24 година ќе се спроведат систематски прегледи, прегледи на забите и вакцинација на учениците:

| Активност | Време на реализација | Одделение | Место на реализација |
|---|---|---|---|
| Систематски преглед за залевање на забите | Септември | 6 | Здравствен Дом-Ресен |
| Вакцина против дифтерија,тетанус и детска парализа | Ноември | 8 | Здравствен Дом-Ресен |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Систематски преглед | Ноември | 2 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед | Ноември | 7 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед | Ноември | 5 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед | Ноември | 3 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед со залевање на забите | Ноември | 5 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед со залевање на забите | Декември | 4 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед со залевање на забите | Март | 2 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед на заби | Мај | 7 | Здравствен Дом-Ресен |

## 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство, Државен санитарен и здравствен инспекторат во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд. одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. - I одд. за учениците со навршени шест год. -ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит) - II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија, тетанус) и тестирање манту за ТВС. По добиените резултати од проверката следи вакцина. - VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените, а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваатученичките и родителите кои ја примиле првата доза. - IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа, дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

## 18.4. Едукација за здрава исхрана

**Здравата исхрана** подразбира внесување на балансирано количество на протеини, јаглени хидрати, масти, витамини и минерали. Здравата исхрана се базира на внесување на поголеми количини на протеини и јагленохидрати, а помалку масти. Во исхраната посебно е важен внесот на витамини и минерали, кои ги има најмногу во свежото овошје и зеленчук.

Со здрава исхрана, како и со редовна физичка активност, се овозможува зачувување на здравјето, а се намалува и вишокот на телесна тежина, која е исто така важен фактор на ризик за повеќе малигни заболувања.

Овошјето и зеленчукот се богати со витамини и минерали кои се природни одбрамбени состојки против многу болести. Се препорачува да се јадат 5 порции од овошје и зеленчук дневно. Една оптимална порција тежи околу 80 грама.

Со тоа се смета дека се намалува и ризикот од срцеви заболувања, шеќерна болест, повеќе видови на карциноми и други заболувања. Научниците, сеуште не ги идентификувале сите хранливи состојки, кои делуваат на заштитата на организмот против болестите. Затоа се препорачува да потребните витамини и минерали се внесуваат со свежото овошје и зеленчук, а не преку синтетски препарати, разни додатоци или екстракти од храна, кои може да се купат во аптеките. Овие синтетски произведени извори на витамини и минерали не се така ефикасни, бидејќи не ги содржат сите корисни хранливи матери.

**Главна цел на програмата за унапредување на здравјето е:**

- формирање на психички, физички и социјално здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.
- формирање на личност која постојано ќе собира нови знаења за здравјето и здравата исхрана.
- доживотно практикување на здрава исхрана и учење за истата.

Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница.

Стручната служба, одделенските раководители и наставниците по биологија во своите програми за работа планираат реализација на програми за здравствена едукација, здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности и СПИ.

Нашето училиште има стратегија за постојано водење на грижа за здравјето на секој ученик и работник. Во контекст на тоа се организираат предавања за здрава и правилна исхрана од страна на одделенските наставници, одделенските раководители, одговорни наставници по Биологија, како и стручни лица од областа на гастрономија. Посебен акцент се става на врсничката едукација. За постручна информација се контактираат стручни медицински лица. Нашата цел е учениците да знаат дека здравата исхрана е превенција за многу заболувања.

**Критериум за успех:** подобрени хигиено здравствени услови во училиштето, редовен увид во здравствената состојба на учениците,

**Иструменти:** извештаи од спроведени систематски прегледи и вакцинирање на учениците

**Индикатор за успешност:** навремено откривање на деформитети и оштетувања на сетилата за вид и слух кај учениците

**Повратна информација:** редовно вакцинирање согласно календарот за имунизација, евиденција од дератизација и дезинфекција во училиштето.

## 19. Училишна клима

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2023/2024година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители.

Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште. Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во

случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници.

## 19.1. Дисциплина

Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат следниве активности:

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори/ ресурси** | **Методи ипостапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување во правилата на Однесување | Септември 2023г. | Стручна служба, одд. и пред. Наст. | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручна служба | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во Училиштето |
| | | | | | |
| Изготвување распоред на дежурни наставници | На почетокот од учебната година | Одделенски и Предметни Наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници |
| | | | | | |
| Определување дежурни | Континуирано | Класни раководители и | Кодекс на училиштето | Консултации со | Навремено истакнување и |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ученици за дежурства во училишниот ходник | | Ученици | | класните раководители | почитување на распоредот на дежурни ученици |
| | | | | | |
| Определување дежурни ученици по паралелки | Континуирано | Класни Раководители | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Позитивна училишна клима |
| | | | | | |
| Давање насоки за однесувањето во тоалетите | Во текот на целата учебна година | Наставници | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| | | | | | |
| Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор | Континуирано | Дежурни наставници и ученици | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

За подобар изглед на училиштето при одбележувањето на значајните датуми учениците се вклучуваат во украсувањето на училишните простори со свои уметнички дела и со ракотворби со што покрај добро украсените простории кај децата се развиваат психомоторните активности и чувството за естетика и разубавување.

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори/ ресурси** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредување и одржување на училниците | Во текот на целата учебна Година | Класни раководители и Ученици | Изработки од учениците | Разговор, практична работа | Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа |
| | | | | | |
| Уредување на училишниот хол и ходниците | Континуирано | Наставници и Ученици | Изработки од учениците, Пофалници, дипломи | Разговор, практична работа | Претставување на работата на наставниците и учениците и развивање на свест |
| | | | | | |
| Уредување и одржување на училишниот двор | По потреба | Техничка служба, наставници и ученици | Алат за работа и садници | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училишен двор |
| | | | | | |
| Еко уредување на дворот | Континуирано | Наставници и ученици | Еколошки материјали | Разговор, практична работа | Развивање на еколошката свест |

## 19.3. Етички кодекси

Во училиштето секогаш имало и има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници.

Во прилози кон годишната програма за работа на училиштето дадени се етички кодекси на сите лица кои се вклучени во воспитно – образовниот процес: ученици, наставници, родители и сите структури вработени во училиштето.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи). Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка, вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл.

Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето – 9 Мај, Нова година – 31 декември Ден на жената – 8 март Ден на шегата – 1 април, Полуматурска прослава – 10 јуни, Екскурзии за учениците и наставниците. Ќе се организираат заеднички прослави и дружења за учениците, наставниците и родителите со цел подобрување на мегусебната комуникација и подобра клима во реализирањето на воспитно- образовниот процес.

# 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој се одвива низ неколку фази детектирање на потребите и приоритите, активности за професионален развој, личен професионален развој, хоризонтално учење и кариерен воспитно образовен кадар.

## 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниоткадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците.За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба.Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, претставници на УО (еден родител и неговиот претседател) чија задача е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците и да избере соодветни обуки. Како потврда на тоа нашето училиште се стекна со Наставник ментор.

## 20.2. Активности за професионален развој

**Цели-** Наставниците навремено да се информираат за евентуалните промени во наставните содржини и планови од страна на БРО и МОН. Обука на наставниците за успешна понатамошна дисеминација на стекнатите искуста во рамките на училиштето.

**Активности-** Посета на семинари, обуки организирани од страна на БРО и МОН. Размена на искуства меѓу самите наставници, изработка н аизвештаи и анализи со цел да се одредат приоритетите за во иднина.

**Начин на спроведување-** Наставниците земаат активно учество на предвидените семинари, обуки, работилници итн.

**Очекувани резултати -** Наставниците стручно да се усовршат и да ги применат стекантите искуства во процесот на наставата.

**Одговорни лица** – Наставници, директор, стручна служба.

**Време на реализација-** тековно.

## 20.3. Личен професионален развој

Наставниот кадар постојано професионално  се усовршува со следење на семинари организирани од МОН и БРО за да може ефикасно и професионално да одговори на новите концепции во воспитно- образовниот процес и современите општествени промени.

***Критериуми за успех*** – подобрување на постигањата на учениците и унапредување на наставата со нови форми, методи, стратегии и техники на учење и поучување

***Инструменти*** – извештаи од одржани семинари, статистички извештаи од завршени квалификациони периоди и записници од посетени часови

***Индикатор за успешност*** – зголемени постигања кај учениците, поголем среден успех на ниво на училиште

***Одговорен за следење*** – директор, стручни соработници, одговорни наставници

***Повратна информација*** – податоци во професионалните досиеја на наставниците - подобрување на наставната практика и подобрување на учењето и поучувањето - создадена стимулативна средина за професионален развој на наставниците -примена на новите знаења и вештини стекнати на обуки во наставната пракса -создавање на систем на континуиран професионален развој и менторство на наставниците

Време на реализација – тековно.

## 20.4. Хоризонтално учење

Хоризонтално учење (наставниците учат едни од други ) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства , внатре во училиштето и помеѓу повеќе училишта.За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец. Професионалниот развој на наставниот кадар, каде спаѓаат планирање и организирање на разни обуки, семинари, работилници, дисеминации и сл., со цел надградба, унапредување на наставниците и запознавање со нови методи и нов пристап на работа за издигнување на наставата во училницата на повисоко ниво, е познато како хоризонтално учење, со кое наставникот напредува во професијата, напредува како стручно лице. Но, тој напредок на наставникот не му носи унапредување, односно повисока позиција, туку само поголем успех во реализација на наставниот процес и професионален напредок.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| | | | | |
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Адекватен избор на форми, методи, техники и наставни средства |
| | | | | |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците |
| | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |

Одговорни лица – Наставници, Активи, Служба

Време на реализација – тековно.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Задолжителен дел на воспитно-образовниот процес е и перманентната надградба на образовниот кадар вклучено во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионале развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари, обуки, презентации, конференции, како и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно образовниот процес. Секој наставник има сопствено наставничко портфолио кое е исполнето со трудови од нивната работа и изработки од учениците. Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот професионалниот развој. Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие. Потстрекот за личниот професионален развој кај наставниците, покрај што е воден од сопствените желби за професионално надградување, поттикнат е и преку вреднување на нивните новостекнати знаења кои тие успешно ги применуваат во секојдневната работа, со издавање сертификати, кои се мотив повеќе за активно учество на семинари, обуки и работилници. Личниот професионален развој на наставниците е и потреба за успешно спроведување на новата концепција за Основното образование кои налага потреба од следење на семинари организирани од МОН и БРО кои се одвиваат континуирано и ќе се одвиваат.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите

Вклученост на семјствата во училиштето претежно се остварува на средби (инвидуални или групни). На тие средби учествуваат во донесување на решенија и одлуки за подобрување на условите за работа во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите. Семејствата даваат мислења и сугестии за измени на секаков вид планирање. Постојано се инфрмирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците. Даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за унапредување на учениците-таленти.

Училиштето изготвува распоред за индивидуални средби на кој се наведени термини во ден и час за секој одделенски и предметен наставник. Најмалку два пати во годината ќе се реализираат Отворени денови за размена на информации на родителте и наставниците. Училиштето изработува: План за соработка со родителите на паралелката, План за работа на Советот на родители, План за работа на Училишниот одбор; Родителите имаат значајна улога во донесување на одлуки преку Советот на родители, како и Училишниот одбор; Со правилно следење на програмата и со активна вклученост на семејството тековно во целата учебна година доаѓаме до успешно и заедничко реализирање на програмата во целина и го добиваме посакуваниот резултат односно поквалитетно воспитаное и образование и правилна вклученост на семејството.

| ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА | ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ |
|---|---|
| Јули | Разгледување и давање мислење за Предлог Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024г |
| Септември | -Избор или реизбор на Претседател на Совет на родители; -Информации за: осигурување на учениците; -Информација за реализација на проекти во учиилштето |
| Ноември | -Презентација на успех и поведение за првото тримесечие од учебната 2023/2024 година; -Информација и вклучување на родителите во реализација на проекти во учиилштето; |

| | |
|---|---|
| Февруари | -Презентација на успехот и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2023/2024 година; |
| Април | -Презентација на успех и поведение за првото тримесечие од учебната 2023/2024 година; -Презентација на реализирани проектни активности во училиштето; |
| Јуни | - Презентација на Извештај за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година; -Презентација на извештаии од реализирани ученички екскурзии; -Презентација на Програма за работа на училиштето 2023/24 г |

## 21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето

Во животот и работата на училиштето Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор.На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2023/2024година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие. Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето. Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор. Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на

негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;

- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

За да се зајакнат капацитетите на дејствување на Советот на родители претходно се изготвува програма за работа, при што се детектираат состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, родителите/старателите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители/старатели и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на видно место во просториите на училиштето.

Програмата за вклученост на родителите е во прилог на Годишната програма.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Родителите се информираат на редовните родителски средби за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се поканувaат на советување кое што го води психологот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања. Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот „Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието„"Со читање до лидерство", "Претрприемништво во образованието" Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави , забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр.: Преспански јаболкобер, „Велигденски хепенинг",„Новогодишен хепенинг " како и

многу други. На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

Родителите/старателите даваат мислења и сугестии за дополнување и изменување на секаков вид планирања, постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Даваат подршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во учењето и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти.

Програмата за вклученост на родителите е во прилог на Годишната програма.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Во текот на учебната година се планираат и организираат едукативни работилници за родители/старатели, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, брошура но и Советодавно-консултативни работилници –индивидуални и заедничка средби. Психологот врши советувања според Програмата за советувања. Советодавна работа со родителите (индивидуална и групна), ќе се одвива и од страна на стручната служба, одделенските раководители а по потреба и од директорот на училиштето. Се изработува брошура за родители на почетокот од наставната година при што им се презентира делови од годишната програма за работа на училиштето како и делови од кодексите на однесување и сл. Со цел родителите да бидат што повеќе информирани за работата на училиштето и да се мотивираат преку предлози, сугестии и критики што поактивно да се вклучат во работаат на училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Комуникацијата на училиштето се изведува на сите нивоа и со сите чинители:

- ***Локална заедница*** (локална самоуправа, бизнис заедница, местно население)

Се предвидува усна, пишана и електронска комуникација, средби, дебати, трибини, посети на институции во локалното опкружување, се промовираат постигнатите резултати, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми.

- ***Институции од областа на културата***

Задолжително се планира и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.

- ***Институции од областа на образованието***

Се планира соработката со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование  како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки,  други основни и средни училишта и факултети и др. Се дава кратка дескрипција на формите и полето на соработка.

- ***Невладини организации***

Училиштето и активностите кои ќе ги спроведе училиштето, пр. Детска амбасада, СОС- центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др. Сето ова се предвидува со акциски план

- ***Спортски друштва***

Училиштето ке соработува со сите клубови од општината.

- ***Здравствени организации***

Цел- Спроведување на превентивни стоматолошки мерки кај школските деца, Подобрување на здравствената состојба на учениците

Содржина- Залевање кај трајните заби, Едукација за орално здравје, На тема -Сида - превентивна мерка и заштита
- Болести од зависност (алкохол, дрога, пушење), Вакцинации, Ревакцинации

Активности- Посета во стоматолошка ординација, - Контрола,  Индивидуална едукација,  Работилница, Предавање, Презентација, Дискусија, Демонстрирање

Носител- Координативно тело за спроведување на национална стратегија за превенција на орални заболувања, Центар за јавно здравје Битола, -ДНЗ

Одговорни лица- Школски стоматолог, Стручна служба, Наставници, Ученици од I и I б одд

Очекувани ефекти – Подобрување на оралноното здравје кај учениците, - Правилна исхрана, - Поголема контрола, - Правилна орална хигиена, - Редовна посета на стоматолог

Време- тековно

- ***Медиуми*** (со цел на промоција на училиштето)

Со цел да има добра промоција на училиштето се планира соработка со локалниот весник и интернет порталите преку кои ќе се известува јавноста за поважните тековни настани во училиштето. Исто така преку медиумите ќе се врши промоција на училиштето и надвор од општината со цел да има поголема соработка меѓу училиштата од различните општини.

Како лице за контакт со медиуми од училиштето се избира Весна Тозиевска Наставник по информатика. Лицето за контакт со медиуми формира тим составен од Јована Д.Ристевска, Ангелина Лабачевска и Александра Недановска и ќе изработува и презентира училишни флаери и друг промотивен материјал. Преку медиумите исто така ќе се информира јавноста за активностите на училиштето од еколошката програма.

Содржини: - упис на првачиња, - воннаставни активности на учениците, - постигања на учениците, - одбележување на празници, - прослава на патронен празник, - резултати од натпревари, - резултати од екстерно проверување, - соработка со невладини и други организации, - активности на училиштето од еколошката програма.

Медиуми: интернет портали и национална телевизија МТВ

Време на реализација: тековно

## 23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

Имплементацијата на Годишната програма се следи тековно во текот на целата учебна година преку различни активности и со различни инструменти од страна на директорот, стручната служба, БРО, МОН, ДИЦ и други релевантни структури.

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Материјално - финасиско работење | Извештај Декември-Февруари | Директорот | УО |
| Следење на акциските планови | Извештај Тековно | Тимовите | Директорот, Стручна служба |
| Следење на планирањата на наставниците | Инструмент за следење на планирањата Тековно | Стручна служба | Директор |
| Следење на воннаставните активности | Извештај Јуни | Стручна служба | Директор |
| Следење на работата на училишниот парламент | Извештај Јуни | Стручна служба | Директор |
| Следење на вонучилишни активности | Извештаи Тековно | Стручна служба | Директор |
| Натпревари | Извештаи Тековно | Активите | Директор, Стручна служба |
| Следење на проектите кои се работат во | Извештаи Тековно | Наставниците, активите, тимовите | Директор, Стручна служба |

| | | | |
|---|---|---|---|
| училиштето | | | |
| Оценување | Извештаи<br>Тековно | Тим за следење, анализа и поддршка | Директор, Стручна служба |
| Грижа за здравјето | Извештаи, евиденција во дневникот на паралелката<br>Тековно | Тим за грижа за здравјето | Директор, Стручна служба |
| Следење на училишна клима | Извештаи<br>Тековно | Тимови, наставници, ученици | Директор, Стручна служба |
| Професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар | Извештаи, сертификати, потврди, семинари, обуки и сл.<br>Тековно | Наставници, Стручна служба, Директор | Директор, Стручна служба |
| Соработка на училиштето со родители/старатели | Извештаи, состаноци, работилници<br>Тековно | Наставници, родители/старатели | Директор, Стручна служба |
| Комуникација со јавност и промоција на ОУ | Веб страна, медиуми и сл<br>Тековно | Наставници, Ученици, родители/старатели, директор, стручна служба | Директор, Стручна служба |

## 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

Евалуацијата на годишната програма се врши во текот на целата учебна година преку собирање на докази со разни инструменти, прашалници, документи, дискусии, интервјуа, записници, протоколи, увид во работата на учениците, процес на набљудување, разни тековни извештаи, годишните извештаи и слично.
Евалуацијата е наменета за: Училишниот одбор, Совет на родители, Локална самоуправа и МОН. Планот за евалуација треба да се разработи прецизно, по клучниточки. Евалуацијата се врши во текот на целата учебна година и преку неа се подигаат стандардите. Поставување на повисоки вредности во наставата и поучувањето ќе придонесат за трајни знаења и учење за живот, кои ќе продуцираат идни млади генерации кои би одговарале на европските интеграции.

## 25. Заклучок

Оваа Годишна програма ги содржи сите поглавја од Правилникот за развојна годишна програма за работа на основното училиште во учебната 2023/2024 година.

Во Годишната програма на ОУ„Гоце Делчев„-Ресен се изнесени условите, општите податоци за училиштето, податоци за условите за работа на училиштето, вработените и учениците во основното училиште, програми и организација на работата во училиштето, воннаставни и вонучилишни активности, ученичко организирање, натпревари, проекти кои се реализираат во основното училиште,продолжува соработката со нашето партнер училиште ООУ„Мите Богоевски„-Ресен,  подршка на учениците, оценување, грижа за здравјето на учениците и вработените, училишна клима, професионален и кариерен развој на воспитно образовниот кадар, соработка со родителите/старателите и комуникација со јавност и промоција на основното училиште, со цел постигнување на подобри резултати во целокупната работа на училиштето.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

1. Елизабета Нанчовска– директор
2. Албина Манчевска – социолог
3. Весна Тозиевска – наставник по информатика
4. Марија Груевска-наставник по англиски јазик
5. Александра Недановска-одделенски наставник
6. Мерал Шабединовска-одделенски наставник
7. Александар Котевски-ментор
8. Александар Ѓорѓиевски-психолог
9. Ивана Гегараковска-претседател на УО (родител)
10. Николчо Ристевски-дефектолог

**Претседател на училишен одбор**
**Ивана Гегараковска**

**Директор**
**Елизабета Нанчовска**

**М.п**

**Датум**
**15.08.2023 година**

## 27. Користена литература

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 год е изработена по правилник за изработка на годишна програма од МОН. При нејзината изработка е користена следната литература:

- Законот за основно образование
- Законот за наставници и стручни соработници во основните училишта
- Законот за работни односи
- Законот за државна управа и други закони
- Стратегија за образование 2018- 2025 г.
- Националната програма за развој на образованието
- Статутот на училиштето
- Годишниот извештај за работа на училиштето за 2023/2024 година
- Извештајот и препораките од спроведената интегрална евалуација
- Извештај од самоевалвација
- Извештај од финансиското работење на училиштето
- Развојната програма на училиштето
- Етички кодекси, деловници за работа,правилници за работа,
- други извештаи, анализи, записници и сл.

## ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ


- Програма за работа на директорот
- Програма за работа на психолог
- Програма за работа на социолог
- Програма за работа на дефектолог
- Програма за работа на библиотекар
- Програма за работа на училишен одбор
- Програма за работа на совет на родители
- Програма за  работа на наставнички совет
- Програма за работа на стручни активи
- Програма за работа на одделенски совет
- Програма за работа на училишен инклузивен тим
- Програма за работа на тутори
- Програма за работа хор и оркестар
- Програма за работа на заедница на паралелката
- Програма за работа на ученички парламет
- Програма за работа на ученички правобранител
- Распоред на часови
- Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
- Програми за воннаставни активности
- Програма за додатна настава
- Програма за дополнителна настава
- Програми за вонучилишни активности
- Програма за реализација на ученички натпревари
- Програма за унапредување на мултикултурализмот/интерркултурализмот и меѓуетничката интеграција
- Проекти што се реализираат во основното училиште
- План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

- **План за професионална ориентација на учениците**
- **План за промоција добро состојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**
- **План за следење и анализа на состојбите со оценувањето**
- **План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар**
- **Програма за самоевалуација на училиштето**
- **Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди**
- **Распоред на дежурни наставници**
- **План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето**
- **Правилник за однесување на ученици, наставници и родители(во училиштето и училишниот двор)**
- **Програма за професионален и кариерен развој на воспитно обравниот кадар**
- **Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите**
- **Програма за соработка со локална средина и локална заедница**
- **Програма за грижа за здравјето на учениците**
- **Програма за јавна и културна дејност во училиштето**
- **Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште.**

**11.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Основното училиште „Гоце Делчев“ Ресен за учебната 2023/2024година

Се објавува Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Основното училиште „Гоце Делчев“ Ресен за учебната 2023/2024година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/11
04.09.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 53 став 4 и 5 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РМ Службен весник на РСМ бр.161/2019,229/20) и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен ("Службен гласник наОпштина Ресен" бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015,10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на де 29.08.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Основното училиште „Гоце Делчев“ Ресен за учебната 2023/2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за формирање чисти и комбинирани паралелки од прво до деветто одделение со помалку од 20 ученици за учебната 2023/2024 година во Основното училиште "Гоце Делчев "Ресен и тоа:

| | Одделение | Број на ученици |
|---|---|---|
| 1. | 1 а | 14 |
| 2. | 1б | 13 |
| 3. | 2а | 14 |
| 4. | 2б | 14 |
| 5. | 3а | 18 |
| 6. | 3б | 16 |
| 7. | 4а | 11 |
| 8. | 4б | 10 |
| 9. | 5а | 17 |
| 10. | 5б | 18 |
| 11. | 6а | 14 |
| 12. | 6б | 13 |
| 13. | 6в | 12 |
| 14. | 7а | 18 |
| 15. | 7б | 15 |
| 16. | 8а | 12 |
| 17. | 8б | 11 |
| 18. | 9а | 15 |
| 19. | 9б | 16 |
| 20. | ПУ с. Избишта 2 одд. | 1 |
| 21. | ПУ с. Сопотско 1 одд<br>4 одд.<br>5 одд. | 1<br>1<br>1 |

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ,,Службен Гласник на Општина Ресен’’.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1845/14
29.08.2023 година
Ресен

Претседател
Ирена Стрезовска Кукуловска с.р

**12.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучокот по Годишната програма за работата на ОУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен за учебната 2023/2024 година

Се објавува Заклучокот по Годишната програма за работата на ОУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Ресен го донесе на седницата одржана на 29.08.2023 година.

Бр.09-1981/12 Градоначалник
04.09.2023 година Јован Тозиевски с.р
Р е с е н

Врз основа на член 86 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 08/2015, 11/2015 и 10/2021) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 29.08.2023 година, откако ја разгледа Годишната програма за работата на ОУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен за учебната 2023/2024 година., го донесе следниот

З А К Л У Ч О К

1. Се усвојува Годишната програма за работата на ОУ ,,Мите Богоевски'' – Ресен за учебната 2023/2024 година, заведена под ахривски број 01-300/1 од 14.08.2023 година

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1845/15 Претседател
29.08.2023 година Ирена Стрезовска Кукуловска с.р
Ресен

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

На ООУ **“Мите Богоевски”**

(име на основното училиште)

во **Ресен**

(место и општина)

За учебната **2023/2024** година



**14.08.2023 год**

**ПРЕАМБУЛА**

Врз основа на член 49 став 3,4,5 од законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19), член 1 и 3 и глава III и IV од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште од 06.07.2020.год. донесен од Министерот за образование и наука Училишниот одбор при ООУ Мите Богоевски - Ресен, а на предлог од директорот на училиштето на 14.08.2023 г. Даде позитивно мислење за Годишната програма за работа на ООУ "Мите Богоевски" - Ресен за учебната 2023/24 год. Годишната програма се базира на Законот за основно образование, Наставните планови и програми од БРО, Концепцијата за деветгодишно образование, Развојната програма на училиштето од 2021-2025 година, Статутот на училитето, Самоевалуацијата на училиштето, Годишниот извештај за работа на училиштето 2022/23 г., кодексот на однесување, записници од органите на училиштето. Годишната програма се подготвува во форма на едногодишен развоен документ чија цел е реализација на образовно-воспитните цели на училиштето за една учебна година. Преку Годишната програма училиштето ќе ги реализира целите и задачите на воспитанието и образованието на Република Северна Македонија зацртани во Законот за основно образование.

## Содржина

**Вовед**

1. Општи податоци за основното училиште
   1.1 . Табела со општи податоци
   1.2 . Органи на управување, стручни органи и ученичко организирање во основното училиште
2. Податоци за условите за работа на основното училиште
   2.1. Мапа на основното училиште
   2.2. Податоци за училишниот простор
   2.3. Простор
   2.4. Опрема и наставни средства согласно Нормативот и стандардите за простор, опрема и наставни средства
   2.5. Податоци за училишната библиотека
   2.6. План за обновување и адаптација во основното училиште во оваа учебна година

3. Податоци за вработените и за учениците во основното училиште
   3.1. Податоци за вработените кои ја остваруваат воспитно-образовната работа
   3.2. Податоци за раководните лица
   3.3. Податоци за воспитувачите
   3.4. Податоци за вработените административни службеници
   3.5. Податоци за вработените помошно-технички лица
   3.6. Податоци за ангажираните образовни медијатори
   3.7. Вкупни податоци за наставен и ненаставен кадар
   3.8. Вкупни податоци за степенот на образование на вработените
   3.9. Вкупни податоци за старосната структура на вработените
   3.10. Податоци за учениците во основното училиште

4. Материјално-Финансиско работење на основното училиште
5. Мисија и Визија
6. LESSONS LEAMED – Веке научено/стекнати искуства
7. Подрачја на промени, приоритети и цели
   7.1. План за евалуација на акциските планови
8. Програми и организација на работата во основното училиште
   8.1. Календар за организацијата и работата во основното училиште
   8.2. Поделба на класно раководство, поделба на часовите на наставниот кадар, распоред на часовите
   8.3. Работа во смени
   8.4. Јазик/јазици на кој/ и се изведува наставата
   8.5. Проширена програма
   8.6. Комбинирани паралелки
   8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште
   8.8. Реализација на физичко и здраствено образование со учениците од прво до петто одделение
   8.9. Изборна настава

8.10. Дополнителна настава
8.11. Додатна настава
8.12. Работа со надарени и талентирани ученици
8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби
8.14. Туторска поддршка на учениците
8.15. План на образовниот медијатор
9. Воннаставни активности
9.1. Училишни спортски клубови
9.2. Секции/клубови
9.3. Акции

10. Ученичко организирање и учество

11. Вон училишни активности
11.1. Екскурзии, излети и настава во природа
11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вон училишни активности

12. Натпревари за учениците

13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

14. Проекти што се реализираат во основното училиште

15. Поддршка на учениците
15.1. Постигнување на учениците
15.2. Професионална ориентација на учениците
15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

16. Оценување
16.1. Видови оценување и календар на оценувањето
16.2. Тим за следење, анализа и поддршка
16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар
16.4. Самоевалуација на училиштето

17. Безбедност во училиштето

18. Грижа за здравјето
18.1. Хигиена во училиштето
18.2. Систематски прегледи
18.3. Вакцинирање
18.4. Едукација за здрава исхрана- оброк во училиштето

19. Училишна клима
19.1. Дисциплина

19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето
19.3. Етички кодекси
19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар
20.1. Детектирање на потребите и приоритетите
20.2. Активности за професионален развој
20.3. Личен професионален развој
20.4. Хоризонтално учење
20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите
21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето
21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности
21.3. Едукација на родителите/старателите

22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

23. Следење на имплементацијата на годишната програма за работа на основното училиште

24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

25. Заклучок

26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

27. Користена литература

# Вовед

Годишната програма претставува најзначаен документ за работа на училиштето. Во овој основен документ се наведени главните насоки и правци по кои треба да се движи училиштето во текот на учебната ***2023-2024 година*** а кои преставуваат севкупна целина на целиот воспитно образовен процес.

Основното образование е задолжително и достапно за сите и треба да се темели врз начелата на демократичност, автономност и еднакви можности. Основното образование треба да биде насочено кон целосен развој на човековата личност и чувството на неговото достоинство, како и кон јакнење на почитта за човековите права и слободи. Образованието треба да го унапреди разбирањето кај младите генерации, трпеливоста и пријателството меѓу сите нации и етнички и верски заедници. Училиштето во текот на учебната година посебно внимание ќе посвети на подобрување на севкупното живеење во училиштето: унапредување и осовременување на воспитно-образовниот процес преку примена на современи методи, техники и стратегии на учење и поучување, подобрување на квалитетот на оценување во насока на зголемена објективност и еднаков пристап на наставниците кон учениците, подобрување на комуникацијата помеѓу сите учесници во воспитно-образовниот процес, стручно усовршување и професионален развој на наставниците, подигање и негување на креативна и интерактивна настава, инклузивност, меѓуетничка интеграција во образованието како и вклученост на семејствата преку заедничка грижа за правилно насочување научениците.

Согласно со Уставот на Република Северна Македонија, Законот за основно образование, Планот и Програмата за воспитно-образовната дејност на основните училишта, Статутот и подзаконските акти на училиштето, Концепцијата за основно образование, Концепција за воннаставни активности и другите документи и напатствија од МОН, се изготвува Годишна програма за работа на училиштето.

При изработката на Годишната програма за работа на училиштето, во оваа учебна година се земени следниве појдовни точки:

- Законот за основно образование,
- Закон за работни односи,
- Закон за јавни набавки,
- Закон за организација и работа на органите на државната управа и други закони;
- Подзаконски и интерни акти (Статут, етички кодекс, деловници за работа на органите итн.), правилници;
- Наставните планови и програми
- Развојна програма на училиштето
- Програмата за работа на училиштето од претходната учебна година;
- Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година;

- Нацрт извештај од Интегрална евалвација на училиштето 2019 година,
- Извештај од самоевалуација ;
- Записници и анализи од седници на Училишен одбор, Наставнички совет, Стручни активи и Совет на родители;
- Кадровски и материјални услови во кои работи училиштето;

Наставничкиот совет ја разгледа Годишната програма за работа на училиштето и за истата даде мислење.

Училишниот одбор ја разгледа Годишната програма за работа на училиштето и за истата даде мислење.

Советот на родители ја разгледа Годишната програма за работа на училиштето и за истата даде мислење.

## 1. Општи податоци за основното училиште

Општинското основното училиште Мите Богоевски се наоѓа на ул. 29 Ноември бр 213 и ги опфаќа учениците од југо-западниот дел на градот, од с.Јанковец, с.Болно, с.Козјак, с.Царев Двор, с.Дрмени, с.Лавци, с.Г.Б.Црква, с.Г.Дупени и с.Кривени.

Општинското основното училиште во Ресен почнало со работа во 1944 г. Објектот е од цврста градба, добро зачуван, функционален и ги задоволува потребите. Училиштето располага со четири згради, од кои две во Ресен, за потребите на централното училиште и две згради се во функција на подрачните училишта во с. Болно и во с.Јанковец.

Училиштето располага со вкупен простор од 3005м$^2$ во Централното училиште што опфаќа училници, кабинети, канцеларии и спортска сала, и дворно место од 4681м$^2$. Во с. Јанковец покриениот училишен простор изнесува 550м$^2$ и има дворно место од 12680м$^2$. Во с.Болно покриениот училишен простор изнесува 125м$^2$ и има дворно место од 420м$^2$. Во училиштето во Ресен е инсталирано парно греење.

Подрачното училиште во с. Јанковец е изградено во 1986 година по сите педагошки норми и критериуми.

Подрачното училиште с. Болно е изградено во 1927 година. Ги задоволува критериумите за одржување на воспитно образовниот процес во рамките на можностите.

## 1.1. Табела со општи податоци

**ООУ„Мите Богоевски" - Централно**

| Податоци | |
|---|---|
| **Име на основното училиште** | ООУ„Мите Богоевски" |
| **Адреса, место, општина** | Ул. 29ти Ноември бр: 213 - Ресен |
| **Телефон** | 047-451-847 |
| **Факс** | 047- 451-847 |
| **Веб-страница** | www.mitebogoevski.edu.mk |
| **Е-маил** | mite_bogoevski@hotmail.com |
| **Основано од..** | Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија |
| **Верификација-број на актот** | 03-2841/1од 1986год. |
| **Година на изградба** | 1944 |
| **Тип на градба** | Цврста |
| **Внатрешна површина на училиштето (m2)** | 3005м$^2$ |
| **Училишен двор (m2)** | 4681м$^2$ |
| **Површина на спортски терени и игралишта** | 1500м$^2$ |
| **Кл.раководител на IX- в** | **Ертан Шабединовски** | **Т** | **Математика:**<br>6в-5, 7в-4,<br>8в-4, 9в-4<br>**Физика :**<br>8в-2, 9в-2 | | | **21+1=22** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Суат Сали** | Т | **Историја :**<br>6в-3, 7в-3,<br>8в-2, 9в-2,<br>**Географија :**<br>7в-2, 8в-2, 9в-2<br>**Граѓанско образоавние :**<br>8в-1, 9в-1 | | **Изборен предмет:**<br>Нашата татковина VIIIв - 4 часа, две групи | **22** |
| | **Диана Стојановски** | М | **Историја :**<br>6а-3, 6б-3,<br>7а-2, 7б-2,<br>8а-2, 8б-2,<br>9а-2, 9б-2<br>**Граѓанско образование**<br>8а-1, 8б-1,<br>9а-1, 9б-1 | | | 22 ? |
| | **Марија Гошаревска** | М | **Англиски јазик :**<br>**2б-2 , 3а-2,**<br>**3б-2 , 4а-3,**<br>**4б-3, 5б-3 ,**<br>**7а-3, 7б-3** | | | **21** |
| | **Лепа Гештаковска** | **М** | **Англиски јазик :**<br>**Централно Училиште**<br>1б-2 , 2а-2<br>5а-3<br>**ПУ.с Јанковец**<br>1-2, 2-2, 3-2,<br>4-3, 5-3<br>**ПУ.сБолно**<br>2-2 | | | **21** |
| | **Анита Ќирановска** | **М** | **Англиски јазик :**<br>4-3 , 5-3 | | | **6** |
| | **Муамер Ибраимовски** | **Т** | **Турски јазик :**<br>6в-4, 7в-4, 8в-4,<br>9в-4<br><br>Дополнува во ДСУ .Цар Самоил Ресен | | | **16+5 =21** |
| | **Зоран Станојковиќ** | **М** | **ФЗО:**<br>6а-3 , 6б-3 , 7а-3,<br>7б-3, 8а-3, 8б-3,<br>2а-3, 2б-3 | | | **24** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | **Александар Фузевски** | **М -Т** | **ФЗО:**<br>**6в-3, 7в-3,**<br>**8в-3 , 9а-3, 9б-3 ,**<br>**9в-3 ,**<br>**1а-3, 1б-3** | | | **24** |
| | **Нико Пластиновски** | **М-Т** | **ФЗО:**<br>3а-3, 3б-3,<br>3в-3 ,5а-3,<br>5б-3, 5-в,<br>1в-3, 2в-3 | | | **24** |
| | **Миле Јовановски** | **Т-М** | **ФЗО:**<br>**Централно Училиште :**<br>**4а-3, 4б-3,**<br>**4в-3**<br>**ПУ.с.Јанковец**<br>**1-3, 2-3, 3-3, 4-3,**<br>**5-3,** | | | **24** |
| | **Маре Соколевска** | **М** | **Техничко образование :**<br>**5а-2, 5б-2**<br>**ПУ.с Јанковец**<br>**5-2** | | | **6** |
| | **Павлина Мицалевска** | **М-Т** | **Техничко образоавние :**<br>**5в-2**<br>**ПУ. С Болно -2** | | | **4** |
| | **Ирена Икономовска** | **Т-М** | **Етика**<br>**7а-1, 7б-1,**<br>**7в-1** | | | **3** |
| | **Силвие Ивановска** | **М-Т** | **Француски јазик:**<br>**7а-2, 7б-2,**<br>**7в-2,8а-2,**<br>**8б-2, 8в -2,**<br>**9а-2, 9б-2,**<br>**9в-2** | | | **18** |
| | **Марина Ѓалевска** | **М** | **Математика 8а-4** | | | **5** |
| | **Жанета савевска** | **М** | **Математика**<br>**8б-4** | | | **5** |
| | **Жанета савевска** | **М** | **Математика**<br>**6б-5** | | | **5** |
| | **Христијан Башевски** | **Т-М** | **Музичко образоавние :**<br>**6а-1, 6б-1,**<br>**6в-1, 7а-1,**<br>**7б-1, 7в-1,**<br>**8а-1, 8б-1,**<br>**8в-1, 9а-1,**<br>**9б-1, 9в-1,** | | **Изборен предмет:**<br>Проекти од музичка уметност<br>4 Часа | **21** |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Дополнува во ОУ.Гоце Делчев со 5 часа** | | | |
| | **Алтај Абдуловски** | **Т** | **Македонски јазик : 4в-2, 5в-2 6в-2, 7в-3 8в-2, 9в-2** | | **Изборен Предмет:** Вештини за живеење VIIв-2 | **15** |

**Забелешка :** Ова подрачје може да истрпи измени во текот на ова учебна година поради тоа што во учебната 2023/24 година учениците од прво до шесто одделение ќе следат настава по нови наставани програма по новата концепција за основно образоавние .

## 8.3. Работа во смени

Во Централното и во подрачните училишта наставата се изведува во една (1) смена. Наставата започнува во 08:00 часот и наставниот час трае 40 минути.

## 8.4. Јазик/јазици на кој/ и се изведува наставата

**Наставата се реализра на македонски и турски наставен јазик.**

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** | **Турски јазик** | **Српски јазик** | **Босански јазик** |
|---|---|---|---|---|---|
| Број на паралелки | 25 | / | 9 | / | / |
| Број на ученици | 445 | / | 126 | / | / |
| Број на наставници | 36 | / | 13 | / | / |

## 8.5. Проширена програма

Училиштето изготвува и по потреба реализира проширена програма за учениците од прво до трето одделение. Проширената програма опфаќа организирано прифаќање и заштита еден час пред започнувањето на часовите во рдовната настава и еден час по завршувањето на часовите.

Наставници кои треба да реализират проширената програма се одделенските наставници од 1 до 3 одд како и сите ученици од тие одделенија

| Цели | Активности еден час пред наставата | Цели | Активности еден час по наставата |
|---|---|---|---|
| **Септември** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Зајакнување на здравјето преку елементарни движења и правила | Подвижни игри во дворот по слободен избор |
| Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Слободни активности по катчиња | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика | Социјализација, развивање на другарски односи | Игри со играчките |
| Создавање работни и културно-хигиенски навики | Работни активности во училницата (полевање цвеќиња, уредување катчиња ...) | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Мижи баба |
| Развивање на медиумска култура | Гледање ТВ- емисии | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| Развивање на фантазијата и смислаза колористичко ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор | Работни активности во природната околина ( собирање суви лисја, шишарки ...) | Работни активности во природната околина ( собирање суви лисја, шишарки ...) |
| Култивирање на граматичкиот и изразен говор | Слушање приказни | Развивање хигиенски навики при употреба на материјалите за моделирање | Моделирање по слободен избор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развивање интерес и љубов кон овој вид активности | Работа со природни материјали | Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување сликовници и детски списанија |
| Оспособување за работа со компјутер | Работа со компјутер-игри | Проширување на знаењата за карактеристиките на есента | Есенска прошетка |
| Да се насочуваат кон богатството на боите и формите во визуелната стварност | Боење во боенките | Социјализација, развивање на другарски односи | Игра: Нека лета, нека лета |
| **О к т о м в р и** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Зајакнување на здравјето преку елементарни движења и правила | Подвижни игри во дворот: Волк и јагне |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Јанино, Јанино |
| Да се усовршуваат умеењата за моделирање разни форми | Моделирање на одредена тема | Развивање на еколошката свест и културно-хигиенските навики | Работни активности во дворот(собирање отпаден материјал: шишиња, хартија...) |
| Проширување ипродлабочување на поимитеза предметите и појавите во природната и општествената средина | Дидактички игри: Погоди што има во торбичето | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |
| Култивирање на граматичкиот и изразен говор | Слушање аудио приказни | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Оспособување за работа со компјутер | Работа со компјутер | Естетко уредување на училниците | Работни активности во училницата (уредување на паноата) |
| Развивање на способноста за решавање проблеми | Истражувачки активности | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Слободни игри со играчките |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување сликовници и детски списанија | Развивање на основните движења | Слободно трчање Трчање преку мали препреки |
| Ликовно творење и изразување | Ликовна творба на тема: Есен | Јакнење на детското здравје | Игри на воздух: Брканица |
| **Ноември** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Прстенче |
| Развивање смисла за обликување на предмети и умеење за комбинирање и составување на материјалите | Обликување со разни материјали | Почитување на правила на игра | Подвижни игри во дворот: Иде мачка покрај тебе |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика од детски фестивали | Развивање на основните движења | Поединечно и групно трчање |
| Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување сликовници и детски списанија | Запознавање со непосредната околина околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Проширување и продлабочување на поимитеза предметите и појавитево природната и општествената средина | Дидактички игри: Правење дожд | Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Слободни активности по катчиња |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Тулкид | Формирање на естетски крит. за уре. на училницата | Работни активности во училницата |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развивање на поврзан говор | Раскажување интересна случка | Поттикнување кон самостојно изразување и користење на материјалите за ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Поттикнување на соработка и помагање | Игри со играчките |
| Да се насочуваат кон богатството на боите и формите во визуелната стварност | Боење во боенките | Почитување на правила на игра | Игра: Штркот бара боја |
| **Декември** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на соработка и и интеракција меѓу децата | |
| Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Во моето омилено катче | Почитување на правила на игра | Игра: Погоди по гласот кој е |
| Оспособување за работа со компјутер | Работа со компјутер | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Завор (игри со снежни топки) |
| Збогатување на речникот | Читање книги по избор | Почитување на правила на игра | Игра:Расипан телефон |
| Развивање смисла за обликување | Изработка на украси за Новогодишната елка | Да се негува смислата за убавото | Ја украсувам елката |
| Ликовно творење и изразување | Изработка Новогодишна честитка | Почитување на правила на игра | Игра: Брза географија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| создавање весело расположение кај децата | Подготовка за Новогодишна приредба | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Ја украсувам училницата |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Мојата омилена игра |
| Култивирање на граматичкиот и изразен говор | Слушање аудио приказни | Јакнење на детското здравје | Игри на чист воздух |
| Развивање способност за пишување творби | Пишување творби на тема : Зима | Збогатување на детските интереси | Игри на компјутер |
| **Јануари** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на соработка и помагање | Игри со играчките |
| Развивање на поврзан говор | Мојот зимски распуст | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Чавкини усти, Бабини прсти |
| Ликовно творење и изразување | Цртање и сликање на тема: Зима | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| Збогатување на детските интереси | Игри на компјутер | Почитување на правила на игра | Игра: Прстенче |
| **Февруари** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Развивање интерес и емоционално воспириемање на музиката | Слушање музика од детски фестивали | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Кибритче |
| Да се усовршуваат умеењата за моделирање разни форми | Моделирање на одредена тема | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Тулкид | Будење интерес за користење на списанијата и создавање културен однос кон нив | Разгледување детски списанија |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Развивање на медиумска култура | Гледање ТВ- емисии | Почитување на правила на игра | Игра: Штркот бара боја |
| Ликовно творење и изразување | Илустрација: Кокиче | Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Во моето омилено катче |
| создавање весело расположение кај децата | Подготовка за приредба по повод 8 март | Почитување на правила на игра | Игра: Домино |
| **Март** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| Ликовно творење и изразување | Честитка за мама | Формирање естетски критериуми за уредување на училницата | Уредување на училницата |
| Будење интерес за користење на списанијата | Низ страниците на Другарче | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри:Дама |
| Оспособување за работа со компјутер | Програма: Тулкид | Оспособување за работа со компјутер | Игра: Погоди кој сум |
| Создавање работни и културно-хигиенски навики | Работни активности во училницата (полевање цвеќиња, уредување катчиња ...) | Развивање на еколошката свест | Работни активности во дворот(засадување цвеќи...) |
| создавање радосно расположение кај децата | Пантомима | Поттикнување на соработка и комуникација | Игри со играчките |
| Развивање умеење за превиткување од хартија | Оригами | Јакнење на детското здравје | Игри на чист воздух |
| Создавање љубов кон музиката | Пеење песни | Почитување на правила на игра | Игра: Мечката и пчелите |
| **Април** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Зацврстување на знаењата за елементи на улица | На раскрсница | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Петкамења |
| Развивање на говорните способности | Јазична игра: Продолжи понатаму | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Зацврстување на знаењата за семафорот | Семафор | Развивање на основните движења | Игра:Воз |
| Развивање на творечки способности и логичко мислење | Создаваме со логички плочки(сообраќајни средства) | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Развивање на говорните способности | Гатанки | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игра: Да бие, да бие |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Тулкид | Поттикнување кон самостојно изразување и користење на материјалите за ликовно изразување | Цртање и сликање по слободен избор |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика | Формирање на естетски критериуми за уредување на училницата | Работни активности во училницата |
| Ликовно творење и изразување | Го шарам Велигденското јајце | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Џамија |
| **Мај** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Развивање на медиумска култура | Гледање ТВ- емисии | Запознавање со непосредната околина | Прошетки во дворот и блиската околина |
| Проширување и продлабочување на поимитеза предметите и појавитево природната и општествената средина | Дидактички математички игри | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Мојата омилена игра |
| Ликовно творење и изразување | Цртање и сликање на тема: Пролет | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со јаже |
| Развивање интерес и емоционално восприемање на музиката | Слушање музика од детски фестивали | Зајакнивање на здравјето | Пролетна прошетка |
| Оспособување за работа со компјутер | На компјутери со Тулкид | Развивање на основните движења и мускулатурата | Игри со топка |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Ликовно творење и изразување | Пролетни цвеќиња | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Челик |
| **Јуни** | | | |
| Раздвижување и правилен развој на телото | Утринска гимнастика | Развивање на другарски односи | Игри во училишниот двор |
| Збогатување на детските интереси, развивање иницијатива и самостојност | Во моето омилено катче | Поттикнување на интеракција и соработка меѓу децата | Игри по слободен избор |
| Развивање на поврзан говор | Мојот летен одмор | Запознавање со традиционалните игри од различни региони | Бабини игри: Плочка |

## 8.6. Комбинирани паралелки

Во основното училиште имаме две комбинирани паралелки во с. Болно со 2 одделенија вкупно има 7 ученици, два одделенски наставници кои реализираат настава - Николета Малевска и Даринка Веслиевска .

## 8.7. Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Странски јазици што се изучуваат во нашето училиште се **Англиски јазик** како прв странски јазик кој се изучува во вкупно 34 паралелки и се изучува од прво до деветто одделение и **Француски јазик** како втор странски јазик кој се реализира се изучува од седмо до деветто одделение како втор странски јазик и за учениците од шесто одд. по новата концепција како втор странски изборен јазик доколку го изберат учениците .

## 8.8. Реализација на физичко и здраствено образование со учениците од прво до петто одделение

Во нашето училиште се реализира тандем настава по ФЗО со учениците од прво, второ, трето, четврто и петто одделение, наставата ќе ја реализираат следните

наставници: Нико Пластиновски, Александар Фузевски, Миле Јовановски, Зоран Станојковиќ.

Во оваа учебна година наставата за учениците од прво до шесто одделение ќе се одвива по новата концепција за основно образование а за останатите по истиот наставен план и програма како и претходните согласно законот за основно образование.

## 8.9. Изборна настава

Покрај редовната настава во тековната учебна година ќе биде застапена и изборната настава. Во нашето училиште оваа учебна година, согласно Наставниот план и програма, учениците ќе следат изборна настава според изборот на учениците и нивните родители. За изборната настава училиштето изврши анкетирање на учениците кои што се определија да ги изучуваат следните изборни предмети:

| **Изборен предмет и одд.** | **Име и презиме на наставник** |
|---|---|
| 4одд: Цртање (прво полугодие)<br>Образование за животни вештини (второ полугодие) | Соња Марковска<br>Весна Кондовска<br>Севим Максуд<br>Маре Котларовска<br>Даринка Веслиевска |
| 5одд: Заштита на животна средина (прво полугодие)<br>Мултикултурни работилници (второ полугодие) | Искра симеоновска<br>Силвана Трајчевска<br>Налан Јусуфи<br>Гордана Касовска<br>Даринка Веслиевска |

| | |
|---|---|
| 6 одд: Втор странски јазик - изборен предмет | |
| 7 одд: Вештини на живеење - | Алтај Абдуловски<br>Елена Рабаџиевска<br>Никола Чоневски |
| 8 одд: Истражување на родниот крај<br>Унапредување на здравјето<br>Нашата Татковина | Владо Масалковски<br>Ленче Прцуловска<br>Алтај Абдуловски |
| 9одд: Проекти од музичка уметност<br>Истражување на родниот крај<br>Нашата Татковина | Христијан Башевски<br>Владо Масалковски<br>Суат Салиевски<br>Алтај Абдуловски |

## 8.10. Дополнителна настава

Овој вид на настава се реализира, согласно планирањата и изготвениот распоред, со сите ученици кои имаат потешкотии при совладување на определени наставни содржини од страна на одделенските и предметните наставници.Планирањата на содржините и активностите за дополнителнта настава ќе бидат приложени во Годишните глобални планирања на наставниците.

Согласно законската регулатива распоредот за дополнителна настава секој месец се подготвува и се објавува на видно место во училиштето исто така се води дополнителна педагошка евиденција за дополнителна додатна и вон наставни активности кои на крајот од учебната година се заверуваат и остануваат во училиштето .Во текот на целата наставна година ќе бидат изведувани дополнителни активности преку разни форми на групна и индивидуална работа. Дополнителната настава има за цел, преку организираното ангажирање на учениците, да им помогне полесно да ги совладаат потешкотиите кои ги чувствуваат.

## 8.11. Додатна настава

Додатната настава како интегрална компонента на воспитно-образовниот процес ќе биде исто така планирана на посебни модели, а ќе ја изведуваат наставниците кои што се задолжени со истата. Овој вид на настава го посетуваат ученици кои покажуваат натпросечни способности по одделни предмети. Основна цел е да се обезбеди систематска работа со надарените и телентираните ученици според индивидуланите интереси. Во зависност од бројот на учениците ќе биде определена и формата односно начинот на изведување на додатнатанастава. Предметните и одделенските наставниците на месечна основа ќе изготвуваат распоред за дополнителна и додатна настава по секој предмет и ќе се објавува месечно на огласна табла во училиштето.

## 8.12. Работа со надарени и талентирани ученици

За оваа учебна година стручната служба од нашето училиште има изготвено програма за работа со надарени и талентирани ученици и истата ќе се реализира со учениците кои што ќе бидат предложени од страна на предметните наставници. Овие програми се веќе напревине со календар за работа, со

инструменти, планирани содржини, активности, форми и реализатори, ресурси и време на реализација.

Надарените и талентираните ученици се ученици кои имаат развиено една или повеќе способности на ниво кое ги надминува способностите на нивните врсници. Надареноста најчесто се однесува на високи постигнивања во обласа на природните науки, математика и јазиците, додека пак талентираноста се однесува на високи постигнувања во обласа на уметноста, музиката, ликовното изразување, дизајн и спорт. Во согласност со процедурата за идентификување на надарени и талентирани ученици наставниците изготватвуваат програми во согласност со потребите на учениците, во рамките на образовните подрачја на секој наставник.

Постапка за идентификување на ученици кои манифестираат потенцијална надареност

- Одделенскиот наставник, или предметниот наставник ги евидентира учениците кои манифестираат потенцијална надареност во одредена област (природни науки, математика, општествени науки, јазици, техника, спорт, ликовна уметност, информатика, лидерство .. ), изготвуваат листа со ученици и ја доставуваат до училишниот психолог/педагог (до почетокот на месецоктомври)
- Наставникот и стручните соработници договараат постапки за понатамошнитеактивности;
- Идентификување на карактеристиките заучење;
- Идентификување на творечките карактеристики научениците;
- Идентификување на мотивационите и социјалните карактеристики на учениците;
- Утврдување на општите и специфичните способности;
- Идентификуваните ученици се вклучуваат во додатна настава,

како и во планирани проекти, истражувачки активности инатпревари;

- Вклучување во работилници и проекти во рамките на планираните програмски задачи на наставниците и стручните соработници;

## 8.13. Работа со ученици со посебни образовни потреби

Сите деца се различни, но сите деца имаат подеднакво право на основно образование и воспитание, без оглед на нивните можности, способности или на нивното потекло. Воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби претставува интегрален дел на единствениот образовен систем.

Актуелната концепциска поставеност на воспитанието и образованието на децата со посебни образовни потреби е регулирана и интегрирана во Законот за основно образование. Децата со попреченост ги имаат истите права на образование како и другите, согласно своите можности, амбиции и интереси. Во училиштето е формиран училишен инклузивен тим

Училишниот инклузивен тим со својата работа на ниво на цело училиште се залага да обезбеди подеднакво образование и воспитание на учениците со ПОП, ќе се залага да се надминат предрасудите и се повеќе да се почитуваатразличностите.

Членови на училишен инклузивен тим: Директор, стручни соработници, одделенски наставник, предметен наставник, родители.

Инклузивниот тим за ученик се фокусира на работата со конкретен ученик за кој се изготвува, реализира и оценува според индивидуален образовен план, модифицирана програма или прилагодувања вонаставата. Членови на инклузивен тим на ученик:

Наставници кои му предаваат на ученикот, стручни соработници, родители.

За учениците со посебни образовни потреби во соработка со родителите и

инклузивниот тим се изготвува прилагодување во наставата, индивидуален образовен план, односно се изготвуваат програми во зависност од потребите на учениците со кои се работи и се оценува по истите.

За учениците кои имаат потешкотии при совладувањето на наставните содржини, се работи со диференциран пристап и се планираат активности во рамките на дневните планирања и програмите за дополнителната настава.

За оваа година согласно измените во законот за основно образование предвидени се образовни и лични асистенти за учениците со МКФ класификација .

Училишен Инклузивен тим

| |
|---|
| ○**Директор на училиштето**<br>**- Ајфер Аџигора** |
| ○ **Стручен соработник - специјален едукатор рехабилитатор**<br>• **Николчо Ристевски** |
| ○**Координатори за посебни потреби Стручна служба**<br>• **Педагог -Снежана Милошевска (заменски стр. Соработник)**<br>• **Психолог -Весна Рунчевска** |
| ○**Наставници**<br>**- Гултен Максуд –одд наставник**<br>**- Јовче Лазаревски - предметен наставник** |
| ○**Родители-старатели на ученици со посебни образовни потреби**<br>- **Слободанка Колева** |

Инклузивните тимови за учениците се формирани пооделно за секој ученик со МКФ класификација .

## 8.14. Туторска поддршка на учениците

По донесување на програмата за обезбедување на туторство на ученици од страната на Министерот училиштето согласно чл.36 од Закон за основно образование ќе се имплементира туторство на ученици.

## 8.15. План на образовниот медијатор

Во нашето училиште учат голем број на ромски ученици кои главно потекнуват од социјално загрозени семејства Главна задача на образовниот медијатор е да преземе активности за подобрување на информираноста за можностите и пристапот до училишта, спроведувас средби за сензибилизација на населението и вработените во основното училиште со спецификите и потребите на ранливите групи во делот на образованието, редовно соработува со стручните соработници за подобрување на постигањата на учениците Училиштето во текот на месец септември ке достави барање за ангажирање на образовен медијатор согласно законските процеси пропишани од МОН и доколку се добие позитивно мислење ке се напрзви план за реализација на образовен медијатор.

# 9. Воннаставни активности

## 9.1. Училишни спортски клубови

Во училиштето има регистрирано Училишен спортски клуб ООУ .Мите Богоевски -Ресен и е регистриран во Централен Регистар на РСМ од 15.12.2016 год. Одговорен наставник по физичко и здравствено образование .

Општа цел е остварување на заеднички јавен интерес за организирано бавење со спорт и спортски активности на учениците од училиштето.

Посебни цели на УСК се:

- Поттикнување, омасовување и развој на спортот и спортско рекреативните активности во училиштето;
- Развивање и усовршување на системот на натпревари на училишните екипи;
- Води грижа за одржување при користење на објектите за спорт;
- Се грижи за здравствената заштита на спортските-членови на клубот;
- Го стимулира развојот на секциите и спортските школи во рамките на клубот;
- Стручно усовршување на наставницте и тренери на спортските секции;

- Покренува иницијативи за уредување на одделни прашања од делокругот на својата работа преку правила, прописи, договори и сл

## 9.2. Секции/клубови

Низ секциите ќе создаваме претпоставки и можности за индивидуализација на образовниот и воспитниот процес, ќе ги задоволуваме и развиваме индивидуалните интереси и способности на учениците, за заедничка работа на учениците и наставниците, која ќе придонесува за развивање меѓусебна доверба, дружење во слободното време и стекнување и негување на повеќе позитивни навики.

Во нашето училиште слободните ученички активности ги организираме во областа на: науката, техниката, уметноста, естетиката, спортот и сл. На тој начин создаваме можности учениците кои имаат интерес за одделни области и предмети, без оглед на успехот во наставата, да се истакнуваат со свои постигања. Значи, личниот интерес на ученикот ќе има примарно значење при изборот на активноста.

Во оваа учебна година во нашето училиште ќе работат следниве слободни ученички активности во предметна настава:

| **Секција** | **Реализатори** | **Часови** |
|---|---|---|
| 1.Рецитаторска секција | Стручни наставници | 36 |
| 2.Англиска секција | Стручни наставници | 36 |
| 3.Математичка | Стручни наставници | 36 |
| 4.Биолошка -Млади Биолози | Стручни наставници | 36 |
| 5.Ликовна секција | Стручни наставници | 36 |
| 6.Историска секција | Стручни наставници | 36 |
| 7.Пиано, Хор , Оркестар | Стручни наставници | 36 |
| 8.ФЗО | Стручни наставници | 36 |

Напомена. Програмите за воннаставни активности се дадени во Прилозите кон Годишната програма на училиштето.

## 9.3. Акции

Оваа активност опфаќа разновидни елементи на производна и друг вид општествено корисна работа што учениците ја изведуваат во локалната средина. Целта на општествено корисната работа е кај учениците да се развие позитивен однос кон работата и чувство за одговорност кон општествениот имот.Општествено хуманитарната работа отсекогаш била составен дел од работата на нашето училиште, во неа главно се планирани организирање на локални манифестации од типот на приредби, манифестации, базари, хуманитарни акции, прослава на Денот на училиштето и слични на нив... Во годишната програма ***2023/2024*** год имаме во предвид да се застапени сите области, а особено да се даде осврт и внимание на хуманитарната работа.

Училиштето може да го подржи потикнувањето демократска клима и стекнувањето граѓански компетенции преку :

- Предвидување активности за потикнување на демократска клима (ученичко организариње, подржување на ученички иницијативи и акции) во годишната програма на училиштето (во текот на првото полугодие од учебната 2023-2024 год)

- Планирање и организирање на еден за промоција на спроведени активности, со фокус на граѓански вредности и практикување на демократско однесување - *Отворен ден за граѓанско образование*

## 10. Ученичко организирање и учество

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште.

Ученичкото организирање овозможува активно учество на учениците во застапувањето и промовирањето на нивните права и интереси, преку демократско учество во донесување на одлуки во училиштето кои се од непосреден интерес за учениците.

Учениците преку нивните тела, учествуваат во донесувањето на одлуки во училиштето за работи кои ги засегаат нив,но со поставување на неминовни ограничувања кои произлегуваат од нивната возраст. Ученичкото организирање се остварува преку формирање на тела на ниво на паралелка и на ниво на училиште. Преку ученичката заедница се обезбедува демократска партиципација на учениците во донесување на одлуки во сверите што се од интерес за учениците.

**Заедница на паралелката**

Заедница на паралелката ја сочинуваат учениците од одделна паралелка, со демократски избран претседател, по пат на тајно гласање, од листа на кандидати предложени исклучиво од страна на учениците во паралелката Претседателот на заедницата на паралелка се избира на почетокот на учебната година, во втората недела од месец септември и истиот се избира според Критериуми за избор.

**Ученички парламент**

За организирано остварување на интересите на учениците во училиштето, учениците се организираат во заедница на паралелката и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките од I до IX одделение со пат на таен и транспарентен избор. Членовите на Ученичкиот парламенет со мнозинство гласови го бираат претседателотна УП.

Претседателот на УП е член на тимот за училишна интеграција во насока за подобрување мултикултурализмот, интеркултурализмот и меѓуетничката

интеграција во училиштето. Училишниот парламент номинира т.е избира двајца ученици (едно машко и едно женско ) за учество во училишниот одбор. Претставниците имаат право да земат збор и да го изразат своето мислење и став но без право на глас.

## Цели и задачи на ученичкиот парламент:

- Кај учениците да се поттикнува и развива смислата за иницијатива, демократичност, правичност, одговорност, согледување, поставување и решавање на заедничките проблеми во својатасредина;
- да се вклучува во активности за подршка на учениците соПОП;
- да придонесува за развивање и негување на другарски однос меѓу учениците и спречување на конфликтниситуации;
- да се поттикнуваат учениците да го чуваат угледот на училиштето, да го одржуваат редот и дисциплината во него, почитување на куќниот ред на училиштето;
- да се развива свест за постојана соработка со наставниот кадар и други вработени во училиштето;
- да придонесува во организирањето и спроведувањето на културно-забавни и рекреативно- спортскиактивности;
- да организира и учествува во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено кориснаработа;
- да соработува со институции и други организации што работат сомладите;
- да промовира отчетност и транспарентност пред сите ученици преку јавно информирање на своите активности.

## Ученички правобранител

Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето.

Тоа е ученичка функција и должност, која претставува модел на ученичко учество доста значаен за заштита на детските права во училиштето. Функцијата и улогата на ученичкиот правобранител е промовирање на детските права и поддршка за заштита на детските права.

Ученичкиот правобранител го избираат членови на училишниот парламент од седмо до деветто одделение, со траење на мандат од две години. По завршувањето на манадатот училиштето му доделува сертификат наученичкиот правобранител за определениот временски период.

Ученичкиот правобранител учествува и во работата на ученичкиот парламент на кој се разговара за проблеми поврзани со можни повреди на правата на учениците.

# 11. Вон училишни активности

## 11.1. Екскурзии, излети и настава во природа

Изведувањето на екскурзиите од било каков вид ќе биде во согласност со Правилникот за изведување на екскурзии, излети и други вонучилишни активности по изработени програми од тимот за организирање на истите.

Екскурзиите претставуваат посебен облик на воспитно-образовната работа која се организира надвор од училиштето. Тие вршат значајна педагошка функција кај младата личност, како и зацврстување на здравјето и физичкиот развој, развивање на позитивен однос кон природата и човековата околина. Добро организирани и осмислени екскурзии имаат доста позитивно педагошко и воспитно влијание врз учениците.

Од овие причини ООУ „Мите Богоевски “- Ресен и оваа учебна година планира повеќедневни екскурзии, доколку за тоа се согласуваат родителите.

Со учениците од I-IX одд. ќе се организира **еднодневен есенски и пролетен излет** од рекреативен карактер.

Екскурзии кои се организираат со учениците:

1. за учениците од III одд. – едно дневна екскурзија

2. за учениците од V одд. – настава во природа
3. за учениците од VI одд. – дво дневна екскурзија од научно-наставен карактер;
4. за учениците од IX одд. три дневна екскурзија со две ноќевања.

Планираме и екскурзии со наши ученици за посета и соработка со учениците од побратимените училишта од друг град или друга држава. Стручниот актив по историја и географија планираме да организира еднодневна екскурзија за посета на Планетариум и други културно-историски знаменитости и забавни центри. Покрај овие екскурзии, одделни наставници ќе организираат одредени наставни излети во поблиската околин, посета на театар, сообраќај и сообраќајни знаци во Р.С.Македонија, за практично реализирање на наставниот материјал.

Напомена - Програмите комисијата за изведување на ескурзии излети и други вон училишни активности ги дава дополнително согласно законот за основно образование и правилникот за изведување ескурзии

## 12. Натпревари за учениците

| ПРОГРАМА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА УЧЕНИЧКИ НАТПРЕВАРИ | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Ресурси** | **Очекувани исходи и ефекти** |
| Планирање на реализација на училишни натпревари | Септември | Одговорен наставник | Наставници и ученици до IV до IX | Изготвување план и распоред | Успешна реализација на училишните натпревари |
| Истакнување на Планот на огласна табла | Октомври | Одговорен наставник | Наставници и ученици до IV до IX | Изготвување план и распоред | Транспарентност и навременост во информирањето |
| Дополнителни менторски активности за подготовка на учениците | Октомври | Одговорен наставник | Наставници и ученици до IV до IX | Дополнителни материјали | Продлабочување на знаењата и вештините на учениците и стекнување на пошироки сознанија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Непосредно информирање за одржување на натпреварите | Декември | Стручна служба | Ученици од V - IX | Тетратка за соопштенија | Навремено информирање и транспарентност со цел побројно учество |
| Спроведување на училишните натпревари | Јануари<br><br>Февруа<br>ри | Комисија | Ученици од V - IX | Стандардизирани тестови | Избор на најталентираните ученици<br><br>кои ќе одат на натпревари од повисок ранг |
| Истакнување на резултати | Јануари<br><br>февруари | Комисија | Предметни наставници и ученици од V -IX | Ранг листи истакнати на огласна табла,изготвен записник од<br><br>одржаниот натпревар | Транспарентност и навременост во соопштувањето на резултатите |
| Активности за подготовка на натпревари од повисок ранг (општински, регионални и државни натпревари)<br><br>Меѓународен математички натпревар Кенгур | Во текот на второто<br><br>полугодие | Предметни наставници и пласирани ученици | Предметни наставници и пласирани ученици, одговорен наставник | Папка по секој<br><br>предмет во која се бележат активностите,<br><br>материјалите и<br><br>подготвителните веж | Редовност во извршувањето на<br><br>подготовките за подобра подготвеност на учесниците на престојните натпревари |
| Спроведувањена натпревари од повисок ранг (општински, регионални идржавни натпревари) по: македонски јазик, турски јазик,англиски француски јазик, математика, физика, хемија, биологија, информатика, историја, географија, црвен<br><br>крст, ТО, природни науки | Во текот на второто<br><br>полугодие | Организатор на натпреварот,<br><br>предметни наставници и пласирани ученици | Предметни наставници и пласирани ученици | Тестови со задачи на повисоко ниво на знаење | Учество и афирмација на учениците учесници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Собирање на резултати од одржаните натпревари | Во текот на второто полугодие | Одговорен наставник | Предметни наставници и Стручна служба | Ранг листи и извештаи од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| Анализа на резултатите од одржаните натпревари | Јуни | Одговорен наставник, | Предметни наставници и Стручна служба | Ранг листи и извештај од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |
| Презентирање на извештајот од одржаните натпревари | Јули | Одговорен наставник | Наставници и Стручна служба | Изготвен извештај од спроведени натпревари | Оформување на слика за успешноста и пласманот на учениците |

Постигнувањата на учениците во наставата и во другите подрачја од воспитно-образовната дејност се презентираат преку ученичките натпревари. Училиштето ќе посвети големо внимание кај учениците да се развие здрав натпреварувачки дух низ активо учество во ученички натпревари. Овие натпревари планираме да се организираат на ниво на училиште, општина, регион, во рамките на државата и на меѓународно ниво. Резултатите од натпреварите ќе придонесат за афирмација на училиштето во локалната средина и пошироко. Учениците истовремено добиваат можност да се дружат со ученици од други училишта

Училиштето кое континуирано вложува во својот развој и создава позитивна, продуктивна и стимулативна училишна клима создава и ученици кои ќе го вложат својот максимум за реализацијата на сопствените афинитети и вештини. Правилното канализирање на енергијата која ја носи во себе ученикот и можноста да се надградува според афинитетите е одговорна задача на училиштето, кое го води ученикот кон портите на успехот и надвор од него.

Секој ученик се гордее со своите лични постигнувања, како и со постигнувањата кои ги носи во име на училиштето. Клучот на успехот лежи во сите нас кои ги поттикнуваме мотивот за самодокажување на учениците и желбата за афирмација во општеството

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/ интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Бидејќи нашето училиште е со мешан етнички состав, постои мултиетничка соработка помеѓу учениците, вработените и родителите. Ваквата соработка и оваа учебна година ќе биде продлабочена преку активности од воспитно-образовен карактер.Во нашето училиште наставата се одвива на два наставни јазици (на македонски и турски наставен јазик). Исто така има и ученици од други етнички групи во помал број. Секоја година во нашето училиште се организираа активности за муликултурна соработка помеѓу ученици од нашето училиште.

Училиштето низ планираните активности ги вклучува подеднакво сите ученици, со цел задоволување на нивните потреби, почитувајќи ги индивидуалните разлики. И оваа учебна година училиштето ќе продолжи да го реализира проектот **„Меѓуетничка интеграција на младите во образованието“.** Изготвен е План за реализација на заеднички МИМО активности, Акциони планови за заеднички активности (долгорочни и краткорочни), како и индивидуални планирања од страна на наставниците и стручните соработници.

### Членови на тим МИМО:

Директор, наставници, стручен соработник , претседател и правобранител на Ученичкиот парламент.

| | |
|---|---|
| **Тим за училишна интеграција** | 1. Мери Јанковска |
| | 2. Бети Косевска |
| | 3. Весна Фузевска |
| | 4. Шејла Бајрами |
| | 5. Муамер Ибраимовски |
| | 6. Блага Даскаловски |

| ТАБЕЛА ЗА ГОДИШНО ПЛАНИРАЊЕ ЗА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА НА МЛАДИТЕ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА УЧЕБНАТА 2023/2024 ГОДИНА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Подрачје** | **Активности** | **Краток опис на активноста** | **Реализатори (по возрасни групи)** | **Термин (од / до)** |
| **Соработка на наставниците на професионален план** | • Заедничко планирање и изготвување на годишните планирања<br>• Заедничко планирање и изготвување на тематско-процесни планирања<br>• Заедничко планирање и изготвување на дневни подготовки<br>• Заедничко планирање и изготвување на тестови, писмени работи и наставни ливчиња | • Сите наставници членови на стручните активи, во текот на целата учебна година ги планираат и изготвуваат сите потребни планирања, и на тој начин разменуваат мислења, ставови и идеи. | • Стручна служба<br>• Сите наставници | Септември - Јуни |
| **Заеднички активности со ученици** | • Краткотрајни заеднички активности на мешани групи ученици<br>• Еднодневни екскурзии<br>• Работилници<br>• Мултикултурни работилници<br>• ОЖВ работилници | • Во текот на учебната година ќе бидат реализирани најразлични активности од различен карактер од страна на наставници и ученици од мешан етнички состав. Некои од планираните активности ќе се спроведат самостојно на ниво на одделение, додека пак други ќе бидат реализирани од страна на ученици кои ќе работат во „мешани“ групи. | • Наставници<br>• Ученици | Септември - Јуни |
| **Проекти со локалната заедница** | • Спортски игри<br>• Новогодишна приредба<br>• Маскенбал<br>• Избор на првенец на генерација | • Во рамките на планираните МИО активности спаѓаат и спортските игри во кои ќе бидат вклучени ученици и наставници од мешан етнички состав, кои ќе бидат вклучени во различни спортски активности од рекреативен и натпреварувачки карактер. Оваа активност ќе се спроведи во соработка на ЛЗ.<br>• Во рамките на Новогодишната приредба која ќе се | • Локална заедница<br>• Градоначалник<br>• Директор<br>• Стручна служба<br>• СИТ-от<br>• Наставници<br>• Ученици<br>• Родители | Септември - Јуни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | организира по повод новогодишните празници и Маскенбалот, кој ќе се одржи по повод 1ви април – Денот на шегата, ќе бидат вклучени ученици и наставници од мешан етнички состав.<br>• Во постапката на избор на првенец на генерација, кој ќе се реализира во соработка со ЛЗ, подеднакво ќе бидат застапени ученици од сите етнички заедници а изборот ќе биде извршен по строго определени критериуми усвоени од Наставничкиот совет | | |
| **Застапеност на мултикултурна иконографија** | • Изработка на училишни паноа | • Наставниците заедно со учениците изработуваат училишни паноа(фотографии, цртежи, текстови, стихотворби, детски песни, и сл.) | • Ученици<br>• Наставници<br>• Стручна служба | Септември - Јуни |
| **Соработка со родители** | • Информирање на родителите за планираните МИО активности<br>• Обезбедување согласност и поддршка за вклучување на родителите во МИО активностите<br>• Одржување средби со родителите на ниво на одделение и изработка на програма за унапредување на МИО активностите<br>• Организирање едукативни работилници за унапредување на МИО<br>• Учество на родителите во реализација на активностите за МИО и во подготовка, пеализација и промоција на истите. | • Родителите редовно и тековно ќе бидат информирани за сите планирани и реализирани МИО активности на одделенските состаноци, Советот на родители и преку локалните медиуми и интернет портали. | • Директор<br>• Стручна служба<br>• СИТ- от<br>• Наставници реализатори<br>• Родители | Септември - Јуни |
| **Следење и самоевалуација на училиштето(обезбедување) на квалитет и водење професионално портфолио)** | • Спроведување на анкетни листови за наставници, родители и ученици<br>• Самоевалуација на училиштето | • Откако ќе биде спроведена анкетата за наставници, родители и ученици се изработува извештај со цел да се | • Деиректор<br>• Стручна служба<br>• СИТ-от | Септември - Јуни |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | • Следење на реализацијата на МИО активностите од страна на СИТ-от<br>• Следење на реализацијата на МИО активностите од страна на УО | согледа реалната состојба во училиштето, а во наредната учебна година ќе биде констатирано дали спроведените МИО активности имале било каков ефект или не.<br>• Сите МИО активности ќе бидат следени од страна на СИТ-от и УО според претходно подготвени инстументи за мониторинг на реализацијата на активностите. | | |
| **Промоција на реализираните активности** | • Информирање на локалната заедница<br>• Информирање на родителите за реализираните МИО активности<br>• Промовирање на реализираните МИО активности на официјалната веб страна на училиштето<br>• Медиумска покриеност на сите настани | • Сите реализирани МИО активности ќе бидат соодветно промовирани и медиумски покриени. Исто така, родителите тековно и редовно ќе бидат информирани за се што се реализира преку одделенските раководители и Советот на родители. Останатите жители на општината ќе се информираат преку некој од локалните медиуми или интернет портали. | • Директор<br>• Стручна служба<br>• СИТ-от<br>• Наставници<br>• Ученици | Септември - Јуни |

# 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

## Годишна програма за антикорупциска едукација на учениците од основните училишта

Оваа учебна година во нашето училиште ќе се реализира интерен проект *„Антикорупциска едукација“* со цел да воспостави вредносен систем кој ќе ја измени сегашната култура на прифаќање на корупцијата и ќе ги промовира придобивките од доброто владеење и однесување. Преку согледување на лошите примери, навики и пораки и нивно заменување со соодветно примерно однесување, ученикот опфатен

во овој проект, уште од најмала возраст ќе може да ја препознае корупцијата, да се заштити од истата и да допринесе за нејзино сузбивање.

Општи цели кои треба да се постигнат преку оваа едукација се:

- да се запознае со поимите корупција, антикорупција, интегритет и етичност;
- да се запознае што значи „одолевање на социјален притисок";
- да знае за облиците во кои може да се појави корупцијата иначинот наспречување и заштита одистата;
- да ги препознава механизмите за спречување накорупцијата;
- да го сфати штетното влијание на корупцијата воопштеството;
- да ја сфати улогата на Државната комисија за спречување накорупција воРепублика Северна Македонија и механизмите преку кои тааделува;
- да анализира како и каде може да се појави корупцијата и на којначин може да се спречиистата;
- да се стави во ситуација, во која ќе има активна улога, преку која ќе разбере за антикорупцијата и за потребата од антикорупциска едукацијаи
- да се стави во улога на активен граѓанин, кој ќе придонесе за развојотна Република Северна Македонија

**Поими**

Корупција, антикорупција, интегритет, етичност, социјален притисок, механизми за спречување на корупцијата, Државна комисија за спречување на корупција, пари, подароци, облека, храна, услуги.

Реченици посветени на корупцијата (слогани/пароли)

а) Носечка реченица: Ајде заедно да ја разобличиме КОРУПЦИЈАТА.

б) Други реченици посветени на корупцијата:

- Корупцијата е авторитет, плус монопол, минус транспарентност.
- Корупција - ТВОЈОТ СТАВ се брои! Стоп за корупцијата – ја разјадува довербата, ја руши демократијата.
- Стоп за корупцијата – создава нееднаквост, ги намалува можностите на немоќните, ги форсира неспособните, го спречува развојот.
- Со корупција сите плаќаат двојно.

## Интерен училишен проект: **„УЧИЛИШТЕ БЕЗ НАСИЛСТВО“**

Оваа година во нашето училиште ќе се реализира интерниот проект „Училиште без насилство“. Преку согледување на лошите примери, навики и пораки и нивно заменување со соодветно примерно однесување, ученикот опфатен во овој проект, уште од најмала возраст ќе може да го препознае насилството, неговите форми, да се заштити од истото и да допринесе за негово сузбивање.

Цел:

- учениците да се оспособат да препознаваат БУЛИНГ-врсничко насилство;
- учениците да се стекнат со вештини за ненасилно однесување;
- учениците да умеаат конструктивно да решаваат конфликти иподобра меѓусебна комуникација.

Теми:

1. Што е насилничко однесување;
2. Видови насилничко однесување;
3. Видови насилничко однесување во училиште-**БУЛИНГ**
4. Знаци на оној кој што е подложен на насилничко однесување;
5. Стратегии против насилничко однесување.

**Членови на тимот:** Педагог, одделенски наставници, предметнио наставници и ученици

**<u>Проект :</u> „Финансирање проекти за реновирање на училишни објекти од буџетот од Министерство за образование и наука "**

**<u>Проект :</u> „СКИЛС " Проект на Министерство на образование и наука за набавка на опрема за кабинети по соодветните предмети од групата природни науки со цел унапредување на воспитно образовниот процес во основното образование .**

**<u>Проект :</u> USAID Меѓуетничка интеграција на младите во образованието поддржано од агенцијата за меѓународен развој на Соединетите американски држави - Ученички иницијативи - <u>Отворен ден за граѓанско образование</u> со цел развивање и зајакнување на граѓанските компетенции кај учениците .**

**<u>Проект :</u> „<u>Мојата Библиотека</u>" поддржано од невладина организација од Р.Турција со цел обезбедување на нова современа библиотека и медијатека во нашето училиште .**

**Проект : Виа Игнација - МЦГО и БРО финансиран од Холандија**

## 15. Поддршка на учениците

**Протокол за поддршка на учениците со телесни пречки во развојот**

- УИТ изготвува училишна политика за поддршка на учениците со телесни пречки. За да овозможи пристапност во училиштето (рампа на влез; лифт; ограда на скали и долж ходниците; соодветен тоалет) соработува со локалната самоуправа, Советот на родители, невладини и други организации.
- Инклузивниот тим за ученик овозможува врсничка поддршка за движењето во училишната зграда и училишниот двор
- Инклузивниот тим внимава на распоредот на часови (движењето од една во друга училница да биде по најсоодветен пат) и внимава на непреченото движење во училница

**Протокол за поддршка на учениците со здравствени и емоционални проблеми**

Стручните соработници преку одделенските раководители и предметните наставници ги добива потребните сознанија во однос на ученици со физички и ментални здравствени проблеми, како и оние со образовни потреби или пост-конфликтни трауми, а во соработка со родителите. Како резултат на овие сознанија се преземаат:

- Индивидуални разговори со ученикот, доколку се идентификува проблем или се чувствуваат одредени промени во неговото однесување, најпрво со одделенскиот раководител, некој од предметните наставници во кои ученикот има доверба или со стручните соработници;
- Индивидуални разговори со родители;
- Соработка со одделенските заедници;
- Во одредени случаи се советува ученикот да побара стручна помош во соодветни институции.
- На почетокот на секоја учебна година преку одделенските раководители се известуваат учениците и родителите доколку сметаат дека има потреба да информираат за здравствената состојба на ученикот да достават известување и документ за емоционалната и здравствената состојба до одделенскиот раководител или стручните соработници.
- За учениците кај кои се утврдило дека имаат одредени здравствени проблеми, одделенскиот раководител или стручните соработници ги известуваат наставниците и другите ученици (доколку за тоа има потреба), со цел да им се даваат работни задачи и задолженија кои одговараат на нивните способности и можности.
- Доколку учениците имаат зддравствени проблеми кои подразбираат подолготрајно отсуство, учениците и родителите се упатуваат на разговор кај стручните соработници и врз основа на состојбата се регулира случајот според постојната законска регулатива.

- Стручните соработници ги запознаваат наставниците со состојбата на ученикот за да можат да излезат во пресрет на потребите на ученикот
- За помошта која учениците можат да ја добијат од стручните соработници, училиштето ги информира учениците и родителите преку одделенските раководители и тоа:
  - на родителските средби;
  - на индивидуалните средби со родителите;
  - на одделенските часови
  - преку писмено известување доколку се појави проблем
  - преку групно советување на родители и ученици.
- За учениците кои поради хронично заболување или посериозни повреди подолго време отсуствуваат од редовната настава, инклузивниот тим предлага процедури за поддршка во учењето. По потреба и во договор со семејството на ученикот, тимот организира посета и поучување на ученикот од страна на соученици.
- УИТ прибира податоци за учениците со емоционални потешкотии, без оглед на причината – семејно насилство, семејна негрижа, развод на родителите, болест во семејството, постконфликтни трауми.
- УИТ во соработка со родителите и релевантните институции – здравствените установи, центрите за социјална работа, полицијата, пронаоѓа решенија, нуди соодветна помош и поддршка за справување со предизвиците.

**Протокол за поддршка на учениците од социјално загрозени семејства**

Во училиштето превзема активности за обезбедување материјални средства за учениците кои заради социјалната загрозеност на нивните семејства, не се во состојба да ја следат наставата под исти услови како другите ученици и да учествуваат во воннаставните активности, што бараат вложување дополнителни средства. На овие ученици им се обезбедува училишен прибор, им се партиципира трошокот за екскурзии (целосно или делумно), се обезбедуваат други средства, притоа училиштето соработува со родителите, локалната заедница и деловната

заедница. Исто така во сето тоа се вклопуваат Програмата за подмладок на црвен крст, Програмата за работа на ученичката заедница и Акцискиот план за оштествено - корисна и хуманитарна работа кои во своите активности планираат и реализираат хуманитарни акции за собирање материјални средства (храна, облека, обувки).

| Задача | Активност | Временска рамка (месец) | Носител | Начин на спроведување (ресурси) | Инструменти | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Креирање политика За работа со ученици со посебни потреби и емоционални потешкотии | Изработкана акционен план и годишна програма за работа | VIII | тим | Насоки за изработка на годишна програма за работа на училиштето | / | Успешно реализирање на планираните цели |
| 2.Идентификација на ученици со ПП и емоционални потешкотии | Разговори со одд.наставници и раководител, идентификување на учениците со ПП запишаниво I одделение, | IX | одд.наставници<br>тим | дијалог, процедура за следење и изработка на ИОП, Советодавен центар за деца и родители СОС Детско село, патролни социјални работници | / | Евидентна уч.со посебни потреби и емоционални потешкотии и градење на соодветна стратегија за работа со нив |
| 3. Запознавање на предметните наставници од VI одделение со учениците со ПП и емоционални потешкотии кои преминуваат од одделенска во предметна настава | Размена на искуства меѓу одделенските и предметните наставници за работата со овие ученици<br><br>(со ученичко досие) | IX | Стручни соработници и одд. Наставници од прво одд. Предметни наставници од шесто одд. | дискусија | евид.лист за следење досие на ученик | Соодветен одговор на учениците со емоционални потешкотии и ПП кои преминуваат во VI одд |
| 4. Изготвување на индивидуален образовен план | Ревидирањена ИОП (форма, содржина...) Изготвувањена ИОП-долгорочен-среднорочен-дневно планирање на диференцирани цели<br><br>Изготвувањена ИОП за учениците со ПП од прво одделение | IX<br><br>-конт. по теми за соодв. предмет<br><br>X | Наставници, Стручнисоработници<br><br>Родители | год.програма за соодв. одд.<br><br>Наод и мислење од ЗМЗ, Центар за слух, говор, глас, Клиника за детски болести, Клиника за психијатрија | Формулар за ИОП | Успешна реализација на наставната програма со сите ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5. Континуирана поддршка на учениците со ПП и емоционални потешкотии | Консулатативни разговори на стручните соработници со одделенските наставници, раководители и родители<br><br>Советодавно-консултативна работа со учениците со емоционални потешкотии и посебни потреби | Во тек на учебната година | Стручни соработници<br><br>Одд. наставници<br><br>Одд.раководители<br><br>Родители<br><br>Ученици | Консултативно-советодавна работа, Советодавен центар за деца и родители СОС Детско село, патролни социјални работници, ЦСР | Досие на ученик со ПП | Подобрување на постигањата<br><br>Вклучување во животот на паралелката, училиштето и локалната заедница<br><br>Зајакнување на родителските вештини и капацитети |
| 6. Соодветен одговор на учениците со емоционални потешкотии и ПП | Евиденција за успехот, редовноста и однесувањето на учениците соемоционални потешкотии<br><br>Следење и процена на постигањата на учениците со ПП и ревидирањена ИОП | квартално<br><br>тековно | Тим за откривање и грижа зауч. со емоц. потешкотии и ПП<br><br>Стручни соработници<br><br>Одделенски наставници<br><br>Одделенски раководители | Евидентни листови за оценување | евид. Лист за следење научениците<br><br>сред. ИОП | Процена на постигањата<br><br>Вклучување на овие ученици во групна работа и слободни ученички активности<br><br>Подобрување на инклузивната пракса |
| 7. Обезбедување поддршка од соучениците | Советодавно-консултативни разговори со одделенските наставници и раководители со одделението, ученичката заедница, родителите | вотекнаучебнатагодина | Стручни соработници<br><br>Одделенски наставници<br><br>Одделенски раководители<br><br>Предметни наставници<br><br>Родители | Консултативно-советодавна работа, Советодавен центар за деца и родители СОС Детскосело, патролни социјални работници, ЦСР | Досие на ученик со ПП | Подбрување на постигањата<br><br>Подобрување на социјализацијата на овие ученици |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 8. Подобрување на социјалната и емоционалната состојба на учениците со емоционални потешкотии и ПП | Разговори со учениците<br><br>Советодавни разговори со родителите на родителски и индивидуални средби<br><br>Социометриска метода<br><br>Ханес тест | XI | Стручни соработниц и<br><br>Одделенски наставници<br><br>Одделенски раководите ли<br><br>Предметни наставници<br><br>Родители | Консултативно-советодавна работа | Соц. тест (Морено)<br><br>Ханестест | Развивање на самодоверба и самопочитување кај овие ученици |
| 9. Подобрување на инклузивната практика | Инструктивна работа со наставници | Вотекн а учебнат а година | Дефектолог, педагог, психолог, наставници | Консултативно-советодавна работа | / | Постигање на планираните цели во воспитно образовниот процес на децата со посебни потреби. |

**Протокол за поддршка на надарени и талентирани ученици**

- УИТ прибира податоци за надарените и талентираните ученици и од наставниците бара да изготват соодветни програми за реализација на додатна настава, да ги вклучат во разни натпревари, истражувања, настапи, дебати, тимови, комисии и слично.
- Во програмата за професионален развој на наставниците се планира и споделување на искуства и ресурси за работа со надарени деца.

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето ги следи постигнувањата на учениците по сите наставни предмети во текот на целата учебна година. Се изработуват прегледи за успех по наставни предмети и по квалификациони периоди. Од страна на педагогот се изработуваат споредбени анализи за постигнатиот успех во сите кавлификациони периоди. Постигнатиот успех и поведение, како и изостаноците се споредуваат со повеќе изминати учебни години. Се врши анализа на постигнувањата на учениците при преминот од одделенска во предметна настава, како и при преминот од описно во бројчано оценување. За постигањата на учениците редовно се известуваат родителите преку родителски средби и давање на евидентни листови за успех и поведение и по електронскипат.

За постигнувањата на учениците со посебни образовни потреби се врши континуирано следење на постигнувањата од страна на инклузивниот тим за ученикот, се прави ревизија на индивидуалниот образовен план во соработка со дефектологот, наставниците и родителите.

За подобрување на постигањата на учениците наставниците применуваат различни методи на работа (активни методи на работа во групи, тимска работа, изведбени активности, разговор, истражувачки активности, презентација и демонстрација, проектни активности, употреба на ИКТ во наставата).

Училиштето врши следење на постигнувањата на учиниците во текот на основното образование и согласно Правилникот за видот на пофалби, награди и педагошки мерки .

Училиштето располага со податоци за постигањата на учениците по сите предемти и за сите периоди од учебната 2019/20 година .

Учениците од прво до трето одд.описно се оценети и уредно се внесени во евидентните листови и свидетелствата .

Успех на учениците во ООУ. Мите Богоевски на **македонски наставен јазик** по учебни години

| Учебна година | Одделение | | | | | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| **2020/2021** | 4.32 | 4.20 | 4.08 | 4.18 | 4.67 | 4.39 | 4.29 |
| **2021/2022** | 4.37 | 4.33 | 4.42 | 4.02 | 3.95 | 4.72 | 4.33 |
| **2022/2023** | 4.68 | 4.50 | 4.25 | 3.82 | 4.28 | 4.06 | 4.26 |

Успех на учениците во ООУ Мите Богоевски на **турски наставен јазик** по учебни години

| Учебна година | Одделение | | | | | | Просек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | IV | V | VI | VII | VIII | IX | |
| **2020/2021** | 4.34 | 4.58 | 4.10 | 3.95 | 4.28 | 4.20 | 4.29 |
| **2021/2022** | 4,35 | 4.54 | 4.23 | 3.97 | 3.65 | 4.43 | 4.26 |
| **2022/2023** | 4.79 | 4.12 | 3.85 | 4.10 | 4.15 | 3.89 | 4.15 |

Училиштето планира и превзема конкретни активности за континуирано подобрување на постигањата на учениците. Конкретни активности од стручната служба за поддршка на учениците за подобрување на резултатите .

-Разгледување на постигањата на учениците на одделенските и наставничките совети и на ниво на активи, се предлагаат мерки за подобрување на состојбата.

-Евидентирање на учениците со посебни образовни потреби и учениците со потешкотии и следење на нивните постигања ,органзириање дополнителна настава, индивидуална настава од страна на дефектологот.

-Зголемување на соработката со родителите на децата кои покажуваат послаби резултати

-Поттикнување на на подобрите ученици со пофалници, награди идр.

-За работа со надарени ученици наставниците изготвување посебни наставни планови и програми за додатна настава.

## 15.2. Професионална ориентација на учениците

Училиштето организира активности за професинална ориентација на учениците, со што се врши анкета со цел запознавање на нивните лични афинитети и желби. Во програмите за работа на психологот,педагогот, директорот планирани се активности за професионална ориентација на учениците. Дефектологот има изработено план за препознавање и идентификување на ученици со посебни образовни потреби. Дефектологот и службата водат посебна грижа за учениците кои се соочуваат со емоционални проблеми, кон тие ученици имаат адекватен педагошки приод и третман во однос на нивно професионално усовршување и понатамошно образование.

Училиштето ги запознава учениците со објавениот Конкурс за запишување во средните училишта и ги обучува. Во соработка со Локалната самоуправа во ресен и пошироко се врши промоција на насоките и образовните профили на кои учениците можат да конкурираат.

**ЦЕЛ:** Помош при избор на учениците на средно училиште и идното занимање, во согласност со нивните интереси, можности испособности.

## 15.3. Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**Превентивни програми**

Во училиштето преку интерниот проект *„Училиште без насилство"* ќе се реализира програма за превенција од насилно однесување чија цел е препознавање и намалување на врсничкото насилство – БУЛИНГ. Стручните соработници ќе оставруваат советување со ученици кои манифестираат насилничко однсување, како и со жртвите на насилничко однесување. Активности посветени за грижата на здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на целата учебна година преку најразлични активности: предавања, презентации, работиници на состаноците на

Училишен парламент. Во реализацијата на овие активности ќе се вклучат одделенски раководители, стручни соработници и надворешни стручни лица. Училиштето остварува соработка со релеванти институации: Одделението за малолетничка деликвенција при МВР-РЕСЕН, Центар за социјална работа, Здравствени установи идр.

Од страна на стручните соработници ќе бидат реализирани следниве активности/работиници:

- Штетното влијание од употреба на цигари, алкохол и дрога
- Анкета-Причини за отсуство од настава и можности за зголемено асоцијално однесување кајучениците
- Стереотипи и предрасуди
- Работилници „Училиште без насилство".

**Позитивна социо-емоционална клима**

Секој субјект во училиштето максимално ќе дава свој допринос во создавање позитивна социо-емоционална клима која ќе се базира на почитување на секоја индивидуа. Во таа насока ќе се вклучат и учениците преку активности на Ученичкиот парламент негувајќи ја соработката, давање соодветна помош и подршка на својот соученик. Од особено значење ќе биде и работата на училишниот правобранител. Важна улога ќе имаат и родителите преку нивно вклучување во повеќе планирани ученички активности.

## 16. Оценување

Оценувањето во училиштето е континуирано и се следи од страна на раководниот тим на училиштето и стручната служба. Нашето училиште има усогласена и писмено дефинирана политика за оценување која е базирана на прифатените определби на ниво на државата во врска со оценувањето, анализата на

состојбите со оценувањето и постигањата во училиштето и е основа за планирање на оценувањето

**Предмет** на оценување е напредувањето на ученикот во постигнувањето на воспитно - образовните цели под влијание на наставниот процес и другите воспитно - образовни активности, утврдени со планот и оваа програма. Училиштето ги применува позитивните законски прописи што го регулираат оценувањето на учениците

При определување на оценката ќе се земат предвид обемот и квалитетот на усвоените знаења, работните навики, оспособеноста за примена на знаењата и развојот на способностите на ученикот. Ќе се следи, проверува и ќе се оценува оспособеноста за практична примена на знаењето во нови ситуации, ќе се испитуваат способностите, интересите, ставовите и убедувањата. Оценувањето, пред се ќе има **за цел** да го подобри учењето и постигнувањето научениците.

Во наставата централно место ќе има следењето на учењето на ученикот и формативното оценување. Процесот на проценка и бодирање на постигањата на учениците ќе биде соодветен на методот на оценување и ќе се спроведува според воспоставени процедури и упатства. Учениците, исто така, ќе бидат соодветно информирани за критериумите на оценување. Информирањето на учениците и родителите ќе биде навремено, јасно и точно на почетокот на учебната година за секој наставен предмет. Оценувањето треба да обезбеди целосни информации за постигањата на учениците, па затоа е континуиран процес и е составен дел од наставниот процес на учењето и поучувањето и ќе се базира на користење на повеќе различни методи и техники. Наставниците водат портфолио за секој ученик и портфолио за наставник. Во ученичкото портфолио се евидентираат постигнувањата на учениците и содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оцена. Наставничкото портфолио содржи репрезентативни примероци од изработки на учениците, инструментите со кои се следат учениците, план за реализација на наставни и воннаставни активности, план за професионален развој на наставникот, докази за постигањата на сите натпревари и посетени обуки и семинари. При учење од далечина наставниците

изготвуваат електронско портфолио заучениците. На почетокот на учебната година секој наставник изготвува индивидуален план за примена на формативното и сумативното оценување, почитувајќи ги стандардите за оценување по секој наставен предмет. Писмените проверки за постигнувањата на учениците се евидентираат во дневникот на паралелката на почетокот на учебната година. Се користат најразлични форми, методи и примена на различни инструменти за следење на постигнувањата на учениците (чек листи, аналитички листи, холистички листи, листи за самооценување и др)

За постигнувањата на учениците се прават извештаи и споредбени анализи на одделенските и наставничките совети на крајот од секој квартал.

Според законот за основно образование, учениците ќе се оценуваат описно и бројчано. Оценувањето ќе се изведува на следниов начин:

## 16.1. Видови оценување и календар на оценувањето

| Одделение | Вид на оценување |
|---|---|
| I-III | Описно преку цела учебна година –во сите квартални периоди |
| IV-VI | Комбинирано (прво тримесечје-описно, полугодие-описно, трето тримесечје-описно и крај на година-бројчано |
| VII-IX | Бројчано преку цела година |

**Календарот за оценување ќе се одвива според следнава динамика:**

- оценувањето за **првото тримесечие** треба да заврши втората седмица од месец ноември 2023 година;
- оценувањето за **првото полугодие** треба да заврши последната седмица од месец декември 2023година;
- оценувањето за **третото тримесечие** треба да заврши втората седмица од месец април 2024година;
- оценувањето за **крајот од наставната година** треба да заврши со 17.06.2024 година.

## 16.2. Тим за следење,  анализа и поддршка

Напредокот, постигањата на учениците во одделенска настава се следи преку водење на писмена евиденција и ученичко портфолио по секој предмет за секој ученик. Тимот за следење, анализа и поддршка има изготвено операционализиран план за следење и изготвува извештаи квартално - по тримесечија и за цела година. На ниво на училиште сите наставници изготвуваат **квартални, полугодишни и годишни** извештаи за својата паралека. Изготвените извештаи за постигањата се разгледуваат на Наставнички совет, Советот на родители, Училишен одбор и се усвојуваат Процедурата за поплаки и жалби по добиени оцени е утврдена во изготвениот Правилник на училиштето. Следењето и вреднувањето на постигнувањата на учениците од предметна настава ќе се остварува според Планирањето за следење, проверување и оценување почитувајќи ги Стандардите и критериумите за вреднување на постигнувањата на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците систематски ќе се применуваат повеќе методи и инструменти при формативното и сумативното оценување. Училиштето врши следење на постигнувањата во реализација на програмите, анализа на резултатите по предмети и прапалелки, како и индивидуални постигнувања на учениците. За вреднување на постигнувањата на учениците, наставниците ќе применуваат различни постапки и инструменти со цел да се зголеми објективноста во оценувањето и да се зголеми мотивот за постигнување повисоки резултати.

Вреднувањето на работата на наставниците ќе се врши од страна на директорот и стручните соработници и истато ќе биде насочено кон:

- следење на организацијата на воспитно-образовната и вонаставната работа,
- перманентно стручно педагошко и психолошко усовршување на наставниоткадар воучилиштето;
- увид во годишните и тематските планирања на наставните и вонаставните активн

- следење на остварување на стручните материјално технички и дидактичко методски подготовки за реализација на наставата;
- примена на современи наставни методи, техники и стратегии на учење и поучување како и примена на електронски образовни технологии;
- следење на оценувањето;
- следење на ангажираноста на наставникот во работата во стручните органи и тела во училиштето и пошироко, како и соработка со родителите.
- За таа цел се води Професионално досие и Педагошки картон за секој наставник и стручен соработник

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

Во тековната учебна година се реализираат планираи стручни посети од директорот и стручите соработници за наставите часови и воннаставите активости.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Посета на часови од редовна настава во паралелките од прво до петто одделение во Централното Училиште** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Октомври – Ноември<br><br>Март - Април | **Стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и Тематските Планирања** |
| **Посета на часови од редовна ( настава во паралелките од прво до петто одделение во ПУ с. Јанковец и ПУ с. Болно** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Ноември<br>Април | **Стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и тематски ефекти** |
| **Анализа на посетени часови со акцент на очекувани исходи на час** | Утврдување на недостатоци во реализација на активности | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Октомври ноември март април | **Презентација на добиени сознанија на наставнички совет и облективни сознанија за наставниот процес** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Посета на часови од редовна настава во паралелките од предметна настава кај секој предметен наставник** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и употребата на современи наставни форми и методи и средства за работа | Директор и Стручните соработници Наставници од предметна настава | Октомври – Ноември<br><br>Март - Април | **Примена на наставните содржини од Глобалните и Тематските Планирања и стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците** |

## 16.4. Самоевалуација на училиштето

Самоевалуација за сопствената работа и постигнувањата во нашето училиштето се реализираше во 2022 година. Согласно Законот за основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа и изготвува извештај во кој се определуваат јаките и слабите страни и се даваат предлози за подобрување на истите. Самоевалуацијата на училиштето ја изработуваат тимови од повеќе наставници и стручни соработници. Самоевалуацијата ги опфаќа следните 7седум подрачја:

1. Подрачје: Организација и реализација на наставата;
2. Подрачје: Постигнувањата на учениците;
3. Подрачје: Професионален развој на наставниците, стручните соработници, воспитувачи и раководен кадар;
4. Подрачје: Управување и раководење;
5. Подрачје: Комуникациски односи со јаноста;
6. Подрачје: Училишна клима и култура;
7. Подрачје: Соработка со родителите и локалната заедница

СЕУ ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници иродителитепо предлог на директорот ја формира Училишниот одбор и изготвува извештај за спроведената самоевалуација со предлог мерки за подобрување на целокупната работа на училиштето

ТИМ ЗА САМОЕВАЛУАЦИЈА

| |
|---|
| Ајфер Аџигора -Директор |
| Весна рунчевска -психолог |
| Николчо Ристевски -Дефектолог |
| Никола Чоневски - предметен наставник |
| Алтај Абдуловска -предметен наставник |
| Снежана Милошевска - педагог |
| Искра Симеоновска - одделенски наставник |
| Нелифер Алчевска - предметен наставник |
| Андријана Зебековска - Претседател на совет на родители |

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето ќе посвети особено внимание на безбедноста на учениците и за таа цел ќе има континуирани дежурства од страна на наставниците со однапред изготвен распоред, соодветен на условите наработа. Училиштето е опремено со ПП-апарати поставени на видно место во училиштето, прибор за прва помош при случај на повреда на ученик или вработен. Исто така училиштето ќе понуди можност за осигурување на сите ученици преку осигурителна компанија соодветна на потребите на учениците иродителите.

Училиштето има изработено ***План за заштита и спасување*** кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди

Училиштето има изготвено:

- Постапка за безбедност и превенција однасилство
- План на мерки и активности за заштита и спасување од природни и други непогоди

# 18. Грижа за здравјето

Здравственото образование на децата во училиштето треба да биде приоритет и обврска на сите во училиштето. Активностите посветени на грижата за здравјето на учениците ќе се реализираат во текот на учебната година во наставата по предметот физичко и здравствено образование како и другите предмети, на часовите на одделенскиот час, во рамките на слободните ученички активности и други форми. Предавања и разговори на часот на одделенската заедница, со стручните соработници, одделенските раководители и со надворешни стручни лица во врска со превентивата од болестите на зависност и други содржини со кои се изградува свеста кај учениците за заштита на здравјето и воспитание и образование за здрав начин на живеење. Особено внимание ќе се посвети на правилна и здрава исхрана и физичка активност на учениците.

Годишната програма за грижа за здравје на учениците со сите поточки е планирана преку строго утврдени програмски содржини, преку време на реализација со однапред предвидени реализатори, преку различни форми за работа, пред или за кого е реализирана и кои се очекуваните ефекти и цели.

**Училиштето води грижа за здравјето на учениците на три нивоа:**

-***физичко*** здравје кое опфаќа лична хигиена, храна и исхрана, заразни болести, сексуално преносливи болести, безбедност и прва помош, физичка активност;

-***ментално*** здравје го опфаќа самопочитувањето, почитувањето на различностите, толеранцијата и развојот на самодовербата;

-***социјалното*** здравје ја опфаќа грижата за здрава животна средина, одговорност икомуникација.

## 18.1. Хигиена во училиштето

Училиштето води грижа за здравјето на учениците одржувајќи ја хигиената во училиштето на задоволително ниво, понатаму соработува со здравствените организации задолжени за грижа на здравјето на учениците преку разни предавања за борба против некои заболувања и пороци. Редовно се обезбедуваат средства за одржување на хигиената во училиштето. Училиниците редовно се чистат после

завршување на наставата додека ходниците и тоалетите континуирано во текот на целиот работен ден, дворот се чисти секој ден пред започнување на работниот ден. Се поставени корпи за отпадоци во ходниците и училишниот двор, поставени се апарати со средства за одржување на хигиената на учениците и вработените и редовно се врши дезинфекција во училиштето. Во училиштето се води континуирано грижа за хигиената во училишните простории и училишниот двор. Хигиеничарите во училиштето вршат постојана дезинфекција на површините Учениците се педупредуваат за влажните подови доколку ги има, за спречување од лизгање или паѓање. Учениците преку лични примери од возрасните ја одржуваат хигиената во училиштето на високо ново.

## 18.2. Систематски прегледи

Сите планирани систематски прегледи и предава ња ќе се релаизираат без да се поречува наставата ,пред или после завршување на настава заедно со наставникот на соодветното одделение кој ќе ги придружува .

**Одделенија / ученици кои треба да бидат опфатени со систематски прегледи оваа учебна година**

Во ова учебна година е предвидено систематски преглед за следниве одделенија 1-во, 3-то, 5-то, 7-мо одделение

## 18.3. Вакцинирање

Училиштето има континуирана соработка со Здравствените институции. Истите го известуваат училиштето кои ученици е потребно да се имунизираат според календарот за имунизација и вакцинација, а одговорното лице од училиштето ги известува учениците за вакцинирање.

| Одделение/ година на раѓање | Вид на вакцина | Период на вакцинирање | Известување за родителот | Место на вакцинирање |
|---|---|---|---|---|
| I одд. | MRP (Мали сипаници, рубеола и заушки) | 2023 година | покана | Здравствен Дом –Ресен |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | БСЖ | | | |
| II одд. | DT ( Дифтерија и тетанус)и Polio ( Детска Парализа) | 2023 година | покана | Здравствен Дом –Ресен |
| Со полни 12 г. | HPV I (Хуман паппилома вирус) | Во текот на учебната 2023/2024 година | покана | Здравствен Дом –Ресен |
| | HPV II (Хуман паппилома вирус) (женски) | Во текот на учебната 2023/2024 година | покана | Здравствен Дом –Ресен |
| 14 г. | DT ( Дифтерија и тетанус)и Polio ( Детска Парализа) Рубеола женски | 2023 година | покана | Здравствен Дом - Ресен |

### 18.4. Едукација за здрава исхрана - оброк во училиштето

За едукација на учениците за здрава исхрана училиштето ќе организира предавање со надворешни соработници и преку едукација од стана на наствниците во рамки на одделенскиот час на паралелката - во рамки на реализација на наставните содржини од програмата за образование за животни вештини (ОЖВ).

## 19. Училишна клима

### 19.1. Дисциплина

Оваа учебна година планираме да посветиме поголемо внимание на подобрување на училишната клима со што ќе се подобрат резултатите во сите сегменти на воспитно образовниот процес на училиштето особено на

- Взаемно почитување и доверба;
- Конструктивно решавање на конфликтите;
- Отворена и повеќе насочна комуникација.

Наставниците и учениците и сите вработени се грижат за угледот на училиштето. Вработените со својата работа и однесување придонесуваат за целосна афирмација на училиштето  и истите уживаат респект кај родителите и учениците .Сите ученици без разлика на социјалните,половите и етничките и интелектуалните разлики ќе  се третираат еднакво. Постои професионална соработка меѓу вработените од двата етникуми. Има  Кодекс на однесување на учениците, наставниците и родителите како и Правилник за куќен ред и истите се истакнати на јавно место . Се  определени одговорни  наставници кои се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите ,приемот на учениците и нивно заминување изработен е распоред за дежурни наставници кои водат секојдневна евиденција .

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

Тим од вработени и претставници од ученичкиот парламент  за изработка на план за естетско и функционално уредување на просторот  и опкружувањето на училиштето

Наставниците и учениците се задолжени за естетско уредување на просторот во внатрешноста на училиштето, како и во дворните места. За подобар изглед на училиштето при одбележувањето на значајните датуми, учениците се вклучуваат во украсувањето на училишните простори со свои уметнички дела и со ракотворби, со што покрај добро украсените простории кај децата се развиваат психомоторните активности и чувството за естетика и разубавување., со однапред предвидени содржини и цели преку најразлични форми и време на изработка на истите, со пригодни материјали за украсување со цел добивање на очекувани позитивни естетски  ефекти во текот на целата учебна година континуирано. Секоја година во нашето училиште се организираа активности за муликултурна соработка помеѓу ученици од нашето училиште.

### 19.3. Етички кодекси

- Училиштето има изготвено Кодекс на однесување на учениците,наставниците и родителите
- Училиштето има изработено и ЕКО кодекс
- Куќен ред на училиштето
- Истите се дадени во Прилозите на оваа програма

### 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Цел на оваа програма е да се надминат слабостите во однос на комуникацјата помеѓу сите структури во училиштето, на релација однос ученик-ученик, ученик-наставник, наставник-наставник, наставник-ученик-наставник, директор-наставник-стручна служба, преку однапред предвидени цели и активности со реализатори и очекувано време на реализација и иочекувани исходи.Особено внимание ќе биде посветено на подобрување на соработката со родителите, со учениците, како и тимската работа во училиштето. Успешноста на работата ќе се темели на синергичноста во тимската работа. Потребата од постојана подршка на сите структури останува како една од важните цели во училишното живеење.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Професионалниот развој се одвива низ неколку фази детектирање на потребите и приоритите, активности за професионален развој, личен професионален развој , хоризонтално учење и кариерен воспитно образовен кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Стручното и педагошко усовршување на наставниците, директорот и другите стручни работници во образовниот систем е од посебно значење и покрај соодветното образование кое го поседуваат наведените структури. Барањата што ги

поставува современата настава треба да се задоволат со нивно натамошно усовршување. Наставникот треба непрекинато да се усовршува, да го подигнува нивото на своето знаење, да ги совлада новите форми, средства и методи на работа, односно непрекинато да го збогатува своето теоретско и практично знаење. Тоа е услов за успешно зголемување на нивото на организација на работата во училиштето и нивото на воспитно-образовниот систем во целина. Токму од тоа произлегува потребата од стручно и педагошко усовршување на наставниците, директорот и другите стручни работници.

Ваквото усовршување опфаќа: учество на семинари организирани од страна на БРО и МОН и други институции за стручно усовршување на поедини наставни програми, организирање на трибини и предавања, специфични проектни активности, усовршување по пат на соработка со стручната служба, индивидуално стручно усовршување и слично.Заради унапредување и развој на воспитно-образовната практика добро во училиштето се формира и функционира стручен тим-стручна служба. Стручниот тим ги разгледуваи дава стручно мислење за сите прашања кои се однесуваат на унапредување и развој на воспитно-образовната практика до Наставничкиот совет и Училишниот одбор. Усовршување на наставниците и другите стручни работници во Училиштето ќе се изведува низ редовни состаноци во Училиштето, преку семинари, конгреси и други форми што ќе ги организираат образовните институции. **Тимот за професионален развој:** Стручен соработник и претседателите на стручните активи.

**(Програма за професионален развој дадена во прилог)**

## 20.2. Активности за професионален развој

Заради унапредување и развој на воспитно-образовната практика добро во училиштето се формира и функционира стручен тим-стручна служба. Стручниот тим ги разгледува и дава стручно мислење за сите прашања кои се однесуваат на унапредување и развој на воспитно-образовната практика до Наставничкиот совет и Училишниот одбор. Усовршување на наставниците и другите стручни работници во

Училиштето ќе се изведува низ редовни состаноци во Училиштето, преку семинари, конгреси и други форми што ќе ги организираат образовните институции

## 20.3. Личен професионален развој

Секој наставник и стручен соработник,прави личен план за професионален развој во однос на зајакнување на своите професионални компетенции а врз основа на резултатите од интегралната евалвација ,ивештаите од посетите од страна на директорот, извештаите од страна на советниците од БРО и лично се усовршува според предвидени планови и програми дадени од МОН и БРО, покрај ова имаме следење и на друга стручна литература, како и добивање на искуства од други средини на меѓународно ниво .

Изготвувањето и реализирањето на личниот план за професионален развој на наставникот/стручниот соработник му овозможува:

- систематично развивање на компетенциите што му сепотребни;
- подобрување на воспитно-образовнатаработата;
- достигнување на стандардите за повисоки звања и напредување во кариера.
- почитување и излегување во пресрет на индивидуалните потреби на вработените за професионаленразвој;
- порационално користење на човечките и материјалнитересурси;
- подобрување на соработката преку различни форми на колегијално учење и менторска поддршка.

## 20.4. Хоризонтално учење

Наставниот кадар се усовршува според донесениот и изгласан правилник на училиштето согласно статутот на истото, унапредувањата, наградувањето и казнувањето се согласно законот за основно образование, па така се одржуваат предавања, семинари, работилници во насока на правилно хоризонтално учење. Училиштето планира и реализира активности за продлабочување на стручните знаења и компетенции на наставниците. За таа цел на ниво на стручни активи се врши размена на професионални искуства и се зајакнуваат професионалните вештини на наставниците. По реализираните обуки се врши дисеминација на наставниот кадар.

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Во зависност од потребите за усовршување на наставниот кадар, тој учествува на обуки и семинари за новата концепција оргазнизирани од Бирото за развој на образоавнието со цел зајакнување и усовршување на професионалните компетенции.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/ старателите

Вклученост на семјствата во училиштето претежно се остварува на средби (инвидуални или групни). На тие средби учествуваат во донесување на решенија и одлуки за подобрување на условите за работа во училиштето, донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиштето и реализација на истите.

Семејствата даваат мислења и сугестии за измени на секаков вид планирање. Постојано се инфрмирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба, учениците. Даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во развој и посебно ги поддржуваат соработките за унапредување на учениците-таленти.

Училиштето изготвува распоред за индивидуални средби на кој се наведени термини во ден и час за секој одделенски и предметен наставник. Најмалку два пати во годината ќе се реализираат Отворени денови за размена на информации на родителте и наставниците. Училиштето изработува: План за соработка со родителите на паралелката, План за работа на Советот на родители, План за работа на Училишниот одбор; Родителите имаат значајна улога во донесување на одлуки преку Советот на родители, како и Училишниот одбор;

Со правилно следење на програмата и со активна вклученост на семејството тековно во целата учебна година доаѓаме до успешно и заедничко реализирање на програмата во целина и го добиваме посакуваниот резултат односно поквалитетно воспитаное и образование и правилна вклученост на семејството

| **ВРЕМЕ НА РЕАЛИЗАЦИЈА** | **ПЛАНИРАНА АКТИВНОСТ** |
|---|---|
| Јули | Разгледување и давање мислење за Предлог Годишна програма за работа на училиштето во учебната 2023/2024г |
| Септември | -Избор или реизбор на Претседател на Совет на родители;<br>-Информации за: осигурување на учениците;<br>-Информација за реализација на проекти во учиилиштето |
| Ноември | -Презентација на успех и поведение за првото тримесечие од учебната 2023/2024 година;<br>-Информација и вклучување на родителите во реализација<br>на проекти во учиилиштето; |
| Февруари | -Презентација на успехот и поведението на учениците во првото полугодие од учебната 2023/2024 година; |
| Април | -Презентација на успех и поведение за првото тримесечие од учебната 2023/2024 година;<br>-Презентација на реализирани проектни активности во училиштето; |
| Јуни | -Презентација на Извештај за работа на училиштето во учебната 2023/2024 година;<br>-Презентација на извештаии од реализирани ученички екскурзии;<br>-Презентација на Програма за работа на училиштето 2023/24 г. |

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и вонн аставните активности

Родителите ќе дадат свој придонес при реализација на:наставата, воннаставните активности, грижата за здравјето на учениците, соработката со локалната средина, давањето поддршка на наставниците при работа со учениците со попреченост, професионалната ориентација на учениците, прибирањето на дидактички и наставни средства идр;

Семејствата на учениците ќе се вклучат во повеќе проектни активности кои се дефинирани во акционите планови, земајќи ги во предвид интересите и можностите на родителите;

Правилната програма за вклученост во семејството опфаќа првично

| |
|---|
| ▪ запознавање на родителите со активностите на училиштето и правилно информирање во рамките на одделенијата, |
| ▪ избор на членови на совет на родители и развивање на соработка и партнерство помеѓу нив |
| ▪ Организирање на распоред за средби со родители и давање на информации на родителите за општа и конкретна состојба во училиштето |
| ▪ Индивидуални родителски средби со цел информирање на родителите за успехот и редовноста и тековни проблеми |
| ▪ Препознавање и идентификување на талентирани ученици |
| ▪ Препознавање и идентификување на ученици со потешкотии |
| ▪ Иницијативи за поуспешна реализација на слободните ученички активности и други воннаставни актвности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации и др |
| ▪ Едукативни работилници за родителите |
| ▪ Изработка на брошура за родителите |

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Едукацијата на родителите ќе биде реализирана на индивидуално ниво,како и работа во групи. Ќе се реализираат советувања со родителите согласно Законот за основно образование, презентации за теми од заеднички интерес, а во функција на развој и подобри постигнувања наученикот. Со цел информирање на родителите за активностите во училиштето ќе биде изработена брошура.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

Училиштето според предвидената програма за соработка со локалната заедница има долгогодишно позитивно искуство на овој план, кој главно се однесува на успешна комуникација со и добра соработка со Локалната заедница Навремено поднесено е барање за подобрување на условите за работа Поддршката за подобрување на условите за работа во училиштето е добраи оваа година се :

- ***(локална самоуправа, бизнис заедница, местно население..)***
  - Се наведува видот на комуникација усна, пишана и електронска комуникација, се предвидуваат состаноци, средби, дебати, трибини, посети на институции и бизнис-компании во локалното опкружување, собири и здружувања по одредени случувања во училиштето, се промовираат постигнати резултати од различен вид, промовирање на проектни активности, комуникација со медиуми и др.
  - Се воспоставува соработка со општината за реализација на еколошката програма на локално ниво со потпишување на Меморандум за соработка.
- ***Институции од областа на културата***
  - Задолжително се планираат и се следат објавени конкурси и натпревари на кои се учествува и тоа: литературни и ликовни конкурси, изложби, посета на културно-историски споменици и музеи, библиотеки, театар, ликовни колонии, Дом на култура, кино-сали.
- ***Институции од областа на образованието***
  - Се планира и наведува соработката со МОН, БРО, ДПИ, ЕЛС-Сектор за основно образование, Сектор за основно образование како дел од општината, овластен општински инспектор, актив на директори на ниво на општина, детски градинки, други основни

и средни училишта и факултети и др. Се дава кратка дескрипција на формите и полето на соработка.

- ***Невладини организации***

  Се наведуваат невладините организации со кои ќе соработува училиштето и активностите кои ќе ги спроведе училиштето, пр. Детска амбасада, СОС-центри, Младински културни центри, еколошки друштва и др. Сето ова се предвидува со акциски план.

- ***Спортски друштва***
| Соработка со наставниците од предметна настава за пренесување на содржините од професионална ориентација на одд. час на СУА | Поттикнување на учениците на размислување околу поимите занимање и професија, поттикнување на интерес за анализа на поимите | Посети на РО,<br><br>Разговори со стручни лица | Одд. наставници,<br><br>Одд. раководители,<br><br>Директор | Во текот на целата учебна година | Стекнување на основни познавања на различноста на професиите и улогата на истите |

**Одговорни наставници:**
Катерина Секуловска, Љубица Мицановска, Жанета Савевска

## 15.3.Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Врз основа на член 66 од Законот за основно образование ( „Службен весник на Република Македонија“ бр.161/2019 год), основните училишта имаат обврска да постапуваат во случаите на насилство над ученици / ученички , да преземаат мерки за заштита на учениците жртви на насилство. Секој случај на насилство е посебен и бара различни мерки за заштита на жртвите и промена на однесувањето на сторителите,приспособени на специфичниот контекст во кој се случило насилството ,потребите и карактеристиките на жртвата и на сторителот,особено кога сторителот е дете. Оттука,не е возможно секој случај на насилство однапред да се предвиди и да се дадат готови решенија како одговор. За намалување на појавата на малолетничко претстапништво, деликвенција и асоцијално однесување, во нашето училиште се планираат работилници за превенција од насилство, болести на зависност, асоцијално однесување и сл. имајќи во предвид дека училиштето не смее да прави разлики во постапувањето со и во третманот на ученик жртва,ученик сторител ,нивните родители/старатели,возрасен сторител,вработените,другите ученици и возрасни засегнати од насилството,а врз основа на раса,боја на кожа,национално или етничко потекло,пол,род,сексуална ориентација,родов идентитет,припадник на маргинализирана група,јазик,државјанство,социјално потекло,образование,религија или верско уверување,политичко уверување, други видови уверувања,попреченост,возраст,семејна или брачна состојба,имотен статус,здравствена состојба,лично својство и општествен статус или кој било друг основ. Врз основа на сето ова,во текот на учебната година, исто така се планираат активности – посета од МВР со едукативни предавања и работилници, едукативни работилници со родителите, учениците и наставниците за следење на можните видови насилство, болести на зависности и асоцијално однесување за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, намалување на насилството и појавата на болести од зависности во училиштето и надвор од него .

**Програма за спречување на насилство во училиштето**

| **Превентивни активности** | **Време на реализација** | **Извршители** |
|---|---|---|
| Формирање на училишниот Тим за превенција од насилство | Август | |
| **На Наставнички совет** – Запознавање со политиката за намалување на насилството и со задолженијата на наставниците | Август | Тимот за превенција од насилство |
| **Совет на родители** – Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето како и улогата на родителите во оваа | Септември - Октомври | Тимот за превенција од насилство |

| | | |
|---|---|---|
| област. | | |
| **Родителски состаноци**<br>-Запознавање со политиката за намалување на насилството, информирање за активностите на училиштето како и улогата на родителите во оваа област, запознавање со правилата на однесување во училиштето | Септември - Октомври | Одделенските раководители<br>Претставникот од Советот на родители |
| **Стручно усовршување на наставниците**<br>-Запознавање на наставниците со Упатството за постапката за пријавување и заштита на ученик жртва на која било од формите на насилство,злоупотреба и занемарување , издаден од МОН<br>Теми за дискусија:<br>- Што е насилство?<br>- Како да се постапува во случај на насилство меѓу учениците | Октомври - Ноември | Тимот за заштита учениците од насилство |
| **Родителски состаноци**<br>Тема за дискусија:<br>- Што е насилство? | Тековно | Тимот за заштита учениците од насилство |
| **Часови на одделенската заедница**<br>- Изработка на правила на однесување во паралелката | Септември | Одделенски раководители |
| **Часови на одделенската заедница**<br>- Реализација на содржини од прирачникот за Животни вештини поврзани со правата на детето | Тековно | Одделенски раководители |
| **Интервентни мерки на Тим за превенција на насилството**<br>-Превземање на мерки и активности за моментално запирање на насилството | Тековно – по потреба | Одделенските раководители<br>Тимот за заштита учениците од насилство Релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа) |

| | | |
|---|---|---|
| Стручни предавања од страна на релевантни институции | Тековно | Тимот за заштита учениците од насилство, релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа) |

**Задачи на Тимот за превенција на насилството се:**

1.Изработка на училишна политика за намалување на насилството;
2.Информирање на учениците, вработените и родителите за училишна политика за намалување на насилството ;
3.Тимот за превенција;
4.Учество во обуки и проекти за развивање на компетенции потребни за превенција на насилство;
5.Предлагање на мерки за превенција и заштита, организирање на консултации и учество во проценката на ризик и донесување одлуки за постапки во случај на сомневање или случување на насилство;
6.Вклучување на родителите во превентивните и интервентните мерки иактивности;
7.Следење и проценка на ефектите од преземените мерки за заштита научениците;
8.Соработка со стручни лица и институции заради сеопфатна заштита на учениците од насилство;
9.Водење и чување соодветна документација;
10.Известување на стручните тела и органи во училиштето.

**Потребата и целта на воспоставување училишна политика**

ООУ „Браќа Миладиновци“– Царев Двор, Ресен се залага училишната заедница да биде заедница каде сите ќе се чувствуваат добредојдени, безбедни и среќни, ќе можат да учат и да се развиваат. Насилството се одразува на овие наши заложби. Насилството прави да не се чувствуваме безбедно и среќно. Нашето училиште сериозно го третира проблемот на насилството. Сите вклучени во училишната заедница имаат одговорност да ја имплементираат оваа политика.

Сите информации поврзани со случајот на насилство,жртвата и сторителот ,како и информациите на другите страни засегнати од насилството се доверливи.

Секој вработен во училиштето,или други стручни лица,кои имаат какви било информации за случајот на насилство,имаат обврска да ги чуваат и не смеат да ги споделуваат со лица кои не се вклучени во овозможувањето заштита и поддршка.

Вработниот на кој ученикот му се доверува за насилство не смее да гарантира апсолутна доверливост на ученикот доколку процени дека информациите за случајот на насилство треба или има обврска да ги сподели со други лица,надлежни за овозможување заштита и поддршка.

**Цели на политиката:**

•Да се развива ненасилна етика во училиштето

•Да се гарантира дека сите вработени, ученици и родители/старатели знаат што е насилно однесување

•Да се развиваат активности кои ќе го спречуваат насилното однесување

•Да се намали насилното однесување во училиштето

**Дефинирање на насилството – кои однесувања се опфатени со политиката?**

Под насилство се подразбираат сите форми на :

- ✓ физичко,
- ✓ психичко,
- ✓ емоционално,
- ✓ социјално,
- ✓ сексуално,
- ✓ врсничко(булинг),
- ✓ кибернасилство,
- ✓ повреди или злоупотреба,
- ✓ занемарување или несовесно постапување,
- ✓ малтретирање или експлоатација.

Насилството е употреба на сила и моќ и предизвикува повреда и штета. Насилното однесување може да се случува во различни релации:

- ➢ возрасен – дете,
- ➢ дете – дете,
- ➢ возрасен – возрасен.

Насилство се:

- ❖ психички и физички пресметки,
- ❖ психофизичко казнување,
- ❖ малтретирање или експлоатација,
- ❖ сексуално вознемирување,

**Препознавање и пријавување на насилство**

Секој е должен да пријави насилство или сомнеж за насилство над ученик,без разлика дали насилството се случило во училиштето,на патот до училиштето или во училишниот двор,во домот на ученикот или на кое било друго место.

Наставниците,стручните соработници и директорот на училиштето се должни да го препознаат насилството,во секојдневното работење да внимаваат дали во училиштето се случува насилство,дали некој ученик е жртва на насилство и дали некој ученик се однесува насилно.

Доколку некој од вработените се сомнева во насилство,информацијата ќе ја сподели со стручните соработници и релевантни наставници кои понатаму ќе продолжат да ја набљудуваат состојбата или ќе продолжат со мерките за заштита од насилство.

Директорот е должен да определи контакт-лице за пријавување насилство и негов заменик од редот на стручните соработници.

Училиштето е должно да обезбеди службен телефон и е-адреса на контакт-лицето,кои ќе се користат исклучиво за пријавување на насилство и комуникација поврзана со случаите на насилство.

Училиштето е должно да обезбеди и анонимно пријавување на насилство, преку поставување на кутија за пријави,соодветно обележување на кутијата и информирање на учениците дека на таков начин можат анонимно да пријават насилство. Препорачливо е кутијата да служи и за друг вид на пријави (пофалби,критики и сл.) со цел да се осигури анонимноста.Контакт-лицето за пријавување насилство е должно да ја отвора кутијата најмалку еднаш неделно или секогаш кога има сознание дека во кутијата би можела да се најде пријава за насилство.

**Прекинување, запирање на насилството е обврска на сите кои имаат било какви сознанија или сомнеж дека се случува насилство.**

Начинот на прекинување на насилството зависи од видот на насилство,бројот на ученици вмешани во него и нивната возраст.

Превенција од насилното однесување и спречувањето на насилството во училиштето претставува збир на мерки и активности кои имаат за цел создавање безбедно,сигурно и заштитено опкружување ,развивање и негување на атмосфера на соработка,почитување на различностите,конструктивна комуникација и следење на одредени правила на однесување во рамките на воспитно – образовните активности,развивање на вештини за препознавање и ефикасно реагирање во ситуации на насилство.

Мерките и активностите за спречување на насилство се спроведуваат преку:

-Статутот на училиштето и интерен акт на училиштето за забрана на насилничко и дискриминаторско однесување (куќен ред,протокол,правила на однесување и сл.);

-Зајакнување на капацитетите ,улогата и надлежностите на вработените во училиштето во спроведување на мерки и активности за спречување и заштита од насилство;

-Едукација и подигање на свеста кај учениците;

-На кој било друг начин на кој ќе одлучи училиштето ,согласно потребите и законската рамка.

Вработените имаат обврска да го запрат насилството и/или да ги известат надлежните во училиштето.

-Некои ситуации на психо-физичко насилство бараат итно и истовремено реагирање, згрижување на учесниците, известување на родителите и неодложно вклучување на релевантни институции (здравствени, полиција, центри за социјална работа).

-Емоционалното или социјалното насилство исто така треба да се запре што побрзо. На ученикот кој трпи вакво насилство треба да му се пружи разбирање, доверба и сигурност.

-Доколку постои сомневање за било каков облик на семејно насилство, наставникот го известува Тимот кој понатаму превзема чекори во консултација со Центарот за социјална работа.

**Смирување на ситуацијата** (подразбира обезбедување на сигурност за ученикот, разговор со учесниците и набљудувачите).

Откако насилството е прекинато,вработените превземаат мерки за смирување на ситуацијата.Во ова фаза,врботениот кој го го прекинал насилството задолжително го информира и го вклучува контакт-лицето за пријавување на насилство,кое ја води оваа фаза.

Доколку се случува физичко или силно вербално насилство во првиот момент најважно е:

-учесниците во насилството после раздвојувањето треба да се смират

-да се обезбеди соодветен простор и време за разговор;

-да се побара помош од колега, стручната служба или Тимот доколку е потребно;

-да им се објасни на учесниците дека целта е да се разреши конфликтот и дека двете страни ќе имаат прилика да кажат што се случило;

-да се договори со учесниците да се сослушуваат без да се прекинуваат, да не се навредуваат себе си, да бидат искрени;

-да се делува синхронизирано, разговорот со учесниците за истата ситуација да не се одвива повеќепати од различни лица, туку во рамките на внатрешната заштитна мрежа да се обезбеди проток на информации важни за ефикасно реагирање;

-известување на родителите и превземање на итни акции (по потреба прва помош, лекарска помош, полиција, центар за социјална работа…) веднаш штом ќе се запре насилството;
-консултации во училиштето за проценка на ризикот и изработка на план за заштита на сите учесници.

Во консултациите се вклучуваат одделенскиот раководител, дежурниот наставник, стручната служба, тимот за заштита, директорот, заедницата на ученици.

Во оваа фаза Тимот го проценува степенот на ризик и одлучува на кој начин ќе го решава случајот, дали самостојно или со вклучување на релевантна институција. Важно е да се води сметка за доверливоста на податоците, заштитата на приватноста и ставање на интересот на детето над интересот на родителите и училиштето. Податоците до кои ќе се дојде се доверливи и може да се дадат на располагање само на службени лица ангажирани за постапките за заштита на ученикот од насилство.

Активностите треба истовремено да бидат насочени и кон ученикот кој покажува насилно однесување и кон учениците кои се пасивни набљудувачи.

Мерки и активности се превземаат за сите нивоа на насилство и занемарување. План за заштита се прави за конкретната ситуација од второто и третото ниво за сите учесници во насилството.

Планот за заштита содржи активности насочени кон:

- промена на однесувањето – зголемена воспитна работа,
- работа со родителите, работа со одделенската заедница,
- вклучување на заедницата на ученици и Советот на родители, а по потреба и Училишниот одбор;
- носителите на активностите,
- временската динамика,
- начините за вклучување на сите учесници во насилството во заедницата.

Доколку е неопходна комуникација со медиумите, одговорен е директорот.

Ефектите од пrezемените мерки и активности ги следат одделенскиот раководител, Тимот за заштита, стручната служба заради проверка на успешноста од презsmените заштитни мерки и вреднување на постапките и процедурите кои се применети во однос на сите учесници во насилството и понатамошното планирање на заштитата.

Не треба да се очекува дека при првиот разговор учениците,а особено жртвата,ќе ги соопшти сите детали во врска со насилството што го доживеале.Затоа контакт-лицето и другите вработени треба да бидат трпеливи а разговорите да продолжат се додека има потреба.

## Документација, анализа, известување

Секој акт на насилство мора да се евидентира согласно договорениот начин на евидентирање во училиштето.

Евиденцијата за случаите на насилство ја води одделенскиот раководител (раководителот на паралелката) и Тимот доколку се вклучи во интервенцијата.

Контакт-лицето е должно да го евидентира секој случај на насилство над ученик во соодветни формулари и табели.Формуларите се чуваат во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Во нив се запишува: што се случило, кои се учесниците, како е пријавено насилството, какви се последиците, што се презело, на кој начин се вклучени родителите, одделенскиот раководител,

стручната служба, други стручни лица, како и начинот на кој ќе се следи ситуацијата.
Сите службени белешки во врска со насилството ги води, чува и анализираат стручната служба.
Тимот за заштита поднесува извештај два пати годишно, а Директорот ги известува Советот на родители и Училишниот одбор.
Извештајот за реализацијата на програмата за заштита на учениците од насилство, злоупотреба и занемарување е составен дел од полугодишниот и годишниот извештај за работата на Училиштето.

## СУГЕСТИИ ЗА РАЗГОВОР СО УЧЕНИЦИТЕ

### Насоки за разговор:

-Трпеливо и внимателно слушајте ги учесниците, вклучувајќи ги и набљудувачите
-Вниманието насочете го кон конкретната постапка и однесување
-Без судење, намалување или зголемување на значењето, согледајте ја ситуацијата
-Внимателно слушајте што ви кажуваат учениците, не само оние кои трпат насилство, туку и оние кои се набљудувачи
-Не интерпретирајте, не менувајте, не толкувајте!!!
-Користете речник кој учениците го користат кога зборуваат за насилство, злоупотреба и занемарување
-Не подразбирајте, не претпоставувајте, прашувајте, а не да тврдите
- Проверете дали точно, веродостојно сте разбрале што ви кажува ученикот
-Разговарајте смирено, не реагирајте со шок, неверување
-Покажете дека верувате во тоа што го кажува ученикот за да го охрабрите да ви каже што повеќе
-Не ветувајте дека веднаш се ќе биде во ред, тоа не е реално
-Кажете што планирате да направите - Кажете дека ќе направите се што можете да помогнете
-Не ја префрлајте одговорноста за реагирање на друг, секој има обврска да помогне она што е во негова надлежност.

**Последици од насилното однесување се:**
•Физички – модринки, грбнатини, посекотини, оштетени алишта и сл.
•Емоционални – повлеченост, незадоволство, одбивање да оди во училиште, одбивање да зборува за проблеми, немир, агресивност
•Здравствени- губење на апетитот, болки во стомакот, главоболки, ноќно мокрење
•Образовни: проблеми со концентрација, отсуствување од школо.

**Политиката за намалување на насилството** во ООУ „Браќа Миладиновци“– Царев Двор, Ресен, се однесува на превентивни- интервентни активности.

### Безбедност во училиштето

Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме колку што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишназграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има

лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено План за заштита и спасување кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Во училишната зграда еистакнат план за евакуација со обележан правец на движење во случај на елементарни непогоди.

**Позитивна социо - емоционална клима**

За да се обезбеди почитување на личноста на ученикот, развивање на меѓусебна доверба, еднаквост и достапност наинформации за сите, планирана е програма за работа со ранлива група на ученици кои се претходно детектирани од одделенскиот раководител и стручната служба, а во соработка со родителите. Во оваа група спаѓаат ученици кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот).

Стручната служба во училиштето (вклучително и општинскиот дефектолог) планираат реализација на работилници и индивидуални разговори со учениците и со родителите на ранливата група на ученици. За подобрување на социо-емоционалната клима, исто така се планираат реализација на интерни обуки во соработка со БРО, Центарот за социјална работа и високообразовните институции за поддршка на наставниците при планирање и реализација на горенаведените содржини.

Одговорни наставници: Љубица Мицановска-социолог, Катерина Секуловска-психолог, Дивна Поповска-наставник, Санте Марковска-наставник

## 16.Оценување

### 16.1.Видови оценување и календар на оценувањето

Учениците се оценуваат според стандардите за оценување дадени од БРО и МОН. Учениците се оценуваат описно и нумерички според три развојни периоди: учениците од I до III одделение се оценуваат описно, учениците од IV до VI одделение се оценуваат описно и нумерички и учениците од VII до IX одделение се оценуваат нумерички. Поради оптовареноста на учениците со писмено оценување, училиштето оваа учебна година ќе изготви план за писмено оценување во кој при планирањето ќе се води сметка дневно да се реализира најмногу едно, а седмично најмногу 2 писмени работи. Секој наставник води досие за ученици и професионално досие на наставник. Досието за ученици содржи ученички изработки со цел перманентно следење на учениците и формирање објективна оценка. Професионалното досие на наставникот содржи дел од изработките на учениците, планирањата и превземените активности за реализација на редовната настава и вонnаставните активности.

| Вид | Извршители | Контрола |
|---|---|---|
| Главна книга | Наставници | Директор |
| Дневник на паралелката I-III | Наставници | Директор |

| | | |
|---|---|---|
| Дневник на паралелката IV-IX | Наставници | Директор |
| Евидентен лист за постигнувањата на учениците | Наставници | Директор |
| Ученичка легитимација | Наставници | Директор |
| Свидетелства | Наставници | Директор |
| Преведница | Наставници | Директор |

## 16.2.Тим за следење, анализа и поддршка

***Тимот за следење, анализа и поддршка на оценувањето*** е составен од директор, психолог и социолог и претседатели на стручните активи. Тимот ја следи и проверува усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди, изготвува процедура за поплаки и жалби по добиени оцени на ученици. Имплементирањето на стандардите за оценување ќе се стимулира преку реализирање активности од програмите на стручните активи и континуирано следење на новитетите од БРО. Формативното и сумативното оценување се планираат и реализираат во текот на наставата преку редовно следење и вреднување на постигањата на учениците, прибирање показатели за нивните активности, ангажирање на учениците, посветеност во работата како и тимската работа.

- Програма за увид во педагошката евиденција и документација

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| План за писмено оценување | Септември | Наставници и стручна служба | Документ | Намалена оптеретеност на учениците при реализаци јата на писменит е работи |
| Процедура за поплаки и жалби за добиени оцени | Септември, октомври | Наставници и стручна служба | Документ | Транспарент ност при оценува њето |
| Планирање на тестови и писмени работи | Септември | Наставници и стручна служба | Дискусија, договор | Успешна реализација на писмени проверки на постигањата на учениците; повисок успех на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Составување на објективни тест прашања; изготвување бодовна скала; формирање оцена | Октомври | Одговорни наставници | Презентација, работилница, дискусија | Правилно поставување на објективни тест прашања и соодветно бодирање и оценување |
| Анализа на применетите објективни тестови | Септември-Јуни | Одговорни наставници | Презентација, дискусија | Поуспешна изработка и примена на објективни тестови |
| Насоки за доставување на примероци од оценување во наставничките портфолија | Септември-Јуни | Педагогот на училиштето | Дискусија, договор | Успешна изработка на наставнички портфолија |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | Јануари, Февруари | Директор на училиште, стручна служба и наставници | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |
| Вреднување на ученици со потешкотии во учењето | Септември-Јуни | Стручна служба и наставници | Презентација и дискусија | Поголема мотивираност и повисок успех на ученици со потешкотии во учењето |
| Анализа на применетите објективни тестови | Мај | Наставничкиот совет, директор, стручна служба | Презентација и дискусија | Поуспешна изработна на објективни тестови |
| Анализа на годишниот успех на учениците | Јуни | Наставнички совет, директор, стручна служба | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |

## 16.3.Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар

| Активности | Носители на активности | Ресурси | Инструменти | Временска рамка | Очекувани резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за подршка на планирањето за посета на часови | -директор<br>-стручни соработници<br>-наставници | Анализа на состојбата<br>-Распоред на часови - Стручни материјали<br>-Извештај од посетени часови | Прашалник за наставниците | Септември | - Увид во реализација на наставата |
| Следење на реализацијата на наставата преку посета на часови | -директор<br>-стручни соработници | -Следење на планирањата на наставниците<br>-Дневна подготовка на наставниците | -Инструмент за евалуација на часот | Во текот на годината | -Подобар квалитет при реализација на часовите<br>-Користење современи приоди во наставата |
| Евалуација | -директор<br>-стручни соработници<br>-наставници | -Програми и подготовки на наставниците | - Прашалник за наставниците<br>-Обработка на податоците од увид на часовите – пополнети инструмент | Јуни | -Зголеменост на ефикасноста на наставата |

## 16.4.Самоевалуација на училиштето

| Планирана програмска активност | Време на реализ ација | Реализатор | Методи и постапки за реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Формирање комисија за спроведување на самоевалуација | Август | Директор Училишен одбор | Анализа и дискусија | Формирана комисија |
| Формирање на тимови | Август | Директор | Анализа и дискусија | Успешно спроведена самоевалуација |
| Определување на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуацијата | Септември | Координаторите на тимот и -тимот за самоевалуација | Користење на соодветни методи, техники и инструменти за вршење на самоевалуација -та | Добивање на валидни показатели за работењето на училиштето |
| Прибирање и анализа од сите седум области | Септември | Тимовите од сите седум области | Анкети, разговор, разменување мислења | Согледување на состојбите |
| Изготвување на извештај за извршената самоевалуација | Октомври | Училишна комисија за спроведената самоевалуација | Предлог мерки | Согледување на состојбите |
| Усвојување на самоевалуа цијата | Ноември | Наставнички совет Училишен одбор | Анализа и дискусија | Надминување на слабите страни |

## 17.Безбедност во училиштето

ООУ “Браќа Миладиновци“ Царев Двор (централно училиште) се наоѓа во с. Царев Двор, со пристапен влез и од страна на регионалниот пат за Отешево и од западната страна на училиштето. Пристапноста е добра во двата правци (асфалтен пат) кои овозможуваат пристап не само на пешаци, туку и на друга / механизација..

Училиштето има изработно ***План за заштита и спасување*** кое предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди. Наставата се изведува во една смена со почеток во 8 часот до 14 часот. Во оваа зграда на вториот кат се наоѓаат наставничката канцеларија, канцаларијата на директорот, секретарот, социолог и помошниот персонал. Исто така, во овој дел, во приземјето е сместена просторијата за дрва и санитарниот чвор

Објектите на училиштето попладне и навечер не се физички обезбедени, нема чуварска служба.

**ЦЕЛИ:**

- Изготвување на ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди.
- Обука на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода.
- Избегнување и намалување на бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените.
- Активности за реализација на целите:

| Планирана програмска Активност | Цел на активноста | Реализатор | Време на реализација | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Донесување и усвојување на програма за активностите на тимот за планирање | Доделување на задолженија на членовите на тимот | Тим за планирање | Септември | Успешна реализација на програмата и размена на искуства. |
| Тестирање на знак ѕвоно потсетување на учениците на часот на ЖВ | Оспособување на учениците за препознавање на знаците за опасност | Тим за планирање | Октомври | Препознавање на знак и брза реакција во случај на елементарни непогоди |
| Вежбовна активност - евакуација одделенска настава | Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната зграда | Тим за планирање, вработени и ученици | Ноември | Навремено напуштање на училишната зграда |
| Вежбовна активност на тимот за прва медицинска помош | Оспособување на тимот за снаоѓање во вонредна ситуација. | Тим за планирање и тим за прва медицинска помош | Одделенска-Декември<br>Предметна-Февруари | Правилна и брза реакција на тимот за прва помош во случај на елементарна незгода |
| Вежбовна активност - евакуација предметна настава | Оспособување на тимот за навремено напуштање на училишната | Тим за планирање, вработени и ученици | Април | Навремено напуштање на училишната зграда |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | зграда | | | |

## 18.Грижа за здравјето

### 18.1.Хигиена во училиштето

**Одговорни лица за хигиената во училиштето:**
1.Јуксел Јашар - хигиеничар
2.Сузана Андоновска- хигиеничар
3.Аница Бојчевска- хигиеничар
4.Благородна Наковска- хигиеничар
5.Розита Костовска- хигиеничар
6.Весна Дивјаковска- хигиеничар
7.Горан Илиевски- хигиеничар
8.Сите наставници и ученици ќе бидат одговорни за хигиената во училиштето

### 18.2.Систематски прегледи

Одделни содржини што се поврзани со здравјето на учениците се опфатени со наставните програми, а особено во наставната програма за физичко и здраствено образование, природа, биологија и хемија, како и во некои форми на слободни ученички активности. Одговорни наставници се класните раководители.

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатори | Форма | За кого или пред кого е реализирана | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Систематски преглед | Октомври | Амбуланта | Фронтална | 1 одделение | Мерки за заштита и превенција навремено откривање на евентуални болести и аномалии Систематски преглед |
| Систематски преглед | Октомври | Амбуланта | Фронтална | 3 одделение | |
| Систематски преглед | Ноември | Амбуланта | Фронтална | 5 одделение | |
| Систематски преглед | Декември | Амбуланта | Фронтална | 7 одделение | |

## 18.3.Вакцинирање

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатори | Форма | За кого или пред кого е реализиран а | Очекувани цели и ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Осигурување на учениците | Септември | Училиште | Групна | 1 - 9 одделение | Надомест при евентуални повреди |
| Недела на борба против туберколоза | Септември | Наставник | Фронтална | 1 - 9 одделение | Мерки за заштита и превенција |
| Вакцина-Rubeola | Септември | Амбуланта | Групна | 9 одделение, девојчиња | Заштита и превенција |
| Систематски преглед | Октомври | Амбуланта | Фронтална | 1 одделение | Мерки за заштита и превенција навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Одржување на хигиената во домот и училиштето | Октомври | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Подобрување на хигиената во домот и училиштето |
| Предавање на тема – жолтицата заразна болест и заштита | Октомври | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Како да се заштитиме од жолтицата, мерки и заштита |
| Систематски преглед | Октомври | Амбуланта | Фронтална | 3 одделение | Мерки за заштита и превенција навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Манту тест –вакцина | Октомври | Амбуланта | Групна | 8 одделение | Заштита и превенција |
| Умерена и разновидна исхрана – важна за здравјето на учениците | Октомври | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Колку е важна разновидната исхрана и како да ја подобриме |
| Учество на кошаркарски и фудбалски | Октомври | Наставник | Групна | 8-9 одделение | Развој на натпреварувачкио т дух кај |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| натпревари | | | | | учениците |
| Пушењето, алкохолот и дрогата се штетни по здравјето | Ноември | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Заштита и превенција, оттргнување на учениците од овие пороци |
| Систематски преглед | Ноември | Амбуланта | Фронтална | 5 одделение | Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| 1 Декември – Светски ден на борба против сидата | Декември | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Едукација за болеста, како да се заштитиме од оваа болест |
| Витамините – дополнителни и заштитни материи по човековото здравје | Декември | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Подобрување на здравјето на учениците преку внесување на витамините во исхраната |
| Систематски преглед | Декември | Амбуланта | Фронтална | 7 одделение | Мерки за заштита и превенција, навремено откривање на евентуални болести и аномалии |
| Безбедност и прва помош | Февруари | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Поголема безбедност за учениците во секакви ситуации и помош на лицата на кои им е потребна |
| Недела на борба против срцевите заболувања 21-28.02 | Февруари | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Превенција и заштита |
| Недела на борба против ракот 01-08.03 | Март | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Превенција и заштита |
| Чиста и здрава околина, работна акција | Март | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Подигање на еколошката свест кај учениците |
| Ден на екологијата | Март | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Чистење на училишниот двор |
| Одбележување на 24 Март ден на борба против туберколоза | Март | Училиште | Фронтална | 1-9 одделение | Како да се заштитиме и одбраниме од оваа |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | болест |
| Одбележување на 7 Април Светскиот ден на здравјето | Април | Наставник | Фронтална | 1-9 одделение | Како да го чуваме и негуваме здравјето на учениците |
| Учество на еколошкиот хепенинг по повод Денот на планетата Земја - 22Април | Април | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Како да ја сочуваме и да се грижиме за чистата животна средина |
| Никотинот алкохолот и дрогата се штетни за човечкиот организам | Април | Училиште | Фронтална | 1-9 одделение | Мерки за превенција и заштита од овие пороци |
| Проверка на БСЖ вакцината | Мај | Амбуланта | Групна | 9 одделение | Успешност на претходно извршена вакцина |
| Еднодневна екскурзија од наставно научен карактер | Мај | Училиште | Групна | 1-9 одделение | Запознавање на учениците со културно-историс ките споменици развој на другарството и социјализација |
| Учество на кошаркарски и фудбалски натпревари | Мај | Наставник | Групна | 8-9 одделение | Развој на натпреварувачкио т дух кај учениците |
| Ден на борба против пушењето 31.05 | Мај | Училиште | Фронтална | 1-9 одделение | Мерки за превенција и заштита од пушењето |
| Тродневна екскурзија од наставнонаучен карактер | Мај | Училиште | Групна | 6-9 одделение | Запознавање со татковината развој на колективниот дух и другарство |

## 18.4.Едукација за здрава исхрана-оброк во училиштата

За реализација на овој дел од грижа за здравјето на учениците, училиштето организира едукативни предавања и настани за здрава храна. Едукацијата на учениците има за цел да ја подигне свеста за консумирање здрава храна и формирање навики за правилен развој. Наставниците во своите планирања интегрираат содржини за здрава храна и ги реализираат на одделенските часови, редовните часови и воннаставни активности.

## 19.Училишна клима

### 19.1.Дисциплина

Во училиштето постои правилник и куќен ред за подобрување на училишната дисциплина според кој се придржуваат учениците и вработените.

Постои изготвен распоред за дежурни наставници кои го контролираат редот и дисциплината во училиштето и училишниот двор и се води писмена евиденција за тековните случувања.

### 19.2.Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

За подобар изглед на училиштето при одбележувањето на значајните датуми, учениците се вклучуваат во украсувањето на училишните простори со свои уметнички дела и со ракотворби, со што покрај добро украсените простории кај децата се развиваат психомоторните активности и чувството за естетика и разубавување., со однапред предвидени содржини и цели преку најразлични форми и време на изработка на истите, со пригодни материјали за украсување со цел добивање на очекувани позитивни естетски ефекти.

### 19.3.Етички кодекси

Правилници за однесување на учениците, наставниците и родителите

- Да одржуваат ред и мир во училиштето, ходниците, училниците и во училишниот двор.
- Во училиштето да доаѓаат редовно и навреме.
- Да не изостануваат од наставата освен во оправдани случаи.
- Изостаноците треба да се оправдаат од родител или со лекарска белешка.
- Да ги почитуваaат и поздравуваaат наставниците и повозрасните.
- Да бидат внимателни и активни на часовите.
- Редовно да ги извршуваат училишните обврски.
- Да бараат да бидат јавно оценувани и секогаш да ги знаат резултатите од својот труд.
- Да учествуваат активно во секциите за слободни ученички активности кои ќе ги задоволат желбите и интересите.
- Редовно да ја одржуваат личната хигиена и да се грижат за зачувување на хигиената на училиштето.
- Да го чуваат училишниот инвентар
- Своето мислење и предлози со кои заеднички ќе го подобриме престојот во училиштето, да ги достават на надлежните во училиштето.
- Да ги почитуваат барањата и договорените процедури во врска со оценувањето и да се информираат за последиците од нивното непочитување
- Да не поставуваат неприфатливи барања во врска со оценувањето на нивните постигања
- Да ги почитуваат советите на наставниците поврзани со оценувањето и учењето

Правилник за однесување на наставниците во училиштето

•Да бидат непристрасни, објективни позитивни отворени и подготвени да им дадат поддршка и помош на учениците во процесот на оценување
•Со своето однесување во процесот на оценувањето да промовираат високи морални вредности и да бидат пример за учениците
•Да ја избегнуваат секоја ситуација што може да претставува конфликт на интереси, непристрасно и непринципиелно однесување во прцесот на оценување
•Да одбијат секаков вид на инттервенција или поткуп понуден со цел да дадат оценка различна од заслужената

•Да се спротивставаат на неетичкото однесување на други субјекти во оценувањето (ученици, родители, колеги)
•Во процесот на оценувањето да ја почитуваат личноста на ученикот и на неговите родители
•Да водат грижа за приватноста на ученикот и сознанијата за неговото учење да не ги споделуваат со лица кои не се дел од процесот на наставата
•Да соработуваат со колегите со цел да се подобри оценувањето при оценувањето да не прават дискриминација на учениците по која било основа/национална, верска, полова, расна, социјална и сл..
Правилник за однесување на родители во училиштето
•Да го поддржуваат учењето на своите деца преку залагање за фер оценување
•Да се воздржат од активности кои неоправдано би ги довеле нивните деца во повластена положба во оценувањето во однос на другитедеца
•Да ги почитуваат професионалните одлуки и совети на наставниците во врска со оценувањето на нивните деца
•Кај своите деца - ученици да поттикнуваа чесен и фер однос и со своето однесување во врска со оценуавањето на постигањата на учениците да им бидат пример за тоа
•Кај своите деца да ги препознаваат и спречуваат евентуалните обиди со недозволени постапки

## 19.4.Односи меѓу сите структури во училиштето

Училиштето во рамките на дебатите на училишниот парламент ги анализира критичките точки во комуникација помеѓу ученици- наставници. Оваа учебна година училиштето треба да формира Тим од ученици, наставници и родители кои ќе имаат задача да направат анализа на критичките точки во комуникацијата помеѓу одредени структури во училиштето (ученици-наставници- родители- директор-помошник дитектор-стручна служба-технички кадар). Во учебната година се планира реализација на заеднички состаноци – работилници, дебати на кои ќе се разгледуваат можните слабости на комуникацијата и воедно се предлагаат нови начини на комуницирање. Со цел подигнување на меѓусебната соработка и доверба се планира реализација на заеднички прослави на верски празници, заеднички посети или излети, соработка со родителите, соработка со НВО и Здруженија за поддршка на родители со деца со посебни образовни потреби за успешно интегрирање на сите ученици и обезбедување поддршка на родителите. Една од задачите на која ќе се посветиме во наредната учебна година е реализација на едукативни работилници со Совет на родители на кои интерактивно ќе се разработуваат теми: Надминување на стереотипи и предрасуди, и Спречување на конфликти со чија помош родителите ќе се вклучат во поттикнување на меѓусебната соработка.

## 20.Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### 20.1.Детектирање на потребите и приоритетите

Во интерес на унапредување на професионалниот развој на образовниот кадар во нашето училиште извршена е анкета на вработените за нивните потреби за професионален развој (посета од обуки и семинари). Од извршеното анкетирање на наставниците се добиени следните податоци: Обуки за индивидуална работа и помош на ученици со ПОП, Обуки за работа со талентирани деца, Обуки поврзани со музичко образование, Обуки за користење одредени компјутерски програми, Обука за менаџирање на конфликти.

### 20.2.Активности за професионален развој

| Потребни обуки - теми | Број на наставници |
|---|---|
| **Обуки за индивидуална работа и помош на ученици со ПОП** | |
| **Обуки за работа со талентирани деца** | |
| **Обуки поврзани со музичко образование** | |
| **Обуки за користење одредени компјутерски програми** | |
| **Обука за менаџирање на конфликти** | |

### 20.3.Личен професионален развој

| Компетенции | Тема, опсервација | Активности и форми на професионален развој | Очекувани исходи | Вид на професионален развој | Потребни ресурси | Носител на активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Воведување, следење, активно усвојување, актуелни, современи,иновативни, професионални знаењ , концепти | -Слушањето музика, потик за оптимална клима во одделението<br>-Карактеристики на успешна, квалитетна настава<br>-Интерактивен пристап во наставата како едукативна подршка на ученикот<br>-Развој на социјални способности кај ученикот<br>-Примена на креативни вештини за | Заедничко учење, консултации, индивидуално проучување на стручни извори | Усвоени, автоматизирани, професионални знаења, вредности за примена на наставата, нејзино унапредување | Индивидуален професионален развој во училиштето | Стручна литература, учебници | Тимот на професионален развој | Континуирано |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | развој на креативноста кај ученикот | | | | | | |
| Подготовка на процесионалниот тек на изработка на самоевалуацијата | Аналитичко проучување на секое подрачје од самоевалуацијата | Заедничко учење , соработка меѓу наставниот кадар | Успешна изработка на документот | Индивидуален и групен во рамките на училиштето | Педагошки докуме, стручна литература, емпириски инструменти | Севкупниот наставен кадар | Септември, Октомври 2022 |
| Иницирање на компетентното функционирање на работата на стручните активи од 1 до 9 одд | Интеративна размена на добри практики меѓу наставниците од различни наставни предмети и одделенија | Заедничко учење, дискусии, консултации, индивидуален пристап | Потикнување на стручната креативност на наставниот кадар | Интернет во училиштето | Стручна литература, учебници , работни листови, интернет | Тимот н а професионален развој | Во текот на годината |
| Создавање на копетентноста на актуелната образовна технологија во наставниот процес | Процесен, апликативен текст на апликациите на образовната технологија | Фреквентна апликација на образовната технологија | Вешто користење на иновативните трендови на образовната технологија | Индивидуален и групен приистап | Интернет стручна литература | Севкупен наставен кадар | Во текот на годината |
| Емпириско истражување на педагошките проблеми | Испитување на ставови на наставниците и стручните соработници за потреба и примена на професионалниот развој на наставниците и стручните соработници | Индивидуален пристап | Стручна вештина за објективната процена на содржината на истражувањето | Индивидуален проф развој во училиштето | Стручна литература, Инструмент за истражување | Тим на професионален развој | Март |
| Развивање на ефективна соработка со советот на родители | Презентирање професионални искуства за позитивен развој на учениците | Заедничко учење , дискусии, индивидуален пристап | Примена на стекнатите знаења за иницирање за соработка со родители | Интернет во училиште | Стручна литература, ученички портфолија | Тимот на професионален развој | Во текот на годината |

## 20.4.Хоризонтално учење

Се планираат различни видови на организирање и пренесување на знаења или размена на професионалното искуство преку професионалните активи, организирање на отворени часови, работилници. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности, носители на тие активности, време на реализација, очекувани исходи, начин на следење, критериуми за успех.

## 20.5.Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

-план за подршка на воспитно образовниот кадар за кариерно напредување

| Компетенции | Тема, опсервација | Активности и форми на професионален развој | Очекувани исходи | Вид на професионален развој | Потребни ресурси | Носител на активности | Време на реализација |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Воведување, следење, активно усвојување, актуелни, современи, иновативни, професионални знаења, концепти | -Слушањето музика поттик за оптимална клима во одделението<br>-Карактеристики на успешна квалитетна настава ( I, II и III дел)<br>-Интерактивен пристап во наставата како едукативна поддршка на ученикот<br>-Развој на социјалните способности кај Ученикот<br>--Примена на креативни вештини за развој на креативноста кај ученикот<br>-Слушањето музика поттик за оптимална клима во одделението<br>-Карактеристики на успешна квалитетна настава ( I, II и III дел)<br>-Интерактивен пристап во наставата како едукативна поддршка на ученикот<br>-Развој на социјалните способности кај | Заедничко учење, консултации, индивидуално проучување на, стручни извори | Усвоени, автоматизирани, професионални знаења, вредности за примена во наставата, нејзино унапредување | Индивидуален во училиште | Стручна литература, учебници | Тимот на професионален развој | Континуирано |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ученикот<br>-Примена на креативни вештини за развој на креативноста кај ученикот | | | | | | |
| Подготовка на процесионалниот тек на изработката на Самоевалуацијата | Аналитичко проучување на секое подрачје од самоевалуацијата | Заедничко учење, соработка меѓу наставниот кадар | Успешна изработ ка на докумен тот | Индивидуален и групен во рамките на училиштето | Педагошки документи, ЗОО, стручна литература, емпириски инструменти | Севкупниот наставен кадар | Септември, октомвр |
| Иницирање на компетентното функционирање на работата на стручните активи од I – IX одделение | Интерактив на размена на добри практики меѓу наставниците од различни наставни предмети и одделенија | Заедничко учење, дискусии, консултации, индивидуален пристап | Поттикнување на стручната креактивност на наставниот кадар | Интерен во училиштето | Стручна литература, учебници, Работни листови, интернет | Тимот на професиона лен развој | Во текот на годината |
| Сознавање на компетентноста на актуелната образовна технологија во наставниот процес | Процесен апликативен тек на импликациите на образовната технологија | Фрекфентна импликација на образовната технологија | Вешто користење на иновативните трендови на образовната технологија | Индивидуален и групен пристап | Интернет, стручна литература | Севкупен наставен кадар | Во текот на годината |
Тимот ги осмислува и спроведува активностите на ниво на цело училиште и воедно да бидат усогласени и променувани во воспитно-образовната работа.

## 8.14 Туторска подршка на учениците

Во ООУ ”Славејко Арсов”- с.Подмочани се реализира Програмата за обезбедување туторство на ученици од основното образование.Со оваа Програма се уредува обезбедување туторство на ученици преку овозможување на пристап до бесплатни дополнителни часови за учениците запишани во шесто, седмо, осмо и деветото одделение во основното образование.

Со оваа програма се овозможува студентите да развијат вештини за подучување на ученици, а учениците истовремено имаат можност за бесплатно и интерактивно подучување согласно своите индивидуални потреби.

Како тутор/волонтер се смета редовен студент кој доброволно подучува ученици од шесто, седмо, осмо и девеето одделение од основното образование.

За да учествува во Програмата, потребно е студентот да ги исполнува следниве критериуми:

- да е редовен студент,
- да има просек од оценката/оценките од минимум осум по предметот/предметите за кои аплицирал за Програмата:
- со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност

Учесници во Програмата се:

Тутор/волонтер - редовен студент кој ги исполнува критериумите за избор на тутор/волонтер пропишани во оваа програмата и доброволно подучува ученици од шесто, седмо, осмо и деветто одделение од основното образование;

Ученици од основното образование запишани во шесто, седмо, осмо и деветто одделение и

Родители/старатели на ученици во основното образование.

Начинот на пријавување и избор на тутори се врши на следниов начин:

Студентот се пријавува за тутор/волонтер преку веб апликацијата за обезбедување на туторство на Министерството за образование и наука и своите услуги ги нуди на учениците запишани во шесто, седмо, осмо и девето одделение во основнотото образование

Потребни документи за пријавување се:

- Потврда дека во моментот на аплицирањето е редовен студент, издадена од факултетот на кој студентот студира;
- Доказ дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност и
- Препорака/и од професор/професори (образец-ПОТ1 објавен на веб апликацијата за туторство на Министерството за образование и наука за подучување на ученици) со успехот/оценката од предметот/предметите, за кои студентот-тутор/волонтер сака да подучува ученици. од основното образование.

Изборот се врши преку Комисијата за избор на тутори/волонтери, која:

- Ја проверува приложената документација на студентите кои аплицирале за програмата за обезбедување на туторство ;
- Врши интервју со студентите кои аплицирале за програмата за обезбедување на туторство и

Проценува дали пријавениот студент има потенцијал, знаење и комуникациски способности неопходни за подучување и туторство на ученици.

Комисијата за избор на тутори/волонтери ја сочинуваат:

- два претставника од Министерство за образование и наука (Сектор за основно и средно образование образование и Одделение за ученички и студентски стандард);
- еден претставник од Бирото за развој на образованието;
- еден наставник од основно образование;
- еден наставник од средно образование;
- еден универзитетски професор и
- еден психолог:

Студентите-тутори / волонтери кои ќе ги ги исполнат критериумите за учество во програмата ќе бидат повикани на интервју со Комисијата.

Порталот/веб апликацијата за туторство содржи дата база на одбраните студенти - тутори од која родителите/старателите на учениците имаат можност да изберат кандидати за подучување на своите деца, по наставните предмети за кои сметаат дека со туторство нивните деца може да остварат повисоки резултати во учењето.

Студентот кој сака да подучува ученици, потребно е да се регистрира како тутор/волонтер на веб апликацијата за обезбедување на туторство.

**ВРЕМЕНСКА РАМКА**

| АКТИВНОСТ | 1-30 октомври | 31-октомври 9-ноември | 11-17 ноември | 18-25 ноември | 26 ноември -10 јуни |
|---|---|---|---|---|---|
| Аплицирање од страна на студентите | | | | | |
| Проверка на приложената документација од страна на комисијата | | | | | |
| Интервју на туторите од страна на комисијата | | | | | |
| Избор на тутор од страна на родителите | | | | | |
| Оддржување на часови | | | | | |

Студентот-тутор/волонтер:

- одбира предмет/предмети по кои сака да подучува запишани во шесто, седмо, осмо и девето одделение во основното образование ;
- прифаќа или одбива кој ученик ќе го подучува ;
- во договор со ученикот и неговиот родител/старател одлучува заеднички за термините на одржување на часовите за подучување;
- подучува најмногу по четири предмети, односно подучува најмногу четири ученици по еден предмет;
- оддржува најмалку еден училишен час седмично (за секој предмет за кој се согласил да подучува) во текот на периодот утврден со временската рамка за спроведување на активностите од оваа Програма;
- да ги оддржува часовите во домот на ученикот под надзор на неговиот родител/родители, односно старател;

- професионално, совесно и чесно да ги оддржува часовите на ученикот/учениците за кои претходно се обврзал и
- дава поддршка и го поттикнува ученикот на дијалог соодветен на неговата возраст.

Родителот /Старателот :

- одбира тутор/волонтер од порталот/веб апликацијата за туторство на Министерството за образование и наука за предметот/предметите за кои неговото дете има потреба од дополнителни часови;
- во договор со туторот/волонтер одлучува заеднички за термините на одржување на часовите за подучување;
- обезбедува услови во својот дом за оддржување на часовите од страна на туторот/волонтер;
- врши надзор над ученикот и туторот во времето на спроведување на подучувањето од страна на туторот/волонтер и
- го потврдува бројот на одржани часови преку апликацијата за туторство или е-дневник, по завршување на часовите утврдено според временската рамка од оваа Програма.

### 8.15 План на образовниот медијатор

За учениците Роми кои потекнуваат од социјално загрозени семејства или е подолго време надвор од образовниот систем, може да се ангажираат образовни медијатори. Училиштето нема вакви случаеви.

## 9. Воннаставни активности

### 9.1Училишни спортски клубови

Во рамките на нашето училиште постојат неколку спортски екипи кои години station наназад учествуваат во општинските училишни лиги во општина Ресен. Во учебната 2023/2024 година во нашето училиште ќе работат следните спортски екипи: екипа во фудбал ( машки), екипа во одбојка , редовно учествуваме на атлетски натпревари, Кросеви- Пролетен-Есенски, шаховските натпревари, игрите без граници.

Подготовките и тренинзите ќе се одвиваат континуирано во текот на целата учебна година, во зависност од распоредот од општината и дополнителните активности во соработка со другите училишта од општина Ресен и партнер училиштето од проектот МИО.

Учениците кои ќе земат учество во спортските екипи се селектирани и водени од наставниците по физичко и здравствено образование и одделенските наставници.

Освен училишните спортски екипи и поединци, забележителни резултати постигнуваат и нашите спортисти кои се натпреваруваат во поединечните спортови.

| **Планирана активност** | **Цели** | **Форма на активност а** | **Време** | **Услови за работа** | **Очекувања** |
|---|---|---|---|---|---|
| Формирање на училишна фудбалска екипа | Совладување на основни фудбалски елементи и примена во игра | Училишни тренинзи | Септември-Мај | Училишна спортска сала и училишен спортски полигон | Развој и популаризација на фудбалот во училиштето,како и постигнување на добри резултати на натпревари |
| Формирање на училишна одбојкарска екипа | Совладување на основни одбојкарски елементи и примена во игра | Училишни тренинзи | Септември-Мај | Училишна спортска сала и училишен спортски полигон | Развој и популаризација на одбојката во училиштето,како и постигнување на добри резултати на натпревари |
| Формирање на училишна екипа за Пинг-понг | Совладување на основни елементи за пинг понг и примена во игра | Училишни тренинзи | Септември-Мај | Училишна спортска сала и училиштен спортски полигон | Развој и популаризација на пинг понг во училиштето,како и постигнување на добри резултати на натпревари |

## 9.2Секции / клубови

Низ слободните ученички активности се создаваат претпоставки за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способностите на учениците.

Според карактерот и содржината на работа, слободните ученички активности се застапени како:

- Слободни активности за проширување и продлабочување на знаењата и способностите на учениците
- Културно-уметнички активности
- Слободни технички активности
- Спортски активности

Преку слободните ученички активности се постигнуваат значајни воспитно-образовни резултати. Задачите на слободните ученички активности се:

- Да се поттикнува и негува детската љубопитност, сознајните способности и креативноста на учениците
- Учениците да се воведуваат во задачи кои бараат поголема самостојност во нивното извршување
- Да се негува доследност и истрајност во извршување на ученичките обврски
- Да се создаваат навики кај учениците за правилно и рационално користење на слободното време
- Слободни ученички активности се реализираат на наставни часови предвидени со распоредот на часови.

Учесниците од слободната активност сочинуваат една група,секција или клуб и тоа:

| **Ученички секции во предметна настава во ООУ „Славејко Арсов“ с. Подмочани** | | |
|---|---|---|
| **Бр.** | **Секции** | **Одговорен наставник:** |
| **1.** | Музичка секција | Беџет Ајредини |
| **2.** | Спортска секција | Таше Веслиевски<br>Бобан Ристовски |
| **3.** | Француска секција | Ленче Нечовски |
| **4.** | Англиска секција | Владимир Ристевски<br>Адриана Мурати<br>Даниела Ангеловска<br>Стојмирка Јончевска |
| **5.** | Драмска и рецитаторска секција | Хрисула Стерјовска<br>Бујаре Сабриу<br>Стојмирка Јончевска |
| **6.** | Историско-географска секција | Весела Камбуровска<br>Весељ Јусуфи |
| **7.** | Секција на Млади физичари и математичари | Бети Гошевска<br>Дрита Абдиу |
| **8.** | Еколошка секција | Сузи Симоновска<br>Шпреса Оџа |

| Ученички секции во одделенска настава во ОУ „Славејко Арсов“ с. Подмочани – Ресен | | | |
|---|---|---|---|
| **Бр.** | **Секции** | | **Одговорен наставник:** |
| **1.** | Драмско -рецитаторска секција | | Сузана Мицалевска<br>Наташа Ј.Мицевска<br>Себаедин Мерџановски<br>Беснике Медини<br>Замира Зејнели |
| **2.** | Ликовна и музичка секција | | Сузана Мицалевска<br>Наташа Ј.Мицевска<br>Себаедин Мерџановски<br>Беснике Медини<br>Замира Абдулаи |

## 9.3Акции

Согласно наставниот *план* во *училиштето* ќе се остварува и *организираат воннаставни активностикако што се*: ликовни изложби и *хепенинзи*, *спортски натпревари*, квизови, музички настапи, *манифестации, организирање на прослави, организирање на приредби, хепенинзи и друго.*

- Септември-Октомври 2023година

21.09.2023 – Меѓународен ден на мирот (VIII-IX) Весел Јусуфи и Весела Камбуровска

3.10.2023- Меѓународен ден на децата (правата на децата) -работилница (VI) Кети Ѓелмановска

15.10.2023- Меѓународен ден на пешачење (IX) Таше Веслиевски и Бобан Ристовски

30.10.2023- Ден на длабење тиква- Владимир Ристевски и Адриана Мурати

11.10.2023- Ден на народното востание- реферат- Весел Јусуфи и Весела Камбуровска

23.10.2023- Ден на револуционерната борба во Македонија (реферат)

27.09.2023- Преспански јаболкобер учество на ученици од (I-VI) продажен штанд со храна.

Цел: Заедничко дружење  храна од различни култури,различни а исти.

- Ноември 2023 година

07.11.2023- Едукација за болести на зависност (црвен крст – Ресен)

09.11.2023-Меѓународен ден на рециклирање (еколошка секција)

15.11.2023-Ден на рециклирање (еколошка секција)

19.11.2023-Светски ден на хигиената (I- IX) чистење на училници и двор

20.11.2023-Светски ден на детето – стоп за насилство врз децата (класен час-одделенски раководител)

21.11.2023-Ден на албанската азбука (одд наставници и Бујаре Сабриу) приредба

30.11.2023-Ден на безбедно работење на компјутери

- Декември 2023 година

01.12.2023 – Светски ден на борба против Сида – Кети Гелмановска (IX)

04.12.2023-Ден на списокот на Дедо Мраз – одделенска настава Кети Гелмановска

07.12.2023-Историски час по повод Св.Климент Охридски, Весел Јусуфи и Весела Камбуровска

09.12.2023-Ден на пишување на Новогодишна честиттка (одделенска настава – Кети Гелмановска)

12.12.2023-Меѓународен ден на Божикното цвеќе (работилница по ликовно, Кети Гелмановска и Шенер Далиповски)

28.12.2023- Новогодишна забава и лотарија (IX – Шенер Далиповски)

- <u>Март 2024 година</u>

05.03.2024- Ден на „Што значи твоето име“ (Кети Гелмановска)

07-08.03.2024-Ден на албанскиот наставник приредба / Ден на жената (работилница)

12.03.2024 - Ден на засадување на растение (Шпреса Оџа и Сузи Симоновска со еко патрола)

20.03.2024-Меѓународен ден на среќата - „Што ме прави среќен“ - (анкета Кети Гелмановска)

21.03.2024-Светски ден на шумата – прошетки по природа (Бобан Ристовски)

23.03.2024-Светски ден на Метеорологијата

27.03.2024-Светски ден на театрите – посета на филмска претстава во Битола и ЗОО со учениците од одделенска настава

30.03.2024-Ден на докторите (посета на лекар, заболекар и Градоначалник)-одд. Наставниците

- <u>Април 2024 година</u>

01.04.2024-Светски ден на шегата (I-V) учество на Априлијада во Ресен

04.04.2024-Ден на училишната библиотека (Лулзиме Муедини)

09.04.2024-Ден во кој избирам име по сопствена желба (Кети Гелмановска)

16.04.2024-Ден на библиотекарите (Лулзиме Муедини)

18.04.2024-Светски ден на културното наслетство (Шенер Далиповски) – Цртежи

22.04.2024-Ден на планетата земја (Сузи Симоновска и Шпреса Хоџа ) - чистење на салата и училињниот двор

23.04.2024-Светски ден на книгата (Христула Стерјовска,Ленче Нечовски,Адријана Мурати,Владимир Ристевски и Бујаре Сабриу) – конкурс проза и поезија

- <u>Мај 2024 година</u>

08.05.2024-Светски ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина (Весел Јусуфи и Весела Камбуровска)

13.05.2024-Ден на Лалето (одделенска настава)

16.05.2024-Меѓународен ден на возење велосипеди (Таше Веслиевски и Бобан Ристовски)

18.05.2024- Меѓународен ден на музеите (посета на етнолошки музеј – одделенска настава)

21.05.2024-Ден на службените писма – одделенска настава

23.05.2024-Меѓународен ден на власите (Весел Јусуфи и Весела Камбуровска) проект за власите

24.05.2024-„Св.Кирил и Методиј“ (Хрисула Стерјовска )

30.05.2024-Ден на наводнување на цвеќето (Сузи Симоновска и Шпреса Хоџа)

- Јуни 2024 година

05.06.2024-Светски ден на животната средина (Сузи Симоновска и Шпреса Хоџа)- одделенска настава , класни и еко акција.

10.06.2024-Крај на учебната година

## 9.4 Активности по Граѓанско образование

Училиштето може да го поддржи поттикнувањето демократска клима и стекнувањето граѓански компетенции преку:

- Предвидување активности за поттикнување демократска клима (ученичко организирање, поддржување на ученички иницијативи и акции) во Годишната програма на училиштето;
- Планирање и организирање на еден ден за промоција на спроведените активности, со фокус на граѓанските вредности и практикување на демократското однесување - **Отворен ден за граѓанско образование.**

Планирани активности/акции во ООУ „Славејко Арсов“с.Подмочани

## 10 .Ученичко организирање и учество

Во училиштето на организиран начин учениците ги остваруваат своите интереси, преку одредени форми на ученичко организирање. Во активностите на нивните организации се вклучени наставници кои ги помагаат и поддржуваат нивните програмски активности.

Активностите во ученичките организации во училиштето се од посебно значење за правилниот воспитно-образовен развој на учениците.

Во составот на воспитно-образовниот процес во училиштето активно работи и ученичката заедница.

Во неа членуваат сите ученици од 1во-9то одд. Секоја паралелка избира свое раководно тело од ученици кои на состаноците ги поставуваат и успешно ги решаваат проблемите од секојдневниот детски живот.

Во почетокот на учебната година наставниците и учениците изготвуваат план и програма за работа на заедницата и во текот на учебната година се реализира истиот. Исто така треба да се напомени дека изборот се врши на почетокот на учебната година и може да истрпи тековни измени.

Соработката меѓу наставниците, учениците и педагошко-психолошката служба во училиштето е голема.

На состаноците се решаваат одредени проблеми и прашања и се поставуваат одговори кои влијаат врз успехот и поведението на учениците, културно-забавниот живот, социјалните прашања, хигиената и естетскиот изглед на училиштето итн.

Ученичката организација овозможува учениците да бидат активно вклучени во училишниот живот, да го искажат своето мислење и самостојно да ги решаваат проблемите поврзани со нивниот живот и работа во училиштето.

## 11. Вонучилишни активности

### 11.1. Екскурзии,излети и настава во природа

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Ресурси** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Планирање на ученичките екскурзии | Септември | Одговорни наставници | Наставници и ученици | Изготвување план и распоред | Успешно планирање на ученичките екскурзии |
| Разгледување и усвојување на Советот на родители | Септември | Одговорни наставници | Родители | Изготвена програма | Заедничко планирање на екскурзиите |
| Разгледување и усвојување на програмата од УО | Септември | Одговорни наставници | Членови на УО | Изготвена програма | Информирање на УО и усвојување на програмата |
| Доставување на програмата до БРО | Септември | Училиштето | БРО | Изготвена програма | Согласност за реализација на програмата |
| Реализација на ученичките екскурзии | Во текот на второто полугодие | Одговорни наставници | Ученици | Изготвена програма | Успешна реализација |
| Реализација на ученички излети (есенски и пролетен) | Септември (есенски) Мај (пролетен) | Одговорни наставници | Ученици | Изготвена програма | Успешна реализација |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реализација на настава во природа | Континуирано низ цела година | Одговорни наставници | Наставници и ученици | Заверка на содржини во педагошка евиденција | Успешна реализација |

## 11.2. Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вонучилишни активности

Учениците од нашето училиште учествуваат во повеќе вонучилишни активности како што се : курсеви за изучување на јазици, во фолклорни и играорни активности, во различни спортски активности како што се џудо, фудбал, ракомет и друго

# 12. Ученички натпревари

Ученичките натпревари се составен дел од вонnаставните активности кои во себе содржат воспитна компонента. Натпреварите имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, , да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. Тие играат значајна улога во развојот на личноста на ученикот. Нашето училиште учествува на:

- училиштни натпревари;
- општински натпревари;
- регионални натпревари;
- државни натпревари;
- меѓународни ученички натпревари.

Училиштето во текот на учебната година определува кои училишни натпревари ќе ги организира , во кој период од учебната година, кој ученик може да учествува во натпреварот. Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари на знаења по предмети. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните натпревари. Учениците од училиштето преку ликовната, литературната, рецитаторската секција, хорот и оркестар ќе учествуваат на општински и државни културно уметнички натпревари организирани по разни поводи во општината и регионот.

Некои од натреварите се само со ревијален карактер, особено каде што се вклучени ученици од одделенска настава. Некои од натпреварите се опционални, во зависност од тоа дали натпреварувачите ќе се квалификуваат на повисоко ниво на натпреварување.

| **цели** | **содржини и активности** | **Реализатор** | **Време** | **очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Креирање на политика за спроведување активности поврзани со општествено хуманитарна работа во училиштето | Формирање на тим за општествено хуманитарна работа;<br>Изготвување на годишна програма за работа на тимот | Стручни соработници<br>Одделенски раководители<br>Одделенски наставници | Август | Успешна реализација на планираните активности |
| Откривање и грижа за учениците од социјално загрозените семејства | Соработка со релевантни институции | Стручни соработници<br>Одделенски раководители<br>Одделенски наставници | Октомври | Преглед и евиденција на учениците од социјално загрозените семејства |
| Континуирана поддршка на учениците од социјално загрозените семејства | Организирање собирни хуманитарни акции за учениците од социјално загрозените семејства | Директор<br>Стручни соработници<br>Одделенски раководители<br>Одделенски наставници | Во текот на училишната година | Подобрување на личниот,социјалниот и емоционалниот статус на учениците |

На натпреварите на кои организаторите имаат акредитации од Министерството за образование и наука, наградите на учениците подлежат и на државна евалуација.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничката интеграција

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Мултикултурализмот и добрите меѓуетнички односи се важни карактеристики на квалитетното образование. Мултикултурното образование може да му помогне на општеството да биде потолерантно, инклузивно и праведно кое препознава дека целото е богато со многу составни делови. Во училиштето наставата се одвива на македонски јазик и албански јазик и најбројни се албанците. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправен третман на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Сите ученици без разлика на способностите, полот, етничката и верската припадност се прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето. Во училиштето ќе се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои ќе бидат вклучени ученици од сите етнички заедници од 1 до 9 одделение. Во нив исто така ќе бидат вклучени наставници, родители, претставници од локалното население и од месните заедници, претставници од општината и од бизнис секторот. Преку овие активности ќе се подобри соработката меѓу учениците, наставниците, родителите и сите останати од најразлично ниво и од различна етничка припадност. Учениците меѓусебно подобро и почесто ќе соработуваат со што ќе се зајакне атмосферата на меѓусебно разбирање и почит меѓу сите индивидуи и заедници. На тој начин ќе се развие свеста за прифаќање на различноста и почит кон различните јазици, културата и обичаите на другите етнички заедници. Училиштето учествува во модел училишта на Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието (ПМИО), финансиран од УСАИД и реализиран од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование во соработка со Центарот за човекови права и разрешување конфликти. Училиштето соработува со партнер во кое наставата се одвива на албански јазик. Примарна цел на партнерството е оспособување за соживот во мултикултурното општество, која се остварува преку активности низ кои учениците ќе се ангажираат во размена на култури, традиции, заедничко промовирање на културното наследство меѓу двете училишта преку посети на културни и образовни мнифестации, празници, изложби, разни еколошки акции и др. Во училиштето се реализираат разни видови тематски приредби, екскурзии, претстави, маскембали и забави преку кои учениците ќе осознаат нови обичаи и култури за свои соученици од различни етнички заедници.

Ученици од сите етнички групи и различна полова припадност ќе бидат вклучени во разни спортски натпревари.

Членовите на формираниот тим за училишна интеграција се:

1. Кети Гелманоска -училишен психолог
2. Замира Абдулаи-одделенски наставник
3. Хрисула Стерјовска – наставник по македонски јазик
4. Беснике Медини -одделенски наставник

5. Сузана Мицалевска – одделенски наставник
6. Адриана Мурати – наставник по англиски јазик

Активности и временска рамка

- Септември-Октомври 2023година

21.09.2023 – Меѓународен ден на мирот (VIII-IX) Весел Јусуфи и Весела Камбуровска

3.10.2023- Меѓународен ден на децата (правата на децата) -работилница (VI) Кети Ѓелмановска

15.10.2023- Меѓународен ден на пешачење (IX) Таше Веслиевски и Бобан Ристовски

30.10.2023- Ден на длабење тиква- Владимир Ристевски и Адриана Мурати

11.10.2023- Ден на народното востание- реферат- Весел Јусуфи и Весела Камбуровска

23.10.2023- Ден на револуционерната борба во Македонија (реферат)

27.09.2023- **Преспански јаболкобер учество на ученици од (I-VI) продажен штанд со храна.**

Цел: Заедничко дружење  храна од различни култури,различни а исти.

- Ноември 2023 година

07.11.2023- Едукација за болести на зависност (црвен крст – Ресен)

09.11.2023-Меѓународен ден на рециклирање (еколошка секција)

19.11.2023-Светски ден на хигиената (I- IX) чистење на училници и двор

20.11.2023-Светски ден на детето – стоп за насилство врз децата (класен час-одделенски раководител)

21.11.2023-Ден на албанската азбука (одд наставници и Бујаре Сабриу) приредба

30.11.2023-Ден на безбедно работење на компјутери-Амиде Хоџа

- Декември 2023 година

01.12.2023 – Светски ден на борба против Сида – Кети Гелмановска (IX)

04.12.2023-Ден на списокот на Дедо Мраз – одделенска настава Кети Гелмановска

07.12.2023-Историски час по повод Св.Климент Охридски, Весел Јусуфи и Весела Камбуровска

09.12.2023-Ден на пишување на Новогодишна честиттка (одделенска настава – Кети Гелмановска)

12.12.2023-Меѓународен ден на Божикното цвеќе (работилница по ликовно, Кети Гелмановска и Шенер Далиповски)

28.12.2023- Новогодишна забава и лотарија (IX – Шенер Далиповски)

- Март 2024 година

05.03.2024 - Ден на „Што значи твоето име“ (Кети Гелмановска)

07-08.03.2024-Ден на албанскиот наставник приредба / Ден на жената (работилница)

12.03.2024 - Ден на засадување на растение (Шпреса Оџа и Сузи Симоновска со еко патрола)

20.03.2024-Меѓународен ден на среќата - „Што ме прави среќен“ - (анкета Кети Гелмановска)

21.03.2024-Светски ден на шумата – прошетки по природа (Бобан Ристовски)

23.03.2024-Светски ден на Метеорологијата

27.03.2024-Светски ден на театрите – посета на филмска претстава во Битола и ЗОО со учениците од одделенска настава

30.03.2024-Ден на докторите (посета на лекар, заболекар и Градоначалник)-одд. Наставниците

- Април 2024 година

01.04.2024-Светски ден на шегата (I-V)  учество на Априлијада во Ресен

04.04.2024-Ден на училишната библиотека (Лулзиме Муедини)

09.04.2024-Ден во кој избирам име по сопствена желба (Кети Гелмановска)

16.04.2024-Ден на библиотекарите (Лулзиме Муедини)

18.04.2024-Светски ден на културното наслетство (Шенер Далиповски и Соња Темелковска) – Цртежи

22.04.2024-Ден на планетата земја (Сузи Симоновска и Шпреса Хоџа ) - чистење на салата и училињниот двор

23.04.2024-Светски ден на книгата (Христула Стерјовска,Ленче Нечовски,Адриана Мурати,Владимир Ристевски и Бујаре Сабриу) – конкурс проза и поезија

- Мај 2024 година

08.05.2024-Светски ден на Црвениот крст и Црвената полумесечина (Весел Јусуфи и Весела Камбуровска)

13.05.2024-Ден на Лалето (одделенска настава)

16.05.2024-Меѓународен ден на возење велосипеди (Таше Веслиевски и Бобан Ристовски)

18.05.2024- Меѓународен ден на музеите (посета на етнолошки музеј – одделенска настава)

21.05.2024-Ден на службените писма – одделенска настава

23.05.2024-Меѓународен ден на власите (Весел Јосуфи и Весела Камбуровска) проект за власите

24.05.2024-„Св.Кирил и Методиј“ (Хрисула Стерјовска со програма)

30.05.2024-Ден на наводнување на цвеќето (Сузи Симоновска и Шпреса Хоџа)

- Јуни 2024 година

05.06.2024-Светски ден на животната средина (Сузи Симоновска и Шпреса Хоџа)- одделенска настава , класни и еко акција.

10.06.2024-Крај на учебната година

## 14. Проекти што се реализаираат во основното училиште

| Реден број | Проекти | Име и презиме на вклучениот/ите наставникот/ците или стручни соработници | Временска рамка во која се реализира проектот | Средства за реализација на проектот и од каде се обезбедуваат |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Проектни активности поврзани со невладиниот сектор и локалната средина; | Кети Гелмановска<br>Себахат Шемшединовска<br>Ирена Низамовска | Континуирано | Општина<br>МОН<br>Невладини Органиции |
| 2 | Еколошко воспитание; | Сузи Симоновска Шпреса Оџа | Континуирано | Буџет |
| 3 | Превенција од конфликти (УНИЦЕФ во соработка со БРО); | Кети Гелмановска | Континуирано | УНИЦЕФ<br>МОН |
| 4 | Проект за Меѓуетничка интеграција во образованието | Кети Гелмановска<br>Хрисула Стериовкса<br>Замира Абдулаи Беснике | Континуирано | УСАИД |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Медини Адриана Мурати | | |

# 15. Поддршка на ученици

## 15.1. Постигнување на учениците

Училиштето континуирано ги следи постигнувањата на учениците од различен пол, етничка припадност и наставни предмети. Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад. Постигањата според полот се следат врз основа на позитивни / негативни оцени, одлични, многу добри, добри, доволни и ученици со слаби оцени, што е прикажано во следната табела:

Наставниот кадар и стручната служба водат целосна и уредна евиденција за напредокот, постигнувањата, редовноста и поведението на учениците, како и за нивниот социјален, емоционален и интелектуален развој. Континуирано, стручната служба и наставниците прават анализи, (а се согледуваат и потребите направени со самоевалвацијата) за потребите на учениците, но и на наставниците, кои имаат за цел подобрување и унапредување на наставата. Посебно внимание се посветува на идентификацијата и утврдувањето на потребите на надарените ученици, како и на учениците со посебни потреби, за што треба да се изработат посебни програми, коишто вклучуваат активности и систем за следење на напредокот на овие ученици.

Стручните активи во своите програми планираат нагледни часови со користење на методи на активна настава и изготвување на ефективни инструменти за оценување на знаењата на учениците.

Постигнувањата на учениците се промовираат во самото училиште (огласна табла) и надвор од училиштето (на web страната на училиштето и на Општина Ресен).

## 15.2. Работа за професионална ориентација на ученици

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Целна група** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Изготвување анкета за интересите и афинитетите на учениците од IX одделение | Февруари и март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Проценка на интересите на учениците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Испитување на општи и специфични способности на учениците од IX одделение | Февруари и март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Проценки на способностите на учениците |
| Организирање индивидуални и групни разговори со ученици и родители | Март | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение и родители | Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување |
| Индивидуална работа со ученици | Март, април и мај | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Помош и насочување на учениците кон идно занимање и професионално советување |
| Информирање за мрежа на средни училишта, услови и критериуми | Април и мај | Државни и приватни средни училишта | Ученици од IX одделение | Презентирање пропаганден материјал од средните училишта, организирање средби со преставници на приватни и државни средни училишта |
| Посета на саем на образование | Април | Одговорни наставници | Ученици од IX одделение | Запознавање со најразлични професии |
| Примена на тестови за професионална и кариерна ориентација на учениците | Мај | Педагошко психолошка служба | Ученици од IX одделение | Запознавање на учениците со нивните професионални |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | интереси |

## 15.3 Промоција на добросостојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

**Превентивни програми**

Во училиштето има изготвено програма за превенција на насилното однесување чија цел е намалување на асоцијалното и насилното однесување во која учествуваат учениците преку индивидуални и групни активности. Училиштето остварува соработка со релевантни институции како што се : МВР ; Центарот за социјална работа ; Здравствени установи за безбедност преку одржување едукативни работилници за учениците. Стручните соработници и наставниците остваруваат советодавна работа учениците жртви на насилно однесување и учениците кои манифестираат насилно однесување како и со нивните родители, со цел надминување на ваквите појави. Во соработка со родителите како и преку соработка со релевантни институции во поблиската и пошироката околина ќе се спроведуваат активности во училиштето во кои ќе учествуваат родителите, учениците и наставниците со цел да се придонесе за подобрување на социоемоционалната состојба на учениците. Училиштето учествува во проектните активности на МВР. Училиштето соработува и со Центарот за социјална работи, Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) и севкупна грижа за здравјето ( грип, заразни болести...)

Во соработка со здравствените установи училиштето води грижа за навремено вакцинирање на учениците, согласно календарот за имунизација, како и за грижа за оралната хигиена.

Превентивните програми ќе опфатат теми од областа на здравјето и здравиот начин на живеење, правилна исхрана, заштита од заразни болести, правилна организација на слободното време и понуда на спортски содржини.Значајно внимание ќе се посвети на присутноста на насилството, видови на насилство и начини на негово спречување, како и промовирање на ненасилна комуникација и развивање на другарството.

Превентивните програмите ќе се реализираат преку редовната настава (одделенски час –програма за животни вештини, изборната настава како и вон наставни активности.

**Безбедност во училиштето**

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста).За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа,тим за против пожарна заштита и одржување,тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација.

Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така ќе биде дел од овие програми кои ќе се реализираат во соработка со надлежните институции. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување.

Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено ***План за заштита и спасување*** кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

**Позитивна социо-емоционална клима**

Промените што се случуваат во општеството и брзиот развој на технологијата влијаат врз начинот на живеење и се рефлектираат во семејството како основна клетка на социјалниот живот. Таквите промени се особено стресни и се одразуваат на сите и на најмалите членови - децата. Децата своите и проблемите на семејството ги носат во училиштето што влијае на интеракцијата и комуникацијата наставник- ученик како и ученик-ученик. Сите наставници не умеаат да се справат со одредено однесување на учениците што погрешно се толкува и создава вознемиреност и кај наставникот и кај ученикот, што се одразува на личноста на ученикот , на училишната клима и воспитно образовниот процес.

За учениците кои покажуваат промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) училишниот психолог ќе реализира индивидуални разговори и работилници, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците и наставниците.

# 16.Оценување

## 16.1. Видови оценување и календар на оценување

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од страна на Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Согласно концепцијата за деветгодишно образование учениците се оценуваат описно и нумерички според три периоди: Учениците кои се опфатени во првиот период I-III одделение се оценуваат со описни оценки. Со описното оценување се дава приказ на постигањата на учениците по предмети и опис на социјализацијата и развојот на детето.

Учениците кои се опфатени во вториот период IV-VI одделение се оценуваат со описни и нумерички оценки. На крајот од првото и третото тромесечие добиваат описни оценки а на полугодие и на крајот од учебната година добиваат нумерички.

оценки се со цел полесно адаптирање кон преминот во третиот период на деветгодишното образование.

Учениците кои се опфатени во третиот период VII-IX одделение се оценуваат само со нумерички оценки. На почетокот на секоја учебна година наставниците изготвуваат План за писмено проверување на постигањата на учениците и истиот е евидентиран во дневникот на паралелката. Исто така проверувањата на постигањата на учениците (формативно и сумативно оценување) со однапред утврдена динамика, наставниците ја дефинираат во нивните годишни тематски и процесни планирања. Се користат форми, методи на следење, инструменти за следење на постигањата на учениците (чек листи, аналитички листи, увид во портфолио...)

Во училиштето се организира систематско следење, вреднување и унапредување на воспитно-образовната работа. Следењето, унапредувањето и вреднувањето на воспитно-образовната работа опфаќа:

- Следење на планирањето, програмирањето и подготовката на целокупната воспитно-образовна работа во училиштето.
- Планирање и подготовка на наставниците за изведување настава.
- Водење на педагошка документација и евиденција
- Планирање, програмирање и реализација на активностите на педагошко-психолошката служба во училиштето.

- Следење, проверување и вреднување на успехот што го постигнуваат учениците и наставниците во наставата и вонаставните активности.
- Успехот на учениците се следи континуирано од страна на сите релевантни субјекти и се настојува да се постигне што пообјективно оценување.
- Перманентно стручно усовршување на директорот, стручните соработници, наставниците.
- Воспитно-образовниот кадар перманентно стручно се усовршува низ различни форми:
- преку обработка на теми на Стручни активи;
- преку учество на семинари и советувања организирани од страна на БРО и интерно стручно усовршување;
- преку следење на стручна литература.
- Водење педагошка евиденција и документација во рамките на сите подрачја што ја сочинуваат дејноста на училиштето.

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Методи и постапки за реализација** | **Очекувани исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|---|
| Планирање на тестови и писмени работи | септември | Наставници и стручна служба | Дискусија,договор | Успешна реализација на писмени проверки на постигањата на учениците;<br>Повисок успех на учениците |
| Составување на објективни тест прашања;<br>Изготвување бодовна скала;<br>Формирање оцена | Октомври | Одговорни наставници | Презентација,работилница,дскусија | Правилно поставување на објективни тест прашања и соодветно бодирање и оценување |
| Анализа на применетите објективни тестови | Континуирано | Одговорни наставници | Презентација,дискусија | Поуспешна изработка и примена на објективни тестови |
| Насоки за доставување примероци од оценување во наставничките | Континуирано | Педагогот на | Дискусија,договор | Успешна изработка на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| портфолија | | училиштето | | наставнички портфолија |
| Анализа на полугодишниот успех на учениците | Јануари, февруари | Директор на училиште,стручна служба и наставници | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |
| Вреднување на ученици со потешкотии во учењето | Континуирано | Стручна служба и наставници | Презентација на дискусија | Поголема мотивираност и поголем успех на ученици со потешкотии во учењето |
| Анализа на применетите објективни тестови | Мај | Наставничкиот совет,директор,стручна служба | Презентација на дискусија | Поуспешна изработка на објективни тестови |
| Анализа на годишниот успех на учениците | Јуни | Наставничкиот совет,директор,стручна служба | Обработка на податоци | Следење на постигањата на учениците и превземање мерки за подобрување |

## 16.2.Тим за следење, анализа и поддршка

Во училиштето постои тим за следење, анализа и поддршка на наставниците при изведувањето на процесот на оценувањето како и усогласеноста на оценувањето со предвидените стандарди и критериуми за оценување. За да се согледа состојбата во оценувањето во училиштето се врши посета на часови и увид во дневните подготовки, се прибирааат податоци за изготвување на извештаи и компаративни анализи . Стручните соработници изготвуваат анализи и извештаи за успехот и поведението на учениците по завршување на класификационите периоди, исто така изготвуваат и споредбени анализи за успехот на учениците по предмети, паралелки и по пол за 3 години наназад. При оценувањето се почитува транспарентноста, односно учениците и родителите редовно се информираат за постигањата – оцените. Со цел постигнување објективност во оценувањето наставниците континуирано да ваат усна и писмена информација за нивните постигања. За истата цел наставниците изготвуваат објективни тестови со квалитетни тест задачи за што интерно се обучени. Училиштето како институција дава поддршка на наставниците кои покажуваат слаби резултати во оценувањето на постигањата на учениците преку работата на стручните активи и разговор со стручните соработници.

## 16.3. Стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно образовниот кадар

Во тековната учебна година се реализираат планираи стручни посети од директорот и стручите соработници за наставите часови и воннаставите активости.

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| **Посета на часови од редовна настава во паралелките од прво до петто одделение во Централното Училиште** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Октомври – Ноември<br><br>Март - Април | **Стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и Тематските Планирања** |
| **Посета на часови од редовна ( настава во паралелките од прво до петто одделение во ПУ с. Јанковец и ПУ с. Болно** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и примената на современи наставни форми, методи и средства за работа | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Ноември<br>Април | **Стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците во согласност со планираните наставни содржини од Глобалните и тематски ефекти** |
| **Анализа на посетени часови со акцент на очекувани исходи на час** | Утврдување на недостатоци во реализација на активности | Директор<br>Стручна служба<br>Наставници<br>Ученици | Октомври<br>ноември<br>март април | **Презентација на добиени сознанија на наставнички совет и облективни сознанија за наставниот процес** |
| **Посета на часови од редовна настава во паралелките од предметна настава кај** | Да се увиди степенот на стекнатите знаења на учениците и употребата | Директор и Стручните соработници | Октомври – Ноември | **Примена на наставните содржини од Глобалните и Тематските Планирања и** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **секој предметен наставник** | на современи наставни форми и методи и средства за работа | Наставници од предметна настава | Март - Април | **стекнување на нови знаења, умеења и навикина учениците** |

## 16.4. Самоевалуација

Согласно Законот за Основно образование училиштето на секои две години спроведува самоевалуација на целокупната работа во текот на две учебни години.

Самоевалуацијата се спроведува во три фази:

- подготвителна фаза (се врши определување на методи, техники и инструментите за самоевалуација и се прибавува документацијата потребна за вршењето на самоевалуацијата);
- фаза на реализација (се врши анализа на податоците и документацијата, се добиват и се усогласуваат добиените наоди , се подготвуваат поединечни извештаи и за самоевалуација и заеднички нацрт извештај за спроведената самоевалуација);
- фаза на известување и усвојување (се обезбедува достапност на на нацрт извештајот за Наставничкиот совет, Совет на радители, ученици, директорот на училиштето и Училишен одбор кои можат да достават забелешки за нацрт извештајот за спроведената самоевалуација).

Во самоевалуацијата на училиштето се вклучени сите наставници кои работат во тимови поделени по подрачја. Врз основа на Извештајот од извршената самоевалуација со предлог за подобрување на квалитетот на наставата, училиштето изготвува План за развој

**Следењето** се изведува индивидуално, групно и колективно во зависност од следената педагошка појава. Се врши по пат на соодветни инструменти и техники (усно и писмено проверување, објективни тестови, писмени вежби, усни вежби, контролни задачи, есеи, проекти, набљудување и др.) со што се прибираат податоци, а потоа истите се евидентираат и обработуваат.

| Активност/задача | Временска рамка | Начин на спроведување | Носител | Ресурси |
|---|---|---|---|---|
| Самостојно индивидуално усовршување со помош | Во текот на годината | Читање на педагошка литература | Директор,<br>Стручна служба | Извадоци,прилагодени содржини |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| на стручна литература | | | Наставници | |
| Присуство и учество во стручните усовршувања/ обуки-семинари | Во текот на годината | Работилници,семинари и обуки | Наставници,стручни соработници,стручни активи | |
| Поддршка за наставници/приправници | Во текот на годината | Разговор,следење,работилници | Директор,стручна служба,наставници | Материјал од обуки |
| Посета на часови | Во текот на годината | Следење на часовите | Директор,стручна служба | Записник,дневна подготовка |
| Отворен час | Еднаш месечно | Следење на час | | Записници,тестови,дневник на паралелка |
| Отворен час | Еднаш месечно | Следење на час | | Записници ,тестови,дневник на паралелка |
| Тестирање | Мај-јуни | Проверки преку досие на ученици,тестови | МОН | |

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето има разработена стратегија за безбедност на учениците и вработените која опфаќа превентивни активности и мерки (пред опасност од природни катастрофи), оперативни активности и мерки (за време на траење на опасноста) и активности за отстранување на последиците (по опасноста).За таа цел во училиштето е формиран Одбор за планирање на активности и Оперативен штаб, како и и тимови за прва медицинска помош (пред и по природната катастрофа,тим за против пожарна заштита и одржување,тим за комуникација и обезбедување и тим за евакуација.

Безбедноста на учениците во училиштето како важен елемент исто така ќе биде дел од овие програми кои ќе се реализираат во соработка со надлежните институции. Еден од приоритетите во нашето училиште е да обезбедиме што е можно поголема заштита и безбедност на учениците и на вработените. Постојат пропишани мерки за безбедност на учениците кои се однесуваат на безбедноста во самата училишна зграда, како и безбедноста во училишниот двор, за време на одморите. Редовно се одвиваат дежурства на учениците и наставниците, според однапред направен распоред, а најголема обврска околу безбедноста има лицето за обезбедување кое е вработено преку агенцијата за обезбедување. Учениците од одделенска настава се згрижени и по завршувањето на часовите од страна на

дежурниот наставник, се додека не ги земат родителите, а за тоа се води редовна евиденција. Училиштето има изработено ***План за заштита и спасување*** кој предвидува заштита на учениците и вработените во училиштето од елементарни непогоди.

**Позитивна социо-емоционална клима**

Промените што се случуваат во општеството и брзиот развој на технологијата влијаат врз начинот на живеење и се рефлектираат во семејството како основна клетка на социјалниот живот. Таквите промени се особено стресни и се одразуваат на сите и на најмалите членови - децата. Децата своите и проблемите на семејството ги носат во училиштето што влијае на интеракцијата и комуникацијата наставник- ученик како и ученик-ученик. Сите наставници не умеаат да се справат со одредено однесување на учениците што погрешно се толкува и создава вознемиреност и кај наставникот и кај ученикот,што се одразува на личноста на ученикот , на училишната клима и воспитно образовниот процес.

За учениците кои покажуваат промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално однесување, емоционални проблеми, отсуство од настава, намалување на успехот) училишниот психолог ќе реализира индивидуални разговори и работилници, во зависност од видот на проблеми и потребите на учениците и наставниците.

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. Хигиена во училиштето

За здрава и чиста работна средина се грижат сите учесници во училишниот живот.Техничкиот персонал редовно ги извршува работните задачи така што хигиената во училиштето е на завидно ниво.Во текот на целата година се води грижа да е исправна и да функционира санитарната опрема во тоалетите.Сите тоалети и санитарии редовно се дезинфицираат со дезинфекциони средства.Во тоалетите редовно има тоалетна хартија и течен сапун.Училиштето се грижи учениците правилно да ги користат санитарните простории, да ја одржуваат личната и колективната хигиена. Ходниците и скалите се чистат два -три пати во денот, училниците редовно се метат, се брише подот, се отстранува отпадот и се проветрува .Мебелот во училниците и канцелариските простории се брише секојдневно.Еднаш месечно се чистат, бришат , полираат дрвените и стаклените површини, врати , прозорци и друг инвентар. Другиот училишен простор со училишниот двор се одржува тековно чист, хортикултурно среден со поставени корпи за отпад. Со цел за чиста и здрава работна средина училиштето спроведува интерни работни акции за средување на работниот простор и училишниот двор.

## 18.2. Систематски прегледи

Задолжителни систематски прегледи се прегледите за учениците од: I одд, III одд, V одд, VII одд и IX одд., кој опфаќа: мерење на висина и тежина, проверка на вид, проверка на ’рбетниот столб и локомоторниот систем, лабараториски преглед на крв и урина. По извршените прегледи се евидентира состојбата и се даваат препораки за понатамошно специјалистичко проследување (доколку има потреба). -Задолжителни стоматолошки прегледи се вршат за учениците од I одд до VI одд, како и залевање на забите, откривање на деформитети и неправилности во растот на забите и вилиците, евиденција на состојбата на забалото, запис во картон. За сите прегледи навремено се информирани родителите и истите се изведуваат во Ресен со одд.раководител или предметен наставник При договарање на термините за вршење на прегледите се води сметка истите да се извршуваат во термини пред започнување или после завршување на часовите за да не се попречува наставниот процес. Сите добиени резултати, информации, состојби, укажувања се заведуваат во здравствениот картон и се води грижа за тајност и заштита на податоци

Во соработка со Здравствен Дом-Ресен во текот на учебната 2023/24 година ќе се спроведат систематски прегледи, прегледи на забите и вакцинација на учениците:

| **Активност** | **Време на реализација** | **Одделение** | **Место на реализација** |
|---|---|---|---|
| Систематски преглед за залевање на забите | Септември | 6 | Здравствен Дом-Ресен |
| Вакцина против дифтерија,тетанус и детска парализа | Ноември | 8 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед | Ноември | 2 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед | Ноември | 7 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед | Ноември | 5 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед | Ноември | 3 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед со залевање на забите | Ноември | 5 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед со залевање на забите | Декември | 4 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед со залевање на забите | Март | 2 | Здравствен Дом-Ресен |
| Систематски преглед на заби | Мај | 7 | Здравствен Дом-Ресен |

## 18.3. Вакцинирање

Вакцинирањето се врши според Програмата за имунизација на учениците од основните училишта, согласно Правилникот за имунопрофилакса и хемопрофилакса при Министерството за здравство , Државен санитарен и здравствен инспекторат во присуство на родител и одделенскиот наставник за учениците од I до Vодд, а за учениците од VI до IX одд.одделенскиот раководител или предметен наставник и родител. - I одд.за учениците со навршени шест год.-ревакцина MRP (морбили, рубеола, паротит) - II одд и III одд - ревакцина DT Polio (дифтерија ,тетанус) и тестирање манту за TBC . По добиените резултати од проверката следи вакцина. - VII одд, вакцини за детска парализа и тетанус по кои следат ревакцини. Во периодот до 12-13 години следат вакцини (втора и трета доза) од веќе примените , а за девојчињата HPV-хуман папилома вирус-инфекции (три дози во одреден период) за кои се известуваат ученичките и родителите кои ја примиле првата доза. - IX одд- само девојчињата се ревакцинираат од рубеола, а сите ученици од: детска парализа , дифтерија и тетанус во дози и ревакцина.

## 18.4.Едукација за здрава исхрана

**Здравата исхрана** подразбира внесување на балансирано количество на протеини, јаглени хидрати, масти, витамини и минерали. Здравата исхрана се базира на внесување на поголеми количини на протеини и јагленохидрати, а помалку масти. Во исхраната посебно е важен внесот на витамини и минерали, кои ги има најмногу во свежото овошје и зеленчук.

Со здрава исхрана, како и со редовна физичка активност, се овозможува зачувување на здравјето, а се намалува и вишокот на телесна тежина, која е исто така важен фактор на ризик за повеќе малигни заболувања.

Овошјето и зеленчукот се богати со витамини и минерали кои се природни одбрамбени состојки против многу болести. Се препорачува да се јадат 5 порции од овошје и зеленчук дневно. Една оптимална порција тежи околу 80 грама.

Со тоа се смета дека се намалува и ризикот од срцеви заболувања, шеќерна болест, повеќе видови на карциноми и други заболувања. Научниците, сеуште не ги идентификувале сите хранливи состојки, кои делуваат на заштитата на организмот против болестите. Затоа се препорачува да потребните витамини и минерали се внесуваат со свежото овошје и зеленчук, а не преку синтетски

препарати, разни додатоци или екстракти од храна, кои може да се купат во аптеките. Овие синтетски произведени извори на витамини и минерали не се така ефикасни, бидејќи не ги содржат сите корисни хранливи матери.

**Главна цел на програмата за унапредување на здравјето е:**

- формирање на психички, физички и социјално здрава личност, способна да се грижи за своето здравје, здравјето на своето семејство и здравјето на поблиската околина.
- формирање на личност која постојано ќе собира нови знаења за здравјето и здравата исхрана.
- доживотно практикување на здрава исхрана и учење за истата.

Оваа програма за грижа за здравјето на учениците ја реализираат сите вработени во училиштето, наставници, стручна служба, ученици, родители, Заводот за здравствена заштита и пошироката заедница.

Стручната служба, одделенските раководители и наставниците по биологија во своите програми за работа планираат реализација на програми за здравствена едукација, здрава исхрана и работилници за унапредување на здравјето и превенција од зависности и СПИ.

Нашето училиште има стратегија за постојано водење на грижа за здравјето на секој ученик и работник. Во контекст на тоа се организираат предавања за здрава и правилна исхрана од страна на одделенските наставници, одделенските раководители, одговорни наставници по Биологија, како и стручни лица од областа на гастрономија. Посебен акцент се става на врсничката едукација. За постручна информација се контактираат стручни медицински лица. Нашата цел е учениците да знаат дека здравата исхрана е превенција за многу заболувања.

**Критериум за успех :** подобрени хигиено здравствени услови во училиштето, редовен увид во здравствената состојба на учениците,

**Иструменти :** извештаи од спроведени систематски прегледи и вакцинирање на учениците

**Индикатор за успешност :** навремено откривање на деформитети и оштетувања на сетилата за вид и слух кај учениците

**Повратна информација :** редовно вакцинирање согласно календарот за имунизација, евиденција од дератизација и дезинфекција во училиштето.

# 19. Училишна клима

## 19.1. Дисциплина

**Дисциплина** Училиштето е препознатливо по квалитетот на работењето и постигањата на учениците. Целокупниот колектив води грижа за дисциплината и безбедноста на учениците во училиштето. Училиштето има кодекс на однесување кој се однесува на сите структури: ученици, вработени (наставници, стручни соработници, технички персонал) и родители.

Кодексот на однесување е донесен и прифатен преку спроведена демократска процедура со партиципација на сите структури поодделно.

Постои взаемно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки на учениците. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето.Вработените се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците, како за време на часовите и за време на одморите, така и при приемот и заминувањето на учениците од училиште.Постои распоред за дежурства на наставниците во ходниците, училниците и училишниот двор и се води секојдневна евиденција за тековните збиднувања. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки , пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето, вклучувајќи ги и евидентните листови за насилно однесување помеѓу учениците кои ги водат наставниците, како и протоколите за упатување на разговор на учениците кај стручните соработници**.**

## Дисциплина

Во интерес на одржувањето на дисциплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на навиките за културно однесување се реализираат следниве активности:

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Извори/ ресурси | Методи и постапки при реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|---|
| Воведување во правилата на Однесување | Септември 2022г. | Стручна служба, одд. и пред. Наст. | Кодекс на училиштето | Консултации со Директор и стручна служба | Успешна реализација на планот за подобрување на дисциплината во Училиштето |
| Изготвување распоред на дежурни наставници | На почетокот од учебната година | Одделенски и Предметни Наставници | Кодекс на училиштето | Состаноци и договор на ниво на стручен актив | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни наставници |
| Определување дежурни ученици за дежурства во училишниот ходник | Континуирано | Класни раководители и Ученици | Кодекс на училиштето | Консултации со класните раководители | Навремено истакнување и почитување на распоредот на дежурни ученици |
| Определување дежурни | Континуирано | Класни | Кодекс на | Консултации со | Позитивна училишна клима |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ученици по паралелки | | Раководители | училиштето | класните раководители | |
| Давање насоки за однесувањето во тоалетите | Во текот на целата учебна година | Наставници | Кодекс на училиштето | Консултации и средби со стручна и техничка служба | Позитивна училишна клима |
| Соработка со Агенција за обезбедување | Во текот на целата учебна година | Директор | Кодекс на училиштето | Состаноци и дого-вор со аген.за обезбедување | Позитивна училишна клима |
| Водење писмена евиденција за тековните збиднувања во училишната зграда и училишниот двор | Континуирано | Дежурни наставници и ученици | Кодекс на училиштето | Записници во дневникот за дежурства | Позитивна училишна клима |

## 19.2. Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето

**Естетско и функционално уредување на просторот во училиштето**

| **Планирана програмска активност** | **Време на реализација** | **Реализатор** | **Извори/ ресурси** | **Методи и постапки при реализација** | **Очекувани ефекти** |
|---|---|---|---|---|---|
| Уредување и одржување на училниците | Во текот на целата учебна Година | Класни раководители и Ученици | Изработки од учениците | Разговор, практична работа | Креативно уредена училница и пријатна атмосфера за работа |
| Уредување на училишниот хол и ходниците | Континуирано | Наставници и Ученици | Изработки од учениците, дипломи, пофалници | Разговор, практична работа | Претставување на работата на наставниците и учениците и развивање на свест за естетски вредности |
| Уредување и одржување на училишниот двор | По потреба | Техничка служба, наставници и | Алат за работа и садници | Разговор, практична работа | Естетско уреден и функционален училишен Двор |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Ученици | | | |
| Еко уредување на училишниот простор | Континуирано | Наставници и Ученици | Еколошки материјали, Човечки ресурси | Разговор, практична работа | Развивање на еколошката Свест |

## 19.3. Етички кодекси

Во училиштето секогаш имало и има кодекси на однесување на учениците, наставниците и родителите кои се истакнати во холот на училиштето и во сите училници. Учениците, наставниците и родителите по потреба ги надополнуваат овие кодекси и на самите часови и состаноци на ученичките заедници, наставничките совети, родителски состаноци, совети на родители се потсетуваме на правилата кои мора да ги почитуваат сите структури во училиштето за подобро одвивање на образовниот процес, но и надминување на критичните точки во комуникацијата.

## 19.4. Односи меѓу сите структури во училиштето

Во училиштето постои конструктивна комуникација помеѓу сите структури во него (Директор, Училишен одбор, Совет на родители, Ученичка заедница, Стручни активи).Таа комуникција се темели на вистински вредности и принципи кои помагаат за подобрување на училишната клима и односите во него. Одговорните на сите структури го сочинуваат тимот кој *ќе се грижи за надминување на евентуалните негативни појави во однос на училишната клима, изготвувајќи предлог мерки за нејзино подобрување. Со цел подигнување на квалитетот на комуникацијата и меѓусебната доверба и соработка , вработените во училиштето, како и досега, ќе остваруваат формални и неформални средби, односно ќе се организираат заеднички прослави, екскурзии, свечености, посети и сл.

Како и секоја учебна година училиштето ќе организира заеднички средби и прослави по повод: Ден на училиштето – 9 Мај, Нова година – 31 декември Ден на жената – 8 март Ден на шегата – 1 април, Полуматурска прослава – 10 јуни, Екскурзии за учениците и наставниците . Ќе се организираат заеднички прослави за учениците, наставниците и родителите со цел запознавање на културата и традицијата на другите етнички заедници а со тоа и почитување на различности

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образованиот кадар

### 20.1. Детектирање на потребите и приоритетите

Современото образование ја наметнува потребата од континуиран професионален развој на образовниоткадар бидејќи тој е еден од клучните фактори што влијае врз постигањата на учениците.За подобрување на квалитетот на образованието на образовниот кадар покрај формалното образование треба да се зема предвид и концептот на доживотно учење, т.е нивна континуирана надградба.Почитувајќи го концептот на доживотно учење и новините во образованието, како и констатираните состојби од самоевалуацијата, интегралните увиди, образовниот кадар континуирано присуствува на обуки, семинари, работилници, конференции, трибини, организирани од страна на Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието на Македонија, невладини организации и други релевантни институции. Во нашето училиште постои тим за професионален развој на наставниците во состав директор, стручни соработници, претседатели на стручни активи, претставници на УО (еден родител и неговиот претседател) чија задача е да ги детектира потребите за професионален развој на наставниците и да избере соодветни обуки.

### 20.2. Активности за професионален развој

Професионалниот развој на наставникот е континуиран процес кој започнува со учеството на наставникот во Стручните активи каде се разменуваат искуства и нови сознанија. Согласно потребите на наставниците во оваа учебна година планирани се следните обуки:

- Работа со деца со посебни образовни потреби;
- Работа со надарени деца;
- Претприемничко учење;
- Обуки за современи приоди во наставата

Целта на професионалниот развој на наставниците е да се подобрат постигањата на учениците преку континуирано осовременување на наставниот процес со нови форми, методи, стратегии и техники, со посебен акцент на активното учество на учениците во процесот на учење и поучување.

## 20.3. Акционен план за професионален развој

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на задолжителни семинари организирани од МОН и БРО | Обука на наставниците во рамките на актуелни проекти и програмски Активности | Обучувачи Училишен Координатор | Во текот на учебната година | Стекнување нови и продлабочени знаења од страна на наставниците |
| Идентификација на надарени деца | Препознавање на надарени деца, избор на соодветни методи, форми и техники за работа со нив и нивно вклучување во додатна Настава | Психолог | ноември | Примена на соодветни форми, методи и техники во работата со надарените деца Учество на натпревари |
| Тимска работа | Запознавање со принципите на тимска работа и улогите во Тимот | Педагог | јануари | Подобрување на училишната клима и квалитетот на воспитно образовниот процес преку примена на |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Инклузија на учениците со пореметување од аутистичниот спектар | Запознавње со карактеристиките во развојот на децата со пореметување од аутистичниот спектар | Дефектолог | декември | Успешно спроведување на инклузивниот процес со цел поттикнување на социо-емоционалниот и личниот развој на децата со пореметување од аутистичниот спектар |
| Активна вклученост на наставниците во “Заедницата за учење“организирана во рамките на проектот “Со читање до лидерство“ | Примена на современи приоди во наставата за подобрување на јазичната и математичката писменост кај учениците од почетните одд. | Одделенски наставници Стручни соработници | Во тек на учебната година | Примена на стандизирани тестови за процена на јазична и математичката писменост Подобрена јазична и математичката писменост кај учениците |

***Критериуми за успех*** – подобрување на постигањата на учениците и унапредување на наставата со нови форми, методи, стратегии и техники на учење и поучување ***Инструменти*** – извештаи од одржани семинари, статистички извештаи од завршени квалификациони периоди и записници од посетени часови ***Индикатор за успешност*** – зголемени постигања кај учениците, поголем среден успех на ниво на училиште ***Одговорен за следење*** – директор, стручни соработници, одговорни наставници ***Повратна информација*** – податоци во професионалните досиеја на наставниците -подобрување на наставната практика и подобрување на учењето и поучувањето -создадена стимулативна средина за професионален развој на наставниците -примена на новите знаења и вештини стекнати на обуки во наставната пракса -создавање на систем на континуиран професионален развој и менторство на наставниците

## 20.4. Хоризонтално учење

Професионалниот развој во училиштето се одвива преку хоризонтално учење (наставниците учат едни од други ) и подразбира различни видови на организирано и планирано пренесување на знаењата и размена на професионалните искуства , внатре во училиштето и помеѓу повеќе училишта.За хоризонталното учење е посебно важна тимската работа во училиштето која овозможува создавање и развивање нови идеи и поголема продуктивност на секој поединец. Професионалниот развој на наставниот кадар, каде спаѓаат планирање и организирање на разни обуки, семинари , работилници, дисеминации и сл., со цел надградба, унапредување на наставниците и запознавање со нови методи и нов пристап на работа за издигнување на наставата во училницата на повисоко ниво , е познато како хоризонтално учење, со кое наставникот напредува во професијата, напредува како стручно лице. Но, тој напредок на наставникот не му носи унапредување, односно повисока позиција, туку само професионален напредок и поголем успех во реализација на наставниот процес.

**Акционен план за хоризонтално учење**

| Активност | Задача | Носител на активноста | Време на реализација | Очекувани ефекти |
|---|---|---|---|---|
| Посета на отворени и нагледни часови | Споделување искуства | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Адекватен избор на форми, методи, техники и наставни средства |
| Размена на дневни подготовки, нагледни средства и други материјали меѓу наставниците од нашето училиште | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Користење соодветни ресурси во наставата Подобрена тимска работа меѓу наставниците |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Размена на искуства меѓу наставници од различни училишта и различни етнички заедници | Збогатување на ресурсите за реализирање на наставните содржини | Наставниот кадар | Во текот на цела година | Зголемена соработка на локално ниво и почитување на мултикултурализмот |

## 20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

Перманентната надградба на образовниот кадар е задолжителен дел на воспитно-образовниот процес, вклучено во системот на професионалниот развој. Со цел личен и професионале развој секој наставник континуирано посетува организирани семинари , обуки, презентации, конференции, како и ги следи и почитува сите законски промени во воспитно образовниот процес. Секој наставник има сопствено наставничко портфолио кое е исполнето со трудови од нивната работа и изработки од учениците . Стручните соработници за секој наставник водат професионално досие во кое се заведува и следи нивниот професионалниот развој. Директорот на училиштето го следи професионалниот развој на стручните соработници преку водење на нивното професионално досие. Потстрекот за личниот професионален развој кај наставниците , покрај што е воден од сопствените желби за професионално надградување, поттикнат е и преку вреднување на нивните новостекнати знаења кои тие успешно ги применуваат во секојдневната работа, со издавање сертификати, кои се мотив повеќе за активно учество на семинари, обуки и работилници. Како и вреднување на нивните постигнувања преку интерни и екстерни тестирање, на кои можат да ги потврдат својот квалитет и успех во реализација на наставата и работата со децата.

# 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

## 21.1. Вклученост на родителит/старателите во животот и работата на училиштето

Во животот и работата на училиштето Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор.На родителски средби, родителите се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Во текот на учебната 2020/2021година се планирани најмалку пет редовни родителски средби од кои три во прво и две во второ полугодие.Со свои предлози и лично вложување родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Совет на родители се избира од редот на родителите на учениците кои не се вработени во училиштето.Членовите на Советот на родителите се бираат од страна на родителскиот одбор од секоја паралелка, а тројца од родителите се делегираат како претставници во Училишниот одбор. Советот на родители:

- Ја следи воспитно-образовната работа во училиштето;
- Дава свои предлози и мислења за унапредување на воспитно-образовниот процес на учениците;
- Дава предлози за надминување на проблемите кои се јавуваат на релација ученици - наставници - родители;
- Зема активно учество во совладување на проблемите кои се јавуваат во развојот и воспитувањето на учениците, а пред се во спречувањето на негативните појави како што се: насилно однесување, алкохолизмот, пушењето, наркоманијата и слично;
- Советот на родители избира свои преставници во Училишниот одбор;
- Учествува во изготвување на правилници и врши и други работи во интерес на успешноста на работата.

Советот на родители поради поефикасно организирање и работа, донесува сопствена годишна програма.

## 21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставните активности

Во процесот на учење на редовните родителски средби родителите се информираат за наставните и воннаставните активности, начинот на реализација, следење и вреднување на учениците заведено во евидентни листови. На индивидуалните средби наставниците им даваат јасни и конкретни напатствија на родителите како најдобро да им помогнат на своите деца во процесот на учење.

Родителите на сите ученици кои имаат три и повеќе слаби оценки, десет и повеќе неоправдани изостаноци, над сто оправдани изостаноци, како и на учениците кои манифестираат несооодветно однесување согласно законот се покануваат на советување кое што го води психологот на училиштето. Е-дневникот и СМС пораките им овозможуваат на родителите во секој момент да имаат увид во наставните содржини, постигањата, редовноста на учениците, дополнителна и додатна настава и домашните задачи. Во рамките на професионалната ориентација на учениците, родителите земаат учество преку одржување на презентации и запознавање со карактеристиките на оредени професии, струки и занимања. Родителите земаат активно учество во проектните активности што се спроведуваат во училиштето како што се активностите во рамките на проектот ,,Интеграција на еколошката едукација во македонскиот образовен систем „Проектот за меѓуетничка интеграција во образованието,,"Со читање до лидерство", "Претрприемништво во образованието" Со свои предлози и лично вложување тие учествуваат во организизација на разновидни средби, прослави , забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации. Училиштето поттикнува и неформално дружење помеѓу наставниците, учениците и нивните родители преку ангажман во организацијата на училишните акции и проекти како на пр.:„Ден на тиквата", „Велигденски хепенинг",,,Новогодишен хепенинг " како и многу други. На Веб страната на училиштето редовно се ажурираат податоците за работата и тековните активности кои се одвиваат во училиштето. Таа е достапна за родителите како и за сите заинтересирани лица или институции.

## 21.3. Едукација на родителите/старателите

Соработката меѓу училиштето и родителите продолжува и преку организирање едукативни работилници, разни предавања и советодавно-консултативни работилници , со цел родителите да бидат во тек со иновациите во образованието и како би можеле полесно да се вклучат во образовниот процес на своите деца.

На почеток од учебната година тим од наставници и стручни соработници во соработка со директорот на училиштето ќе изработи брошура со која ќе ги запознае учениците и родителите со најважните активности на училиштето во учебната 2023/2024 година

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

| **Планирана програмска активност** | **Време на Реализација** | **Реализатор** | **Исходи и ефекти** |
|---|---|---|---|
| Соработка со средни училишта | Континуирано | Стручна служба | Сознание за запишани ученици и информација за Запишување |
| Соработка со факултетите | Континуирано | Стручна служба, наставници | Менторство на студенти и Приправници |
| Соработка со Општина Ресен | Континуирано | Училиштето и ОЦ | Заеднички активности |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со библиотеки-дом на култура | Континуирано | Училиштето и библиотеки | Заеднички активности |
| Соработка со музеи | Континуирано | Училиштето и музеј | Запознавање со историјата, културата, традицијата, наследството и минатото |
| Соработка со кина и театри | Континуирано | Училиштето, кината и театрите | Поттикнување на љубовта на филмската и театарската уметност |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Соработка со издавачки куќи | Континуирано | Училиштето и издавачките куќи | Заеднички активности |
| Соработка со Здравствен Дом | Континуирано | Училиштето и здравствениот дом | Заеднички активности |
| Соработка со Црвен крст | Континуирано | Училиштето и Црвен крст | Заеднички активности |
| | | | |
| Соработка со Центар за деца со | | Центар за деца со | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| посебни потреби | Континуирано | посебни потреби | Заеднички активности |
| Соработка со еколошки Организации | Континуирано | Училиштето и еколошките организации | Заеднички активности |
| Соработка со спортски здружениа | Континуирано | Училиштето и спортските здруженија | Заеднички активности |
| | | | |

***Медиуми (со цел промоција на училиштето)***

| Планирана програмска активност | Време на реализација | Реализатор | Содржини на Објавување | Очекувани исходи и ефекти |
|---|---|---|---|---|
| ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ | | | | |
| Објавување на материјал (текст и слики) во списанијата: НАШ СВЕТ ДРУГАРЧЕ РАЗВИГОР и Улка | Во текот на годината | Одговорни наставници и Ученици | Ликовни галерии, хепенинзи, патронен празник, саем на книгата, значајни манифестации и постигања на учениците | Афирмирање на училиштето |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕЛЕКТРОНСКИ МЕДИУМИ | | | | |
| Македонска телевизија во емисијата „SBOH" и утрински | Во времето на денот на училиштето | Одговорни наставници и Ученици | Забавни содржини посветени на патрониот празник | Промовирање на постигањата |
| ИНТЕРНЕТ WEB страна на училиштето | Во текот на годината | Одговорни Наставници | Брошура - билтен Годишна програма, Годишен и полугодишен извештај и др. | Транспарентно информирање за работата на Училиштето |

## 23. Следење и имплементација на годишната програма за работа на основното училиште

| Приоритетни подрачја за следење | Начини и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| Естетко уредување на ушилиштето и уредување на училишниот двор | Континуирано | Директор<br>Стручна служба<br>Тим за следење | Директор<br>Стручна служба<br>Општина Ресен |
| Подобрување на квалитетот на наставата преку набавка на нагледни средства, дидактички материјали и литература, професионален развој на наставниците | Континуирано | Директор<br>Стручна служба<br>Тим за следење | Директор<br>Стручна служба<br>Општина Ресен<br>Државен Просветен Инспекторат |
| Подобрување на имицот на училиштето | Континуирано | Директор<br>Стручна служба<br>Тим за следење | Директор<br>Стручна служба<br>Општина Ресен<br>Државен Просветен Инспекторат |

# 24. Евалуација на годишната програма за работа на основното училиште

**Година 2023/2024**

| | Временска рамка (месец) | | | | | | | | | | | | | | | | Следење | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | **Носител** | **Начин на спроведување (ресурси)** | **Инстру-менти** | **Очекувани резултати** | **Одговорно лице** | **x** | **Потребен буџет** |
| Следење на реализација на часови со примена на активна настава | | | | | | | | | | | | | Директор Психолог Педагог | Посета на час Разговор Увид во дневни подготовки | Чек листа Записник Фотографии | Осовременување на наставата | Директор | | 500,00 денари |
| Евалуација на посетените часови на наставници од одделенска и предметна настава | | | | | | | | | | | | | Директор Педагог Психолог Претседатели на стручни активи | Анализа на посетените часови Препораки за унапредување на дејноста | Чек листа Записници од одржани состаноци | Професионален развој на наставниот кадар | Директор | | 500,00 денари |
| Следење на реализација на додатна и дополнителна Настава | | | | | | | | | | | | | Директор Педагог Психолог Стручни активи | Увиди во записници од додатна и дополнителна настава | Записници Формулари за анализи Листи за | Подобрување на училишни от успех | Претседатели на стручни активи | | / |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | | | | | | | | Посети на час<br>Статистички анализи | редовност | | | | |
| Евалуација на професионален развој на вработените | | | | | | | | | | | | | Директор Претседатели на стручни активи | Разговори Увиди во сертификати и во наставничко досие | Професионално досие на вработените | Унапредување на компетенциите на наставниот кадар | Психолог | | / |
| Следење на реализација на акциските планови | | | | | | | | | | | | | Училишен одбор Стручни активи | Разгледување на извештаи од реализираните активности | Записници Анализи Извештаи Педагошка евиденција | Квалитетна реализација на приоритетите на училиштето | Координатори на тимовите за акциските планови | | 500,00 денари |
| Евалуација на работата на стручните активи | | | | | | | | | | | | | Наставнички совет | Анализи и дискусии по извештаи од стручните активи | Записници Анализи Извештаи | Утврдување на подрачја за промени во наредната учебна година | | | 500,00 денари |
| Анализа на постигнатиот училишен успех во | | | | | | | | | | | | | Одделенски и наставни | Статистички анализи на среден успех | Формулари и со статистичк | Подобрување на училишни | Педагог, директор | | / |

| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| споредба со претходната учебна година | | | | | | | | | | | | | чки совет | на учениците на погодие и крај на година | и пресметки Анализи | от успех | | | |
| Следење на реализација на Годишната програма | | | | | | | | | | | | | Тим за евалуација на годишна програма | Анализи на реализација на Годишната програма | Анализи Записници Фотографии Документи | Успешна реализација на Годишната програма | директор | | 500,00 денари |
| Изготвување полугодишен и годишен извештај | | | | | | | | | | | | | Тим за евалуација на годишна програма | Анализа на работењето на училиштето | | Анализа на работењето и | Директор, Стручни соработници наставници | | / |
| Увиди во водење на педагошка евиденција и документација | | | | | | | | | | | | | Директор Педагог Комисии за педаг. Евиденц. | Прегледување на педагошка евиденција и документација | Записници Извештаи | Запазување на законитоста во работењето Утврдување на подрачја за промени | Педагог, психолог | | / |

## 25. Заклучок

Во нашето училиште ООУ„Славејко Арсов” с.Подмочани вопитно образовниот процес се изведува на два јазици : македонски јазик и албански јазик,Мултиетничкиот живот на колективот, учениците е главен мотив за запознавање на другите и изнаоѓање на повисоки заеднички цели. Наставниците постојано стручно се усовршуваат за да релизираат квалитетна настава, приспособена на индивидуалните способности на учениците, без разлика на нивната етничка полова и социална припадност. Наставниот кадар во училиштето стекнатите знаења и искуства ги применува во редовната настава, вонаставните активности при соработка со локалната средина, развојот на училиштето, како и во сите сегменти од секојдневието на училиштето. Ги следиме и применуваме промените на наставниот план и програма новите истекнати знаења ги имплементираме во наставниот и вонаставниот процес во училиштето. Се трудиме секогаш учениците да се центар на нашето внимание, со многу спортски вонаставни и слободни ученички активности. Учествуваме на многу натпревари, ги продолжуваме досегашните проекти, ги осттваруваме поголем дел од целите поставени во ретходната учебна година. Соработуваме со родителите и локалната средина ја продолжуваме соработката со партнер училиштето Оу„Димитар Влахов” с.Љубојно и други училишта во Општината Ресен подмладокот на Црвен Крст Ресен, Центарот за деца со посебни потреби во општината. Свечено го одбележуваме нашиот Патронен празник 9-Мај каде учениците, родителите и преставниците од Општина Ресен се дружаат и присустуваат на културно-уметничката програма.

Со организирани екскурзии, учениците ги запознаваат убавините и културата на нашето мултиетничко општество. Ги почитуваме законските правила и прописи ги применуваме новите законски прописи, се грижиме за безбедноста на учениците, наставниците и родителите. Применуваме ИКТ и компјутеризација каде имаме можности ја подобруваме училишната животна средина и условите за работа. Соживот за сите, еднакви права и должност за учениците , вработените и родителите, мултиетнички живот е главната цел во нашето училиште. Создаваме современо училиште, каде секој ученик ќе ги развива своите потенцијали ќе постигнува високи резултати, ќе стекнува знаење, вештини и умеења, ќе ја развива свеста за еднаквост меѓу луѓето без разлика на нивната етничка припадност. Создаваме генерации на успешни личности, кои че бидат корисни во различни области од нашето општество. Во нашето училиште се направија значителни промени во реновирани училници, се спроведуваат и реализираат низа проекти: Еко проекти, Проекти за меѓуетничка интеграција во образованието, се реализираат интерни и екстерни обуки и семиари за професионален развој на наставниците, се со цел да се подобри воспитно-образовниот процес.

## 26. Комисија за изработка на годишната програма за работа на основното училиште

Комисија за изработка:

Директор: Себахат Шемшединовска

Одделенски наставници: Сузана Мицалевска, Сузана Томовска, Лорита Јашари Бесими

Предметни наставници: Шпреса Хоџа, Беџет Ајредини, Бобан Ристовски

Стручна служба: Кети Гелмановска

Преставник од ученичкиот парламент: Суела Сулејмани

## 27. Користена литература

Годишната програма за работа на училиштето за учебната 2023/24 год е изработена по правилник за изработка на годишна програма од МОН. При нејзината изработка е користена следната литература:

- Законот за основно образование;
- Наставните планови и програми;
- Статут на училиштето;
- Програма за развој на училиштето;
- Извештаи (Годишен извештај на училиштето од претходната учебна година, посети и увиди од Државниот просветен инспекторат, од Самоевалуацијата, Програмата за развој, записници и др);
- Искуствата од партнерството со родителите;
- Платни списоци на вработени ;
- Статистички извештаи.

**Председател на У.О**
**Адриан Зутеја**

**Директор**
**Себахат Шемшединовска**

# ПРИЛОЗИ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОСНОВНОТО УЧИЛИШТЕ


1. Програма за работа на директорот
2. Програма за работа на психолог
3. Програма за работа на социолог
4. Програма за работа на дефектолог
5. Програма за работа на библиотекар
6. Програма за работа на училишен одбор
7. Програма за работа на совет на родители
8. Програма за  работа на наставнички совет
9. Програма за работа на стручни активи
10. Програма за работа на одделенски совет
11. Програма за работа на училишен инклузивен тим
12. Програма за работа на тутори
13. Програма за работа хор и оркестар
14. Програма за работа на заедница на паралелката
15. Програма за работа на ученички парламет
16. Програма за работа на ученички правобранител
17. Распоред на часови
18. Акциони планови за реализација на сите проекти во училиштето и акциски истражувања
19. Програми за воннаставни активности
20. Програма за додатна настава
21. Програма за дополнителна настава
22. Програми за вонучилишни активности
23. Програма за реализација на ученички натпревари
24. Програма за унапредување на мултикултурализмот/интерркултурализмот и меѓуетничката интеграција
25. Проекти што се реализираат во основното училиште
26. План за поддршка на учениците и за подобрување на резултатите

27. **План за професионална ориентација на учениците**
28. **План за промоција добро состојба на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација**
29. **План за следење и анализа на состојбите со оценувањето**
30. **План за стручни посети за следење и вреднување на квалитетот на работата на воспитно-образовниот кадар**
31. **Програма за самоевалуација на училиштето**
32. **Програма за заштита и спасување од елементарни непогоди**
33. **Распоред на дежурни наставници**
34. **План за естетско и функционално уредување на просторот и опкружувањето на училиштето**
35. **Правилник за однесување на ученици, наставници и родители(во училиштето и училишниот двор)**
36. **Програма за професионален и кариерен развој на воспитно обравниот кадар**
37. **Програма за соработка на основното училиште со родителите/старателите**
38. **Програма за соработка со локална средина и локална заедница**
39. **Програма за грижа за здравјето на учениците**
40. **Програма за јавна и културна дејност во училиштето**
41. **Програма за следење и евалуација на годишната програма за работа на основното училиште.**

**17.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен” бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015 и 10/2021) донесувам

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Основното училиште „ Славејко Арсов с.Подмочани за учебната 2023/2024 година

Се објавува Одлука за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Основното училиште „ Славејко Арсов с.Подмочани за учебната 2023/2024 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 29.08.2023година.

Бр.09-1981/17
04.09.2023 година
Р е с е н

Градоначалник
Јован Тозиевски с.р

Врз основа на член 53 став 6 и 9 од Законот за основно образование (Сл.Весник на РМ Службен весник на РСМ бр.161/2019, 229/20) и член 23 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Ресен (“Службен гласник наОпштина Ресен” бр.7/2010, 13/2013, 8/2015, 11/2015, 10/21) Советот на Општина Ресен на седницата одржана на ден 29.08.2023 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
за давање согласност за формирање паралелки со помалку од 20 ученици во Општинското основното училиште „ Славејко Арсов“ с. Подмочани за учебната 2023/2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност за формирање чисти и комбинирани паралелки од прво до деветто одделение со помалку од 20 ученици за учебната 2023/2024 година во Општинското основното училиште “Славејко Арсов “ с. Подмочани и тоа:

Паралелките на македонски наставен јазик во одделенскаа настава бројната положба за учебната 2023/24 година постојат 4 (четири ) комбинирани и 1 (една) чиста и тоа:

| Ред. Бр. | Училиште | Одделение и број на ученици | Паралелка | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Централно | I-7 IV-3 | 1ком | 10 |
| 2. | Централно | III-3 V-2 | 1ком | 5 |
| 3. | ПУ с.Долна Бела Црква | III -2 | 1чиста | 2 |
| 4. | ПУ с.Асамати | II-3 IV-5 | 1ком | 8 |
| 5. | ПУ с.Асамати | II-3 III-1 V-2 | 1ком | 6 |
| 6. | Вкупно | 4 комбинирани и 1чиста | | 31 |

Паралелките на македонски наставен јазик во предметна настава бројната положба за учебната 2023/24 година постојат 4 (четири ) чисти и тоа:

| Ред. Бр. | Училиште | Одделение и број на ученици | Паралелка | Вкупно ученици |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Централно | VI1 | 1 | 4 |
| 2. | Централно | VII1 | 1 | 1 |
| 3. | Централно | VIII1 | 1 | 6 |
| 4. | Централно | IX1 | 1 | 4 |
| 5. | Вкупно | 4 чисти | | 15 |

Вкупно на македонски наставен јазик 5(пет) чисти и 4(четири) комбинирани паралелки со 46 ученици.

Работните денови кога се изведуваат ученичките екскурзии и Денот на еколошката акција на младите во Македонија, денот на училиштето и традиционалниот ден на просветата за припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик, се наставни денови во кои се изведуваат посебни програми. ( во прилог ке биде доставен календарот за работа)

8.2 Поделба на одделенското раководство , поделба на часовите на наставниот кадар , распоред на часови

**- предметна настава одделенски раководители**

| Ред бр | Име и презиме | одделение |
|---|---|---|
| 1. | Сузана Луловска | VI |
| 2. | Павлина Свиркова Мицалевска | VII |
| 3. | Аница Симоновска | VIII |
| 4. | Дивна Темелковска | IX |

**- Поделба на часовите на наставниот кадар**

**-Одделенска настава**

| Ред бр | Име и презиме | место | јазик | одделение |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Деса Трајчевска | ЦУ Љубојно | македонски | II,III |
| 2. | Егзона Адемовска | ПУ Крани | албански | I |
| 3. | Мери Наумовска | ЦУ Љубојно | македонски | I, IV,V |
| 4. | | ПУ Д.Дупени | македонски | Во мирување |
| 5. | Сузи Ќоропановска | ПУ Штрбово | македонски | IV |
| 6. | Весна Зузаровска | ПУ Сливница | македонски | I, III |
| 7. | Јулијана Пановска | ПУ Крани | македонски | I, IV |
| 8. | Наџие Шерифи | ПУ Наколец | албански | II, III, IV,V |
| 9. | Генц Седалиу | ПУ Крани | албански | III, V |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 10. | Бесим Бесими | ПУКрани | албански | II, IV |
| | | | | |

**-Предметна настава**:

| **Ред бр.** | **Име и Презиме** | **Наставен предмет** | **Одделение** |
|---|---|---|---|
| 1. | Билјана Фузевска | Македонски јазик<br><br>Македонски јазик за другите заедници во албански паралелки | VI- IX<br><br>IV,V во ПУ Крани и Наколец |
| 2. | Дивна Темелковска | Англиски јазик | III, IV, V, VI, VII, VIII, IX |
| 3. | Наташа Стојковска | Англиски јазик | I, II, III, IV,V во ПУ и ЦУ |
| 4. | Јетмир Абдулаи | Англиски јазик во албански паралелки | I, II, III, IV,V во ПУ Крани и Наколец |
| 5. | Павел Митревски | Француски јазик | VI – IX |
| 6. | Сузана Лулoвска | Математика и Физика | VI- IX |
| 7. | Тодорче Тановски | Географија и Природни науки | VI -IX |
| 8. | Никола Чаловски | Историја и општество, Историја и Граѓанско образование | VI– IX |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 9. | Аница Симоновска | Хемија, Биологија | VII – IX |
| 10. | Павлина С. Мицалевска | ТО, Иновации, Вештини за живеење , Унапредување на здравјето, и Природни науки | V, VII, VIII, IX<br>Во подрачните во V |
| 11. | Весна Саљамовска | Музичко образование, хор, оркестар | VI –IX |
| 12. | Ирена Икономовска | Етика | VII |
| 13. | Благојче Кажановски | Физичко и здравствено образование | VI – IX |
| 14. | Горан Јончевски | Информатика , Информатика и техничко | VI,VII |
| 15. | Вангел Крстиновски | Ликовно образование | VI- IX |
| 16. | Горан Јончевски | Физичко и здравствено образование | I, II, III, IV,V во ПУ и ЦУ |
| 17 | Амиде Хоџа | Техничко образование во албански паралелки | ПУ Крани , Наколец |

**- распоред на часови**

Училиштето изготвува распоред на часови за централно и подрачните училишта со цел навремено и квалитетно реализирање на наставата. Распоредот на часови ќе биде даден во прилог.

- **Ова подрачје може да претрпи измени во текот на оваа учебна година, поради тоа што 2023/2024 г. Учениците од I – VI одд. ќе следат настава по нови наставни програми по новата Концепција за основно образование.**

8.3 Работа во смена

Воспитно образовна работа за учениците се организира во текот на целата работна недела и наставата се одвива во една смена. Часовите почнуваат во 8 .00 часот и завршуваат во 13.20 часот.

8.4 Јазик/ јазици на кои се изведува наставата

| | **Македонски јазик** | **Албански јазик** |
|---|---|---|
| Број на паралелки | 9 | 4 |
| Број на ученици | 36 | 23 |
| Број на наставници | 18 | 6 |

8.5 Проширена програма

Во основното училиште може да се реализира и проширена програма во зависност од потребите. Проширената програма на основното училиште опфаќа: организирано прифаќање и заштита на учениците еден час пред започнување на часовите во редовната настава и еден час по завршувањето на редовната настава, продолжен престој, дополнителна и додатна настава, како и воннаставни активности и вонучилишни активности, односно организирање на секции, клубови, екскурзии, натпревари, други активности кои училиштето ги реализира надвор од наставната програма, како и активности на ученичката организација.Основното училиште за учениците во прво, второ и трето одделение организира прифаќање и заштитана учениците еден час пред започнувањето на часовитеза редовната настава и еден час по завршувањето нанаставата, во согласност со родителот, односно старателот.

8.6 Комбинирани паралелки

Во училиштето работаат комбинирани паралелки во одделенска настава

**-комбинирани паралелки одделенска настава**

| **Ред бр** | **Име и презиме** | **место** | **јазик** | **одделение** | **Број на ученици** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Мери Наумовска | ЦУ Љубојно | македонски | I, IV, V | 4 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 2. | Весна Зузаровска | ПУ Сливница | македонски | I, III | 4 |
| 3. | Јулијана Пановска | ПУ Крани | македонски | I, IV | 2 |
| 4. | Нациие Шерифи | ПУ Наколец | албански | II, III, IV, V | 6 |
| 5. | Бесим Бесими | ПУ Крани | албански | II, IV | 6 |
| 6. | Генц Седалиу | ПУКрани | албански | III, V | 9 |

8.7 Странски јазици што се изучуваат во основното училиште

Во училиштето прв странски јазик е Англиски јазик , а втор странски јазик е Француски јазик. Анлиски јазик го изучуваат учениците од прво до деветто одделение во вкупно 13 паралелки односно вкупно 59 ученици. Француски јазик се изучува од шесто до деветто одделение во четири паралелки или вкупно 18 ученици.

8.8 Реализација на Физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение.

За реализацијата на Физичко и здравствено образование со учениците од прво до петто одделение ќе реализираат тандем настава со одделенскиот наставник Мери Наумовска, Егзона Адемовска, Јулијана Пановска, Сузи Ќоропановска, Весна Зузаровска, Бесим Бесими и Генц Седалиу со предметниот наставникот по Физичко и здравствено образование .

**8.9 Изборна настава**

За запознавање со Програмите на изборните предмети на крајот на учебната година беа одржани родителски состаноци на кои родителите беа запознати со предложените изборни предмети од МОН и беше спроведено анкетирање на учениците во согласност со родителите. Изборната настава за IV , V и VI одделение ќе се реализира според новата концепција за IV ,V и VI одделение. Во VI одделение е избран втор странски јазик – Француски јазик и се изучува сите четири години. Според концепцијата се избира уште два слободни изборни предмети кои се изучуваат еден во прво и еден во второ полугодие. Во предметна настава од VII- IX одделение според Наставниот план, училиштето предложи листа со сите изборни предмети при што учениците ги избраа следните изборни предмети: во седмо одделение избран е Вештини за живеење , во осмо одделение е Техничко образование и во деветто одделение Унапредување на здравјето. Сите изборни предмети се застапени со 2 часа неделен фонд.

**8.10 Дополнителна настава**

Дополнителна настава ќе се организира за учениците кои имаат потреба од дополнителна поддршка за определени наставни предмети , за да ги постигнат очекуваните резултати. За успешно организирање на дополнителната настава во училиштето ќе се врши

постојано следење и вреднување на постигањата и напредувањето на секој ученик. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред и објавува на огласна табла и на својата интернет страница. За потреба на посета на ученикот на дополнителна настава одделенскиот, односно, предметниот наставник води евиденција и го известува родителот во рок од 3 дена од констатирањето на потребата.

### 8.11 Додатна настава

Додатна настава ќе се изведува со ученици кои ја совладуваат програмата редовно и чувствуваат потреба за проширување на своите знаења.. Додатната настава ќе му овозможи на ученикот да ги изрази своите индивидуални интереси. Преку оваа настава ќе се подготвуваат ученици за општински, регионални, републички и меѓународни натпревари. Основното училиште на месечна основа изготвува распоред и објавува на огласна табла и на својата интернет страница.

### 8.12 Работа со надарени и талентирани ученици

Нашето училиште континуирано ги следи постигањата на учениците и има изградено механизам за идентификација и следење на учениците кои посебно се истакнуаат во учењето и помага за побрзо нивно напредување. Стручната служба и наставниците со употреба на разновидни начини и мерки за вреднување, со цел избирање на надарени и талентирани деца на различна возраст и со различни способности. Концепцијата за откривање и работа со талентирани и надарени ученици го донесува БРО на предлог на МОН. (член 34 од ЗОО)

### 8.13 Работа со ученици со посебни образовни потреби

Во училиштето од минатогодишните евидентирање и детекција на стручниот соработник не се евидентирани ученици со посебни образовни потреби. Годишните програми и планирања за работа со ученици со посебни образовни потреби се дадени во годишната програма на дефектологот која е дадена во прилог, а изготвена е и програма за инклузивно образование.

## 9. Воннаставни активности

Суштината на воннаставните активности се состои во проширување и продлабочување на знаењата, умеењата и навиките на учениците. Тука доаѓаат до израз интересите, желбите и афинитетите на учениците за одредени активности. Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште се определуваат со годишната програма за работа на училиштето. Учениците во воннаставните активности се вклучуваат доброволно. За учеството во воннаставните активности се води евиденција во дневникот на паралелката и на крајот на учебната година на ученикот му се издава додаток на свидетелство, во кое се наведува учеството во воннаставните активности. При организирањето на воннаставните активности

води сметка за заштита од дискриминација по кој било основ, како и за примената на афирмативните мерки за вклучување на сите ученици.

Основна цел е да овозможат стекнување на занаењата, вештините и вредностите/ ставовите зацртани со Националните стандарди за основното образование.

**9.1 Училишни спортски клубови**

Во училиштето е основан училишен спортски клуб од Директор на училиштето. Програмата за спортските активности ќе се реализира во согласност со условите за спортување. Од спортски активности ќе се реализираат меѓуучилишни фудбалски натпревари и натпревари во пинг- понг. Слободните активности изразени преку спортот и уметноста имаат мошне големо значење поради специфичните услови во кои работи училиштето. Наставникот по ФЗО е задолжен за реализација на овие активности.

**9.2 Секции/ клубови**

Секциите се подолготрајни воннаставни активности коишто се реализираат еднаш неделно 1-2 часа неделно, во текот на едно цело полугодие или на цела учебна година.

Во рамките на овој вид воннаставни активности се прави разлика меѓу: |А| секции за проширување/продлабочување на содржините од наставните предмети/ области |Б| секции за поддршка на други воннаставни интереси на учениците |В| секции за поддршка на личниот и на социјалниот развој на учениците и |Г| спортско-рекреативни секции.

Во училиштето ќе се реализираат следните секции и слободни активности по претходно изработен план и програма : Секција по англиски јазик, Литературна и рецитаторска секција, Сообраќајна секција, Математичко -физичка секција, Еколошка секција и Микробит клуб .

**9.3 Акции**

Во училиштето се планираат акции, еколошки и хуманитарни, во соработка со Општината и Црвениот крст Ресен.Училиштето е во трета фаза на МИМО и со цел да се подигнат граѓанските компетентции, да се подигне јавната свест на учениците, да се поттикнат хуманитарни активности како и да се поттикне одговорноста на ученичкиот правобранител ќе се реализираат активности по предметот Граѓанско образование за поттикнување на ученички иницијативи . Програмата и акциониот план е во прилог на годишната програма.

## 10. Ученичко организирање

Сите ученици во училиштето ја сочинуваат училишната заедница. Учениците имаат право на ученичко организирање на ниво на паралелка и училиште. За организирано остварување на интересите на учениците во основното училиште, учениците се организираат во заедница на паралелка и ученички парламент. Ученичкиот парламент го сочинуваат претседателите на заедниците на паралелките. Првото свикување на ученичкиот парламент го врши директорот на училиштето. Ученичкиот парламент: - активно учествува во застапување и промовирање на правата и интересите на учениците, - го промовира ученичкиот активизам, - учествува во активности за обезбедување врсничка поддршка на учениците со посебни образовни потреби, во реализација на наставата и воннаставните активности, - учествува во подготовката на годишната програма за работа, - дава предлог активности за годишните програми за екскурзии, - дава предлози за воннаставни активности на училиштето, - дава предлози за подобрување на ученичкиот стандард, - учествува во евалуацијата на работата на училиштето, - преку свои претставници учествува во советот на родители и наставничкиот совет и - организира и учествуваат во хуманитарни активности, еколошки активности и општествено корисна работа. Претседателот на ученичкиот парламент се избира со мнозинство гласови од вкупниот број на претставници од претседателите на заедниците на паралелките по пат на тајно гласање и има мандат од една година. Ученичкиот правобранител се грижи за заштита и унапредување на правата на учениците во училиштето и има мандат од две години.. Ученичкиот правобранител се избира со мнозинство гласови од учениците од седмо до деветто одделение, по пат на тајно гласање.

## 11. Вон училишни активности

Во рамките на вон училишните активности се планираат да се реализираат екскурзии и излети.

### 11.1 Екскурзии, излети и настава во природа

Оваа учебна година се планираат два **излети** ( есенски и пролетен) со кои ќе бидат опфатени сите ученици од прво до деветто одделение и еднодневна **екскурзија** со трето, **дводневна екскурзија** со шесто и **тродневна ексурзија** со деветто одделение според Правилникот за организирање и планирање на екскурзии од МОН.

Тимот за изработка на програмата за екскурзии и излети го сочинуваат Директорот на училиштето, Одделенски раководители или други наставници кои реализираат настава во училиштето во траење од најмалку една година.

### 11.2 Податоци за учениците од основното училиште вклучени во вон училишните активности

Во вонучилишните активности учествуваат сите ученици од нашето училиште и во согласност со Правилникот за организирање и планирање на екскурзии од МОН.

## 12. Натпревари

Во училиштето се планираат и организираат натпревари кои имаат цел да се развива натпреварувачкиот дух, да се прошират и збогатат знаењата, да се развива и негува другарството ,остварување контакти со учениците од други средини. За учениците што покажуваат особен успех по одделни наставни предмети се организираат натпревари на општинско, регионално и државно ниво. Учениците ќе учествуваат на акредитирани натпревари кои ги организираат акредитирани здруженија на наставници. Во оваа учебна година ќе се организираат училишни натпревари на знаења по предметите Англиски јазик, Географија, Биологија, Хемија, Природни науки, Математика. Ќе се организираат и технички натпревари (Народна техника), и спортски натпревари. Учениците учествуваат и на натпреварот Млади библиотекари организиран од Домот на културата и градската библиотека. Најуспешните ученици од овие натпревари ќе земат учество на општински, регионалните натпревари, а во зависност од постигнатите резултати ќе учествуваат и на државните и меѓународни натпревари.

## 13. Унапредување на мултикултурализмот/интеркултурализмот и меѓуетничка интеграција

Реонот кој го опфаќа нашето училиште има население кое го одликува етничка и религиска разнообразност. Оваа разновидност условува потреба од изградба и практикување на образовни политики чија цел е поттикнување на изградба на личности кои се чувствуваат припадници на својата заедница, односно изградба на личности кои и припаѓаат на заедицата и истовремено оформуваат систем на цели засновани на вредностите на сопствената културна заедница. Во нашето училиште има ученици кои учат на македонски и албански наставен јазик. Затоа се определуваат активности во насока на меѓусебно запознавање, развивање на почит и однос кон различностите. Тимот одговорен за оваа компонента изготви Глобален план за МИМО активности и акциони планови за реализација на мултиетничките/ мултикултурните активности во редовната и во вонnаставните/ вон училишните активности. Исто така училиштето соработува со партнер училиште и со други училишта од општината или регионот.

Одговорен тим за училишна интеграција: Менде Темелковски- Директор, Дивна Темелковска -координатор, Оливера Темелковска, Бесим Бесими , Павлина С.

Мицалевска, Егзона Адемовска, Сузи Ќоропановска, Мери Наумовска и претседателот на Ученичкиот парламент , се одржуваат заеднички часови со учениците од ПУ Крани по ФЗО , заеднички состаноци, работилници, прослава на патрониот празник на училиштето, екскурзија со учениците од трето одделение, есенски и пролетен излет со учениците и наставниците од целото училиште, спортски натпревари, коктели и свечености со наставниците. Исто така се организираат работилници и предавања за ученици во рамките на Образование за животни вештини , Граѓанско образование и по други наставни предмети. Сето ова придонесува да се создаде позитивна и пријатна работна атмосфера меѓусебната доверба и соработка.

## 14. Проекти што се реализираат во основното училиште

Нашето училиште континуирано е вклучено во образовните реформи кои повлекуваат реализирање на проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на наставата, а истите се подржани од МОН, БРО и други институции, органи и невладини организации и слично.

Нашето училиште во оваа учебна година ќе продолжи со реализација на проектите

-Проектот за еколошка интеграција во македонскиот образовен систем

- Проектот за превенција од насилство

-Проектот за меѓуетничка интеграција на младите во образованието

-Проект- Математика со размислување

-Проект- Јазична писменост

- Користење на информационен систем за управување во образованието (ЕМИС)

- Програмата Образование за животни вештини

- Проект за здравствена заштита и здрава исхрана.

- Училиште на 21 век.

## 15. Поддршка на учениците

15.1 Постигнување на учениците

Врз основа на Споредбена Анализа за успехот во ООУ “ Димитар Влахов “ с.Љубојно во континуитет од три години:

| Учебна година | Среден успех |
|---|---|
| 2020/2021 | 4.51 |
| 2021/2022 | 4.30 |
| 2022/2023 | 4.40 |

Успехот оваа година спореден со изминатите две години е незначително променет.

Училиштето има за цел:

- Да **не** се намалува средниот успех на ниво на училиште
- Подобрување на успехот на послабите ученици
- Поголема мотивација и на по успешните ученици

I Активности за постигнување на предвидените цели:

I.1. Континуитет во оценувањето , навремено преземање на мерки за подобрување

I.2. Континуирано одржување на дополнителна настава , почести контакти со родители/старатели и предлагање мерки за подобрување.

I.3 Организирање учество на натпревари (училишни, меѓу училишни, општински, регионални, државни )

II Активности од стручна служба:

II.1. Разговор помеѓу стручен соработник и ученици од цело одделение

II.2. Разговор помеѓу стручен соработник и ученик, или родител/старател, советување,

II.3 Давање стручна насока и помош на ученик од стручниот соработник

II.4. Организирање на стручни предавања

II.5. Консултативни разговори со наставниците

**15.2 Професионална ориентација на учениците**

Училиштето им помага на родителите, односно старателите и на учениците при изборот на средното училиште, согласно со особеностите, способностите и афинитетите на учениците. Заради следење на индивидуалните афинитети на учениците и давање помош на учениците и нивните родители, односно старатели во избор на средното училиште, психологот во училиштето користи алатки за утврдување на способностите, интересите и можностите на учениците и реализира програма за професионална ориентација за ученици од деветто одделение.

Тим за професионална ориентација стручните соработници и одделенскиот раководител на деветто одделение.

### 15.3 Промоција на добросостојбата на учениците, заштита од насилство, од злоупотреба и запуштање, спречување дискриминација

Во училиштето се планираат и реализираат Превентивни програми (насилство,болести на зависност ,асоцијално однесување,соработка со установи за безбедност и социјална грижа)

И оваа учебна година се продолжува со програмата за намалување на насилството во училиштето.Училиштето има своја училишна политика за превенција и справување со насилство во училиштето. Планирањето на едукативни работилници со родители/старатели, ученици и наставници за подобрување на социо-емоционалната состојба на учениците, вклучување на надлежните институции и експерти за определените области на дејствување Организирање на активности во училиштето како и надвор од училиштето, заеднички посети на установи, социјални активности за интеракција која е осмислена и во функција на подобрување на соработката. Програмата за “Намалување на насилството во училиштето— ќе биде во прилог на Годишната програма. Одговорни лица Оливера Темелковска, Дивна Темелковска , Мери Наумовска, Павлина С. Мицалевска и Аница Симоновска.

Се планираат содржини за ученици кои покажуваат негативни промени во однесувањето (асоцијално, антисоцијално, ученици со емоционални проблеми, намалување на успехот и сл) и за ранлива група на ученици за кои препорака дава одделенскиот ракводител, советот на одделенските наставници, советот на предметните наставници, стручната служба, во соработка со родителите. Содржините се прилагодени на возраста, интелектуалниот и емоционалниот статус на учениците. Се планираат и интерактивни работилници за родителите/старателите на учениците кои се вклучени во оваа програма, кои се реализираат од страна на стучната служба во училиштето. Целта е да се обезбеди почитување на личноста- негување на слободата за изразување, остварување на правото на барање, примање и давање информации, интерактивен однос, меѓусебна доверба, почитување на мислењата на сите; еднаквост и правичност – еднакво и без предрасуди однесување кон учениците, родителите/старателите, достапност на информации за сите. Во училиштето има формиран тим и програма за социо емоционалн развој на децата.

## 16. Оценување

**Оценувањето** на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците го вршат наставниците во училиштето.

16.1 Видови оценување и календар на оценување

Оценување се одвива континуирано во текот на целата учебна година со анализа на состојбите во четири класификациони периоди. Постигањата на учениците во основното училиште се проверуваат формативно и сумативно и се запишуваат со описни и/или бројчано.

Во првиот период ( I - III одд. ) се оценува описно, во вториот период ( IV – VI ) постигањата по задолжителните и изборните предмети се оценуваат описно и бројчано, по класификационите периоди – тромесечија и полугодие е описно,а на крајот на учебната година оценувањето е бројчано. Учениците од третиот период ( VII – IX ) се оценуваат бројчано со оценки од еден (1) до пет ( 5). Бројчаните оценки се: одличен (5), многу добар (4), добар (3), доволен (2) и недоволен (1). Сите оценки се преодни, освен оценката недоволен (1). Највисока оценка е одличен (5).

По предметите за писмено оценување наставниците прават план имајќи ги предвид законските ограничувања ( дневно најмногу по едно, а седмично по две писмени работи ).

Оценувањето на учениците се врши според критериуми и стандарди утврдени од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието. Критериумите за оценување на постигањата на учениците се темелат на стандардите за оценување и Блумовата таксономија. Оценувањето на ученикот се врши согласно со стандардите за оценување во наставните програми. Оценувањето на ученикот со бројчани оценки се врши и согласно со критериумите за бројчано оценување што ги изготвува Бирото за развој на образованието.

Оценување на учениците со попреченост согласно Член 139 од Законот за основно образование. Во првиот период, постигнувањата на ученикот кој следи настава според ИОП се оценуваат описно. Во вториот и третиот период, постигнувањата на ученикот кои следат настава според ИОП може да се оценуваат описно и бројчано. Учениците кои следат настава според модифицирана програма, се оценуваат описно во сите периоди на основното образование согласно со индивидуалното постигање на поставените резултати. Начинот на оценување на учениците со попреченост се прилагодува согласно со нивните потреби: писмени тестови на Брајово писмо, зголемен формат, во електронска верзија, аудио формат и слично, употреба на асистивна технологија, подолго време за тестот, помош за читање на прашањата од тестот, надгледувани паузи и флексибилен наставен план, присуство на образовен асистент.

Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен континуирано во текот на учебната година да го известува ученикот за неговото напредување и постигања по секој одделен наставен предмет. Одделенскиот наставник, односно раководител на паралелката е должен да го извести родителот, односно старателот за успехот на ученикот најмалку два пати во секое полугодие односно на родителски состанок најдоцна три дена по завршување на одделенските совети за утврдување на успех и поведение на учениците за прво тримесечие, прво полугодие, трето тримесечие и крај на наставна година преку доставување на евидентни листови.

16.2 Тим за следење анализа и поддршка на оценувањето

Тим за следење, анализа и поддршка на оценувањето : Оливера Темелковска- психолог – Љубица Мицановска- социолог, Нақие Шерифи-претседател на одделенски актив , Мери Наумовска-член на одделенски актив , Павлина С. Мицалевска-претседател на актив на активностите, Аница Симоновска- претседател на природноматематички актив, Дивна

Темелковска- претседател на актив на јазичари. Годишните оценки, одделенскиот, односно раководителот на паралелката на родителите, односно старателите, ги соопштува на родителска средба која се одржува три работни дена по денот на одржувањето на наставничкиот совет на кој се утврдуваат годишните оценки на учениците. Ако ученикот или родителот, односно старателот, не е задоволен од годишна оценка, родителот, односно старателот има право, во рок од три работни дена од денот на соопштувањето на успехот, да поднесе писмен приговор до наставничкиот совет на училиштето, кој треба да биде образложен. Наставничкиот совет по приговорот решава наредниот ден од денот на истекот на рокот. Наставничкиот совет може приговорот да го уважи, да го одбие или да организира повторна проверка на знаењата на ученикот. За повторна проверка на знаењето директорот, најдоцна во рок од пет работни дена од денот на приемот на приговорот, формира комисија за повторна проверка на знаењето. Комисијата е составена од претседател и два члена испитувачи. Претседателот на комисијата, по правило, е одделенскиот раководител, односно раководителот на паралелката во која ученикот учи, а за членови-испитувачи се именуваат наставници по предметот по кој се врши проверувањето на знаењето од редот на наставниците од училиштето или од друго основно училиште. Претседател и член-испитувач на комисијата не може да биде наставникот кој ја утврдил оценката. Оценката на комисијата е конечна.

16.3 Стручни посети за следење и вреднување на работата на воспитно- образовниот кадар

Следење и вреднувањето на работата на наставниците се врши во училиштето од страна на директорот, како и од страна на Бирото за развој. Следење и вреднувањето се однесува на квалитетот на работата и постигањето на компетенциите и стандардите на наставниците. Врз основа на сознанијата од следењето и вреднувањето наставникот добива извештај со повратна информација и насоки за понатамошна работа, што се чува во досието на наставникот. Извештаите од следењето и вреднувањето на наставниците се користат за унапредување на работата на училиштето и за кариерно напредување на наставниците.

Во училиштето постојано се следи работат на воспитно- образовниот кадар преку посети од страна на директорот и стручната служба најмалку два пати во едно полугодие по претходно изготвен план и програма и со користење на посебни инструменти за оценување.

16.4 Самоевалуација на училиштето

Според Законот за основно образование член 129 на секои две години училиштето врши самоевалуација за сопствената работа и постигањата. Самоевалуацијата ја спроведува училишна комисија составена од пет члена од редот на наставниците, стручните соработници, воспитувачите и родителите односно старателите која по предлог на директорот ја формира училишниот одбор. Училишната комисија за самоевалуација е составена од следните членови: Марица Мачковска – В Д Директор, Дивна Темелковска- наставник по англиски јазик, Оливера Темелковска- психолог, Илир Адили -родител, Јовче Петревски - родител

Областите за самоевалуацијата се усогласени со областите од интегралната евалуација, согласно со прописите од обласа на просветната инспекција. Комисијата изготвува извештај за извршената самоевалуација со предлог на мерки за подобрување на квалитетот на

восипитно образовната работа кој го доставува до училишниот одбор, директорот на училиштето и основачот. Училишниот одбор и директорот треба да ги имаат предвид препораките од спроведената самоевалуација при изработка на Годишна програма за работа на училиштето и Развојна програма. Бирото преку советодавни посети дава упатства, стручни совети и поддршка во процесот на спроведување на самоевалуацијата.

Објавување на резултати од самоевалуација .

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на интернет страницата на училиштето и на општината. Извештајот со резултатите од самоевалуацијата училиштето во електронска форма го доставува до Државниот испитен центар, во рок од 30 дена од денот на завршувањето на самоевалуацијата. На крајот од наставната 2021/2022 во период и почетокот на наставната 2022/2023 се изврши самоевалуација на училиштето.

## 17. Безбедност во училиштето

Училиштето се грижи за безбедноста на учениците во училиштето и за таа цел се изготвува ефикасен план за едукација и заштита на учениците во случај на елементарни незгоди при што се организираат обуки на учениците и вработените за ефикасна постапка во време на елементарна незгода со цел да се избегнува и намалува бројот на жртвите со навремено и организирано укажување на прва медицинска помош и евакуација на повредените. Во училиштето се планираа две симулации за безбедно напуштање на зградите од училиштето при елементарни непогоди. (во прилог е доставен план и програма за заштита и спасување од елементарна непогода).

Нашето училиште е опремено со ПП-апарати и истите се поставени на видливо место доколку дојде до несакана ситуација и за истите има обележано патокази за побрзо дејствување на учениците и вработените во институцијата.

Поставени се и знаци за излез на повеќе локации кои јасно ја покажуваат насоката за движење за најлесно и најбрзо да се напушти училишната зграда, како и поставено е сандаче за Прва помош во училишната зграда .

## 18. Грижа за здравјето

### 18.1. *Хигиена во училиштето*

Со редовното одржување на хигиената во училиштето, училниците, ходниците и училишниот двор овозможува одржување на хигиената на високо ниво. Редовно се врши дезинфекција , дезинсекција и дератизација на училишните простории најмалку два пати во годината. Покрај техничкиот персонал, за хигиената во училиштето за грижат и другите вработени во училиштето , како и учениците.

### 18.2. *Систематски прегледи*

Систематски преглед се врши на учениците според планот на ЈЗО Здравстен дом Ресен кај учениците од I до IX одделение. Систематските прегледи зе вршат согласно планот и работното време на ЈЗО и нашето училиште, при тоа не попречувајќи го текот на наставата. Учениците на систематски преглед одат во придружба на своите родители/старатели.

Во текот на учебната година редовно се вршат и Стоматолошки прегледи залевање и преглед на забите.

**18.3.** ***Вакцинирање***

Вакцинација и ревакцинацијасе врши според планот на ЈЗО Здравстен дом Ресен. Опфатени се учениците од I до IX според календарот за имунизација и вакцинација. Училиштето го информира родителот/старателот на ученикот за спроведувањето на редовните систематски прегледи и вакцинациите според законот. Според насоките на Министерството се забранува вакцинација во училиштето заради можни несакани ефекти.

**18.4.** ***Едукација за здраваисхрана – оброк во училиштата***

Советот на родители во нашето училиште избира доставувач на храна за учениците. Преку предметот Образование за Животни вештини на одделенски час и интегрирањето на ЕКО-содржините во редовната настава исто така учениците се едуцираат за здравата исхрана и воедно се подига јавната свест . Предметот ФЗО и наставниците по предметот и одделенските и предметните наставници, со цел да се подигне свеста кај учениците за физичка активност која ќе придонесе за подобро физичко здравје, правилно седење во клупа, правилно држење на телото, правилно движење. Во соработка со Црвен крст Ресен и ЈЗУ Здравствен дом, Ресен се планирани предавања за здрава исхрана во текот на учебната година.

## 19. Училишна клима

***19.1. Дисциплина***

Една од основните задачи во секоја воспитно-образовна институција е секако дисциплината на сите вклучени фактори. Така и нашето училиште изнаоѓа многубројни начини за подобрување на училишната дисциплина на учениците, наставниците и останатите вработени. Во текот на учебната 2023/2024 година во училиштето сите субјекти во воспитно-образовниот процес и останатите вработени ќе тежнеат кон создавање училишна клима во која секој ученик и вработен ќе се чувствува сигурно, почитувано и пријатно. Изготвени се Кодекси за однесување за ученици, Наставници, други вработени во училиштето и родители со кои на почетокот на учебната година одделенските раководители ќе ги запознаат учениците со правилата и должностите на однесувањето. Има изготвен Правилник за сите должности и обврски на сите вработени и истиот се поставува на видно место во училиштето заедно со

Кодексите на однесување во училиштето. Наставниците се задолжени и за дисциплината на учениците за време на одморите. Ќе се изготви распоред на дежурни наставници за време на одморите, кој без исклучок се следи и спроведува. За следењето на дисциплината за време на одморите наставниците поднесуваат дневна евиденција. Следењето на дисциплината за време на одморите се врши во ходниците, училниците, санитарните јазли и секако во училишниот двор . Во интерес на одржување на дициплината, запазување на безбедноста во училиштето, училишниот двор, како и стимулирање на на навики за културно однесување се реализираат следните активности: изготвување на распоред  за дежурни наставниците кои секојдневно водат евиденција  за тековните случувања во училишната зграда и училишниот двор што придонесува за позитивна клима во училиштето и почитување на кодексите на однесување на учениците и вработените во училиштето.

***19.2. Естетскои функционално уредување на просторот на  училиштето***

Сите вработени во училиштето се задолжени да допринесуваат за уредувањето на истото, се со цел негова подобра функционалност и удобност. Наставниците допринесуваат за естетското и функционалното уредување на училиштето со свои изработки, проекти и презентации и секако со континуирано поттикнување на учениците за истото. Во училиштето се организираат разновидни настани чија реализација напоредно бара соодветно уредување. Изгледот на училиштето е важен сегмент во прилагодувањето на учениците и нивно максимално ангажирање во воспитно-образовниот процес. Во текот на целата година одделенските и предметните наставници заедно со учениците ги уредуваат своите кабинети со цел да се создаде креативно уредена училница и пријатна работна атмосфера. Се средуваат паноата и катчињата  со ученички изработки во ходникот од наставниците при што естетски се уредува за да влијае позитивно врз учениците и да се  чувствуаат по пријатно во училиштето и секако да се развива креативноста на учениците.
Исто така редовно се  уредува и одржува  училишниот двор  со цел да биде  естески и фукционално уреден и учениците да се чувствуваат пријатно и безбедно. Училиштето има тим кој ќе ги планира, организира и следи активностите за естетско уредување.

***19.3. Етички кодекси***

Училиштето има изготвени етички кодекси на сите лица кои се вклучени во образованието – ученици, наставници, родители/старатели, други вработени заради подобрување на училишната клима и односите во училиштето. Истите се поставуваат на видно место во училиштето и без исклучоци се почитуваат.

***19.4.  Односи меѓу сите структури во училиштето***

Меѓучовечките  односи   на релација ученик-ученик,  ученик-наставник, наставник-наставник, ученицие со другите вработени во училиштето, наставниците со другите вработени во училиштето, исто и со родителите во сите релации во нашето училиште се на високо ниво. Формиран е тим кој будно ги следи односите во училиштето и доколку детектира  проблем   се

превзема некоја од активностите предвидени од тимот со цел подобрување на квалитетот на комуникацијата и зајакнување на меѓусебната доверба и соработка.

## 20. Професионален и кариерен развој на воспитно-образовниот кадар

### *20.1. Детектирање на потребите и приоритетите*

Потребите и приоритетите кои произлегуваат од детектираните состојби од самоевалуацијата, интегралните евалуации и новините и насоките дадени од Министерството и основачот, се извор за детектирање на потребите и приоритетите за професионлен развој на образовниот кадар. Со утврдување на потребите за професионален развој на вработените се планираат и организираат интерни обуки и дисеминации на новини кои ќе ги реализираат наставниците по посетените обуки.

### *20.2. Активности за професионален развој*

Се планира организирање на обуки, семинари, работилници од кои имаат потреба наставниците, и се изготвуваат акциони планови за истите, се врши дисеминација од проектите, се подготвуваат извештаи, се прави евалуација и од неа произлегуваат наредените приоритети за професионален развој. Истотака наставниците со реализација на нагледни часови ја презентираат примената на нови методи и преку работилници за подготвување и реализирање на интегрирани наставни часови. Ваквите активности придонесуваат за професионален развој на наставникот , унапредување на своите знаења и вештини при креирање на современи планирања.

**Цели и задачи:** Мотивирање на наставниците за континуиран професионален развој-услов за успешна и ефикасна работа. Наставникот постојано да ги развива своите компетенции со цел да достигне и одржи висок квалитет на наставата во согласност со осовременување на наставата.

### *20.3.Личен професионален развој*

Се планира поединечното следењето и напредувањето на наставниците, нивното вреднување преку однапред подготвени интерни критериуми, мотивирање на наставниците за постојано посетување на семинари и обуки за стекнување на сертификати, следење на сите субјекти во училиштето за нивно поуспешно учество во конференции, регионални средби, пишани рубрики или статии во стручна литература и др. Се планира активно учество на наставнците и вработените. Личниот професионален развој на наставникот се следи преку професионалното досие на наставникот.

### *20.4 Хоризонтално учење*

Се планираат различини видови на организирање и пренесување на стекнатите знаењата или размена на професионално искуство, преку активите, со организирање на отворени нагледни часови, работилници со цел размена на нови методи и техники за работа , кои се планирани

развојните програмите на стручни активи. Училиштето изготвува акциски план со планирани активности кои ќе биде во прилог на годишната програма.

### *20.5. Кариерен развој на воспитно-образовниот кадар*

Директорот и стручните соработници ги следат препораките и можностите кои ги нудат МОН, БРО и другите институции кои организираат обуки, семинари , конференции, работилници и слично. Исто така се планираат и интерни десиминации од истите заради подобра едукација и кариерен развој на сите наставници.

## 21. Соработка на основното училиште со родителите/старателите

### *21.1. Вклученост на родителите/старателите во животот и работата на училиштето*

За да се зајакнат капацитетите на дејствување на Советот на родители претходно се изготвува програма за работа, при што се детектираат состојбите во училиштето од типот на потребни дефекти и поправки на инвентарот и подобрување на условите за работа, нивни идејни планови за организација на активности во училиштето, родителите/старателите учествуваат во донесување на решенија и одлуки во интерес на сите субјекти во училиште и реализација на истите, организирање на распоред за средби со родители/старатели и отворен ден за прием кои ќе бидат истакнати на видно место во просториите на училиштето.

### *21.2. Вклученост на родителите/старателите во процесот на учење и воннаставни активности*

Родителите/старателите даваат мислења и сугестии за дополнување и изменување на секаков вид планирања, постојано се информирани за наставниот процес преку континуирана соработка со Училишниот одбор, директорот на училиштето, наставниот кадар, стручната служба и учениците. Даваат поддршка на наставниците за олеснување на работата со ученици со потешкотии во учењето и посебно ги поддржуваат соработките за напредување на учениците–таленти. Семејствата помагаат во прибирање на дидактички материјали, помагала и други наставни средства и материјали. Им даваат поддршка на наставниците за иновациите во наставата и помагаат при професионалната ориентација на учениците.

Родителите/старателите ги подржуваат и активно се вклучуваат во активностите за поуспешна реализација на слободните ученички активности и другите воннаставни активности, натпревари, екскурзии, приредби, манифестации,промоции и ги поддржуваат и се поактивно се вклучуваат во активностите во училиштето .Родителите/старателите активно учествуваат во активностите, преку профили на социјалните мрежи, форуми дискусиони групи за комуникација помеѓу наставниците , родителите/старателите и учениците за подобрување на квалитетот на наставата

### *21.3. Едукација на родителите/старателите*

Во текот на учебната година се планираат и организираат едукативни работилници за родители/старатели, типизирани предавања и третирање на теми преку соопштенија, брошура но и Советодавно-консултативни работилници –индивидуални и заедничка средби.

Психологот врши советувања според Програмата  за советувања. Советодавна работа со родителите (индивидуална и групна), ќе се одвива и од страна на стручната служба ,одделенските раководители а по потреба и од директорот на училиштето. Се изработува брошура за родители на почетокот од наставната година при што им се презентира делови од годишната програма за работа на училиштето како и делови од кодексите на однесување и сл. Со цел родителите да бидат што повеќе информирани за работата на училиштето и да се мотивираат преку предлози , сугестии и критики  што поактивно да се вклучат во работаат на училиштето.

## 22. Комуникација со јавноста и промоција на основното училиште

***- Локална заедница***(локална самоуправа,бизнис заедница,месно население)
Соработка на училиштето со локалната средина подразбира активно вклучување на училиштето во средината во која е лоцирано, нејзино информирање за резултатите, состојбите и проблемите. Активностите ќе се реализираат преку разновидни собири, средби, културно-уметнички приредби, изложби и акции. Исто така училиштето ќе влијае на подигнувањето на културно-образовното ниво на месното население. Соработката на училиштето со локалната средина опфаќа: соработка со семејството преку индивидуални контакти, родителски средби на ниво на училиште или паралелка, учество на родителите/старателите во сите подрачја на воспитно-образовната дејност; соработка со воспитно-образовни установи институции и организации од областа на културата, стопанството и други организации; организирање разновидни општествени, културни и образовни активности со локалното население; информирање на пошироката јавност за работата и резултатите што ги постигнува училиштето.

- ***Институции од областа на културата***

